



архивист
историја
архивисти
документи
историја
архивистика
документи
архивистика
историја
архивистика
документ
архивисти

МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ

Број 37-38
2025



Кеј Димитар Влахов бр. 19, 1000 Скопје

тел.: +389 2 3237 211
contact@arhiv.gov.mk

www.arhiv.mk

Списание на Државниот архив на Република Северна Македонија

Редакциски одбор / Editorial Board

м-р Љупка Андов (Главен и одговорен уредник) / Ljupka Andov, MA (Editor-in-chief)
м-р Марјан Гијовски (секретар) / Marjan Gijovski, MA (secretary)
Светлана Успрцова / Svetlana Usprcova
доц. д-р Бранислав Светозаревиќ / Doc. Dr. Branislav Svetozarevic
доц. д-р Армен Жарноски / Doc. Dr. Armen Zharnoski
проф. д-р Марјан Иваноски / Prof. Dr. Marjan Ivanoski
м-р Данијела Трајкова-Крстиќ / Danijela Trajkova-Krstikj, MA
проф. д-р Невен Радически / Prof. Dr. Neven Radicheski
проф. д-р Наташа Диденко / Prof. Dr. Natasha Didenko

Меѓународен редакциски одбор / International Editorial Board

проф. д-р Ен Ј. Гилиланд (Лос Анџелес) / Prof. Dr. Anne J. Gilliland (Los Angeles)
проф. д-р Милена Петкова Енчева (Софија) / Prof. Dr. Milena Petkova Encheva (Sofija)
д-р Влатка Лемиќ (Загреб)/ Dr. Vlatka Lemić (Zagreb)
д-р Чарлс Џ. Фаруџа (Валета) / Prof. Dr. Charles J. Farrugia (Valletta)
д-р Јасмина Николиќ (Пожаревац) / Dr. Jasmina Nikolikj (Požarevac)

© Државниот архив на Република Северна Македонија за ова издание. Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми, или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.



МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ

XXXVII – XXXVIII
Број 37 – 38

Скопје, 2025 / MMXXV

СОДРЖИНА

СТАТИИ

Дамјан Бужаровски:
Од османлиските финансиски контроли до Државната завод за ревизија: Историска анализа на развојот на државната ревизија во Македонија.....11

Армен Жарноски:
Скопје: Центар на ширење на исламската духовност од XVI до XIX век (овластување на шејхови во суфиските тарикати халвети, кадири и сади).....27

Ивана Хаџиевска:
Фонд 950 „Збирка весници - Битола 1871 – 2015“ – за предизвиците во средувањето на збирки периодика и нивните неискористени епистемолошки потенцијали.....47

Владимир Илиевски:
Хрватска новинарска пресметка и обединувањето на Бугарија.....91

Ирфете Ибраими:
Улема Меџлис - верски и административен орган на Исламската верска заедница проследен преку фондот „Улема Меџлис во Скопје 1930 – 1941“ во Државен архив.....107

Јасмина Дамјановска:
Весникот „Македонка“ – Архива на (не)видливите велешанки.....137

Сашо Додевски:
Македонско-американските односи низ посетите на Џералд Форд и Бил Клинтон.....163

CONTENTS

ARTICLES

Damjan Bužarovski:
From Ottoman Financial Controls to State Audit Office: Historic Analysis of the Development of the State Auditing in Macedonia.....11

Armen Žarnoski:
Skopje: Centre for Spreading of Islamic Spirituality from 16th to 18th century (authorization of the sheikhs in the Sufi Tariqa, Khalwati, Qadiriyya, Sa'diyya).....27

Ivana Hadjievska:
Fund 950 "Collection of Newspapers - Bitola 1871 – 2015" – on the Challenges in Arranging Periodical Collections and their Unused Epistemological Potentials...47

Vladimir Ilievski:
Croatian News Confrontation and Unification of Bulgaria.....91

Irfete Ibraimi:
Ulema Majalisi - Religious and Administrative Body of the Islamic Religious Community Observed through the Fund "Ulema Mejelis in Skopje 1930 – 1941" in the State Archives.....107

Jasmina Damjanovska:
The Makedonka Newspaper - Archive of the (In)visible Veles Women.....137

Sašo Dodevski:
Macedonian-American Relations through the Visits of Gerald Ford and Bill Clinton.....163

ПРИЛОЗИ И МАТЕРИЈАЛИ

Емел Шериф Мифтар:
Еден документ за османлиска административна комуникација за време на султанска посета на Балканот во 1911 година.....185

Илија Василевски:
Изложба за Владимир Полежина 1912 – 1980 по повод 45 години од неговата смрт.....191

Влатка Лемиќ:
Проектот АТоМ - Архиви и траги на миграциите.....203

Едит Ескор, Лиси Пабстел:
Од складирање до раскажување приказни.....219

ИЗЛОЖБИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ ВО 2025 231

ХРОНИКА НА НАСТАНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ
во периодот декември 2024 – декември 2025.....241

ADDENDUMS AND MATERIALS

Emel Şerif Miftar:
One Document on the Ottoman Administrative Communication During Sultan's Visit of the Balkan in 1911.....185

Ilija Vasilevski:
Exhibition on Vladimir Poležina 1912 – 1980 on the Occasion of 45 Anniversary of his Death.....191

Vlatka Lemić:
The AToM Project - Archives and Migration Traces 203

Edith Eskor, Liisi Pabstel:
From Storage to Storytelling.....219

EXHIBITIONS OF THE STATE ARCHIVE IN 2025 231

CHRONICLE OF EVENTS OF THE STATE ARCHIVES
in the period of December 2024 – December 2025 241

СТАТИИ

УДК: 657.6:061.1(497.7)(091)

Дамјан Бужаровски[1]

ОД ОСМАНЛИСКИТЕ ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ ДО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА: ИСТОРИСКА АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Abstract: In this paper, we will focus on the development of state auditing and the State Audit Office as an institution responsible for conducting state audits today. We will examine the historical development of state auditing in Macedonia, starting from the Ottoman period up to the present day. Until the establishment of the State Audit Office in 1999, several institutions were involved in performing state audits. Furthermore, we will look into the status, goals, scope, and work of the State Audit Office over the years. We will also address the changes in the laws related to state auditing, the purpose of these changes, and what they meant for the development of state auditing in Macedonia.

Key words: audit, state audit, law, control, accounting.

Државната ревизија во Македонија до крајот на Втората светска војна

Државна ревизија според Законот за државна ревизија претставува испитување на документите, исправите и извештаите, сметководствените и финансиските постапки, електронските податоци и информациските системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди; испитување и оцена на извештаите на извршената интерна контрола и јавна внатрешна финансиска контрола, како и испитување и оцена на системот на финансиски менаџмент и контрола; испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и јавни расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата; давање оцена за користење на средствата од аспект на постигнатата економичност,

[1] Магистер по историски науки и магистер по монетарна економија, е-адреса: damjanbuzarovski@yahoo.com.

ефикасност и ефективност; давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите кои се предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај[2].

Иако Државниот завод за ревизија (ДЗР) во Македонија е формиран дури во 1999 година, тоа не значи дека во периодот пред неговото основање не постоела државна ревизија. Државна ревизија во Македонија била спроведувана уште во периодот кога таа се наоѓала под османлиска власт. Меѓутоа, во овој период не постоеле одделни, професионални лица, специјализирани да вршат ревизија, а немало ниту ревизорски стандарди. Како еден вид на државни ревизори во османлиска Македонија се јавуваат кадиите. Всушност, кадијата, пред сè бил судија кој го применувал шеријатот и канунот, а имал надлежност и да го надгледува спроведувањето на административните и финансиските укази на султанот. Во ова својство тој бил надзорник на финансиското работење, со обврска веднаш да ги извести централните власти за сите неправилности во работењето на административните службеници. Исто така, кадијата повремено одел во инспекција и лично го обиколувал својот кадилак[3]. Кадијата го контролирал и книговодството на оние државни имоти, како рудници, солани и сл. кои биле давани под закуп. Меѓутоа Портата била внимателна, па финансиите на закупите покрај кадијата ги контролирал и надзорник за финансии, наречен емин. Во случај на неправилности кај закупот на некое добро, султанот испраќал службеник од централната власт наречен јаксаџија[4]. Во одредени случаи султанот назначувал лица кои требало да извршат одредена ревизија на некој данок и сл. Така во еден документ во битолските сицили се наведува дека „лицето Хасан Челеби, кој врз основа на султанска наредба беше назначен за инспектор, кој требаше да врши ревизија на џизието за 1067 хиџретска година, пред шеријатскиот меџлис бара да пристигне патријархот на Охридската патријаршија...“[5]

Државна ревизија во Османлиската Империја била спроведувана и на вакафите. Имено, вакафот претставува задужбина која била основана со хуманитарни, побожни или просветни цели. Тој бил автономна фондација и во финансиски и во административен поглед. Според еден вид правна фикција од моментот на неговото основање, само Бог имал сопственички права над вакафот, па дури и да дошло до промена на власта или државата, се гарантирала трајноста на оваа институција. Вакафот бил во целост наменет за создавање профит, кој потоа се трошел за добротворни цели, без да се намалува неговиот капитал[6]. Својот приход вакафите го

[2] *Закон за државна ревизија – пречистен текст*, 23. https://dzr.mk/sites/default/files/2021-07/Zakon_drzavna_revizija_21_final_MKD_p.pdf. (пристапено на 22 септември 2021).

[3] Халил Иналџик, *Османската Империја класично доба 1300 – 1600*. Скопје: Слово, 2004, 130.

[4] Никоара Белдичану, „Организација Османског царства (14–15. век)“, *Историја Османског царства*, приредио Робер Мантран. Clio: Београд, 2022, 139.

[5] Ѓани Несими, *Мултирелигиозноста во мултикултурното османлиско општество*. Скопје: Логос-А, 2015, 133.

[6] Иналџик, *Османската Империја*, 157.

остварувале со давање недвижности под наем, давање кредити и сл. Оттука постоеле вакафи кои стекнувале големи приходи и профити, каков што е вакафот на Алаџа џамијата во Скопје, задужбина на Исак-бег, кој увакафил едно цело село, голем број на ниви, дуќани, еден амам, два анови, куќи и сл.[7] Од друга страна некои вакафи кои давале кредити исто така располагале со големи суми на пари. Така вакафот на џамијата и муалимхането на Месих-бег во Банско, Струмичка Нахија, располагал со капитал од 1.000.000 акчиња, од кој годишно остварувал приход од давање кредити од 100.000 акчиња. Притоа овој вакаф, според досега расположливите податоци, е најголем во османлиска Македонија во XVI век во однос на големината на капиталот кој го давал на заем[8]. Оттука, со цел спречување евентуални финансиски злоупотреби се наметнувала потребата државата да спроведува ревизија на овие институции.

Сè до периодот на владеењето на султанот Махмуд II (1808 – 1839), во Османлиската Империја немало формално департман кој ја спроведувал ревизијата на вакафите. Овој султан во 1826 година ги централизирал завештанијата во Министерство за вакафски работи (Evkaf Nezareti), иако контролата и ревизијата на вакафите била спроведувана и дотогаш внимателно и ефикасно. Ова министерство во Танзиматскиот период донело униформирана процедура за ревизија на вакафите[9]. Пред тоа, процесот на ревизија на вакафите се одвивал по т.н. скали (merdiban), односно скалест метод. Овој сметководствен метод бил креиран и применуван уште во Абасидската Империја. Имено, на крајот на фискалната година, сметководител изготвувал извештај на приходите и расходите на вакафот[10]. Притоа извештајот и во овој случај требало да биде прегледан од локалниот кадија или посебно именуван инспектор од страна на државата[11]. Впрочем, вистинскиот успех и долгото опстојување на системот на вакафи се должел не само на солидната правна рамка, туку и на ефективниот сметководствен и ревизиски систем, истражувајќи ги приходите и расходите, како и другите финансиски и оперативни активности на вакафот[12].

Со влегувањето на територијата на денешна Република Македонија во составот на Кралството СХС, ситуацијата со државната ревизија се променила. Со Видовденскиот устав (донесен во 1921 година), била предвидена и потоа формирана Главна контрола, како врховен сметководствен суд во државата, која вршела преглед на државните сметки. Главната контрола требала да ги прегледува, исправа и ликвидира сметките на општата администрација и на сите сметководители кон

[7] *Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ I дел*, Составил Љубен Лапе. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 1975, 195-199.

[8] Дамјан Бужаровски, *Монетарна економија на османлиска Македонија* (магистерски труд) одбранет на Економски факултет – Скопје, Скопје, 2024, 39.

[9] Adem Çabuk, Arıkan Tarık Saygılı, Mustafa Oğuz, „Auditing of a waqf in the Ottoman Empire in the beginning of 19th century“, *Accounting and Financial History Research Journal*, Issue 14 (2018), 130.

[10] Çabuk, Saygılı, Oğuz, „Auditing of a waqf“, 133.

[11] Инаџик, *Османската Империја*, 158.

[12] Çabuk, Saygılı, Oğuz, „Auditing of a waqf“, 126.

државната благајна[13]. Со новиот устав на Кралството Југославија од 1931 година повторно биле одредени истите надлежности за Главната контрола[14] и ваквата ситуација со државната ревизија се задржала до почетокот на Втората светска војна.

Од завршувањето на Втората светска војна до 1959 година

Периодот од завршувањето на Втората светска војна па сè до 1946 година претставува преоден период во кој настапила промена на општествено-политичкиот и економскиот систем во Југославија. Промените во буџетскиот систем обусловувале и некои обележја на буџетска контрола[15]. За таа цел продолжила со работа Главната контрола, која функционирала уште во поранешното Кралство Југославија, но со измени бидејќи во периодот до ослободувањето Главната контрола имала и контролни и судски надлежности, а од тогаш главно вршела контрола на државниот менаџмент и особено над извршувањето на буџетот. На 1 април 1946 година бил донесен Законот за општа државна контрола со кој се регулирале организацијата и функцијата на контролата, односно „се установуе општа државна контрола со цел да помага и да го надгледа целокупното послуење и работење на органите на државната управа и на нив потчинетите установи и претпријатија, како и на сите други установи и претпријатија над кои државата врши контрола на основа на закон“[16]. Највисок орган на државната контрола била Сојузната контролна комисија, која била сочинета од претседател, секретар и членови. Претседателот бил член на владата на ФНРЈ. Сојузната контролна комисија ја остварувала својата работа непосредно или, пак, преку контролните комисии на републиките, областните и окружните инспектори, контролната комисија на автономната покраина, како и преку контролните органи на сојузните министерства[17]. Во вршењето на контролата органите на Општата државна контрола имале право да ја прегледуваат и испитуваат: внатрешната организација, администрација, паричните книги, книговодството и целокупното работење, да ги следат и истражуваат методите на работа и односите на сите органи, на установите и претпријатијата кај кои се врши контролата[18].

Од септември 1946 година контролата на трошење на јавните средства била регулирана со привремено Упатство за работа и постапки на контролните органи на Министерството за финансии на ФНРЈ. Контролата ја вршел министерот

[13] *Устав Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца*, 1921, член 118, 20.
[14] „Устав Краљевине Југославије“, *Службене Новине Краљевине Југославије*, 3 септембар 1931, член 107, 263.
[15] Момчило Павловић и Душко Пејовић, *Од Главне контроле до Државне ревизорске институције 1844 – 2019 године за памћење*. Београд: Државна ревизорска институција, 2019, 25.
[16] „Закон за општа државна контрола“, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, број 28 год. II, 5 април 1946, член 1, 316.
[17] Истото.
[18] Истото, член 10, 316.

за финансии, преку Контролно-ревизионо одделение и главни контролори при републиките, како и на ним подредените виши контролори и контролори. Контролата била дополнителна (накнадна) и ревизиона, а превентивна само со исклучоци во случаи во кои наложувал министерот[19]. Со законот за буџет донесен во декември 1946 година се предвидувало општата контрола и ревизијата на сите буџети во ФНРЈ да ја врши министерот за финансии на ФНРЈ и органите на општа државна контрола[20]. Подоцна со новиот Закон за буџети донесен во 1951 година било определено „контролата за тоа дали буџетските средства се употребуваат во границите и за определбата што се утврдени со буџетот, како и ревизијата на финансиското послување на државните органи и установи ги вршат финансиските органи“[21]. Органи кои биле надлежни за вршење на контролата биле: за сојузниот буџет министерот за финансии на ФНРЈ, за буџетот на републиките министерот за финансии на републиките и за буџетот на околијата, градот и општината бил надлежен советот за финансии, односно претседателот на општинскиот народен одбор[22]. Ваквата состојба на ревизија останала сè до 1959 година.

Службата за општествено книговодство (СОК)

На 19 октомври 1959 година бил донесен указ со кој се основала Служба за општествено книговодство (СОК). СОК претставувала јавна служба со која се обезбедувало евиденција и контрола на користењето и располагањето со општествените средства, евиденција за движењата во економијата и контрола на извршувањето на обврските на корисниците на општествените имоти. Службата била единствена во државата и самостојна. Притоа таа била во составот на Народната банка на ФНРЈ[23].

Формирањето на ваква служба и проширувањето на функциите на Народната банка создало низа на организациски, технички, кадровски и други проблеми, особено доколку се има предвид дека и пред проширувањето бројот на соодветен кадар бил недоволен[24]. Проблемот со обезбедување соодветен персонал за новоформираната СОК продолжил и во 1960 година. Персоналот во СОК не требал да има само знаења од банкарско-техничко работење, туку и пошироко економско образование. Народната банка во текот на годината не успеала да обезбеди такви кадри ниту од своите

[19] Павловић и Пејовић, *Од Главне контроле*, 25.

[20] „Основни закон за буџетот“, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, број 105, год. II, 27 декември 1946, член 36, 1399.

[21] „Закон за буџетите“, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, број 58, год. VII, 30 декември 1951, член 38, 711

[22] Истото, член 43, 711.

[23] „Закон о друштвеном књиговодством“, *Службени лист Федеративне Народне Републике Југославије*, број 43, год. XV, 28 октобар 1959, 1001.

[24] Библиотека и Архив на Народна Банка на Република Северна Македонија (натаму: БИАНБРСМ), ф. 5, Народна банка на Македонија (1945 –);1921/1978 [до 1991], а.м. 5, а.е. 1, Godišnji izveštaj Narodna banka FNR Jugoslavije 1959, 97.

вработени, ниту пак од надвор. Затоа за кадарот за службата било одлучено да се дојде преку спроведување стручно оспособување на постојните вработени во банката[25].

СОК се појавувал во функција на општествен контролор, општествен книговодител, евидентичар, аналитичар и статистичар[26]. Функцијата општествен контролор се извршувала преку интерна и екстерна контрола. Интерната контрола се спроведувала како претходна интерна контрола и дополнителна интерна контрола. Првата контрола била спроведувана превентивно, пред налозите да бидат извршени, додека дополнителната ја надополнувала претходната, со задача да ги контролира извршените налози[27]. Процесот на контрола продолжувал со финансиска инспекција, која ја извршувала екстерната контрола, преку непосреден преглед на документацијата, евиденцијата и имотот кај корисниците на општествен имот. Таа имала широки овластувања, а утврдените неправилности ги коригирала со донесување решенија за воспоставување законита и исправна состојба[28].

Една од задачите во делокругот на СОК била таа да организира или самата да врши ревизија на финансиското и материјалното работење на корисниците на општествен имот[29]. Додека пак, со член 43 од истиот закон се определува:

„Ако од податоците, посебните извештаи, периодични пресметки и завршни сметки, како и со непосреден преглед не може точно да се утврди состојбата на средствата и финансиското и материјалното работење на корисниците на општествен имот, Службата за општествено книговодство е должна да организира или направи ревизија на финансиското и материјалното работење на корисниците на општествен имот“[30].

Во 1965 година СОК била прогласена за самостојна установа со седиште во Белград, која за својата работа одговарала на Сојузното собрание[31]. Ревизија, која требало да ја врши оваа институција е попрецизно дефинирана дури со законот од 1977 година. Имено, во овој закон под посебна точка 4 со наслов „Работа на економско-финансиската ревизија“ се дефинирани целите, делокругот на ревизијата, кога и под кои услови се спроведува таа. Економско-финансиската ревизија (ЕФР) опфаќала суштинско испитување на целокупното материјално и финансиско работење или дел од тоа работење и преглед, испитување и оцена на финансиското работење на организацијата, евиденција на податоците и економската положба на корисниците

[25] Истото, Godišnji izveštaj Narodna banka FNR Jugoslavije 1960, 91.
[26] Истото, а.м. 5, а.е. 2, Годишен извештај за 1961. година Народна банка на ФНРЈ Централа за НР Македонија 1962, 71.
[27] Истото, 72.
[28] Истото, 77.
[29] „Закон о друштвеном књиговодством“, *Службени лист Федеративне Народне Републике Југославије*, број 43, год. XV, 28 октобар 1959, член 21, 1002.
[30] Истото, член 43, 1004.
[31] „Закон за измени и дополненија на Законот за општественото книговодство“, *Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија*, број 12, год. XXI, 24 март 1965, 412.

на општествените средства[32]. Покрај тоа службата на барање на корисникот можела да овозможи и други услуги во врска со економско-финансиската ревизија, како што се оцена на успешноста на работењето и организацијата на неговото финансиско работење и книговодство[33].

СОК била членка на ИНТОСАИ (Меѓународна организација на врховни ревизорски институции) и учествувала на меѓународните конгреси организирани од оваа организација. Меѓутоа, и покрај членството во ИНТОСАИ, најверојатно немало доволно разбирање за донесување закон за државна ревизорска институција, за која постоеле сите материјални, човечки, стручни и други ресурси[34]. Исто така, постоењето на економско-финансиска ревизија во рамките на СОК не значело дека нејзината работа е независна, што е основниот принцип на ревизорската професија. Имено, при вработувањето нови вработени во дирекцијата на економско-финансиска ревизија се инсистирало на задолжителна припадност на поголемиот дел од нив, а подоцна и на сите останати во Сојузот на комунисти. На тој начин, како и поради хиерархиската подреденост на државните институции, каква што била и СОК, бил загрозен основниот принцип на ревизорската професија - независноста[35]. Сепак, и покрај ограничувачките фактори за развојот на ревизорската професија, дирекцијата за економско-финансиска ревизија храбро се соочила со предизвикот и со остварените активности успеала да ги сруши бариерите на едностраната идеолошка рамка, со што го достигнала сопствениот максимум[36].

Работењето на задачите на економско-финансиска ревизија се одвивало врз принципите на професионален развој на посебно обучен и квалификуван кадар, стекнувајќи го и унапредувајќи го знаењето преку систем на професионална обука, според методологија на големите ревизорски куќи во светот[37]. Обуката на првата генерација ревизори завршила кон крајот на 1974 година[38]. Преку овој систем на професионална обука во дирекцијата на ЕФР, во Македонија поминале вкупно 11 генерации[39]. Должината на еден целосен циклус на неопходни обуки за ревизорите се движел помеѓу пет и седум години[40]. Последниот курс „Процена на вредноста на имотот, обврските и капиталот“ Куперс и Лајбрант (Coopers & Lybrant) од Велика Британија (денес се вика PricewaterhouseCoopers) бил одржан на крајот на 1991 година во Охрид[41].

---

[32] „Закон о Служби друштвеног књиговодства“, *Службени лист Социјалистичке Федеративне Републике Југославије*, број 2, год. XXXIII, 7 јануар 1977, 45.
[33] Истото.
[34] Павловиќ и Пејовиќ, *Од Главне контроле*, 27.
[35] Зорица Божиновска-Лазаревска, *Ревизија*. Скопје: Економски факултет, 2011, 606-607.
[36] Истото, 608.
[37] Тања Тасевска, *Ревизија на успешност - потреба или само уште една новина* (магистерски труд), одбранет на Економски факултет – Скопје, Скопје, 2014, 97.
[38] Павловиќ и Пејовиќ, *Од Главне контроле*, 27.
[39] Божиновска-Лазаревска, *Ревизија*, 606-607.
[40] Тасевска, *Ревизија на успешност*, 97.
[41] Павловиќ и Пејовиќ, *Од Главне контроле*, 27.

Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, државната ревизија продолжила да функционира во рамките на Дирекцијата за економско-финансиска ревизија на СОК, подоцна Завод за платен промет сè до почетокот на 1999 година[42]. Во тој период покрај вршењето на ревизијата, вработените биле вклучени и во рамки на приватизацијата на општествен капитал, преку вршење процена на претпријатијата со општествен капитал[43].

Формирање на Државниот завод за ревизија

Голем исчекор за развојот на државната ревизија во Македонија бил направен со донесувањето на првиот Закон за државна ревизија. Тој бил донесен на седницата на Собранието на РМ што се одржала на 17 декември 1997 година, а на 22 декември веќе бил објавен во Службен весник[44]. Со овој закон се уредува и дефинира државната ревизија, нејзиниот систем, цели и делокруг:

„Условите и начинот за вршење на државната ревизија на државните расходи, финансиските извештаи и финансиските трансакции, и други прашања во врска со ревизијата на државните органи, органите на единиците на локална самоуправа, правните лица кои во целост или делумно се финансираат од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетите на фондовите... правните лица во кои државата е доминантен акционер, јавните претпријатија, Народната банка на Република Македонија, Заводот за платен промет, фондовите, агенциите и други институции основани со закон“[45].

Притоа државната ревизија со овој закон е дефинирана како:

„Испитување на документите, исправите и извештаите на извршена интерна контрола и интерна ревизија, сметководствените и финансиските постапки и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени стандарди и стандарди на ревизија. Државна ревизија претставува и постапката на испитување на финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи во смисла на законското и наменското користење на средства“[46].

Во текот на наредните години Законот за државна ревизија бил менуван пет

[42] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2008 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2009, 5.
[43] Државен завод за ревизија, https://dzr.mk/mk (пристапено на 22 септември 2021)
[44] „Закон за државната ревизија*“, Службен весник на Република Македонија*, број 65, година LIII, 22 декември 1997, 2954.
[45] Истото, член 1, 2954.
[46] Истото, член 2, 2954.

пати, со цел усогласување со основните начела на Лима декларацијата и доближување до стандардите и праксата на ЕУ. Исто така надлежностите на ДЗР биле проширени со нови субјекти на ревизија, односно корисниците на средства од фондовите на ЕУ и други меѓународни фондови и со политичките партии.

Со Законот за државна ревизија донесен во 1997 година, покрај целите и делокругот на државната ревизија, биле удрени и темелите за формирање на Државниот завод за ревизија. Имено, со овој закон се определува институција надлежна за вршењето на државната ревизија, т.е. се предвидува формирањето на Државниот завод за ревизија, понатаму неговите надлежности и задачи, стандардите, мандатот, кадарот кој треба да ја извршува државната ревизија, раководењето на ДЗР, овластувањата, финансирањето на ДЗР, полагањата испит за стекнување звање овластен државен ревизор и сл.[47] Притоа е предвидено во период од 90 дена по стапувањето на сила на законот да биде избран главен државен ревизор и негов заменик, а по нивниот избор, исто така во период од 90 дена главниот државен ревизор да ги донесе актите на ДЗР[48]. Сè до денот на примената на законот, Заводот за платен промет продолжувал да ги врши работите на економско-финансиската ревизија[49]. Исто така, со законот од 1997 година се предвидувало работниците кои до денот на стапување во сила на законот ги вршеле работите на економско-финансиската ревизија, по нивно барање, доколку ги исполнуваат условите утврдени со законот и актите за организација и систематизација на ДЗР, да се распоредат да работат во новоформираниот ДЗР[50].

На 14 април 1998 година бил избран првиот главен државен ревизор на ДЗР, Антонио Вељанов. Вељанов бил дипломиран економист и дотогашен директор на Дирекцијата за економско-финансиска ревизија во Заводот за платен промет - Централа Скопје[51]. На оваа функција тој се задржал до 26 мај 1999 година, кога по негово барање бил разрешен од функцијата[52].

Самиот Државен завод за ревизија, како самостоен правен субјект почнал со работа на 1 февруари 1999 година со девет вработени, кои биле преземени од дирекцијата за економско-финансиска ревизија на Заводот за платен промет[53]. Од нив шест лица биле директно вклучени во ревизијата, а три лица работеле во

[47] Истото, 2955-2957.
[48] Истото, член 30, 2957.
[49] Истото, член 32, 2957.
[50] Истото, член 33, 2957.
[51] „Одлука за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, Број 19, Година LIV, 24 април 1998, 1021.
[52] Стенографски белешки од второто продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 26 мај 1999, 24. На Собрание на Република Северна Македонија, https://sobranie.mk/WBStorage/Files/020%20sednica%2002%20prodolzenie%2026.05.1999.pdf. (пристапено на 30 септември 2021)
[53] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2008 година.* Скопје: Државен завод за ревизија, 2009, 5; *15 години државен завод за ревизија*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2014, 5.

поддршка на ревизијата. Од ревизорскиот кадар на ДЗР само три лица ја имале поминато и заокружено специфичната меѓународна обука за ревизори според методологијата на една од најголемите ревизорски куќи во светот „Куперс и Лајбрант" (Coopers&Lybrant) од Велика Британија, додека другите три лица потекнувале од службите за инспекција и контрола при тогашниот СОК и ЗПП[54].

ДЗР е независна врховна ревизорска институција во Македонија основана од Собранието на РМ. Условите и начинот на вршење на државната ревизија, како и организацијата и надлежностите на ДЗР се уредени со Законот за државна ревизија. Првиот закон за државна ревизија, кој бил донесен во 1997 година со претрпените дополненија и измени од 2001, 2003, 2004, 2006 и 2007 година, важел сè до 2010 година. Таа година бил донесен новиот Закон за државната ревизија, кој со дополнувања и измени во наредните години важи до денес[55]. Седиштето на ДЗР се наоѓа во Скопје. Со него раководи главен државен ревизор, кој има свој заменик. Нив ги избира и разрешува Собранието на РМ. Првично со законот од 1997 година мандатот на главниот државен ревизор и неговиот заменик бил определен да трае десет години[56], но со новиот закон од 2010 година нивниот мандат е определен на девет години[57]. Тие даваат заклетва пред Собранието на РМ и немаат право на повторен избор.

Во периодот од 1998 година до денес со ДЗР раководеле вкупно пет главни државни ревизори.

[54] Тасевска, *Ревизија на успешност*, 98.

[55] Види „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 133, Година LXIII, 2 ноември 2007; „Закон за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 66, година LXVI, 13 мај 2010; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 145, година LXVI, 5 ноември 2010; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 12, година LXX, 22 јануари 2014; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 43, година LXX, 4 март 2014; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 154, година LXXI, 4 септември 2015; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 192, година LXXI, 5 ноември 2015; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 27, година LXXII, 15 февруари 2016; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 83, година LXXIV, 8 мај 2018; „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија", *Службен весник на Република Северна Македонија*, број 122, година LXXVII, 3 јуни 2021.

[56] „Закон за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 65, година LIII, 22 декември 1997, 2955.

[57] „Закон за државната ревизија", *Службен весник на Република Македонија*, број 66, година LXVI, 13 мај 2010, 3.

	Главен државен ревизор	период
1	Антонио Вељанов	во периодот од мај 1998 година до мај 1999 година; разрешен од функцијата по негово барање
2	Методија Тошевски	во периодот од февруари 2000 година до ноември 2005 година; разрешен од функцијата поради заминување во пензија
3	Драгољуб Арсовски	во периодот од декември 2005 година до септември 2007 година; разрешен од функцијата по негово барање
4	Тања Таневска	во периодот од декември 2007 година до декември 2017 година
5	Максим Ацевски	актуелен главен државен ревизор од декември 2019 година

Табела 1. Главни државни ревизори

Во согласност со законот, државна ревизија се врши на: Собранието на РМ, Претседателот на РСМ, Буџетот на РМ и буџетите на општините; буџетските корисници, единките корисници, јавните претпријатија, трговските друштва во кои државата е доминантен акционер, агенциите и другите институции основани со закон, другите институции финансирани со јавни средства; Народната банка; политичките партии финансирани со средства од Буџетот; корисници на средства од Европската Унија (освен на системот за имплементација, раководење и контрола на инструментот за претпристапна помош во РМ) и на корисници на средства од други меѓународни институции. По потреба државната ревизија се врши и кај субјекти кои се поврзани со субјектите кои се предмет на ревизија, или имаат економски, финансиски или друг вид интерес и кои користат средства кои претставуваат јавни расходи[58].

Државниот завод за ревизија во периодот од 1999 година до денес

Во текот на 1998 – 1999 година новоформираниот ДЗР ги извршил првите ревизии. Првиот годишен извештај за работењето на заводот и извршените ревизии бил доставен до Собранието на РМ во 2000 година[59]. Во периодот кога со Државниот завод за ревизија раководел главниот државен ревизор Методија Тошевски (2000 – 2005) биле поставени темелите на работењето на ДЗР. За време на неговиот мандат

[58] *Закон за државна ревизија* – пречистен текст, 2021, 25.
[59] *15 години Државен завод за ревизија*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2014, 5.

заводот бил примен во двете најголеми врховни ревизорски институции ИНТОСАИ (Меѓународна организација на врховни ревизорски институции) и ЕУРОСАИ (Европска организација на врховни ревизорски институции)[60]. Од 2002 година ДЗР станува член на Работната група за животна средина на ИНТОСАИ. Групата била формирана во 1998-1999 година со цел промовирање и вклучување на врховните ревизорски институции во меѓународни ревизии на животна средина во Европа и размена на искуства на ова поле[61]. Во периодот на мандатот на главниот ревизор Тошевски, ДЗР ги почнал и првите меѓународни проекти за зајакнување на капацитетите, какви што биле проекти со Светската банка и Холандскиот суд за ревизија. Тошевски бил ментор при креирање на првите методолошки акти, прирачници и упатства за вршење државна ревизија[62].

Од 2005 година Државниот завод за ревизија станал активен член на мрежата на Врховни ревизорски институции (ВРИ) на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори од Луксембург[63]. Истата година тој станал член на Работната група за информатичка технологија (ИТ) на ЕУРОСАИ. Оваа група била формирана во 2002 година во Москва, на Конгресот на ЕУРОСАИ, со цел да ја поттикне имплементацијата на заедничките активности на ВРИ од областа на информатичката технологија[64]. Во 2007 година ДЗР бил домаќин на состанок на шефовите на ВРИ од мрежата, кој се одржал во Скопје[65].

Членството во ИНТОСАИ од 2001 година и во ЕУРОСАИ, ДЗР го зајакнал со вклучување во работата на три нови работни групи и тела чија цел била поврзана со реализацијата на Стратегискиот план на ЕУРОСАИ 2011-2017 (донесен во 2011 година во Лисабон) и промовирање на етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите во јавната администрација[66].

Во 2007 година, со измените на Законот за државната ревизија во рамките на Државниот завод за ревизија било формирано Ревизорско тело, како функционално независно тело. Неговата цел бил ревидирање на претпристапните ИПА-фондови на ЕУ. Тоа врши верификација на ефикасноста во функционирањето на системите за

[60] „Почина Методија Тошевски, поранешен главен државен ревизор“, Канал 5ТВ, 5 ноември 2015 https://kanal5.com.mk/pochina-metodija-toshevski-poraneshen-glaven-drzhaven-revizor/a247297. (пристапено на 24 септември 2021).

[61] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2007 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2008, 49.

[62] „Почина Методија Тошевски, поранешен главен државен ревизор“.

[63] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2008 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2009, 34.

[64] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2007 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2008, 49

[65] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2008 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2009, 34

[66] *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2011*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2012, 79.

раководење и контрола на претпристапните фондови на ЕУ во РМ и веродостојноста на сметководствените трансакции и информации доставени до Европската комисија, според методологијата за работа која се изготвува во согласност со Меѓународните стандарди на ИНТОСАИ[67]. Подоцна со Законот за ревизија донесен во мај 2010 година, Ревизорското тело станало самостојно правно лице[68].

Во изминатите две десетлетија од постоењето, ДЗР има остварено учество на повеќе ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ конгреси и меѓународни конференции во организација на ЕУРОСАИ со други регионални организации на врховните ревизорски институции. Понатаму ДЗР има континуирана соработка со Европскиот суд на ревизори каде што со програмата за стажирање која ја организира судот за кадарот на ВРИ за земји кои аплицираат за членство во ЕУ, можат да стажираат ревизори од ДЗР. Исто така ДЗР континуирано остварува билатерална соработка со врховните ревизорски институции од земјите во регионот и ЕУ. Од вкупниот број на вработени во ДЗР 99 % се со универзитетско образование од областа на економските и правните науки, информатичката технологија и други области, а континуирано се зголемува и процентот на вработените кои се стекнале со титула магистер[69].

Библиографија

Необјавени архивски материјали

- Библиотека и Архив на Народна банка на Република Северна Македонија (натаму: БИАНБРСМ), ф. 5, Народна банка на Македонија (1945 –);1921/1978 [до 1991].

Објавени извори и литература

- *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2007 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2008.
- *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2008 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2009.
- *Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2011 година*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2012.

[67] „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 133, Година LXIII, 2 ноември 2007, 10.
[68] Види „Закон за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 66, година LXVI, 13 мај 2010, 12.
[69] Државен завод за ревизија.

- „Драгољуб Арсовски наместо Методија Тошевски“, *Вечер*, https://vecer.mk/uncategorized/%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B3%D0%BE%D1%99%D1%83%D0%B1-%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%BE-%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%82/ (пристапено на 22 септември 2021).

- Дамјан Бужаровски, *Монетарна економија на османлиска Македонија* (магистерски труд) одбранет на Економски факултет – Скопје. Скопје, 2024.

- Државен завод за ревизија, https://dzr.mk/mk (пристапено на 22 септември 2021).

- „Закон за општа државна контрола“, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, број 28, год. II, 5 април 1946.

- „Закон за буџетите“, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, број 58, год. VII, 30 декември 1951.

- „Закон о друштвеном књиговодством“, *Службени лист Федеративне Народне Републике Југославије*, број 43, год. XV, 28 октобар 1959.

- „Закон за измени и дополненија на Законот за општественото книговодство“, *Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија*, број 12, год. XXI, 24 март 1965.

- „Закон о Служби друштвеног књиговодства“, *Службени лист Социјалистичке Федеративне Републике Југославије*, број 2, год. XXXIII, 7 јануар 1977.

- *Закон за државна ревизија* – пречистен текст, 2021, https://dzr.mk/sites/default/files/2021-07/Zakon_drzavna_revizija_21_final_MKD_p.pdf (пристапено на 22 септември 2021)

- „Закон за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 65, година LIII, 22 декември 1997.

- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 133, Година LXIII, 2 ноември 2007.

- „Закон за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 66, година LXVI, 13 мај 2010.

- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 145, година LXVI, 5 ноември 2010.

- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 12, година LXX, 22 јануари 2014.

- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 43, година LXX, 4 март 2014.
- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 154, година LXXI, 4 септември 2015.
- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 192, година LXXI, 5 ноември 2015.
- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 27, година LXXII, 15 февруари 2016.
- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, број 83, година LXXIV, 8 мај 2018.
- „Закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија“, *Службен весник на Република Северна Македонија*, број 122, година LXXVII, 3 јуни 2021.
- Зорица Божиновска-Лазаревска, *Ревизија*. Скопје: Економски факултет, 2011.
- Момчило Павловић и Душко Пејовић, *Од Главне контроле до Државне ревизроске институције 1844 – 2019 године за памћење*. Београд: Државна ревизорска институција, 2019.
- Никоара Белдичану, „Организација Османског царства (14–15. век)“, *Историја Османског царства*, приредио Робер Мантран. Clio: Београд, 2022, 134-157.
- *Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ I дел*, Составил Љубен Лапе. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 1975.
- „Одлука за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија“, *Службен весник на Република Македонија*, Број 19, Година LIV, 24 април 1998.
- „Основни закон за буџетот“, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, број 105, год. II, 27 декември 1946.
- „Почина Методија Тошевски, поранешен главен државен ревизор“, Канал 5ТВ, https://kanal5.com.mk/pochina-metodija-toshevski-poraneshen-glaven-drzhaven-revizor/a247297 (пристапено на 24 септември 2021).
- „Стенографски белешки од второто продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 26 мај 1999“, *Собрание на Република Северна Македонија* https://sobranie.mk/WBStorage/Files/020%20sednica%2002%20prodolzenie%2026.05.1999.pdf (пристапено на 30 септември 2021 година),

- Тања Тасевска, Ревизија на успешност - потреба или само уште една новина (магистерски труд), одбранет на Економски факултет – Скопје, Скопје, 2014.
- Ќани Несими, *Мултирелигиозноста во мултикултурното османлиско општество*. Скопје: Логос-А, 2015.
- *Устав Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца*, 1921.
- „Устав Краљевине Југославије“, *Службене Новине Краљевине Југославије*, 3 септембар 1931.
- Халил Иналџик, *Османската империја класично доба 1300 – 1600*. Скопје: Слово, 2004.
- *15 години Државен завод за ревизија*. Скопје: Државен завод за ревизија, 2014.
- Adem Çabuk, Arıkan Tarık Saygılı, Mustafa Oğuz, „Auditing of a waqf in the Ottoman Empire in the beginning of 19th century“, *Accounting and Financial History Research Journal*, Issue 14 (2018), 124-156.

УДК:28(497.7)“13/19“
28(497)“13/19“

Армен Жарноски[1]

СКОПЈЕ: ЦЕНТАР НА ШИРЕЊЕ НА ИСЛАМСКАТА ДУХОВНОСТ ОД XVI ДО XIX ВЕК (ОВЛАСТУВАЊЕ НА ШЕЈХОВИ ВО СУФИСКИТЕ ТАРИКАТИ ХАЛВЕТИ, КАДИРИ И САДИ)

Abstract: The subject of this article are seven authorizations (ijazetnamis) of sheikhs from Skopje, members of the Sufi orders Halveti, Qadiris, Sadis and Rifais, in the period from the 16th to the beginning of the 20th century. First, as an introduction, the emergence, history and representation of the Sufi orders in the Balkans will be explained. Then, through the analysis of these texts, in addition to the transmission of Islamic spirituality in Skopje and the wider Balkans, we will also become acquainted with the names, places and periods of activity of the clerics in this territory. We will also become acquainted with some of the rituals and the manner of organization of the Sufi orders in Skopje.

Keywords: Tasawwuf, Skopje, Balkans, sheikhs, ijazetnamas

Вовед

Учењето на тасавуфот/суфизмот претставено преку правците на овластување (тарикати), како на целата територија на Османлиската Империја така и на територијата на Македонија во периодот од XIV до почетокот од XX век било масовно застапено. Теќии и завии како центри на собир на припадниците на тарикатите, освен во градовите, биле воспоставувани и во голем број села. Освен во поголемите градови, дејноста на тарикатите на Балканот имала особено важна улога и во процесот на населување на муслиманско население од Анадолија во селата на територијата на Македонија и Тракија во XV и XVI век. Имено, многу чест бил случајот на чело

[1] Доц. д-р, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје

на доселениците од Анадолија да бидат тарикатските шејхови[2]. На територијата на која тие се доселувале веднаш биле основани теќии и завии.

Исламската религија од своите почетоци претставувала синтеза на формалниот и духовниот аспект[3]. Поради тоа што припадниците на суфиските тарикати се сметале на носители на исламската духовност, тие претставувале неразделив дел од формалниот аспект на исламската религија, т.е. многу често тарикатските шејхови одржувале и функција на проповедници (*vâiz*) во џамиите со цел облагородување на духот и духовно просветлување на поширокиte народни маси кои не биле дел од тарикатите. Како дополнителен аргумент за неразделивоста на формалниот и духовниот аспект на исламската религија, можеме да го истакнеме и фактот дека многу често самите теќии/завии имале функција и на џамии во кои се извршувале задолжителните дневни молитви. За време на постоењето на Османлиската Империја припадноста на некој тарикат претставувала почест и знак за исламска духовна наобразба, и во тарикатите освен обичните граѓани припадници на понискиот слој, влегувале и припадниците на повисоката класа, класата на научниците (*улема*), како и високите државни функционери[4]. Чест бил случајот кога и самите султани биле блиски до тарикатите и шејховите. Во оваа смисла дејноста на тарикатите и шејховите како духовни поглавари во периодот на османлиското владеење била исклучително важна.

Основното учење и дејноста на тарикатите во Македонија и на Балканот

Во историјата на исламот, слично како што во однос на формалното право се основале четири правни школи (*мезхеби*)[5], така и во однос на духовноста се основале 12 духовни правци (*тарикати*). Тарикатите како духовни школи на исламот се

[2] Халил Иналџик: *Османската Империја: класично доба (1300 – 1600)*. Скопје: Слово, 2015, 165.

[3] Пример за целовитоста на формалниот и духовниот аспект на исламската религија претставува преданието според кое во една прилика во местото каде што Пратеникот на исламот седел со своите следбеници дошол Анѓелот на објавата и го прашал Пратеникот на исламот што е ислам (покорност), што е иман (вера), и што е ихсан (чистота, исправност), на што Пратеникот му одговорил дека ислам се петте принципи (сведоштво за Божјото единство и за Мухамедовото пратеништво, обавување молитва, давање зекат, постење во месецот рамазан и посетување на Божјата куќа за оној кој има можност.), иман е вера во Бога, Пратениците, Посланијата, анѓелите, Судниот Ден и Божјата одредба, додека ихсан е да го обожаваш Бога како да го гледаш, иако знаеш дека не можеш да го видиш, но Он те гледа тебе (Ruhullah Öz, „Dindar Şahsiyeti inşa eden üç kavram İslâm İman ve İhsan", *Harran İlahiyat dergisi sayı 45*, 45-49). Врз основа на ова предание, претставниците на тасавуфот го легитимираат постоењето и на формалниот и на духовниот аспект како неразделиви делови од целовитоста на исламското учење.

[4] Taşköprülüzade Ahmed Efendi, *Eş şakaikü-n-numaniye fi ulemai'd-devleti'l-osmaniye (Osmanlı Alimleri).* İstanbul: Türkiye Yazma Eserler Kurulu Başkanlığı, 2019, 188.

[5] Четирите правни школи биле основани од четирите имами, т.е. Ебу Ханифе (основач на ханефиската правна школа), имам Шафи (основач на шафииската правна школа), имам Малик (основач на маликиската правна школа) и имам Ахмед ибн Ханбел (основач на ханбелиската правна школа).

разликуваат меѓу себе во однос на некои формални аспекти во однос на начинот на богоспоменување, но во основата сите се темелат на куранските стихови и преданијата/делата на Пратеникот на исламот. И во правните и во духовните школи постоел пренос на овластувањето - за научниците кои го пополниле своето образование како исламски правници, или за духовните водачи (*шејхови*) кои преку секојдневни богоспоменувања (*vird*), т.е. осама (*hâlvet*) и интензивирана молитва под духовен надзор на овластен шејх ги пополниле духовните степени и ја достигнале духовната зрелост и со тоа и тие самите биле оспособени за духовно водство на свои ученици и следбеници. Овој тасавуфски развој и духовен пат кој се поминува од почетната точка до крајната цел, т.е. духовно пополнување е наречен *визија и патување*, т.е. *seyr-ü sülûk*. Еден припадник на тасавуфот можел да го помине духовниот развој и да биде овластен, т.е. да добие *иџазетнаме* од еден, но и од повеќе тарикати[6]. Како и во правните школи, така и во духовните правци, со оглед на тоа што линијата и генеалогијата на овластувањето водела до Пратеникот на исламот и неговите следбеници (*асхаби*), постоела строго одредена процедура за овластување. Во однос на духовните правци/тарикати, кај 11 од нив линијата на пренос и духовна генеалогија од Пратеникот на исламот доаѓа преку имамот Али, додека единствено во накшибендискиот тарикат линијата на пренос и духовно овластување доаѓа преку Ебубекир[7].

Поради тоа што предмет на оваа статија се *иџазетнами* од халветскиот, кадирскиот, садискиот и рифаискиот тарикат, корисно би било да се наведе кратката историја и распространетоста на овие тарикати на Балканот. Како основач на халветскиот тарикат се смета Омер Халвети (дејствувал на територијата на денешен Иран и починал 1349 година)[8]. Преку неговиот наследник Јахја Ширвани овој тарикат во XV век се проширил и на територијата на Анадолија. Оттука овој тарикат се проширил на Балканот, каде што теќии биле основани во Босна, Албанија, Софија, Скадар и Косово. Во Македонија халветски теќии имало во Скопје, Охрид, Кичево, Струга, Тетово, Велес, Крива Паланка, Кратово, Кочани, Штип, Гостивар, како и во селата Матејче, Ваксинце, Рашче и струмичко Банско[9]. Како основач и старец (*pîr*) на кадирскиот тарикат се смета Абдулкадир Гејлани (1077 – 1165), кој живеел и починал во Багдад. Споменатиот припаѓал на лозата крвни наследници на Пратеникот на исламот и во тасавуфската литература е именуван како најголем богоугодник (*gâvs*, *kutub*). На Балканот теќии од кадирскиот тарикат биле основани во Босна (најпознато и денес постоечко кадирско теќе во Босна било теќето Синаније

[6] Mustafa Kara, *Tasavvuf ve Tarikatlat*. Yeni Yüzyil Kitaplığı. 57-58.

[7] Kara, *Tasavvuf ve Tarikatlat,* 57-58. Спецификата на накшибендискиот во однос на останатите тарикати се состои во тоа што во овој тарикат начинот на богоспоменување е безгласно, т.е. внатрешно (Метин Изети, *Тековите на тесавуфот*, Тетово:Скофиа, 2008, 142; Kara, *Tasavvuf ve Tarikatlat*, 72). Според принципите на овој тарикат, овој начин на богоспоменување/зикир е корисно поради тоа што доведува до состојба на постојано внатрешно богоспоменување (*zikr*), т.е. брз напредок во духовниот пат (İhramcizâde İsmail Hakki Altuntaş, *Nakşî Halidî Hâkî Tarikatında Seyr ü Sülûk*. İstanbul: Gözde Maatbacılık, 2010, 199-202).

[8] Mehmet Serhan Tayşı, „Ömer Halveti“, *İslam Ansiklopedisi 34 cilt*, 65.

[9] Изети, *Тековите на тесавуфот,* 195-164.

во Сараево), Бугарија, Албанија, Србија, Косово. Од досегашните историографски податоци се знае дека во Македонија кадирски теќиња биле основани во Скопје, Охрид, Дебар, и селото Сопот – Кумановско[10]. За основач на рифаискиот тарикат се смета Ахмед Рифаи (1118 – 1182), кој исто така живеел и дејствувал во Ирак. Теќии и тарикатски заедници од овој тарикат на Балканот биле основани во Косово, Албанија, Босна и Србија, додека во Македонија рифаиски теќии биле основани во Скопје, Валандово, Велес, Битола и Кочани[11]. За основач на садискиот тарикат се смета Садудин Мухамед ел Џибави, кој живеел и дејствувал во втората половина од XIII век во Сирија (Дамаск). Во Анадолија и на Балканот овој тарикат продрел во XVIII век, и теќии од истиот биле основани во Србија (Белград, Ниш, Врање, Лесковац, Бујановац), Албанија (Тирана, Скадар, Тропоја, Тепелена, Ѓирокастра), и Косово (Ѓаковица, Призрен, Гнилане и селата Маревци, Новобрдо и Несалце). Во Македонија садиска теќија била основана во Скопје, т.е. и денес постоечкото теќе во Топхане[12]. Според наведеното заклучуваме дека мрежата на тарикатите освен во Македонија, била развиена низ целиот Балкански Полуостров.

Историјат на исламската духовност во Скопје и околината: анализа на дипломите/овластувањата (*иџазетнами*) на тарикатите и шејховите

Преку анализата на *иџазетнамите* од халветскиот, кадирскиот и садискиот

[10] İbid, 169-176.

[11] Mustafa Tahralı, „Ahmed er-Rifai“, *İslam Ansiklopdisi 2. Cilt* (2020), 127-130; Изети, *Тековите на тесавуфот* 177-182.

[12] Изети, *Тековите на тесавуфот,* 199-202. Два индиректно спомнати тарикати во *иџазетнамите* (кои исто така биле особено активни и оставиле големо влијание) се бекташискиот и накшибендискиот тарикат. За основач на бекташискиот тарикат се смета Хаџи Бекташ Вели, кој по монголската наезда, во периодот од 1220 до 1230 година од Средна Азија се преселил во Анадолија. Бекташискиот тарикат, според учењата на неговиот основач, бил сунитски тарикат основан врз принципите на куранските ајети и Пратениковите преданија, меѓутоа во XIV век со интегрирањето на хетеродоксните батиниски шејхови, кои бегајќи од прогоните на државните власти, се инфилтрирале во овој тарикат, и во овој тарикат биле внесени хетеродоксни елементи. Освен Албанија, која се сметала за колевка на овој тарикат, бекташиски теќии биле основани и во Босна, Србија (Белград и Ниш), Косово (Митровица, Дупница, Качаник, Приштина. Призрен и Ѓаковица). Во Македонија бекташиски теќии биле основани во Тетово (3 теќии), во Скопје (2 теќии), и во Битола, Штип, Кичево, Македонски Брод, Велес, Дебар, и село Канатларци по едно теќе (Изети, *Тековите на тесавуфот,* 189-196). Хаџе Бахаедин Мухамед Накшибенди Бухари (починал 1389 година) се смета за основач на накшибендискиот тарикат. Учењата на овој тарикат на Балканот биле пренесени преку шејхот Абдулах Илахи, кој по 1469 година се доселил во Енице Вардарско, како и наследниците на овој шејх (Mustafa Kara, „Molla İlâhiye dair”, *Osmanli Ara;tirmalari VII-VIII* (1988), 368). Освен Енице Вардарско, накшибендиски теќии во подоцнежниот период биле основани во Сараево, Мостар, Фојница, Високо, Травник, Фоча, Коњиц, Белград, Ужице, Лесковац, Врање, Ниш. Во Македонија накшибендиски теќии биле основани во Кочани, Штип, Велес и Тетово. Особена важна била дејноста на шејхот Лутфулах Ускуби, кој бил овластен од споменатиот Абдулах Илахи и дејствувал во Скопје, т.е. Скопското кале, каде што изградил теќија (Taşköprülüzade, „Şakâiki numaniyye“, 578-580, Лидија Кумбараџи, *Османлиски споменици во Скопје*, Скопје: ИВЗ, 1998, 133).

тарикат освен основните информации за трансферот на дејноста на суфиските тарикати и шејхови, добиваме и информации за принципите на кои биле доделени овие овластувања, т.е. шејховската дејност со која доделувачите на *иџазетнамите* ги овластиле своите ученици, било тоа да се однесува на предводење на молитви/богоспоменување, предавање од областа на исламската духовност, духовно водство на ученици или исцелителни молитви. Освен ова, со преводот на делови од автентичните текстови на *иџазетнамите* и јазикот користен во нив, допираме и до духот на основните постулати на учењето на тасавуфот.

Иако за најстариот запис од фондот *Иџазетнами* немаме точен датум на пишување, сепак според хронологијата на периодот на дејствување на шејховите споменати во него, можеме да заклучиме дека истото е издадено на крајот на XVI или на почетокот на XVIII век. Во овој запис освен овластувањето издадено од Абдулхади Вардари до Атаудин Челеби, се опишува и преносот и ширењето на халветскиот тарикат преку наследниците на шејхот Умми Синан[13] во Скопје, Тетово, Призрен, Скадар и преостанатите делови од Балканот. Овој историјат е напишан од Абдулхади Вардари врз основа на една постара генеологија на пренос на овластувањето на шејхови (*silsile*) од халветскиот тарикат, која датира од март 1565 година (хиџретски месец шабан 972 година), и која од страна на извесен Хасан-деде била дадена на Абдулхади Вардари. Во делот од документот во кој е наведено издавањето овластување/диплома од страна на шејхот Абдулхади Вардари[14] до шејх Атаедин-челеби се напоменува дека шејхот Абдулхади Вардари во халветскиот тарикат бил овластен од Омер-ефенди, ученик на скопскиот шејх Кулак Мехмет-ефенди, и на начинот на којшто самиот тој бил овластен, го овластил и својот наследник Атаедин-челеби[15]. Во делот од документот во кој е прикажан краток историјат на духовната генеалогија (*silsile*) на овластените шејхови од халветскиот тарикат, т.е. духовни наследници на познатиот шејх Умми Синан од Бурса, се опишува дејноста

[13] За местото на раѓање и потеклото на Умми Синан има две мненија, едно е дека тој е роден на Балканот и по потекло е Албанец, а едно дека тој е роден во Бурса [Ramazan Ekinci (hzl.) *Hafiz Hüseyin Ayvansarâyî Vefeyâtı Ayvansarâyî (İnceleme-Tenkitli Metin)*. Izmir: Tibyan Yay, 2012, 16; Rahmi Serin, *İslam Tasavvufunda Halvetilik ve Halvetiler*. İstanbul: Petek Yayınları, 1984, 164-165]. Два извори за датумот на раѓање на Умми Синан говорат дека тој е роден во 1477, односно 1488 година (Ali Öztürk, *16. Yüzyıl Halveti Şiirinde Din ve Tasavvuf*. Yüksek Lisans Tezi, Ankara: Ankara Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, 2003, 106). Од ова *иџазетнаме* и краток историјат на халветскиот тарикат дознаваме дека споменатиот дејствувал во XVI век во Бурса, од каде што овластил неколку наследници на Балканот преку кои на оваа територија се проширил споменатиот тарикат.

[14] На крајот од документот шејхот Абдулхади Вардари е именуван како син на хаџи Бекир и учител (*мудерис*), што значи дека истиот освен шејх на халветскиот тарикат, бил припадник и на класата на научниците (*улема*). Овој податок се совпаѓа со автобиографските податоци кои Абдулхади Вардари ги изнесол во својот манускрипт *Tuhfetü-l ihvân* во одреден дел од својот живот бил наставник (мудерис) во медресата Кади Јахја во Битола. Споменатиот манускрипт претставува егзегеза на преданијата од имамот Али, и од страна на авторот е напишан како подарок до своите пријатели (Ceyhan Âdem/Hasan Cankurt, „Vardarlı bir Hocadan Dostlara Armağan: Hz Alinin Yüz Sözünün Şerhi: Tuhfetü'l-ihvân". *III Uluslararası Balkanlarda Türk Varlığı Sempozyumu Bildirileri (hzl. Ünal Şenel)*, 279-311).

[15] Државен архив на Република Северна Македонија (натаму: ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, лист 3.

на шејхот Хасан-ефенди од Скопје и неговите овластени наследници, т.е. ширењето на овој тарикат од Скопје во Призрен и Скадар. Пишувачот на текстот, т.е. издавачот на овластувањето - шејхот Абдулхади Вардари наведува и со кои од шејховите од споменатиот тарикат бил во директен контакт и присуствувал на нивните предавања. Во документот е наведено дека целта на пишувањето на историјатот на шејховите кои се дел од духовната генеалогија е зачувување на споменот за богоугодниците кои се споменуваат и придобивање корист од нивната духовност[16].

Во краткиот историјат на ширењето на халветскиот тарикат на Балканот најпрвин се истакнува начинот на овластување на шејхот Хасан-ефенди од Скопје, кој бил ученик на шејхот Умми Синан, и бил еден од првите шејхови кои ги пренеле принципите и учењето на овој тарикат на Балканот. Наведено е дека споменатиот шејх Хасан долго време бил во служба на шејхот Умии Синан, и под духовен надзор на шејхот пополнил повеќе од 50 духовни осами (*halvet*)[17] и го пополнил принципот на богоспоменување на халветскиот тарикат. По ова, шејх Хасан во 1571 година од страна на Умми Синан добил овластување како шејх. Понатаму, во текстот се наведува и животот и делото на шејх Вели-деде, кој во халветскиот тарикат бил овластен од шејхот Насух-деде[18] од истанбулската населба Ејуп, и од страна на споменатиот шејх на духовна и шејховска служба бил пратен во босанскиот град Тузла. Вели-деде е опишан како *човек на духовни откровенија*, и освен *сиромашните дервиши*[19], кај него духовен завет нашле и претставниците на високата класа. Шејхот Абдулхади Вардари во текстот објаснува дека самиот се запознал со споменатиот Вели-деде, често присуствувал на неговите предавања и лично се уверил во многубројните духовни благодати опсипани на споменатиот[20].

[16] ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 3.

[17] Духовни осами претставувале практики на припадниците на тарикатите, за време на кои тие се придржувале на пост и интензивни молитви со цел духовно воздигнување. Овие духовни осами најчесто траеле 40 дена, и тоа во хиџретските месеци реџеб и првите десет дена од месецот шабан, или месецот зулкаде и првите десет дена од месецот зулхиџе. Во тасавуфот оваа практика се смета за пофална поради фактот што таа била практикувана и од Пратеникот на исламот, кој пред доаѓањето на објавата се повлекувал во осама во пештерата Хира.

[18] Шејхот Насух-деде бил еден од учениците и духовните наследници на Умми Синан. Опишан е како *еден од богоугодниците чиј аскетизам бил на високо ниво*, имал многубројни наследници кои најчесто биле од класата на научниците, и *светлината на Божјото единство во областа Румелија се проширила со нивно посредство*. Самиот бил неук, меѓутоа *му биле отворени мноштво духовни мајни (...ol dahî hâyli azîzlerdendir mücâhedeleri kemâl mertebede ve nihâyet derecede idi Rumilide hulefâsi bî-nihâyedir eksêr anların hulefâsı ehl-i îlm tâifesindendir Rumilide nûr-ı tevhîd anlardan ve anların hulefâsından yayılmıştır zemânında seccâdenişn olan âzizlerin güzîdesidir ve gerçi kendüleri dahî ummîdir amma haylî esrâra muttaliğ olmuştur*).

[19] Во јазикот на припадниците на тасавуфот сиромаштвото е сфатено од духовен аспект, т.е. како лишеност од својствата на себството.

[20] ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 3. Во текстот е наведена генеалогијата на духовно овластување на Умми Синан, која преку шејхот Хаџи Карамани од Бурса, кој бил овластен од шејхот Ахмед-ефенди син на Иса од Маниса, кој бил овластен од шејх Алаедин-ефенди од градот Ушак, кој бил овластен од шејхот Таџедин-ефенди од Кајсери, кој бил овластен од шејх Пири-ефенди од Ерзинџан, кој бил овластен од шејх Јаҳја Халвети од Баку (İbidem). Споменатиот Јаҳја Халвети починал во 1466

Како што е наведено претходно, во вториот дел од овој запис е прикажан историјатот на генеалогијата на духовното наследување на наследниците од шејх Хасан од Скопје. Шејх Хасан-ефенди овластил тројца шејхови како негови духовни наследници, и тоа Дервиш-ефенди, Шит-ефенди и Али-деде. Дервиш-ефенди по многубројните духовни осами и достигнувањето духовна потполност (*kemâlet*) се преселил во Скадар, каде што основал свое теќе. Хасан-ефенди како свој наследник во теќето во Скопје го поставил Шит-ефенди, додека споменатиот Али-деде се преселил од Скопје. По смртта на Шит-ефенди, споменатиот Али-деде се вратил во Скопје каде што ја продолжил шејховската дејност во теќето на Хасан-ефенди. Али-деде е опишан како *еден од високите богоугодници кој поседувал возвишени Божји благодати*. По смртта на Али-деде како шејх во теќето бил назначен Мелик Хусеин, кој е опишан како *проповедник, познавател на Божјото единство, еден од богоугодниците чии откровенија и чуда претставувале ретkост на времето*. По споменатите, како шејх во теќето во Скопје бил назначен синот на Али-деде – Хасан-ефенди, и по него синот на Мелик Хусеин – Мула-ефенди. По ова, дејноста на шејховите во теќето на Хасан-ефенди во Скопје била прекината. На крајот се наведува дека теќето на шејх Хасан-ефенди во Скопје се наоѓало во близина на Јахја-пашината џамија[21], и споменатиот Хасан-ефенди заедно со споменатите шејхови кои го наследиле биле закопани на ова место. Се наведува дека *благословениот гроб на шејхот Хасан-ефенди бил место за посета и место во кое молитвата кон Бога не се одбивала*[22].

Додека линијата на овластени шејхови од споменатиот тарикат во Скопје била прекината, таа продолжила преку гореспоменатиот шејх Дервиш-ефенди во Скадар, под чие духовно водство како шејх бил овластен Муса-ефенди, кој од

година. Доколку се земе предвид дека по споменатиот шејх линијата на пренос на овластувањето до Умми Синан оди преку петмина шејхови, заклучуваме дека Умми Синан дејствувал најмногу 100 години по споменатиот Јахја Халвети, т.е. во средината од XVI век, што се совпаѓа со периодот во кој споменатиот шејх ги издал иџазетнамите за своите наследници.

[21] Оваа констатација во голема мера се совпаѓа со претходно објавените достапни информации во врска со ова теќе. Имено, според Л. Кумбараџи името на ова теќе било Ипликчи Хасан-ефенди, или популарно наречено Букагили теке. Тоа припаѓало на халветскиот тарикат, т.е. огранокот Синаниле, било основано во втората половина од XVI век и било разурнато во земјотресот од 1963 година (Кумбараџи, *Османлиски споменици*, 132).

[22] *Silsîle-i evveli sâhibi olan merhûm Hasan efendi hazretlerinin hulefâsı üç kol olmuştur birisi Derviş efendi ve birisi Şît efendi ve birisi Ali dededir. Mezbûr Derviş efendi Hasan efendiden telkîn olup nîce erbâinler çıkarup hizmetler eyleyüp muradlâr hâsıl olduktan sonra hilâfet ile İskenderiyeye gitmişlerdir. Hasan efendi Üsküpte kendü seccâdesine Şît efendi halîfe koymuşlardır. Hasan efendi dâr-ı bekâya rîhlet eylediklerinde Ali dede Şît efendiyle hoşdîl olmayıp seyahâta gidüp envâ-ı merâtıb kêsb eylediğinden sonra Şît efendi merhûm olup ol dahî gece içinde yetişüp Şît efendi yerine Hasan efendi tekkesinde şeyh olmuşlardır. Ûlu âzizlerden olup âzîm kerametleri zuhûr eylemiştir. Ali dededen Melek Hüseyin efendi telkîn alıp ol dahî hem vâiz hem muvâhhid âzizlerdendir keşfü kerâmatta âsrının ferîdi olup merhum olduklarında Ali dedenin oğlu Hasan efendi şeyh olup bâdehü Melek Hüseyin efendinin mâhdumları Molla efendi dimekle ma'rûf olan çelebi şeyh olmuştur. Andan sonra Hasan efendinin tekkesinde Ummî Sinan tarîkinde kimse kalmayup îlelân hâlidir ve bu âzizler Yahya Paşa camii şerîf kurbunda kendü tekkelerinde medfûnlardır markâd-ı şerifleri ziyaretgâh ve mizân-ı icâbet-i duâdır* (ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 3).

страна на Дервиш-ефенди бил пратен во Призрен, и оттаму линијата на духовно наследство на овој тарикат продолжила преку двајцата наследници на Муса-ефенди, шејхот Хасан-ефенди од Призрен и шејхот Мехмед-ефенди во Скопје. Овој тарикат во Призрен продолжил да живее преку дејноста на синот и наследник на шејхот Хасан-ефенди од Призрен – Махмуд-ефенди. Самиот Абдулхади Вардари присуствувал на предавањата на овој шејх и *посведочил за неговата вдахновеност и благословеност*. Понатаму, преку ученикот на Махмуд-ефенди - Чуллу Мехмед-ефенди, повторно дејноста на шејховите од овој тарикат се префрлила во Скадар. Од овластените наследници на споменатиот шејх бил и Ибрахим-халифе, кој основал теќе во Дебар. Од втората генерација на наследници на споменатиот шејх бил и шејх Емруллах-ефенди, кој вршел шејховска дејност во теќето Муџелид Мехмед-ефенди во Тетово.

Како што е споменато погоре, еден од шејховите кои биле овластени од Муса-ефенди бил и шејхот *Кулак* Мехмед-ефенди, преку кој овој тарикат бил пренесен и продолжил да живее во Скопје. Во историјатот во врска со ова овластување се наведува дека додека Муса-ефенди бил жив, имал еден извонредно талентиран ученик со име Мехмед-ефенди, кој претходно бил ранет во војна. Се напоменува дека Мехмед-ефенди бил во долгогодишна служба на шејхот Муса-ефенди, и заедно со него, *некогаш во теќето, некогаш во околните пештери извршувале молитва, и го пополнил принципот на богоспоменување и ја достигнал духовната зрелост*. По ова, Кулак Мехмед-ефенди бил овластен од Муса-ефенди за шејховска дејност и му било препорачано да се пресели во Скопје, каде што ќе го шири учењето на исламската духовност. По преселувањето во Скопје, Мехмед-ефенди поминал долг период во молитва и богоспоменување во скопските џамии, по што се појавил еден искрен ученик (*мурид*), со кого купиле една стара куќа во близина на Алаџа амамот[23], ја обновиле и ја претвориле во теќе. По ова, споменатиот шејх го добил називот Кулак Мехмед-ефенди, и новооснованото теќе го добило неговото име. Кулак Мехмед-ефенди е опишан како *духовен центар кој бил главна чешма на халветскиот тарикат*. *Доколку се бројат неговите откровенија и чуда, би требало да се напишат книги*. Кулак Мехмед-ефенди овластил три шејхови: Хасанефендизаде Омер-ефенди, Али-ефенди и Муџелид Мехмед-ефенди во Тетово. Шејхот Абдулхади Вардари[24] бил овластен од споменатиот Омер-ефенди[25]. Од наведеното заклучуваме

[23] Во досегашната историографија не постои информација за ваков амам. Постои можност да се алудира на Исакбеговата џамија, т.е. Алаџа-џамијата.

[24] Од страна на Л. Кумбараџи регистрирано е постоењето на халветското теќе од огранокот Синаније, кое го носело името Велијудин Вардар, и се наоѓало на левата страна од реката Вардар, покрај Вардар-теќе џамијата. Истото било основано во XVI век и било активно до 1912 година (Кумбараџи, *Османлиски споменици*, 132). Со оглед на фактот дека се работи за истиот тарикатски огранок на кој припаѓал и шејхот Абдулхади Вардари, како и тоа дека шејхот кој се смета за основач на теќето има презиме Вардари, што значи дека е потомок на споменатиот шејх Абдулхади, претпоставуваме дека ова теќе најверојатно е изградено од Абдулхади Вардари или неговите потомци и наследници.

[25] *Musa efendi hazretleri hayatta iken Pirizrin sâkinlerinden Mehmed nâmında bir zâhirü-l istidâd kimesneyi kendü hidmetine alıp ôl kimesne bileğinden gazâsında yaralı bileğinden düşüp bâdehü cân-ü*

дека Абдулхади Вардари иако бил во контакт и ги посетувал предавањата на неколку шејхови од втората и третата генерација, самиот тој припаѓал на петтата генерација овластени шејхови наследници на Умми Синан.

Во фондот *Иџазетнами* постојат четири документи за овластувањето на шејхови од кадирскиот тарикат, кои биле духовни наследници на шејх Мустафа Чолак од Скопје. Од содржината на документите доаѓаме до заклучок дека споменатиот шејх и неговите овластени наследници освен во Скопје, кадирскиот тарикат го раширile и во Велес, Тетово и Призрен. На 9 август 1888 година (хиџретски датум 1. Зулхиџе 1305) од страна на кадирскиот шејх Али-ефенди од Велес издадено е *иџазетнаме* за шејховска дејност на шејхот сејид Мехмед Гијаседин од Скопје. Во него, по наведувањето на духовните степени на *принцот и печатот на Пратениците, водачот на богобојазните, почестениот со зборовите ,,да не беше ти"*[26] *и со стихот на објавата ,,не те испративме освен како милост на световите", пратеникот кон целиот свет и посредувачот на денот кога престапниците ќе бидат фатени за нивните лица и нозе", сведокот и радосникот, светлата ламба водилка, повикувачот кон Бога, Божјиот саканик, Мухамед одбраниот*[27], и објаснувањето на овластувањето и преносот на духовното знаење за Божјите тајни со кои Пратеникот на исламот го овластил и почестил имамот Али, е наведено дека истите преку наследниците и наследниците на нивните наследници стигнале до *старецот и султанот на богоугодниците и доказот на чистите, сонцето на светот на богоугодништвото, духовниот сив сокол*[28]*, просветителот на духовната војска, највисокиот богоугодник и центарот на духовниците, богопознавателот, шејхот на потполните шејхови, обновувачот на верата*[29], т.е. сејид Абдулкадир Гејлани.

*dilden Musa efendiyle leyl-ü nehâr yılca ibâdet ve zirkullah idüp usûl-u esmâyı tekmîl ve kâh tekkede kâh mağaralarda olup murâdât-ı mâneviye hâsıl olduktan sonra şehr-i Üskübe hilâfet ile gelmişierdir lâkin heftü kudsiyesi celâl üzere olup nice eyyâm camilerde yalnuz tevhîd eyleyüp taraf-ı Bâriden işâret olduktan sonra bir mürîdî zuhûr eyleyüp Alaca hamamı kurbunda bir virân ev alıverıp tekke binâ eylemiştir bu âzîz Ummu Sinan tarikinde Kulak Mehmed efendi deyü meşhûr olup mertebe-i kutbiyette idi bu tarikin ser çeşmesi güzîde eridir hazreti Allah himmetlerin hâzir eyleye keşf-ü kerâmeti tahrir olunsa tevârih olurdu (*ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 3*)*.*

[26] Се мисли на преданието (*hadîs-i kudsî*) според кое Бог му објавил на Пратеникот: *Да не беше ти, немаше да го создадам светот*.

[27] *Hazreti resül-i ekrem ve nebî-i muhterem seyyidü-l mürselîn ve imâmu-l müttakîn ve hâtemu-n nebîin ve rahmeten li-l âlemîn ve-l muşerref bi-l şerefı lev lâke el mukerrem bi tekrîm ve mâ arselnâke el mebğûs ile kâffei-l anâm eş-şâfi bi-ş şefâatü-l kubrâ yevmun yu'hadul mücrimuna bi-n nevâsi vel akdâm eş şâhid el beşîr ve-s sirâcil munîr ed-dâi ilellahi teâla bi iznihi-l cedîr müfâherü-l enbiyâ mahbûbu-l hazreti Hüdâ Muhammed Mustafâ salAllahu aleyhi ve sellem* (ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 8).

[28] Сив сокол (*Bâz-ül eşheb*) – вид на сокол кој лета побрзо од сите други видови птици. Оваа алузија е употребена за сејид Абдулкадир Гејлани врз основа на верувањето дека со Божја помош и дарување кон овој богоугодник, додека некој го спомене неговото име, до тој човек веднаш доаѓа духовната поддршка на шејхот.

[29] *Hazreti pîr efendaimiz ve sultanımız sultânu-l evliyâ ve burhanu-l esfiyâ hürşid-i felek-i vilâyet nâhid-i derc-i siyâdet bâz-ul eşheb el mânevî razdân-ı hakâik-i alemi mustafavi fâid-i ceyşu-r ruhâni gavsu-r rabbâni kutbü-l aktâb ve zebbetu evvelü-l elbâb mürşidi-l halâik ile ekvâmu-t târik mufâheru-s sadât ârifü-l ârifîn şeyhü-l suyûhu-l vâsilîn hazreti muhyiddîn Abdülkadir Geylani radiallahu anhu efendimiz* (İbidem)

Понатаму, наведена е духовната генеалогија на кадирскиот тарикат, која преку наследниците на Абдулкадир Гејлани доаѓа до шејхот Мухамед Рефи Зинџири од Крит, и понатаму преку шејхот сејид Мустафа-баба Чолак од Скопје, Мехмед-баба, Селим-баба, и преку неговите наследници до *џентарот на богопознавателите и шејхот на потполните,* Махмуд-баба од Тетово, до *овој сиромав*[30], кој на шејхот сејид Мехмед Гијаседин го овластил со духовно водство на учениците и следбениците, давање духовен завет и учење исцелителни молитви, и шејховска активност во теќето Серсем Али-баба во Скопје[31].

Во една генеалогија на духовното наследство на шејховите од кадирскиот тарикат од 1889 година се гледа дека линијата на овластените наследници на шејхот Мустафа-ефенди Чолак била проширена и во Тетово, Призрен и Велес. Така, во генеалогијата е наведено дека шејхот Мехмед-ефенди скопјанец добил овластување и диплома од шејхот Мустафа-ефенди од Велес, чија линија на овластување одела преку шејховите Али-ефенди од Велес, кој добил овластување од Махмуд-ефенди од Тетово, кој добил овластување од Јахја-ефенди од Призрен, кој добил овластување од Бехлул-баба од Тетово, кој добил овластување од Абас-ефенди од Тетово, кој добил овластување од друг Махмуд-ефенди од Тетово, кој добил овластување од Селим Диване од Крим кој живеел во Велес, кој добил овластување од друг Мехмед-ефенди од Тетово[32], кој добил овластување од шејхот Мустафа-ефенди Чолак од Скопје[33].

На 31 јули 1898 година (хиџретски датум 12 *ребиул еввел* 1316) од страна на шејхот Абдулах од Скопје му било издадено *иџазетнаме* на кадирскиот шејх Бедредин од Скопје[34]. Според документот, споменатиот шејх Абдулах дозволата ја добил

[30] Шејхот и овластителот Али-ефенди себеси се именува со овој назив. Во *иџазетнамите*, како и во преостанатите теолошки и научни манускрипти, скоро без исклучок, авторот или давателот на овластувањето себеси се нарекува со овој назив, што е израз на скромност.

[31] *...ve andan bu fakire virülüp şeyhimiz şeyh-i müşarün ileyh hazretlerinden irşad beyat ve nefes virmeğe mezun ve memur olduğum vechiyle by fakîr dahî irşadetlü tarikatlü şeyh Mehmed Giyaseddin ibn reşadetlü tarikatlü eş-şeyh Abdürrahim bin reşadetlü fadîletlü eş-şeyh Ali efendi erkân-ı ehlullah ile ve tarikimiz usûl-u muktezasi üzere izn-ü icâzet virüp işbu hilafetnâme yedine itâ kılınmıştır mahrüse-i Üsküpte Sersem Ali baba dergâhında postnişn ve halîfe tayyin ve ikâme olundu* (ДАРСМ, фонд *Иџазетнами*, бр. 8). Не е јасно кое е споменатото теќе Серсем Али во Скопје во кое новоовластениот шејх Мехмед Гијаседин требало да врши дејност. Серсем Али бил познат богоугодник од XVI век кој дејствувал и во тетовското бекташиско теќе и бил еден од неговите основачи. Според досегашните извори на оваа тема, знаеме дека во Скопје имало две бекташиски теќиња, и тоа теќето на Мустафа-баба и теќето на Сулејман-баба (Изети, 196). Поради ова, можеме да изведеме две хипотези, и првата е дека теќето Серсем Али во Скопје било основано како бекташиско, но со текот на времето во него почнале да вршат дејност шејхови од кадирскиот тарикат, а втората е дека теќето е основано од припадници на други тарикати и неговото име (Серсем Али) е ставено како израз на почит кон споменатиот.

[32] Во овластувањето/дипломата на шејхот Бедредин од Скопје од 1898 година овој шејх е наведен како Мухамед Урјани.

[33] ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 12.

[34] Во текстот новоовластениот шејх Бедредин од страна на шејхот Абдулах (кој го доделил овластувањето) е наречен *нашиот син*. Не е сигурно дали се работи за биолошки син или е употребена алегорија во смисла на духовен наследник.

од *столбот на богопознавателите*, шејхот Али-баба од Велес[35], кој пак дозволата од споменатиот тарикат ја добил од духовните наследници на шејхот Мухамед Урјани од Тетово, кој добил овластување од шејхот сејид Мустафа-ефенди Чолак, кој овластувањето го добил од шејхот сејид Мухамед Рефи Сиредин Зинџири, кој пак бил овластен од духовните наследници на *старецот, духовниот султан, столбот на Божјите луѓе, Божјиот доказ, поседувачот на светлината и збирот на духовните знаци, обновувачот на верата и практиката на Пратеникот, највисокиот богоугодник, султанот на богоугодниците и круната на духовно прочистените*[36], шејхот сејид Абдулкадир Гејлани, кој пак овластувањето го добил од духовните наследници на Пратеникот на исламот и имамот Али. Во дипломата се наведува дека споменатиот шејх Бедредин бил овластен за *богоспоменување, давање заклетва во кадирскиот тарикат и учење на исцелителни молитви, со цел во согласност со принципите на Божјите луѓе да ги подучува желните љубители, браќа и ученици на основните практики на кадирскиот тарикат, споменување на Божјите имиња, давање духовна заклетва и духовен надзор на Божјиот пат и скриените тајни*[37], и тој бил назначен како шејх во теќето кое било изградено од шејх Салих[38] во Скопје.

Во едно *иџазетнаме* од 1901 година издадено од шејховите Мустафа-ефенди и претходно споменатиот Гијаседин-ефенди од Скопје, се овластува шејхот Али

[35] Во претходното *иџазетнаме* е споменат како шејх овластител на Мехмед Гијаседин од Скопје.

[36] *Hazreti Resûl-i ekrem ve nebî-i muhterem salallahu teâla hazretlerinden izn-ü icâzet-i tarîkat ve nefes ve beyât ve irşâd-ı hakîkat ve esrâr-ı ilâhi-i hilâfet ve çâr-ı alâmet-i hazreti emîrü-l müminîn imam Ali kerremellahu vechehu hazretlerine virülüp ve andan hulefalârına ve hulefarârının hulefalârına ve hazreti pîr efendimiz ve sultanımız kutbur-rabbâni gâvsus-semedâni ve hak-i burhâni vel ferdu-r rahmâni zü-l kânis-i nurâni el camîü-l maâni muhyi-s sünnete ve-d dîn hazreti gavsü-l âzam sultanu-l evliyâ tacü-l esfiyâ eş şeyh sultan seyyid Abdülkâdiri Geylâni kadasallahu sirrahu-l âli hazretlerine virülüp ve andan hulefalârına ve sultanu-l arifîn eş-şeyh Muhammed Refi Sireddin Zincîri hazretlerine virülüp ve andan şeyhü-l ekmel şeyh seyyid Mustafa efendi Çolak baba hazretlerine virülüp ve andan şeyhimiz sultanımız Kalkandelende sâkin kutbü-l ârifîn şeyh Muhammed baba Üryani hazretlerine virülüp ve andan hulefalârına ve hulefalârının hulefalârına ve şeyhimiz âzizimiz efendim sultanım Köprülüde sâkin kutbü-l ârifîn eş-şeyh Ali baba hazretlerine virülüp ve andan bu fakire virülüp...* (ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 9)

[37] *Bu fakir dahî halîfemiz oğlum eş-şeyh Bedreddin efendi Üskübi mezkûr tarikamiz muktezâzı üzere izn-ü icâzet ve erkân-ı ehlullah ile yedine hilafetnâme virilmiştir ve medinê-i Üsküpte pederim haci şeyh Salih efendiden intikâl eden tekkemizde postnişn ve halîfe tayyin olunduk ve tarikatlu şejh Bedreddin efendi cümle izinlerin izni ve nefes-ü himmet-i aliyelerine gereğidirki istekli olan canlara ve mühibbâna ve talibâna edeb-i tarîkat ve telkîn-i esmullah ve beyât ve terbiye-i sulûk ve mukabele-i esrâr erkân-ı ehlullah üzere icrâ eylemeğe her vecihle destûr-u izn-i icâzet virilmiştir* (İbidem).

[38] Според Л. Кумбараџи, теќето на шејх Салих-баба се наоѓало на десната страна од реката Вардар, во центарот на градот. Припаѓало на халветскиот тарикат (огранокот карабаши) и било основано кон крајот од XVIII век (Кумбараџи, *Османлиски споменици*, 133). Доколку оваа информација се земе како точна, тогаш заклучуваме дека во ова теќе по дејноста на шејхови од халветскиот тарикат дејноста била продолжена од шејхови од кадирскиот тарикат. Ваквите случаи кога во теќиите по прекинувањето на линијата на шејхови од одреден тарикат со дејност продолжувале шејхови од друг тарикат не биле реткост, и дополнително укажува на фактот дека иако помеѓу суфиските тарикати има некои формални разлики во однос на богоспоменувањето, сепак, поради тоа што изворот на учењето и крајната цел на сите тарикати е иста, тие претставуваат ограноци на едно исто дрво.

Наки од Скопје. Во дипломата најпрвин е наведено значењето на имамот Али, кој се смета за духовен наследник на Пратеникот на исламот преку кој е пренесена духовноста на поголем број од тарикатите, и кој бил окарактеризиран со гласното богоспоменување (*cehri zikir*). Во воведот на документот се наведени и двете предања на Пратеникот на исламот во врска со имамот Али, и кои гласат*: Оној кој сака да се задржи на најцврстото јаже нека се задржи за љубовта кон Али синот на Ебу Талиб*, и *Али е омразен само од лицемерите и е сакан само од верниците*. Во документот се споменува дека шејховите даватели на иџазетнамето, овластување во кадирскиот тарикат добиле од шејхот Али-ефенди од Велес[39].

Како што е нагласено во воведот, во фондот *Иџазетнами* постои и едно овластување за шејховска дејност во садискиот тарикат. На 10 март 1787 година (хиџретски крајот од џемазиел евел 1201 година) издадено е *иџазетнаме* со кое шејхот Абдулвехаб син на Мухамед Мустафа Сади Белграѓанецот го овластува шејхот Али син на Хусеин од Скопје во садискиот тарикат. Се споменува дека освен во садискиот тарикат, споменатиот шејх Абдулвехаб бил овластен и во рифаискиот тарикат. Исто така, новоовластениот шејх Али син на Хусеин претходно бил овластен во халветскиот тарикат, т.е. огранокот на Умми Синан[40]. Документот почнува со молитвата: *Целата благодарност припаѓа кон Бог, кој ги исполни срцата на богоугодниците со мудрост и светлина, и го направи видлив знакот на нивното богоугодништво на нивните лица како јасна месечина, и тие во последниот дел од ноќта го повикуваат Надмоќникот Крал*[41]. Во овластувањето кое споменатиот шејх Абдулвехаб го издава на шејхот хаџи Али син на Хусеин од Скопје се истакнува: *Го овластив пофалениот од чистите верници, потполниот познавател на возвишениот Бог, шејхот на шејховите хаџи Дуѓанџик Али син на Хусеин Синани, припадник на тарикатот на Умми Синан, во тарикатот на нашиот шејх и претставник пред возвишениот Бог, центарот на духовноста и тајната на Куранот, сопственикот на ознаките, чудата и духовното знаење, шејхот сејид Ебу Насух Садедин Џибави Џенани Шејбани*[42]. Во продолжението се истакнува дека освен во садискиот, шејхот Абдулвехаб Белграѓанецот целосно го овластил хаџи Али, син на Хусеин Скопјанецот, и во рифаискиот

[39] ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 11.

[40] Овластувањето на еден шејх во повеќе од еден суфиски тарикат се сметало за предност и своевидна духовна надградба. Сепак, главната линија на пренос (*silsile*) најчесто доаѓала со посредство на еден шејх, додека преостанатите овластувања претставувале своевидна почест и благослов. Ова укажува на фактот дека помеѓу суфиските тарикати не постоеле конфликти и спротивставености, како и дека тие во многу сегменти се совпаѓале и припаѓале на една иста духовна провениенција која се темели на учењата на Куранот и преданијата/постапките на Пратеникот на исламот и извира од учењето на Пратеникот на исламот кое понатаму е пренесено преку неговите најблиски ученици (*асхаби*).

[41] الحمد لله الدى ملاء قلوب اولياءه بالحكمته و النور و جعل سيماهم في وجوههم لايحة كالبدور فاداكان وقت السحر ناديهم الملك الجبار يا شكور (ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 19)

[42] فقد اجزت فحر الصلحاء و نبدت الاصفياء و المرشد الكامل و العارف بالله تعالي دوكانجق شيخ الشيخ حلجي علي بن حسين الاوسكوبي السناني على عهد الطريق امى سنان في طريقة شيخنا و قدوتنا الي الله تعالي القطب الرباني و السر البرهانى صاحب الاشارات و الكرامات و المعانى الشيخ السيد ابو النصوح سعد الدين الجباوي الجناني الشيباني فاجزت تبركا ادنا عاما في ساعر احوال الطريقة بعد ما اسخرت الله تعالى و ارجو امنه ان لا يساني من صالح دعاه (ДАРСМ, фонд 1046, Иџазетнами, л. 19).

тарикат. Имено, освен што споменатиот шејх својот ученик го облекол со благословената наметка (*hırka*) која му била подарена од неговиот учител - *потполниот духовен водач, центарот на духовноста и просветлениот богопознавател*, шејхот Мустафа Хајдар Кади Шејбани, исто така го овластил, како што и тој самиот бил овластен од шејхот сејид Абдулах Рифаи, во споменатиот – рифаиски тарикат. Шејхот на својот ученик хаџи Али Скопјанецот му ги пропишал начинот на богоспоменување, и го подучил сите негови дејства да бидат во склад со Куранот и советите/постапките на Пратеникот на исламот (*sünnet*), и да се спротивстави на новотариите, и да се среќава со преостанатите шејхови и *сиромасите*[43], да извршуваат богоспоменување (*zikr*) на чист начин, и го овластил за разделување храна и шербет. На крајот се посочува дека секој припадник на научниците, кадиите, високодостоинствениците и шејховите кои ќе го видат ова *иџазетнаме* да го помогнат новоовластениот шејх Али Скопјанецот, *да ги намират неговите потреби и да го почитуваат, од причина дека секој оној кој го почитува него го почитува Садедеин Џибави Шејбани, и секој кој го почитува споменатиот го почитува и Пратеникот на исламот, и оној кој ќе го направи ова ќе биде почестен на овој свет и на идниот и ќе го заслужи посредувањето за гревовите од страна на Пратеникот*[44]. Како сведоци на издаденото овластување потпишани се шејхот Али Рифаи Сади, Џабизаде Ибрахим-ага и Абдулах-ефенди и Мула Мустафа, син на Мехмед.

Во фондот *Иџазетнами* се наоѓа и еден документ на овластување на шејх во рифаискиот тарикат, кој поради тоа што на крајот е оштетен, немаме точна информација за местото и датумот на издавање. Со овој документ рифаискиот шејх Ахмед, син на сејид Хајдар, го овластува Али, син на Емир Мустафа, како шејх во рифаискиот тарикат. Во документот шејхот Ахмед, син на сејид Хајдар, истакнува дека: *Шејхот Али, син на Емир Мустафа, го овластувам и го облекувам со рифаиската наметка како што и јас самиот бев облечен со оваа наметка од страна на мојот шејх и претставник пред возвишениот Бог, сејид шејх Јунус и шејхот сејид Јусуф, син на сејид Мухамед. Исто така шејхот Мухамед Тавил го овластив и го облеков со рифаиската наметка, како што и јас самиот бев овластен и ми беше облечена рифаиска наметка од страна на мојот шејх*[45]. Споменатите шејхови биле овластени да седат на молитвената простирка (*seccade*)[46], се среќаваат со *благородните сиромаси*, да се среќаваат со преостанатите духовници од рифаискиот тарикат, и до сите споменати е напоменато да искажуваат почит кон шејховите кои

[43] *Fakirler* – термин користен за припадниците на тарикатите. Се алудира на сиромаштија на себството (*nefs*), т.е. лишување од карактеристиките на човечкото его со цел манифестација на Божјите својства во душата (*rûh*).

[44] كلى من وفى على هده الاجازة المباركة من علما و فضلا و حكام الادقياء المكرمين و المرشد الكامل دوكانجق شيخ الشيخ حاجى علي بن حسين الاسكوبي اكرمه الله تعالى بكرامه و قضاء حوايجه و مصالحه و اعانته على جميع اموره فمن فعل دلك فقد اكرمنا فقد اكرم شيخنا الشيخ سعدالدين جباوي الشيباني و من اكرمه فقد اكرمه رسول الله صل الله عليه و سلم فمن فعل دلك فهو سعيد الدارين و داخل في شفاعة سيد الكونين

[45] و قد رايتي الرجل المسميي بالشيخ على ابن الامير مصطفي و لديه احلا لدالك و قد اجزته كما اجوتني شيخي و البسني الخرقت الرفاعيه و ان قد لبستهات يده و البستها للشيخ على كما البستهات شيخي و قدوتي الي الله تعالي و ان الفقير الي الله تعالي السيد علي ابن السيد خليل و قد رايتي الرجل المسميي بالشيخ على ابن الامير مصطفي احلا لدالك و قد رايت الشيخ محمد الطويل احلا لدالك و اجزته كما اجزتني شيخي

[46] Овој израз се користи како алузија за духовно овластување за предавање и водење молитви.

биле овластени со ова *иџазетнаме*. Понатаму, на новоовластените шејхови им било дозволено да патуваат и да се среќаваат со преостанатите следбеници на тарикатот, да наредуваат добро и да одвраќаат од зло, и да водат богоспоменување (*kelime-i tevhîd*) со преостанатите следбеници на тарикатот.

Во понатамошниот дел од *иџазетнамето* истакнати се неколку совети и предавања од областа на исламската духовност[47]. Така, како шест столба врз кои е изграден духовниот пат (*tarîkat*) се истакнати покајанието (*têvbe*), покорноста и препуштеноста на Божјата волја (*teslimîyet*), аскетизмот и скромноста (*zûhd*), богобојазноста (*tâkva*), задоволство со доделеното (*kanâat*) и одвоеноста, осаменоста (*ûzlet*). Како пет наредби на духовниот пат се наведени спознанието (*marîfet*), дарежливост (*sehâvet*), цврста увереност (*yekîn*), духовно патување (*sulûk*), контемплација (*tefekkür*) и задоволство во секоја состојба (*şükür*). Понатаму, даден е следниот совет: *Доколку те прашаат што е исламскиот закон (şerîat), што е духовниот пат (tarîkat), што е спознавањето на стварноста (marîfet) и што е богоспознавањето (hakîkat), одговори дека Пратеникот рекол „Исламскиот закон се моите зборови, духовниот пат се моите дела, спознавањето на стварноста е мојата духовна состојба, и богоспознавањето е...[48]“ Доколку те прашаат кој е водачот на исламскиот закон, кој е водачот на духовниот пат и кој е водачот на спознавањето на стварноста, одговори дека водач на исламскиот закон е чесниот Куран, водач на духовниот пат е шејхот, и водач на спознавањето на стварноста е Пратеникот на исламот[49]*.

Во фондот *Иџазетнами* се наоѓа и еден запис од 1792 (хиџретска 1207) година составен од авторот хаџи Мустафа Шефик, кој претставува своевидна молитва за заштита од непогоди и лечење од физички и духовни болести. Записот е напишан кај турбето на шејхот Урјан-баба, и стилот на пишување и рециталите вметнати во воведот од текстот, како и споменувањето на Бекташ Вели како *наш духовен старец* (*pîrimiz*) укажуваат на тоа дека писателот е припадник на бекташискиот тарикат. Интересно е дека во него се споменуваат имињата на сите позначајни суфиски шејхови од Скопје и околината. Врз основа на овој ракопис добиваме претстава кои од суфиските шејхови од страна на жителите од Скопје биле ценети и сметани за вистински духовници и богоугодници. Во воведот се споменуваат Пратеникот на исламот, Али, четирите следбеници – асхаби[50], Хамза, Хасан, Хусеин и султанот на Османлиската Империја: *за трајноста на државата на нашиот султан, со една страст да речеме Алах*. Понатаму, вметнат е еден рецитал кој се употребувал во јаничарскиот одред и

[47] Советите се истакнати во форма на одговор на прашања, т.е. „ако те прашаат за принципите за тарикатот, одговори...“

[48] Не е читливо.

[49] و ان سالوك ما تكون الشريعت و ما تكون الطريقت و ما تكون المغرفت و ما تكون الحقيقت الجواب قال النبي صل الله عليه و سلم الشريعت اقوالي و الطريقت افعالي و المغرفت حالي و الحقيقت راس ما لي و ان سالوك ما امام الشريعت و ما امام الطريقت و ما امام المغرفت و ما امام الحقيقت الجواب امام الشريعت القران العظيم و امام الطريقت الشيخ المرشيد و امام الحقيقت هو النبي صل الله عليه و سلم

[50] Почитта кон четирите асхаби (Ебубекир, Омер, Осман и Али) изнесена во овој рецитал претставува доказ дека учењето на бекташискиот тарикат во наведениот период припаѓало на сунитскиот ислам.

е специфичен за припадниците на бекташискиот тарикат: *Тројцата, седумтемина и четириесеттемина*[51]*, хаџиите и војниците, благопријатниот мухамедански глас*[52] *и светлината на Пратеникот, душата на Али, и нашиот старец Бекташ-вели, за честа на сите Пратеници и богоугодници со една страст да речеме Алах*[53].

Во записот се повикува Божјата помош, и се споменуваат сите богоугодници од Скопје и околината со цел Бог да помогне за поменот на нивните души. Најпрво се споменува името на суфискиот великан Мевлана и *сопственикот на турбето* - Урјан-баба, и понатаму се споменуваат сејид Џафер-ефенди, шејх Рамазан-ефенди, шејхот хазрети Лутфулах-ефенди[54], Атауллах-ефенди, Челеби-ефенди кој почивал во теќето Пири, Хасан-ефенди, Шит-ефенди, Али-деде[55], Гази-баба, Џафер-баба, Карабаба, Хинди-баба, Химметим Чагиран-баба, Медах-баба, Хајдар-баба, Вели-деде, Абдулхади-ефенди,[56] Налејн-ефенди, Баба Ашки, Ислам-деде, Мухамед-ефенди од Качаник, Аџемзаде Есад-ефенди, Ѓугерџин-баба, Ѓулаби-ефенди, Мустафа-ефенди, Ибрахим-ефенди, шејх Али-ефенди, шејх Омер-ефенди, шејх Хасан-ефенди, шејх Мухамед-ефенди од Скадар, шејх Пашо Мухамед-ефенди, шејх хаџи Мустафа-ефенди, Абдулгани-ефенди, Али-ефенди, шејх Мурадзаде-ефенди, Абдулбаки-ефенди, Еваик-ефенди, шејх Чолак-баба[57], шејх Караџа-султан Ахмед, шејх Хусеин-ефенди, шејх Ферхад-ефенди, Сачли Мухамед-ефенди, Емир султан кој

[51] Се алудира на хиерархијата на богоугодниците од исламската религија, чиј број, според некои преданија на Пратеникот на исламот, никогаш не се намалува – т.е. кога еден богоугодник ќе почине веднаш на негово место од Божја страна назначен е друг (Süleyman Uludağ, „Veli", *İslam Ansiklopedisi cilt 43*, 26-27).

[52] Овој израз во тарикатите, особено во бекташискиот тарикат и во церемонијалните обреди на јаничарскиот корпус, претставувал алузија за молитвата која искрениот верник ја упатува кон Бога.

[53] *Muhammed Ali ve Hamza râ cemiyet-i hazırân ve mescem-i nazırân ve tâlibi-d duâ sâhib-i makâm râ ve evlâd-ı ashâb-i ceher yâr ba-sefâ râ… …elif Allah mîm Muhammed cîm Cibrîl 'ayn Ali Alinin erliğine çekin birliğine kuffârın körluğuna padişâhımız sultan Mahmud han bin Abdülmecid han bin Ahmed han hazretlerinin eyyam-ı devletine bir şevkle diyelim Allah… …üçler yediler kırklar hâcılar gâziler gülbenk-i Muhammed nûru-n nebî sır-ı Ali pirimiz el-hac Bektaş Veli mecmûu enbiyâ ve evliyâ demine hüve diyelim* (ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 18).

[54] Шејх Лутфулах Скопјанецот (Ускуби) бил шејх од накшибендискиот тарикат, ученик на познатиот шејх Абдулах Илахи, кој прв го проширил споменатиот тарикат на Балканот. Според авторот Ташќопрулуаде, шејхот Лутфулах Ускуби дејствувал во периодот на владеењето на Бајазид II. Изградил едно завије во *Скопскиот врв* (*Üsküp tepesinde*), каде што се посветил на молитва и богоспоменување. Според преданијата, локалните овчари кои ги напасувале стадата во околина на неговото завије, забележувајќи ја неговата посветеност на молитва, аскетизам и скромност, го прифатиле исламот (Taşköprülüzade, *Şakâiki numaniyye*, 578-580). Скопскиот врв споменат во овој манускрипт каде што се наоѓало завието на Лутфулах Ускуби е Скопското кале. Според Л. Кумбараџи, ова теќе било изградено од страна на шејховите Лутфулах и Илахи Симави, и до него самите биле погребани (Кумбараџи, *Османлиски споменици*, 133).

[55] За тројцата споменати шејхови стануваше збор погоре, во *иџазетнамето* и историјатот на халветскиот тарикат – огранокот на Умми Синан во Скопје.

[56] Претходно споменатите Вели-деде од Тузла и неговиот ученик Абдулхади Вардари, припадници на огранокот од Умми Синан – халветскиот тарикат.

[57] Беше споменат во *иџазетнамите* од кадирскиот тарикат, како шејх од Скопје чии наследници овој тарикат освен во споменатиот град го распространиле во Велес, Тетово и Призрен.

почивал во Бурса, шејх хаџи Мустафа-ефенди, Бали-ефенди кој почивал во Софија[58], шејх Дервиш-ефенди, шејх Салих-деде, шејх Адем-ефенди, и *сите претходни Пратеници и богоугодници кои почиваат во и надвор од градот, нека Возвишениот Бог не поддржи преку нивните благословени души, и нека го штити нашиот град од немаштија, од сите невидливи катастрофи и несреќи, од небесни катастрофи и нека не заштити од злото на непријателите на религијата*[59]. Понатаму, исто така се споменуваат имињата на најпознатите освојувачи, управители и завештатели на исламски вакафи во Скопје и околината, и тоа: Паша Јигит-бег, Исхак-бег, Иса-бег, Мустафа-паша, Јахја-паша, Качаникли Мухамед-паша, освојувачот на Јемен Гази Синан-паша, *и за душите на сите претходни завештатели и за благосостојба сите идни завештатели, и за сегашниот кадија, и за сегашниот ага*[60]*, и за душите на сите претходни научници, шејхови и потполни верници - задолжените да се оддолжат, заробените да се ослободат, болните да оздравуваат, оптоварените со грижи да се ослободат од грижите и оние на кои им е пишано да починат да се преселат од овој свет со потполна вера*[61]. На крајот упатена е молитва кон Бога со која се моли за целосен прекин на болестите, за здравје и благосостојба на жителите од овој град, и со молитва кон Бога Он од своите ризници на излекување да ги излечи сите болни Божји робови.

[58] Бали-ефенди бил шејх од халветскиот тарикат кој дејствувал во Софија во првата половина од XVI век. Освен својата мисионерска дејност, напишал и извонреден коментар на Ибн Арабиевото дело *Бисери на мудроста (Fusûsul Hikem)* (Изети, *Тековите на тесавуфот*, 157).

[59] *Ve cemî-i geçmiş enbiyâ ve evliyâ ervâhiçün ve şehrimizin derûn ve birûnunda yatan ehlullah-i azîm ervâhiçün Hak subhânehü ve tebârek ve teâla rûh-i şeriflerinden istaimdâd müesser kılıp şehrimizi cemî-i görünmez belalardan ve kazalardan ve kaht-ü gıladan ve afât-ı semâviden ve adâi-d dîn şerrinden saklayıp hıfzu emânında kılıvermeklikiçün* (ДАРСМ, фонд 1046, *Иџазетнами*, л. 18).

[60] Се мисли на командантот на јаничарскиот одред.


[61] *Ve paşa Yigit beg rûhiçün ve İshâk beg rûhiçün ve İsâ beg rûhiçün ve Mustafa paşa rûhiçün ve Yahya paşa rûhiçin ve Kaçanıklı Muhammed paşa rûhiçün ve Fâtih-i Yemen el-gâzi Sinan Paşa rûhiçün ve cemî-i geçmiş sâhibü-l hayrât ervâh içün ve bâki sâhibü-l hayrât selametlik içün ve âle-l husûs hâkemü-l vakt efendi selametlikiçün ve devletlü Ağa-i alişân hazratlerinin selametlik içün ve geçmiş ulemâ ve sulehâ meşâih sadât ervâhiçün bâki ulemâ ve sulehâ meşâih sadât selametlikiçün borçlular halaslığı içün ve tut-saklar halaslığı içün ve hastalara şifâ derdlülere dermân ve vâdesi yetmişlere imân-ı kâmil hatm müesser kılıvermeklikiçün* (İbidem).

Заклучок

Во овој текст, преку анализата на текстовите на *иџазетнамите*, освен начинот на трансфер на мрежата на суфиските тарикати и ширењето на заедниците на исламската духовност, откривме неколку досега непознати аспекти за дејноста на тарикатите во Македонија и пошироко на Балканот. Како прво, во однос на шејхот Умми Синан, увидовме дека истиот дејствувал во Бурса во XVI век, што се коси со неколкуте различни сфаќања за местото на раѓање и времето на неговата дејност. Со анализата на бекташиската молитва дознавме дека припадниците на овој тарикат во XVIII век во Скопје биле припадници на традиционалниот тасавуф, за разлика од денешните припадници на овој тарикат кај кои превладеале хетеродоксни учења и практики. Имено, со споменувањето на четворицата следбеници на Пратеникот на исламот доаѓаме до заклучок дека припадниците на овој тарикат претставувале дел од сунитскиот ислам. Оваа констатација дополнително се потврдува со фактот што во текстот се споменуваат сите позначајни тарикатски шејхови кои дејствувале во Скопје и околината, а се припадници токму на сунитскиот ислам (*ehl-i sünnet ve-l cemâat*). Понатаму, како што видовме од примерот на *иџазетнамите* од садискиот и рифаискиот тарикат, издадените документи освен како овластување и диплома за шејховска дејност, претставувале и документ со кој овластените шејхови можеле да патуваат, се претставувале/легитимирале и со него добивале привилегии и почит од припадниците на тарикатските заедници низ различните области од Османлиската Империја. На крајот, со преводот на дел од изворните текстови на иџазетнамите дојдовме до сознанија и за духот на тасавуфското учење. Имено, беа истакнати титулите и својствата кои во рамките на тарикатските редови се верувало дека се својствени на богоугодниците кои се споменуваат во текстовите, фрлено е светло на основните практики во рамките на тарикатските заедници, како и основните постулати врз кои се потпира учењето на тасавуфот.

Прилог бр. 1: Првата и последната страница од историјатот на халветскиот тарикат и наследниците на Умми Синан во Скопје, Тетово, Призрен и Скадар





Прилог бр. 2: Иџазетнаме издадено од шејхот Абдулах од Скопје на кадирскиот шејх Бедредин од Скопје (31 јули 1898 година)



بسم الله الرحمن الرحيم الا ان اولياء الله لا خوف عليهم ولا هم يحزنون

الحمد لله رب العالمين والصلوة والسلام على سيدنا محمد وآله واولاده وازواجه واصحابه اجمعين

حضرت رسول اكرم ونبي محترم صلى الله تعالى عليه وسلم حضرتلرندن اذن اجازت طريقت

ونفس وبيعت وارشاد حقيقت واسرار الهيه وخلافت وچار علامت حضرت امير المؤمنين

امام علي كرم الله وجهه حضرتلرينه ويريلوب واندن خلفالرينه وخلفالرينك خلفالرينه

وحضرت پير افندمز وسلطانمز قطب الربانی غوث الصمدانی الحق برهانی والفرد الرحمانی

ذو الكمالين النوراني الجامع للمعاني محيي السنة والدين حضرت غوث الاعظم سلطان الاولياء تاج

الاصفياء الشيخ سلطان سيد عبد القادر گيلاني قدس الله سره العالي حضرتلرينه ويريلوب

واندن خلفالرينه وخلفالرينك خلفالرينه وسلطان العارفين الشيخ سيد محمد رفيع سراج الدين زنجيري

حضرتلرينه ويريلوب واندن شيخ الاكمل شيخ سيد مصطفى افندي حولاقي بابا حضرتلرينه ويريلوب

واندن شيخمز سلطانمز قطب العارفين شيخ محمد عرياني بابا حضرتلرينه ويريلوب

واندن خلفالرينه وخلفالرينك خلفالرينه وشيخمز عزيزمز افندمز سلطانمز كوريدرو ساكن قطب العارفين الشيخ

علي بابا حضرتلرينه ويريلوب واندن بو فقيره ويريلوب بو فقير دخي شيخمز عزيزمز شيخ علي بابا حضرتلرندن

اذن تلقين اسماء الله وبيعت ونفس ويرمكله مأذون اولديغم حسبيله بو فقير دخي خليفه مز اولغلم الشيخ

بدر الدين افندي اسكوبي مذكورو طريقمز مقتضاسي اوزره اذن اجازت وارکان اهل الله

ايله يد بيعه خلافت نامه ويرلمسيدر ومدينه اسكوبيده پدرم حاجي شيخ صالح افندينك انتقال ايدنجه

تكيه مزده پوست نشين وخليفه تعيين اولنمغله وطريقتو شيخ بدر الدين افندي جمله اركان اذن ونفس

همت عاليه لريله كوركدركه استكمالي اولان جانلره ومحبانه وطالبانه آداب طريقتي وتلقيني اسماء الله وبيعت

وتربيه سلوك ومقابله اذكار اركان اهل الله اوزره اجرا ايلمكه هر وجهله دستور اذن واجازت

ويرلمشدر جمله نك معلومي اولمق ايچون اشبو خلافت نامه كتب وتحرير وبيدينه اعطا اولندي

وسزدخي نظر حسن همتكزي دريغ بيورميه سز مأمول عاجز انمه دمز في اليوم الثاني

عشر من شهر ربيع الاول لسنة ثمانية عشر وثلثمائة والف [illegible]

Библиографија

Архивски извори:
Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ), фонд 1046, *Иџазетнами*, лист 3, 8, 9, 11, 12, 18, 19.

Користена литература:

Изети, Метин, *Тековите на тесавуфот*, Тетово: Скофиа, 2008

Иналџик, Халил, *Османската Империја: класично доба (1300 – 1600)*. Скопје: Слово, 2015.

Кумбараџи, Лидија, *Османлиски споменици во Скопје*, Скопје: ИВЗ, 1998.

Âdem, Ceyhan/Cankurt, Hasan, „Vardarlı bir Hocadan Dostlara Armağan: Hz Alinin Yüz Sözünün Şerhi: Tuhfetü'l-ihvân". *III Uluslararası Balkanlarda Türk Varlığı Sempozyumu Bildirileri (hzl. Ünal Şenel)*, 279-311

Altuntaş, İhramcizâde İsmail Hakki, *Nakşî Halidî Hâkî Tarikatında Seyr ü Sülûk*. İstanbul: Gözde Maatbacılık, 2010.

Ekinci, Ramazan (hzl.), *Hafiz Hüseyin Ayvansarâyî Vefeyâtı Ayvansarâyî (İnceleme-Tenkitli Metin)*. Izmir: Tibyan Yayınları, 2012.

Kara, Mustafa, „Molla İlâhiye dair", *Osmanlı Ara;tirmaları VII-VIII*, İstanbul, 1988, 368

Kara, Mustafa, *Tasavvuf ve Tarikatlat*. Bursa: Yeni Yüzyil Kitaplığı, 1992.

Serin, Rahmi, *İslam Tasavvufunda Halvetilik ve Halvetiler*. İstanbul: Petek Yayınları, 1984

Taşköprülüzade Ahmed Efendi, *Eş şakaikü-n-numaniye fi ulemai'd-devleti'l-osmaniye (Osmanlı Alimleri).* İstanbul: Türkiye Yazma Eserler Kurulu Başkanlığı, 2019

Tahralı, Mustafa, „Ahmed er-Rifai", *İslam Ansiklopdisi 2. Cilt* (2020), 127-130.

Tayşı, Mehmet Serhan, „Ömer Halveti", *İslam Ansiklopedisi 34 cilt,* 63-65.

Uludağ, Süleyman, „Veli", *İslam Ansiklopedisi cilt 43*, 26-27

Öz, Ruhullah, „Dindar Şahsiyeti inşa eden üç kavram İslâm İman ve İhsan", *Harran İlahiyat dergisi sayı 45*, 45-60.

Öztürk, Ali, *16. Yüzyıl Halveti Şiirinde Din ve Tasavvuf*. Yüksek Lisans Tezi, Ankara: Ankara Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, 2003.

УДК: 050:930.25(497.784)“1957/2019“

Ивана Хаџиевска[1]

ФОНД 950 „ЗБИРКА ВЕСНИЦИ - БИТОЛА 1871 – 2015“ – ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО СРЕДУВАЊЕТО НА ЗБИРКИ ПЕРИОДИКА И НИВНИТЕ НЕИСКОРИСТЕНИ ЕПИСТЕМОЛОШКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Abstract: This text is based in the field of arrangement and processing archival material. I present the process of arrangement and processing of the Fond 950 – “Collection of periodicals – Bitola 1871 – 2015”. The main goal is to articulate the experiences in working with “non-standard” archival material, in this case consisting of periodicals, and to encourage a broader professional discussion among Macedonian archivists about arrangement methods. During my work, I concluded that there are contemporary challenges in organizing this type of funds, but also the layered ambiguities that lurk the working process with “non-standard” collections. Therefore, in the text I will try to clarify some aspects of the creation of the fond, to clarify the specifics in the creation of the scientific information of the fond, to emphasize the conveniences offered by tabular metadata. In this way, an argumentative basis is created with which archivists can truly guide interested parties to the content of the archival material, and the public to its cultural, historical, scientific, educational, and social value.

Keywords: archival studies, arrangement and processing, periodicals, collections, fonds

[1] ДАРСМ - Одд. Битола, помлад соработник за обработка на архивски материјал - нов период, м-р по историски науки, ivana.hadzievska@arhiv.gov.mk

Вовед

Фондот 950 – „ЗБИРКА ВЕСНИЦИ – БИТОЛА 1871 – 2015“ (Понатаму во текстот фонд 950) претставува збирка на поединечни примероци од различни периодични публикации, печатени и издавани во Битола, односно собирани или пак дистрибуирани од други места, во различни историски периоди. Фондот е образуван и структуриран во рамките на Државниот архив – Одделение Битола во периодот 1957 – 2019 година.

Поради поврзаноста на периодиката со јавната сфера и општествено-политичкиот секојдневен живот, овој фонд е специфичен и важен на два начини: нуди каталошки преглед на насловите на печатените медиуми кои биле дел од тековите на развојот на печатот, медиумските издавачи и печатената медиумска култура во Битола, од доцниот 19 век до современието; и отвора можност за следење на настаните во јавната сфера низ диверзитет од наслови кои ги покриваат аспектите на човечкото дејствување во јавноста.

Последната констатација за својствата на фондот 950 може да се изрази хронолошки и квантитативно: најстариот примерок во фондот е од 1871 година, а најновиот примерок е од 2023 година (бидејќи збирката континуирано се надополнува). Фондот има 172 кутии, 4.266 архивски единици и 170.956 листа. Вкупно има 383 различни наслови, распределени во 19 тематски единици **(види Прилог 1)**.

Средувањето на фондот се одвиваше во периодот од 2022 до 2023 година (архивист-средувач: Ивана Хаџиевска). Заклучно со јуни 2023 година, фондот е обработен, и комплетно е изработено научно-информативно средство (НИС), по што е предаден во Депо. Дополнително, компјутерски е изработена табела со детални описи на насловите, која овозможува и полесно пребарување на содржината на фондот, како и олеснета навигација при истражувањето на периодичните публикации и нивните историско-архивски карактеристики.

Овој текст претставува увид во текот на средувањето и обработката и открива специфичности при работата со периодика во архивите. Главната цел е да ги артикулирам искуствата при работата со „нестандарден“ архивски материјал и да поттикнам поширока стручна дискусија помеѓу македонските архивисти околу правилата и методите на средување. Од една страна, фондовите се поставени на „институционален и општествен пиедестал“, но архивските предизвици не дозволуваат да се искористат токму нивните епистемолошки потенцијали во поширокаата јавна употреба. Затоа, во текстот ќе се обидам да разјаснам некои аспекти од развојот на фондот, да ги појаснам специфичностите при создавањето на НИС, да ги акцентирам

погодностите кои ги нуди дополнително изработената електронската табела со описи. На тој начин, се создава аргументирана база со која архивистите може вистински да ги упатат заинтересираните странки кон содржината на архивскиот материјал, а јавноста кон културната, историска, научна, едукативна и општествената вредност на фондот. За овие аспекти на фондот детално ќе зборувам во точките кои следуваат.

1. Периодиката во историските науки – широки истражувачки потенцијали

Периодичните публикации, во смисла на истражувањата во хуманистичките науки, претставуваат првостепени извори, кои сведочат за историјата на јавната сфера, за политичкиот живот на луѓето, носат многубројни информации за социјалниот и културниот живот, како и јазични и лингвистички податоци. Често, токму низ периодиката може да се согледаат транснационалните мрежи низ кои луѓето се поврзувале, се информирале за светските случувања, соработувале и ги формирале своите лични и колективни идентитети. Погледнато во глобална перспектива на европскиот континент, печатот има историска функција на масовно медиумско групирање на посебни групи од населението, како и давање платформа за соработка и солидаризирање меѓу индивидуите од тие групи на разни прашања што се однесувале на нивниот живот во јавната сфера.

На истиот начин е формулирана и појавата на печатот во македонскиот контекст. Печатот на македонски јазик почнува масовно да се печати и дистрибуира во текот на Втората светска војна. Со одлука на Антифашистичкото собраните за народно ослободување на Македонија (АСНОМ), најпрвин се формирал весникот „Нова Македонија“ (29 октомври 1944), како медиумски носител на основната партиска и политичка линија на Комунистичката партија на Македонија (КПМ). Набрзо по него, произлегле и насловите: „Млад борец“ (весник за младината), „Титов пионер“ (детски весник) и „Македонка“ (официјален орган на Антифашистичкиот фронт на жените Македонија, весник посветен на женските прашања во општеството)[2].

Дополнителен аргумент во однос на поврзаноста меѓу општествените својства на периодиката и архивистиката е тоа што и таа се јавува како засебен предмет на чување во архивите. Во архивската мрежа на ДАРСМ има седум фондови во кои збирно се чува периодика, односно се однесуваат на периодичен наслов (тука не се вброени фондовите кои се однесуваат на новинско-медиумски претпријатија) **(види Табела 1)**.

[2] Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, *Архиви на невидливите: Македонка - Орган на АФЖ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија*. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата, 2022, 28.

Ред. бр.	Фонд	Локација во архивската мрежа на ДАРСМ	статус
1	873 „Збирка весници“ 1941 – 1945	Централен дел	несреден
2	1253 „Весник „Нови дни“ – Софија - Скопје 1934 – 1935	Централен дел	среден
3	652 „Збирка на весници и гласници од Тетово и Гостивар“ – Тетово-Гостивар 1928 – 2000	Одделение Тетово	несреден
4	411 „Написи од весници 1919 – 1941“ - Прилеп	Одделение Прилеп	среден
5	237 „Весници за одразот на земјотресот во домашниот и странскиот печат“ - Скопје 1963 – 1964	Одделение Скопје	среден
6	299 „Збирка весници ‘Вардар’ од Јован Костовски – новинар“ – Скопје 1932-1946 (укоричени)	Одделение Скопје	среден
7	950 „Збирка весници – Битола“ – Битола, 1871 – 2015	Одделение Битола	среден

Табела 1: Периодика (фондови и збирки) во архивската мрежа на ДАРСМ.
Извор: Регистар на фондови во ДАРСМ: https://arhiv.mk/fondovi/ (12 март 2025)

Во домашната хуманистика, значајни и првични истражувачки потфати на полето на историјата на печатот и публицистиката извршил новинарот и публицист Боро Мокров[3], кој вклучително е и автор на првиот докторат од областа на новинарството. На локално ниво во Битола, значаен научен проект во оваа област е „Печатарството и издаваштвото во Битола“ на Друштвото за наука и уметност – Битола (реализиран во 1998-1999)[4]. Последен поголем истражувачки проект кој го третира печатот во историска и дискурзивна смисла е проектот „Архиви на невидливите“ на Центарот за истражување на национализмот и културата – Скопје (ЦИНИК), реализиран во периодот 2021-2024[5]. Во овој проект се истражува историја на жените во

[3] Види: Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарство (од првите почетоци до 1945 година). Скопје: Здружение на новинарите на Македонија Мокров, 1980; Боро Мокров, Арсени Јовков: журналистика. Скопје: Студентски збор, 1988; Боро Мокров и Томе Груевски, Преглед на македонскиот печат: (1885 – 1992). Скопје: Студентски збор, 1993.

[4] Станува збор за научен проект „Печатарството и издаваштвото во Битола“ (1998 – 1999), под раководство на историчарите Александар Стерјовски и Ѓорѓи Димовски-Цолев, а во рамките на работата на Друштвото за наука и уметност - Битола, кој опфаќа зборник во три тома: Александар Стерјовски (ур.), *Печатарството и издаваштвото во Битола. 1 том: Печатарство*. Битола: Микена; ДНУ, 1998. Истиот, 2 том: Издаваштво, Битола: Микена; ДНУ, 1999; Ѓорѓи Димовски-Цолев, *3 том: Библиографија на издаваштвото*. Битола: Микена; ДНУ, 1999.

[5] Проектот „Архиви на невидливите“ на Центарот за истражување на национализмот и културата - Скопје, се одвиваше во периодот 2021-2024, претставува теоретско-методолошки осмислен проект, чија цел е да понуди систематизирани извори низ кои се прикажува поширока слика за претставата на жените во наративите за македонското минато, користејќи ја периодиката како клучен извор за истражување. Проектот вклучуваше истражување кое продуцираше три зборници, библиографии, регистри, дигитализација на првото македонско женско списание „Македонка - орган на АФЖ“ и продукција на авторски текстови каде што беа анализирани појавноста и видливоста на жените како субјекти или објекти на печатените медиуми во периодот од 1918 до 1952 година. Види: https://nevidliviarhivi.mk/

македонското минато низ призмата на нивната појавност во печатот, и монографски е анализиран првиот женски печат на македонски јазик „Македонка – орган на АФЖ на Македонија“.

Поради карактеристиките на периодиката како истражувачки извор, таа има посебен третман во истражувањата, всушност, во рамките на современите хуманистички науки се оформиле посебни студии за периодиката и нејзините својства[6]. На тој начин може да се следат достигнувањата во научното поле, интердисциплинарноста (меѓу другото и важната поврзаност со архивистиката), но и да се формулираат нови истражувања врз основа на современите теоретски и методолошки правци.

2. Фондообразувањето на „Збирката весници“ - разбирање на комплексен историјат и искуства од средувањето

2.1 Историјат на фондот

Фондот е образуван во Државниот архив – Одделение Битола, под број 950. (Најголем дел од материјалот е прибавуван со редовното преземање архивски материјал од правни субјекти и граѓани: службени гласници на политички субјекти/институции, билтени на фабрики и претпријатија, печатени органи на разни организации, архивски примероци на печат од различни учесници во јавниот и културниот живот). Дел од материјалот е подарен на Државниот архив – Одделение Битола; дел од архивскиот материјал, особено од крајот на 20 век и почетокот на 21 век е прибиран по пат на претплата на институцијата на наслови кои биле релевантни во одреден момент[7]; дел од архивски материјал е припоен од други сродни фондови, по одлука донесена за време на нивното преземање или во текот на средувањето[8].

[6] Добар пример е научното списание *Journal of European Periodical Studies (JEPS)* - официјално списание на Европското друштво за истражување периодика (European Society for Periodical research - ESPRit). Види: https://www.espr-it.eu/jeps

[7] Ова најмногу важи за стручните списанија од областа на архивистиката, за кои Историскиот архив во Битола имал редовна претплата, пр: „Архивист - орган на Сојузот на архивски работници на ФНРЈ“ (1951 – 1986). Преостанатите наслови може да се најдат во тематската единица 9. „Научни списанија: архивистика“.

[8] Пример: Во периодот 2021 – 2022 година кон Фондот се приклучени дополнително најдени наслови при преземање материјал од субјектот Сојуз на синдикати на Македонија (ССМ) – Битола. Пр: „Билтен на Сојузот на синдикатите на Општина Битола“ (1987 – 1 990); „Синдикален информатор на Сојуз на синдикатите на Македонија“ (1993 – 2000); „Трудбеник, весник на Сојузот на синдикатите на Македонија (нов формат)“ (1998 – 2002) и др.

2.2 Физички карактеристики

Во однос на физичките и технички карактеристики, состојбата е следната: должината на фондот изнесува 17,2 м[1]. Материјалот е распореден во 172 кутии, од кои 12 кутии (под бр: 1, 8, 10, 17, 18, 19, 20, 33, 35, 40, 144) се нетипични архивски кутии (папки) со димензии поголеми од архивска кутија; додека пак во редоследот од бр. 113-143 и 145-158 течат како книги – државни весници од различна провениенција и периодизација, со нетипични димензии, кои не беше можно да се сместат во архивски кутии. Во збирката се чуваат вкупно 385 различни наслови на периодични публикации, кои вкупно чинат 4.266 примероци, со вкупно 170.956 страници (листови хартија). Состојбата на архивскиот материјал е генерално добра, со исклучоци кај оштетени архивски единици[9]. Преостанатите физички карактеристики се од лингвистички карактер и произлегуваат од јазиците на кои се дел од насловите. Во фондот се наоѓаат наслови на 14 различни јазици, и тоа: османотурски, турски, англиски, француски, германски, италијански, грчки, руски, бугарски, романски, српски, хрватски, македонски и шведски. Дополнителни обележја на дел од насловите, во форма на описи со мастило од страна на организациите кои ги чувале и дистрибуирале, лепенки со пратка за адресант, како и печат на институциите кои ги издавале, дистрибуирале или чувале (печати на разни организации-издавачи, училишни библиотеки итн.).

Во однос на физичките карактеристики на архивскиот материјал, главните предизвици при средувањето се однесуваа на три аспекти: (1) сместувањето на материјалот со нетипична големина (поголема од архивска кутија) во соодветна амбалажа, (2) ресурси за техничка заштита и (3) јазично толкување на содржините на наслови на османотурски, грчки и романски јазик. (1) Предизвиците со сместувањето во соодветна амбалажа, најмногу произлегуваа кај архивски единици чија должина изнесуваше над 50 цм, а истовремено нивната состојба бара да се чуваат во исправена позиција, без можност за превиткување или извиткување на хартијата, со цел да се спечи оштетување. Ова особено се однесува на архивските единици на насловите со потекло од крајот на 19 век **(види Прилог 6)**, како и на насловите кои се укоричени во дебели корици (пр: βυζαντιζ εφημερις εν Κωνσταντινούπολη [Византија - Весник на Константинопол] (1871-1872); βυζαντιζ εφημερις πολιτικη, φιλολογίαη και οικονομίας (Византија весник за политика, книжевност и економски прашања). За материјалот во оваа состојба беа изработени соодветни хартиени папки, обликувани соодветно според самиот материјал. (2) При работата се увиде и потреба од

[9] Примерите со најголеми оштетувања најчесто се однесуваат на наслови на османотурски јазик: кај насловот „Ilustration Turque Malumat“ (со примероци од периодот 1893-1894), потребна е итна реставрација и конзервација за да се одреди точниот број на броеви; слично е и со насловите: Нов век (1895, 1921, 1923) и Глас (1909), каде што поради оштетувањата не може да се извлечат податоци за насловите. Во табелата со метаподатоци која е додаток на НИС, може да се пронајдат податоци за физичката состојба на секој наслов поединечно.

помасовна употреба на бескиселинска хартија. Уште еден заклучок кој произлезе од работата беше и потребата од пристапност на ресурси и основна обука за технич-ко-технолошката заштита на овој вид архивски материјал, што особено недостига во одделенијата на ДАРСМ. Тоа би придонело за полесно соочување со ситуации на слепени листови, отстранување флеки и рамнење (израмнување на оштетени листови) - што беа и најчестите причини за оштетување во целиот фонд.

2.3 Процес на средување и обработка

При првата фаза на работа - запознавањето со материјалот, заклучив дека ста-нува збор за фонд со сложена и нестандардна организациона структура. Најпрвин, ја увидов потребата од тематска стабилизација на материјалот, т.е. одредување на тематската структура. Соодветно на состојбата, поради различното потекло на пе-риодичните наслови и различната периодизација, планот за средување го поставив според принципот на слободна провениенција и тематскиот принцип на средување.

Материјалот, поради погоре наведената историја на фондообразување (види точка 2.1), беше делумно несреден. За помал број наслови од фондот постоеше старо информативно средство во форма на ракопишувани книги, со описи и инвен-тарни броеви на влез на насловите – Книга „Весници Архив Битола“ (221 наслов, внесени со влезови од 1962 до 1966) година и Книга со инвентарни броеви за кни-ги и периодика (со влезови од 1981 до 2019 година). Во книгите со описи, првиот опис е внесен во 1962 година, а последниот во 2019 година. Освен двете книги со инвентарни броеви, во старото информативно средство припаѓаат и 28 пликоа со картички за претплата на списанија и 331 картички – Картотека за списанија. Овие постари формати на опис и чување на периодичните публикации укажуваат дека периодиката во Историскиот архив – Битола во еден дел, во периодот од 1960-тите до 1980-тите години, се чувала во Библиотеката на архивот. Како последица, дел од насловите имаат стара сигнатура од периодот кога се чувале во Библиотеката на архивот и се воделе според Картотеката за списанија, според година на издавање и инвентарен број. Во однос на актуелните норми за изработка на научно-информа-тивни средства (НИС) за опишување на содржината на фондот, книгите споменати погоре иако претставуваат базично упатство, не може да се сметаат за НИС во смисла на средување и обработка на архивски фонд, бидејќи тие имале функција на основна евиденција и инвентарни книги за картотека. Дополнително, тие не може да се користат како основа за кохезивно следење на целокупната содржина на фондот.

Првичната содржинска и тематска структура на фондот била направена во старите книги на описи и таа е направена според јазиците на печатот (турски, грчки, српски и бугарски) и историските периоди, и често во евиденцијата се среќаваат терминитe „пред ослободување“ и „по ослободување“, при што референтна точка е 1945 година и создавањето на македонската држава). По завршувањето на фазите

на класификација и систематизација, архивските единици беа распоредени тематски, во вкупно 19 различни тематски групи **(види Прилог 1)**. Првите пет тематски единици (Османлиски период и турски јазик; Западна Европа и САД; Грчки јазик; Руски јазик; Бугарски јазик) се тематизирани според географско-јазичен принцип, бидејќи насловите во овие тематски единици историски се однесуваат и се поврзани со територијата на регионот Македонија или конкретно градот Битола, но произлегуваат од различни политички, пропагандни и други авторски/издавачки провениенции од крајот на 19 век до средината на 20 век. Затоа, овие тематски единици се тематизирани според јазикот на кој се печатени насловите. Понатаму, следуваат три поголеми тематски единици тематизирани според периодот кога сите наслови во нив биле печатени, а припаѓаат во историскиот и медиумско-идеолошкиот контекст на државите во коишто тие настанале: Кралство Југославија; социјалистичка Југославија; социјалистичка Македонија. Во продолжение тематските единици се според област: научни списанија: архивистика; историографија; библиотекарство; педагогија и стручни научни наслови; студентски списанија; синдикални списанија; религиски списанија; списанија на етнички малцинства и дијаспора; современи македонски печатени медиуми: инфо-забавни; бизнис, економија. На крајот се поместени државни весници и службени гласници.

Го избрав овој распоред бидејќи решава два клучни проблеми на нестандардноста на материјалот: прецизно ги тематизира различните наслови во историско-хронолошки контекст со што ја олеснува контекстуализацијата при пребарување на фондот за различна употреба; и го решава проблемот на континуираното дополнување. Значи, доколку при дополнување (кое е очекувано и континуирано во ваков фонд) кутиите растат просторно, насловите остануваат обединети тематски.

Едно од главните искуства што произлезе во процесот беше потребата од попрецизни интерни методолошки упатства кои би им користеле на архивистите. Всушност, во интерните институционални законски акти има осврнување на средувањето на збирките и специфични фондови. На пример, во *Правилникот за средување архивски фондови* (25.01.2017), во член 16 и 17 се упатува на соодветна употреба на принципи на средување во исклучителни случаеви на сложена структура на фондови, но Збирките на периодика и весници не се попрецизно третирани, иако низ архивската мрежа на ДАРСМ има вкупно седум збирки/фондови со периодични наслови **(види Табела 1)**. Додека пак, во интерната регулатива постојат *Упатство за средување на лични и семејни фондови* (25.01.2017) и У*патство за прием, средување и обработка на фотографиран архивски материјал во Државниот архив на Република Македонија* (25.01.2017), кои го олеснуваат работењето на архивистите со овие специфични фондови. Тука се јавува идејата за користење на искуствата на архивистите од работата со збирките на периодика за формулирање упатства, правилници и слична интерна регулатива која може да го унапреди средувањето, заштитата и истражувањето на овој архивски материјал.

За време на обработката, фондот беше внесен во компјутерската програма за средување и обработка на архивски фондови, и беше изработено НИС. Поради обемноста на материјалот, неговата содржинската комплексност, како и заради надминување на техничката застареност на програмата за внесување фондови, во процесот на обработка изработив и табела со метаподатоци за фондот. Станува збор за детални описи на архивските единици, како додаток на класичниот НИС. За причините за овој компјутерски изработен додаток и неговата полза ќе образложам во следната точка.

2.4 Табела со метаподатоци за фондот како решение на предизвиците

Во напредните фази на средувањето на фондот заклучив дека неговите богати содржини, без разлика на важноста и историската вредност за истражувачите, ќе бидат тешко пристапни без лесна навигација низ инвентарот на фондот. Класичниот НИС за истражувачите е достапен во печатена форма и изискува доста време за пронаоѓање на саканите податоци. Искуствата со процесите на употреба на ISAD(g) стандардот, дигитализација и употребата на табели со метаподатоци во Архивот, ме поттикнаа да размислувам во тој правец како можно решение на повеќе предизвици. Со оглед на достапните ресурси и можности, табелата е изработена во компјутерска програма за уредување табели (Microsoft Excel). Образецот го дизајнирав за детално опишување на облиците на периодиката. Во табела податоците се внесувани во следните полиња:

a. Број на кутија
b. Год. на издавање на насловот
c. Наслов
d. Податоци за насловот (автор/извршен уредник, издавач, печатница, јазик, град и држава)
e. Стара сигнатура (неактивни/стари или загубени научно-информативни средства)
f. Знак (тематска единица - бр. на кут-бр. на наслов - ред. бр.)
g. Опис на насловот и нумерирање на насловот:
    i. ред. бр. на примерок
    ii. број/свеска/том/тетратка
    iii. Ден, месец, година (на излегување од печат/издавање на броевите на насловот)
    iv. бр. на дупликати
    v. бр. на страници на примерок (заедно со вкупниот бр. на страници на дупликати)
h. вкупен број на примероци збирно за насловот
i. квантитативен и физички опис (физичка состојба) на насловот во кутијата
j. Забелешки
k. ред. бр. на насловот во збирката.

Основната логика на овој начин на опишување се состои во третирањето на секој поединечен примерок како архивска единица, при што насловите се шират вертикално, додека пак бројот на примероците при опишувањето оди хоризонтално (во табелата). Тоа значи дека при квантитативното опишување на бројот на дупликати, примероци и нивни страници вкупно, референтна точка е насловот. По таа логика, беше дизајнирано и посебно решение за опишувањето или давањето знак (она што во НИС-от е сигнатура) на секој од насловите и неговите примероци. Дизајнот на решението произлегуваше од објективните можности за складирање на материјалот како и од претпоставките за најдобро можно систематизирање и прегледност на најразлични видови на периодични публикации со различни технички и содржински својства во заедничка збирка.

Формулата на знакот е составена од следните податоци:

бројот на тематската единица (римски број) + бројот на кутијата во која се наоѓа насловот + редниот број на насловот во тематската единица + редниот број на примероците на насловот[10].

Пример: Списанието „Византија“ се наоѓа во Првата тематска едница (I), сместено во кутија бр. 1, прво по ред во тематската единица и има вкупно 1 примерок (укоричен). Затоа, неговиот знак во табелата е: I-1-1. **(види Слика 1)**



Слика 1: Приказ на дел од табелата со метаподатоци

[10] Терминолошко упатство: „наслов“ означува интегрален именител за периодичната публикација. „Примерокот“ ги носи податоците на ниво на архивска единица, на пр. сите зачувани броеви од еден наслов доколку се укоричени (како во примерот со списанието „Византија“), чинат еден примерок. Додека пак бројот на страниците на примерокот го изразува бројот на листови во смисла на архивската единица. Во таа смисла, сигнатурата за горниот пример би била: 2.950.1.1/1-550.

Со табелата со метаподатоци најмногу се решава прашањето за лесна и брза навигација низ архивскиот материјал кој се однесува на различни и меѓусебно контрадикторни историско-политички контексти, а специфични за нашата историја. Електронското пребарување кое го овозможува табелата го олеснува патот на истражувачите до саканиот извор на овој фонд со големи потенцијали за едукативни, истражувачки, историографски и научно-популарни проекти.

3. Преглед на насловите и примери од содржините

Во овој дел ќе направам преглед кон содржинските и тематските карактеристики на фондот, задржувајќи се на историската, културна и едукативна вредност на зачуваните наслови, како и потенцијалот за користењето на фондот во научноистражувачки цели.

Фондот 950 содржи наслови од локално, национално и регионално историско значење, како и неколку наслови од Западна Европа и САД. Насловите во збирката ги одразуваат политичките околности и учесниците во јавната сфера (култура, литература, уметност, политика, национална изградба) во најголем дел на територијата на Битола, почнувајќи од крајот на 19 век до 2023 година. Детален преглед на насловите и годините на зачувани примероци може да се види во **Прилог 6**. Интересни егземплари меѓу насловите се:

- Непреведените наслови на османотурски јазик од почетокот на 20 век;
- Три броја од првото македонско женско списание „Македонка - орган на АФЖ“;
- Серија на државни весници на државните режими кои имале власт на територија на Македонија во различни историски периоди: „Службене новине Краљевине Југославије“ (Службен весник на Кралството Југославија) (1920 – 1940); „Државен вестник на Царство Булгариа“ (Државен весник на Царство Бугарија) (1897 – 1944).
- „Службен гласник на Народниот одбор на Битолската Околија и народниот одбор на градската општина - Битола (1954-1965)“; и подоцна „Службен гласник на Општината Битола“ (1966-2004). Интересен е податокот дека фондот 950 е единствена институција која ги чува броевите на овој наслов на општински службен весник, особено во поглед на изданијата од годините 1966-1991 година.
- Збирката весници е „дом“ на неколку периодични наслови кои автентично произлегуваат од културниот живот на модерна Битола и го бележат културното, уметничкото и научното творештво на автори и културни организации

од Битола. Како примери ги издвојувам: „Развиток. Месечно списание за литература, култура и општествени прашања“ (1963 – 1997); „ЗА. Списание на младите, за култура - за уметност - за општествени прашања“ (1983); „Патеки. Списание на анонимни литерати“ (1971-1975); „Контрасти. Списание за култура и уметност“ (1962); „Битолски филателист. Информативен весник на Филателистичкото друштво - Битола“ (1978); „Прилози. Зборник на научното друштво - Битола“ (1960-2008).

Во продолжение на овој текст ќе дадам краток осврт на содржината на секоја тематска единица посебно, со фокус кон најинтересните претставници - наслови.

I. Османлиски период и турски јазик

Во оваа тематска единица се вклучени вкупно 16 различни весници. Најстариот е „Византија - весник за политика, книжевност и економски прашања“, од 1871 година и тој е најстар весник во целата збирка. Пишуван е на грчки јазик, но припаѓа во османлискиот историски и политички дискурс затоа е дел од оваа тематска единица. Преостанатите се на османотурски јазик и застапуваат различни политички и малцински платформи кои биле активни на Балканскиот Полуостров при крајот на 19 век и почетокот на 20 век. Интересен локален пример е весникот „Монастир“ (1888-1912), кој бил печатен во Битола, а бил издаван од Назим-бег - чиновник во вилаетската писарница.

Четири весници се оштетени така што не може да се извлечат податоци за нивниот наслов, автори и издавачи. Тие не се преведени на македонски јазик и потребни се експертски истражувања за да се откријат податоците кои недостигаат.

II. Западна Европа и САД 1891 – 1918; и 1967 – 1982

Во единицата има вкупно 10 весници. Најстариот во оваа единица е „L’illustration. Journal universel“ (1891 – 1919, на француски јазик). Во оваа илустрирана публикација се опфатени вести релевантни за историјата на Западна Европа и светскиот политички живот на крајот на 19 век. Во весниците „American Daily Mail Special edition for American troops in France“, „The New York Herald European Edition“, „Le Matin“, „Le Petit Parisien“ се опфатени содржини поврзани со настаните од Првата светска војна и транснационалните аспекти меѓу Балканот и Европа во тој период.

III. Грчки јазик (1910 – 1937)

Во единицата има вкупно шест весници. Насловите во најголем дел се од областа на политичкиот и културниот живот во периодот на меѓународниот период. Најстариот наслов „То Фос“ (Светлина), весник за политички, трговски и јазични (филолошки) теми (1910 – 1911) бил печатен во Битола. Во единицата има броеви од познатиот грчки весник „Катимерини“ (1926 – 1934). Насловите не се истражувани и

не се преведени на македонски јазик, што значи дека се потребни идни истражувања за нивниот тематски и идеолошко-медиумски опсег.

IV. Руски јазик (1901 – 1941)

Во единицата има вкупно 11 различни наслови - весници. Најголем дел од насловите имаат црковно-религиски карактер, а потоа и литературно-книжевни и филолошки содржини. Во поглед на нивното печатење и медиумско-пропагандни пораки, тие се издавани и печатени од центри поврзани со руската промонархистичка дијаспора по Октомвриската револуција. Оттаму, содржините се често пропагандно насочени кон промовирање на наследниците на царското семејство Романови и мобилизација на руската дијаспора кон религиско и национално обединување, така што присутна е и антикомунистичката пропаганда. Дел од весниците се печатени и издавани и на територија на Кралството Југославија, како насловот „Руска зарја. Руска Зора - орган на културно-националниот сојуз на југословенски Руси“ (1938); и „Царски вестник, орган на Народно движение за востановление престола православнаго Цар-Самодржец“ (1937 – 1940).

Веројатно, но непотврдено, нивното дистрибуирање во Битола е поврзано со работата на Битолската епископија во рамките на Српската православна црква, во периодот на меѓувоена Југославија.

V. Бугарски јазик (1893 – 1945)

Единицата има вкупно 47 наслови - весници. Најстариот е „Блгарски преглед. Списание за наука, литература и обштествен живот“ (1893). Содржински, весниците во оваа единица ја имаат карактеристика на историскиот контекст во кој се печатени и дистрибуирани: националната изграба (nation-buliding) на бугарската држава и нејзините големодржавни претензии кон регионот Македонија. Така, најголем дел од весниците се од областа на политичкиот и културниот живот, и изобилуваат со романтизирани историски наративи. Фокусот главно им е на филолошки и јазични прашања - како главна карактеристика на пропагандната медиумска програма во 19 и почетокот на 20 век. Во оваа единица се опфатени интересни наслови кои го сублимираат бугарското медиумско-пропагандно присуство на територија на окупираната Вардарска Бановина или нивната власт во Битола за време на Втората светска војна. Интересен примерок е весникот „Пелистерско ехо. Седмичен вестник за обштествени впроси, култура и информација“, печатен во Битола (1942 – 1944) **(види Прилог 2)**. Од овој весник во збирката има вкупно 129 броја, со што ДАРСМ – Одделение Битола е единствената институција која го чува овој весник во целост. Станува збор за пропаганден локален орган кој ги промовирал официјалните државни ставови на Царство Бугарија кон територијата на Македонија, но еднакво се застапени и антисемитски содржини соодветни за политиката на Бугарија во текот на сојузништвото со Германија за време на Втората светска војна. Целна група на списанието била локалната средна граѓанска класа, а како автори се јавуваат и локални жители кои биле

поддржувачи на окупационата власт во Битола. Интересно е да се наведе следниот пример од неговите содржини: во 37. број на весникот, од 1942 година, објавена е веста „Определение No. 106“ (Одлука бр. 106). Станува збор за пресуда на Битолскиот областен суд, во која јавно се наведени лицата врз кои било изречено казнено обвинение како учесници во партизанско антифашистичко движење, а меѓу нив е народниот херој од градот Битола - Стив Наумов[11]. **(види Прилог 3)**. Списанието досега не е темелно истражувано во контекст на неговата позиција во локалната публицистика и локална културна меморија. Иако истражувачите од областа на историските науки се запознаени со овој наслов и го користеле како извор во своите тематски истражувања, досега не е направена негова засебна дискурзивна анализа. Преостанатите наслови од овој период се печатени на територија на Бугарија, а биле дистрибуирани во Битола.

VI. Кралство Југославија (1911 – 1941)

Во единицата има вкупно 66 весници, што ја прави единица со најмногу весници во збирката. Најстар наслов тука е „Српске новине. Службени дневник Краљевине Србије“ (1911). Овој весник произлегува од Кралството Србија, но поради историскиот континуитет поврзан со политиките на Кралството Југославија на територија на Македонија, е поместен во оваа единица. Најголем број од насловите се содржински поврзани со политички, културни, социјални, образовни и национални теми, каде што идеолошки се промовирал националниот концепт на југословенството. Преовладуваат и тезите од тогашниот историски дискурс според кои територијата на Македонија која се наоѓала во рамките на Кралството Југославија е гледана како дел од Србија *(Јужна Србија)*.

Во оваа единица се застапени весници кои биле официјални органи на разни граѓански организации од меѓувоениот период. На пример „Хак (Правда). Гласило на Организацијата на Јужните Муслимани во Кралство СХС“ (1923 – 1924, Скопје), „Развитак. Независан друштвено-политички лист - Битолски Омладински Клуб“ (1920, Битола); „Братство - Орган на Друштвото Свети Сава - Белград“ (1921) - најстарото пропагандно друштво за национална дејност во Јужна Србија. Во единицата има доста локални наслови. Интересен пример се броевите од весникот „Јужна звезда“ врз чиј уредник Спасоје Хаџи Поповиќ бил извршен политички атентат во Битола; Додека пак „Нови сјај. Културно-привредни преглед“ (1934 – 1938) претставува можеби еден од најзначајните локални медиумски претставници за политичкиот живот во Битола во Кралство Југославија **(види Прилог 4)**. Овој медиум бил уредуван од колекционерот, публицист и антиквар Коста Догу (Битола, 1897 - Битола, 1977).

Весниците во оваа единица имаа голем истражувачки потенцијал во насока на истражување на социјалниот и економскиот живот во Битола меѓу двете светски војни. Најголем дел од весниците се илустрирани и имаат комерцијални страници

[11] „Определение No. 106”, *Пелистерско ехо - Седмичен вестник за обштествени впроси, култура и информација*, год. 1, бр. 37 (12 септември 1942), 4.

каде што своите производи ги рекламирале бизнисите и индустријалците од градот и регионот. Политичките весници пак, даваат можност да се следат идеите и јавните настапи на локалните пратеници во Кралството Југославија, градоначалниците на Битола, како и другите учесници во јавниот и културниот живот, како и во поважните институции. **(види Прилог бр. 5)**

VII. Социјалистичка Југославија

Во единицата има вкупно 29 весници. Најстар е култниот политички дневник „Политика“ (1904 – 1969). Содржински насловите го одразуваат идеолошкиот и културниот медиумски пејзаж во социјалистичкиот период, на ниво на југословенската федерација.

Насловите во најголем дел се органи на големите фронтовски организации, како Народниот фронт (пр: „Народни фронт. Орган Савезног одбора НФЈ за Организациона питања“ (1951), организациите на борци од Народноослободителната војна (пр: „4 јул Лист Савеза удружења бораца Народноослободилачког рата Југославије“ (1968)), работнички здруженија (пр: „Вјесник поводом Првог Конгреса Урара ФНР Југославије“ (1954), „Синдикати - Билтен Већа Савеза синдиката Југославије“ (1974)), специјални изданија по повод политички или државни јубилеи (пр: „50 година КПЈ 1919 – 1969 - Посебен прилог на ‘Вести’ - Титово Ужице по повод 50-годишнина на КПЈ и СКЈ“ (1969)).

Интересен е примерот со стручните и административни списанија од областа на социјалистичкото уредување на власта и самоуправното владеење. Овие наслови можеби претставуваат експлицитен пример типичен за социјалистичкото општество низ кои може да се следат јавните политики демонстрирани низ официјалната идеологија и стручните административни анализи на закони и локални искуства. Некои примери се: „Реч народа Лист за друштвена и политичка питања (1985), „Савремена пракса лист за привредна и правна питања удруженог рада“ (1988), „Народни одбор - Часопис за питања изградње органа локалне самоуправе“ (1958 – 1959), „Општина - Часопис за питања друштвеног самоуправљања“ (1964), „Нова администрација. Билтен за питања државне управе, друштвене самоуправе и организацију привреде“ (1953 – 1964).

VIII. Социјалистичка Македонија

Во оваа тематска единица има вкупно 57 весници (и најмногу примероци на ниво на збирката - вкупно 879). Хронолошки најстарите гласила се неколку партизански весници од 1944 година, печатени во партизанските илегални печатници на територија на Македонија за време на Втората светска војна: „Народен војник“, „Искра Орган на ПК од КП во Македонија“, „Илинденски пат Орган на Народноослободителниот фронт на Македонија“ и „Глас на народноослободителниот фронт на Македонија“, и „Весник за Втората Област“. Содржински насловите го одразуваат

идеолошкиот и културниот медиумски пејзаж во социјалистичкиот период, на ниво на Народна Република Македонија. Поголем дел од насловите се локални - издавани од правни субјекти од Битола. Непосредно по ослободувањето и формирањето на државата доминантни се во медиумскиот простор органите на локалните народни одбори. Во Битола како пример за тоа може да се земат: „Областна хроника. Информативен лист на одделот за информации при Битолскиот областен НО Одбор“ (1944), „Пелагонија. Неделен весник на Битолскиот окружен народен фронт“ (1945), „Билтен на Градскиот одбор на народниот фронт - Битола“ (1947). Во збирката има и 17 броја од првиот македонски весник „Нова Македонија“ (1944 – 1976); како и три броја од првиот женски весник „Македонка - орган на АФЖ на Македонија“ (1945 – 1947); и од првиот младински весник „Млад борец“ (1946 – 1953); Всушност, голем дел од насловите од периодот 1944 – 1948 ја носат со себе карактеристиката на „првичност“ за некоја област, бидејќи тие настанувале заедно со градењето на првите државни институции и со градењето на самата медиумска култура. Пример: „Радио зрак Орган на радио-служба“ (1945); „Нов ден - списание за уметност наука и друштвени прашања“ - Друштво на уметниците и журналистите (1945);

Насловите го одразувале целосно и идеолошкиот контекст во кој тие се појавиле, па така доминираат наслови на органи на фронтовските организации, младинските антифашистички организации, првите културно-уметнички локални кружоци (пр: „Битолски мугри - Гласник на пионерите од Битолската Околија“ (1960), „Изгрев - Весник на народната младина на Битола“ (1960)), официјални медиуми на професионалните организации (пр: „Просветен работник. Лист на просветните работници на НРМ“ (1953), „Народно здравје - Списание за здравствено просветување“ (1958)). Единицата има силен локален печат и зачуваните наслови фрлаат светло врз социјалистичкиот медиумски пејзаж во Битола. Некои најзначајни претставници од тој период, а денес заборавени, се: „Пелистер. Списание на Здружението на борци од НОВ - Битола“ (1961 – 1972), „Братство - Орган на Окружниот одбор на Народниот фронт - Битола“ (1946 – 1949); Особено интересни и неистражени се билтените на големите фабрики и претпријатија во Битола, кои откриваат повеќе за животот на работниците во фабриките на самоуправното општество. Примери: „Јавор - Орган на ТРО ‘Јавор’ Увоз-извоз Битола“ (1986 – 1987); „Битолски графичар Орган на Битолскиот графички завод - Битола“ (1974 – 1986), „Први јули. Весник на колективот на фабриката „Георги Наумов“ - Битола“ (1967); „Пелистер. Весник на Трикотажата „Пелистер“ од Битола. Работна организација за трикотажа - Битола“ (1985).

Интересни примери претставуваат насловите кои го бележат медиумското присуство на различни групи на интереси, еснафи или друштва. Одлични примери се насловите „Битолски филателист. Информативен весник на филателистичко друштво“ (1978) и „Занаетчија“ (1978 – 1990).

IX. Научни списанија: архивистика

Во единицата има вкупно 19 наслови. Содржински станува збор за стручни и научни списанија од областа на архивистиката и архивското работење. Списанијата се од подрачјето на социјалистичка Југославија, и тоа на друштва/сојузи на архивисти на федерациско или локално ново и едно од Бугарија („Архивен преглед - Комитет за изкуство и култура“, Архивно управление, 1968); како и едно списание на англиски јазик: „Prologue Journal of the National Archives“ (Пролог: Списание на Националните архиви на САД) (Вашингтон, 1984).

По важност се истакнува „Архивист Орган главног архивског савета ФНРЈ/ Архивист Часопис на Сојузот друштвото на архивски работници на Југославија“ (1951 – 1986). Во ова списание се среќаваат научни статии и прилози од страна на македонски архивисти. Насловите од областа на архивистиката доаѓале во архивот по принцип на претплата на институцијата на официјалните научни списанија на локалните и федералните сојузи на архивски работници; како и во форма на подарок при посети и професионални размени со колеги од различни архиви на просторот на Југославија.

X. Научни списанија: историографски

Во единицата има вкупно осум наслови од областа на историските науки. Стручните историографски списанија се од различни истражувачки институти или професионални здруженија од социјалистичка Југославија. Особено интересен е насловот „Југословенски историјски часопис. Материјали од Седмиот конгрес на историчарите на Југославија“, кој е издаден од Сојуз на друштвата на историчари на Југославија. Овој наслов може да открие повеќе за темите и истражувачките трендови кои биле актуелни во историските науки во Југославија. Слично е и со „Настава по историја. Списание на друштвото на историчарите на Југославија“, од истиот издавач. Во овие списанија можат да се најдат прилози од македонски архивисти и историчари.

XI. Научни списанија: библиотекарски

Во единицата има вкупно пет наслови на стручни списанија од областа на библиотекарството. Насловите можат да фрлат светло врз развојот на библиотекарството во Македонија, предводено од Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје, која се јавува како издавач на овие публикации. Почнувајќи од „Библиотекарски новости“ (1974); како и „Библиотекарска искра. Списание на друштвото на библиотекарите на СР Македонија“ (1987 – 1983).

XII. Научни списанија: педагошки, универзитетски и научни друштва

Во единицата има вкупно 12 наслови. Станува збор за публикации на научни друштва или изданија на научни институти од областа на филологијата, медицината,

хуманистичките и општествените науки, како и универзитетски изданија. Се истакнува „Билтен на Универзитетот во Битола“ (1979 – 2014) низ кој може во подолг хронолошки период да се следи работата на Универзитетот во Битола (денес Билтен на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола). Уште еден значаен локален претставник е „Прилози. Зборник на научното друштво - Битола“ (1960 – 2008) како единствено научно списание од Битола. Уште еден аспект поврзан со овој наслов е што во формирањето на неговиот издавач - ДНУ - Битола, учествувале во најголем дел архивски работници од Историскиот архив - Битола, и тие се уредници на списанието (Милош и Душко Константинови, Коста Цингаровски, Тодорка Христова Дога и др.). Во единицата има и неколку наслови - изданија на МАНУ.

XIII. Научни списанија: култура, уметност, книжевност

Во единицата има вкупно 27 наслови - списанија. Насловите се од областа на стручни списанија на музеи и културни институции (домашни музеи, заедници за култура, Кинотеката на Македонија, Радио Скопје итн.). Интересен пример е македонското издание на „Гласникот на УНЕСКО“ (1981 – 1989). Во локална смисла, единицата изобилува со наслови на периодични публикации поврзани со творештвото на локални поети и прозаисти од Битола и литературните друштва и клубови на писатели („Алманах“, „Стремеж“, „Контрасти“ итн.). Меѓу овие наслови по важност за книжевноста во Битола се истакнува „Развиток, месечно списание за литература, култура и општествени прашања“, издание на (повеќе различни издавачи низ годините, 1963 – 1997): Работнички универзитети; КУД „Стив Наумов“ Битола; Синдикален совет Битола; Новинска установа Битолски весник; БИД „Мисирков“ - Битола.

XIV. Студентски списанија

Во единицата има вкупно 2 наслови - списанија: „Студентски збор. Весник на студентите на Македонија“ (1998 – 1999) и „Студент. Гласило на студентите при Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола“ (1994). Иако малку на број, овие списанија доволно илустрираат каков бил студентскиот живот во првата транзициска деценија во Македонија по независноста на државата во 1991 година. Во списанијата (првиот наслов на централно, а вториот на локално ниво) содржински се застапени следните теми: критички осврти кон положбата на студентите; значајни постигнувања на студенти од различни научни области, политички коментари и уметнички творби на студенти.

XV. Синдикални списанија

Во единицата има вкупно 20 наслови - списанија. Насловите се преземени заедно со преземањето на архивскиот материјал од Сојузот на синдикати на Македонија - Битола во стечај, во 2022 година. Најстариот наслов во единицата е „Билтен на Сојузот на синдикатите на Општината Битола“ (1987 – 1989). Карактеристика на преостанатите списанија е што произлегуваат во периодот по независноста на

државата во 1991 година, т.е. во постсоцијалистичкиот и транзициски период, во кој поради капиталистичкиот поредок целосно се менува општествениот концепт за работничко и синдикално здружение. Всушност, станува збор за период кога настанува постепено згаснување на старите синдикални форми, а тешко доаѓало до нови форми на организирано синдикално здружување. Токму поради тоа, како значајни примери во единицата ги посочувам: „Трудбеник. Весник на Сојузот на Синдикатите на Македонија“ (1993 – 2002) и „Синдикален живот. Двонеделно гласило на Сојузот на синдикатите на Македонија“ (продолжение на насловот „Трудбеник“) (2002 – 2004). И двата весника веќе не се активни. Но, во моментот на нивното излегување од печат, биле единствени медиуми кои платформирале критичко размислување и вклучување во политичка критика од страна на работниците и наменети за работничките проблеми во транзицискатa криза.

XVI. Црковни списанија

Во единицата има вкупно три наслови - списанија. Станува збор за официјални гласила на Македонската православна црква. Меѓу нив е и „Весник. Службен лист на Македонската православна црква“ (1983 – 1990). Преостанатите два наслови се изданија на Преспанско-пелагониската епархија.

XVII. Етнички заедници и дијаспора

Во единицата има вкупно 11 наслови - весници. Најстар е „Глас на Егејците. Орган на здружението на бегалците од Егејска Македонија“. Станува збор за периодични публикации кои го документираат и следат животот и активностите на етнички заедници во Македонија или Македонци во дијаспората. Има пет гласила на влашката заедница во Македонија. Меѓу насловите по обем се истакнува „Македонска трибуна“ („Tribune. The oldest Macedonian newspaper in the world. Organ of the Macedonian Patriotic Organization and the Macedono-Bulgarian Orthodox Churches of USA and Canada“ (1991 – 2010). Како што наведува самиот наслов, списанието платформирало пробугарски идеи за етничноста на Македонците во Америка и Австралија. Овој наслов нуди поглед во секојдневието и главните политички, културни и забавни активности на заедниците во дијаспората, но може да е корисен за историски анализи за активноста на разни политички струи во дијаспората.

XVIII. Современи македонски печатени медиуми: инфо-забавни; бизнис, економија и право

Во единицата има вкупно 20 наслови - списанија. Единицата собира вариетет од локални и национални наслови од областа на информативата, бизнис и економија, информатори за разни претпријатија и институции, како и забавни и сатирични списанија. Карактеристика која ги обединува овие наслови е тоа што се јавуваат по независноста на државата.

XIX. Службени весници, општински гласници, државни весници

Во единицата има вкупно девет наслови. Станува збор за службени весници, државни весници и општински гласници. Карактеристично за оваа единица е што насловите даваат можност да се следат детално политиките на режимите кои владееле со територијата во различни историски периоди во 20 век. Најстариот наслов е „Државен вестник на Царство Блгарија“ (1897 – 1944); понатаму следува насловот „Службене новине Краљевства Срба, Хрвата и Словенаца/Службене новине Краљевине Југославије (1920 – 1940); понатаму се социјалистичките: Службен весник на Федерална Македонија/Службен гласник на Народна Република Македонија (1946 – 1948); Службен гласник на СФРЈ (1978); Особено значење има насловот Службеникот гласник на општината Битола (1954 – 2004), бидејќи Државниот архив - Одделение Битола е единствена институција која ги чува броевите од овој период на издавање на гласникот. Преостанатите општински гласници се однесуваат на помали општини од Пелагонискиот Регион.

Заклучни белешки

Периодиката претставува примарен извор кој на детален начин содржи податоци од историско значење за видливоста и политичката субјективизација на разни групи, личности, теми и прашања. Поради своите физички и содржински својства таа е предмет на чување и третирање во архивите. Во таа смисла, фондовите/збирките на периодика се дел и од архивската мрежа на ДАРСМ (најчесто под заглавјето „Збирки на весници“). Во 2022 година фондот 950 „Збирка весници - Битола“ го стекна статусот на среден фонд, а со тоа и достапен за сите заинтересирани странки. Во самиот архивски работен процес, при средувањето и обработката на фондот, произлегоа два важни заклучоци:

Станува збор за фонд со сложена и нестандардна организациона структура и комплексно фондообразување. Идејата за негово формирање е од 1957 година од собирачката дејност на првата генерација архивски работници во Историскиот архив Битола (ИАБ), во 1962 година е забележен првиот внес во евидентните книги на Периодика во Библиотеката на ИАБ, па сè до континуираните дополнувања до предавањето на средување. Поради своите физички својства се чува во различна амбалажа: архивски кутии, хартиени папки (поголеми од архивска кутија) и книги. Генерално погледнато, ова се предизвиците на работата со збирки, на нестандарден архивски материјал и архивски предмети. Во конкретниот фонд овие предизвици беа решени до одреден степен со создавањето додаток на НИС - табела со метаподатоци. Табелата укажува на придобивките од користењето современи алатки за табеларно уредување податоци кои може да помогнат и за стабилизирање на тематската структура и прегледност, но и видно да ја олеснат навигацијата и пребарувањето на различни видови податоци, како и да ги отворат патиштата кон дигитализација.

Следствено, уште еден важен заклучок оди во насока на потребите од модернизирање и унапредување на методите за работа со овие архивски фондови, особено во поглед на принципите на сандардизирање на средувањето и техничко-технолошко чување. Едно од можните решенија би било споделување искуства и процес на менторирање во рамките на архивската мрежа на ДАРСМ, создавање работни групи во кои би се дискутирале предизвиците и решенијата, користење на искуствата од минатото, позитивни регионални примери, како и ползување технолошки напредни алатки кои денес се достапни на лесен начин.

Во однос на тематските и содржинските својства, фондот 950 припаѓа во групата историско приоритетни фондови. Низ неговите содржини може да се следи јавната сфера во Битола и Македонија низ најразлични аспекти, од крајот на 19 век до современието. Во фондот се чуваат весници кои ги нема во националната мрежа на библиотеки или во други релевантни институции. Такви примери се „Нови сјај“ (1934 – 1938, Битола) - локален весник од периодот меѓу двете светски војни; како и „Пелистерско ехо“ (1942 – 1944, Битола) - неделен весник од пропаганден карактер, кој ги изразувал политиките на Царство Бугарија за време на окупацијата во Втората светска војна - иако некои броеви од овој весник може да се пронајдат во мрежата на библиотеки, во интегрална форма е зачуван во фондот 950.

Понатаму, фондот е тематски поделен на 19 тематски единици, според јазично-географска провениенција или според општествената област на која се однесуваат насловите во единицата. Во моменталната состојба фондот 950 нуди можност за многубројни тематски истражувања, можности за проектна работа во рамки на програмите на институцијата, како и соработка со заинтересирани странки и релевантни здруженија. Прегледноста на карактеристиките на фондот и насловите кои ги содржи се уште еден чекор кон проширувањето на тие можности.

Користени извори и литература:

Необјавени извори:

ДАРСМ – Одделение Битола, фонд 950, „Збирка весници - Битола 1871-2015“

Литература:

Димовски-Цолев, Ѓорѓи, *3 том: Библиографија на издаваштвото*. Битола: Микена; Друштво за наука и уметност - Битола, 1999.

Мокров, Боро, *Арсени Јовков: журналистика*. Скопје: Студентски збор, 1988.

Мокров, Боро и Томе Груевски, *Преглед на македонскиот печат: (1885 – 1992)*. Скопје: Студентски збор, 1993.

Мокров, Боро, *Развојот на македонскиот печат и новинарство (од првите почетоци до 1945 година)*. Скопје: Здружение на новинарите на Македонија, 1980.

Стерјовски, Александар (ур.), *Печатарството и издаваштвото во Битола. 1 том: Печатарство*. Битола: Микена; ДНУ, 1998. Истиот, 2 том: Издаваштво, Битола: Микена; ДНУ, 1999.

Хаџиевска, Ивана и Јана Коцевска, *Архиви на невидливите: Македонка - Орган на АФЖ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија*. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата, 2022.

Kolarić, Ana, *Periodika u feminističkoj učionici. Časopis Ženski pokret (1920 – 1938) i studije književnosti*. Beograd: Fabrika knjiga, 2021.

Stojaković, Gordana, *Rodna perspektiva u novinama Antifašističkog fronta žena: 1945 – 1953*. Novi Sad: Zavod za ravnopravnost polova, 2013.

Прилози

Тематска единица (т.е.)	Вкупен бр. на кутии во т.е.	Распореденост во кутии во т.е.		Број на наслови во т.е.	Вкупен број на примероци во т.е.	Вкупен број на страници во т.е.
		од кут. бр	до кут. бр.			
I Османлиски период и турски јазик	2	1	2	16	44	760
II Западна Европа и САД 1891 – 1918; и 1967-1982	1	3	3	10	13	250
III Грчки јазик (1910 – 1937)	2	4	5	6	20	487
IV Руски јазик (1901 – 1941)	3	6	8	11	31	727
V Бугарски јазик (1893 – 1945)	10	9	18	47	229	8282
VI Кралство Југославија (1911 – 1941)	9	19	27	66	359	9315
VII Социјалистичка Југославија	6	28	33	29	78	7645
VIII Социјалистичка Македонија	13	34	46	57	879	12797
IX Научни списанија: архивистика	24	47	71	19	558	48718
X НС Научни списанија: историографски	1	72	72	8	14	1218
XI Научни списанија: библиотекарски	1	73	73	5	18	1313
XII Научни списанија: педагошки, универзитетски и научни друштва	12	74	85	12	263	19356
XIII Научни списанија: култура, уметност, книжевност	9	86	94	27	341	15730
XIV Студентски списанија	1	95	95	2	3	300
XV Синдикални списанија	2	96	97	20	205	2087
XVI Црковни списанија	1	98	98	3	45	1020
XVII Етнички заедници и дијаспора	6	99	105	11	323	3731
XVIII Современи македонски печатени медиуми: инфо-забавни; бизнис, економија и право	7	106	112	20	266	506
XIX Службени весници; Гласници; Државни весници	59	113	172	9	577	36714
Вкупно за цела збирка	**172 кутии**			**385**	**4266**	**170956**

Прилог 1: Тематска структура на фонд 950 по тематски единици и нивен квантитативен приказ.

Пелистерско ехо

СЕДМИЧЕН ВЕСТНИКЪ ЗА КУЛТУРА и ИНФОРМАЦИЯ
ОБЩЕСТВЕНИ ВЪПРОСИ, ИЗДАВА КОМИТЕТЪ
Редакторъ Лешо П. Деяновъ
Редакция: ул. Царь Борисъ III № 80
Абонаментъ 50 лв. годишно
4 СТРАНИЦИ
ИЗЛИЗА ВСЯКА СЪБОТА

Въ гърдитѣ на българина горятъ национални идеали, които никой, никога и никъдѣ не ще има власть да убие.

ИМЕНИЯ ДЕНЬ НА НАШИЯ ПРЕСТОЛОНАСЛЕДНИКЪ

Въ понедѣлникъ — на 14 т. м. — нашата Православна Църква празднува паметьта на Преподобни Симеонъ Стълпникъ. Сѫщия день цѣлокупния Български народъ празднува и Имения День на нашия скѫпъ Престолонаследникъ — Негово Царско Височество Князъ Симеонъ Търновски — на нашата надежда за още по-сиѩйли и по-славни бѫднини на обединяваща се България.

По едно щастливо съвпадение, сѫщия день е и праздника на Българската земя, както и денѭтъ въ който се празднува началото на учебната година въ всички български училища.

Колко мили съвпадения. Празднигътъ на Имения День на най-милата Рожба на Българския народъ съ праздника на Българската земя, така славно бранена и тъй обилно орошена съ народната кръвь на най-свидитѣ й чада презъ вѣковетѣ; а и праздника на началото на учебната година, когато младитѣ българчета ще тръгнатъ по училищата си за да се готвятъ да станатъ полезни граждани на държавата, ревностни членове на нацията и вѣрни поданици на Българския Царь — да станатъ вѣрни последователи и подражители на доблестнитѣ си бащи и дѣди.

Ние, новоосвободенитѣ македонски българи изпитаме особена гордость, радость и щастие, че празднуваме свободни сега и Имения День на нашия Наследникъ на Престола на славнитѣ на български царѣ — на Неговия мждъръ и великъ Баща — нашия любимъ Царь Борисъ III освободитель и обединитель.



Изпитаме особена гордость че принадлежимъ на българската народность и общность и служимъ свободни на свободна обединяваща се България.

Изпитаме особена радость че и намъ се даде честьта, щото, заедно съ братята ни отъ старитѣ предѣли, сплотени около нашия любимъ Върховенъ Вождъ, да творимъ и браним българската си държава съ такава обичъ и сила, съ какъвто до вчера мразехме и рушѣхме чуждата ни натрапена държава, за да изградимъ до край обединяваща се и благоденствующа България и така създадемъ възможность, за насъ и децата ни, да се повтори златната ера на Симеоновска България.

Изпитаме особено щастие, загдето свободно можемъ да учимъ децата си и тѣ да служатъ само на Царь и Родина, да станатъ и бѫдатъ винаги достойни носители на новата златна ера подъ скиптъра на втория Симеонъ Велики, Царьтъ на Обединена България — на всички българи; защото винаги ние българитѣ жадето и да бѫдме и жадето и да сме, подъ какъвто условия да сме живѣели и да живѣемъ,—всѣкимъ въ сѫщность сме празнували, признаваме и ще празнуваме само единъ Царь — Българския Царь, само една Държава — Българската Държава и само единъ народъ — Българския Народъ.

За тѣхъ винаги ще се боримъ и ще се жертвуваме и ние и децата ни така, както сж се жертвували бащитѣ и дѣдитѣ ни, защото съ тѣхъ ще пребѫдемъ и ние, съ тѣхъ ще пребѫде и гордостьта, и радостьта и щастието на благоденствието наше и това на децата ни.

Да пребѫде нашия мждъръ Царь Борисъ III!

Да живѣе нашия Престолонаследникъ и растне и крепне за щастие и радость на цѣлокупния Български народъ!

Симеонъ В. Трендафиловъ
адвокатъ—Битоля

ВѢРА ВЪ СЕБЕ СИ

Мина времето когато по българската земя можеха свободно да шетатъ, на длъжъ и ширъ, чужди агенти и черни агитатори и да продаватъ бѫлгарщето и спокойствието на народа ни за пашия лепа. Тъмъ господа бѣха подкрепяни съ рѣки отъ злато и пазени отъ дипломатически щитове. Съ тѣхъ, въ безпощадна борба влѣзна българската младежь и единственото й оружие въ тая борба бѣ българския духъ, въ собственитѣ сили, въ нашето бѫлгеще.

И съ това оружие тя победи. Днесъ българскитѣ земи сж освободени отъ робията на черноситѣ идеи, олтурнахмѣ е въ отстѫпление, младежката ни общественость видяга тамото на родолюбието, на служба на българскитѣ интереси.

Но борбата не е завършена. Идеалитѣ на Българщината не сж постигнати. Времената налагатъ единение народъ, мощна армия, отворъ на шпегадитѣ.

Необходимо е да покрадемъ собственото си бѫдеще. Какво ще бѫде то, какви трѣбва да бѫде Българи и бѫдещето.

Тя трѣбва да бѫде национално обединена, благоденствующа и велика.

За бѫде такава, единствени ние и само ние трѣбва да найрегнемъ усилия, моваларане духъ и сили, да преодолѣемъ дори себе си, но да постигнемъ намѣстѣ на миналото и повелята на настоящето. Ще постигнемъ това, когато повѣрваме въ собственитѣ сили, когато повѣрваме въ себе си. Ние сме длъжни да повѣрваме въ собствения си народъ, въ неговото бѫлеще, защото има и ищо да въроване въ него.

Духътъ на Българщината носи въ себе си устрема за борба, а това е валогъ за победа и величие, той крае въ себе си волята за живогъ, а това значи безсмъртие.

Само онзи народъ, който е готовъ да се бори за да живѣе и който живѣе за да се бори и победи, само той е достоенъ да просъществува брезъ въковетѣ, само неговото име ще остане дълбоко врѣзано въ историята, само неговитѣ синове сж достойни да се наричатъ хора.

А България народъ иска да живѣе, иска да победи. Неговитѣ синове сж достойни да се наричатъ българи. Българския народъ въпрва въ своя животъ, въпрва въ своето не-

ПРЕДЪ НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

Откриването на новата учебна година, никога не минава незабелязано. Тя е тържество и за родители и за деца.

Децата се радватъ, че следъ дълга раздѣла отново се събиратъ въ училищния дворъ.

Родителитѣ сж доволни и трѫпнатъ въ нескритъ възторгъ, че децата имъ сж минали въ една степенъ по-горе, че сж отзарѣлили една цѣла година назадъ.

Държавата е спокойна, че младитѣ питомци отново минаватъ подъ надзора на учащата власть, която, като ги поеме, ще ги води съ сигурность напредъ и все напредъ.

Радва се общо и цѣлиятъ български народъ: миналата и тая година — всѣкинъ по-особено, съ едно чувство на неизказана гордость. Защо? Защото тоя пѫтъ учелищнитѣ звънецъ ще прозъвнатъ, и въ Саматоръ, и въ Охридъ, и въ Скопие, и въ Битоля и въ Кавала!

Меденитъ звуукъ на този звънецъ, нѣкога само мечта, сега е действителность! И щастливъ е българскиятъ народъ, че на тоя день, когато забиятъ звънцитѣ въ цѣлата страна, и стари и млади кямбани, екъгъ-кмъ ще се слѣе и съ шепота на сиене Охридъ и съ плясъка на Бѣлото море...

Съ запов'ѣдь на г-на Министъра на вътрешнитѣ работи и народното здраве се правятъ следнитѣ промѣни въ общинскитѣ кметове въ Битолска область: секретарьтъ на Охридската градска община Крьстьо П. Лещаровъ се назначава за кметъ на Цапаревската селска община, Прилепска околия, кметътъ на Цапаревската селска община Стефанъ Туджаровъ се уволнява по подаване на оставка; кметътъ на Черноречката община, Крушовски околия, Борисъ Георгиевъ се премѣства за кметъ на Койнарската община, Прилепска околия; кметътъ на Койнарската община Благой Кюркчиевъ се уволнява по подаване на оставка; кметътъ на Небрегоската община Пенко Вълчевъ се премѣства за кметъ въ Бѣломорската о-

ла, ще мине презъ София, хубавата наша столица, чието сърдце въ този моментъ ще забие по-силно, по-силно отъ всѣки другъ пѫть. Защо? Затото

„Отъ черно море до Охридъ,
Отъ Дунавъ до Бѣлото море,
Единенъ народъ живѣе,
Самъ своята сждба кове."

Н. Митевъ

Членоветѣ на Македонския наученъ институтъ въ Битоля

На 11 т. м. въ 15 часа идещи отъ Скопие, престигнаха членоветѣ на Македонския наученъ институтъ въ София, придружени и отъ видни наши писатели, които предприематъ нѣколко дневна обиколка изъ свободна Македония. Въ групата сж: г. г. проф. д-ръ Алек. Станишевъ, проф. Ст. Романски, проф. Н. Жабински, проф. Ст. Баджовъ, д-ръ Ков. Станишевъ, досентъ Узуновъ, г-жа М. Милетичъ - Букурешлиева и др.

Македонския наученъ институтъ е основанъ преди 18 год., въ време, когато българската правда бѣше потъпкана. Той извесе една отъ най-важнитѣ борби за защита правата на македонскитѣ българи. Подемъ обективенъ и научененъ, съ тежестьта на документитѣ на науката и въ сѣтилението на историческитѣ факти, Македонския наученъ институтъ даде множество доказателства и аргументи за защита на общобългарската кауза. Тъкмото дѣло, що остави трайни следи въ нашата история.

На гарата гоститѣ бѣха посрещнати отъ множество народъ и официални лица начело съ оба. директоръ г. Ан. Козировъ, полковникъ Марковъ и кмета на града г. Ил. Ненчевъ.

Въ 19 часа, въ салона „Балканъ" г. г.-дъ Конст. Станишевъ бившъ председателъ на Македонскиятъ кометъ говори на тема: „Сърбитѣ и българохърватското приятелство". Ме-

Прилог 2: Насловната страница на весникот „Пелистерско ехо“ (год. 1, бр. 37, 12 септември 1942)



ПЕЛИСТЕРСКО ЕХО

Опредѣление
№ 106

Битолскиятъ областенъ сждъ, наказателно отдѣление, въ разпоредителното си заседание на 7 септемврий хилядо деветстотинъ четиридесеть и втора година, въ състав: Председатель: ств. чл.: **В. Т. Василевъ**, членове: **Иванъ Костовъ и Спиро Яневъ**, д. чл. при секретаря **Кирилъ Кардалевъ**, и съ участие на зам. прокурора **Константинъ Унджиевъ** изслуша доложеното отъ сждията **В. Т. Василевъ** преписка Вх. № 1369 по описа за 1942 година.


опредѣли:

Да се публикува въ вестникъ „Пелистерско ехо", излизащъ въ гр. Битоля и изпратятъ съобщения до общинитѣ, които сж посочени като мѣстожителства на следнитѣ лица, че тѣхнитѣ роднини, близки и познати следва въ двадесеть дневенъ срокъ отъ публикуването настоящето въ горния вестникъ да установятъ предъ властьта кждe се намиратъ, като въ противенъ случай следъ изтичането на този срокъ сжщитѣ ще бждатъ обявени за разбойници съгласно чл. 10 отъ закона за изтребление на разбойницитѣ, а именно:

лица отъ гр. Битоля и околията

1. Стефанъ Василевъ Наумовъ, отъ гр. Битоля ул. „Преспанска" № 11, осжденъ на смъртъ, 2. Викторъ Мушалановъ, отъ гр. Битоля, 3. Мордохай Яковъ Таделано, отъ гр. Битоля, 4. Петъръ Костовъ Стояновъ, отъ с. Слѣпче ва" № 227 отъ гр. Прилепъ, 11. Кирилъ Трайковъ Безерковъ ул. „Пашичева" отъ гр. Прилепъ, 13. Борисъ Ивановъ Велевъ (Лѣвата) ул. „Т. П. Антовъ" № 11 отъ гр. Прилепъ 14. Петъръ Христовъ Поповъ ул. „Крали Марко" № 91, 15. Илия Игевъ Ивановъ Велковъ ул. „Царица Йоанна" № 40 отъ гр. Прилепъ, 16. Мирчо Дончевъ Ацевъ ул. Вука Караджичъ" № 10, 17. Вѣра Дончева Ацева ул. „Вука Караджичъ" № 10 отъ гр. Прилепъ, 18. Любенъ Георгиевъ Цвѣтковъ ул. „Валевска" № 10 отъ гр. Прилепъ. 19. Борисъ Ивановъ Темелковъ ул. „Лесковачка" № 45 отъ гр. Прилепъ, 20. Кузманъ Цвѣтковъ Йосифовъ ул. „Косовска" № 22 отъ гр. Прилепъ, 21. Дончо Милановъ Стояновъ ул. „Брегалничка" № 76 отъ гр. Прилепъ, 22. Иванъ Велковъ Петровъ отъ с. Варошъ—Прилепско, 23. Станиславъ Тодоровъ Соколовъ, войникъ отъ гр. Прилепъ, 24. Драганъ Спирковъ отъ гр. Прилепъ, 25. Благой Йоскавъ Николовъ войникъ отъ гр. Прилепъ, 24 п. полкъ—Бургасъ 26. Димитъръ Христовъ Мирчевъ отъ гр. Прилепъ, войникъ 1 инж. полкъ—София, 27. Радославъ Илиевъ Вардиновъ отъ гр. Прилепъ, войникъ 16 п. полкъ- Ботевградъ, 28. Кирилъ П. Яковлевъ отъ гр Прилепъ 3 арт. полкъ—Пловдивъ, 29. Спасъ Милановъ Петровъ отъ с. Дрѣновци—Прилепско, войникъ 23 Чепински полкъ Казандъкъ. 30. Ванко П. Васи-

Прилог 3: Приказ на дел од весникот „Пелистерско ехо": „Определение No. 106", год. 1, бр. 37 (12 септември 1942), 4) каде што станува збор за казненото обвинение на лица кои биле дел од антифашистичкото движење, меѓу кои се споменува Стив Наумов - народен херој во Народноослободителната борба од Битола.



Поштарина плаћена у готову.

Примерак **1.** динар.

НОВИ СЈАЈ

Број 1.
Излази месечно једанпут

Година I
Претплата: Годишње 10 дин.

БИТОЉ, Мај 1934. године.

НАША ПРВА РЕЧ

Драги читаоци,

Наше покретање „НОВОГ СЈАЈА“ није дошло као игра случаја, већ као продукт виших мотива. Појављујемо се са листом у нади да ћемо око себе прикупити велики број читалаца и сарадника, који ће нас обасути радовима, помоћу и поздравима.

Наш лист биће јавно гласило свега онога што је здраво и разумно; у њему ће се третирати савремена питања која су од општег значаја и вредности.

У њему ће се говорити о заштитне националне привреде, о начину побољшавања данашње економске кризе која се витла над целим светом—као црни облак—чије последице нису избегле ни наш народ.

Поред тога лист ће имати засебну рубрику за књижевност и уметност уопште, што се тиме даје прилика и почетницима да опробају своја пера и свој таленат.

„НОВИ СЈАЈ“ доносиће и чланке о националном васпитању омладине и о њеном духовном препорођају уопште, о разним пороцима од којих треба да се чува данашња омладина.

Посветиће се већа пажња на подизање национално - хумане, трезвене свести код ње.

Наша жеља је да упознамо читаоце и са животом, обичајима, филозофијом и потребама нашега сељака, у ту сврху донећемо низ чланака који ће јасно претстављати све културне тековине нашега народа, уверени да тиме доприносимо општој ствари.

Најзад у њему ће се тангирати сва питања која се односе на културно—привредно кретање наше вароши.

Дакле „НОВИ СЈАЈ“ имаће много бројне рубрике и доносиће разноврсне ствари. Стога је уредништво уверено, да ће лист наићи на добар пријем у свим читалачким круговима.

Сваки је почетак тежак али ћемо ми чврстом вољом уз Вашу приномоћ успети да савладамо све препреке, да би лист одговарао одређеном програму.

Маја 1934.
у Битољу.

УРЕДНИШТВО
„НОВОГА СЈАЈА“

Прилог бр. 4: Насловната страница на првиот број од весникот „Нови сјај“ (год. 1, бр. 1 мај 1934)



Број 1 Битољске Новине Страна 4

На Техничком факултету у Београду

откривено је слагалиште комунистичког пропагандистичког материјала

— САОПШТЕЊЕ УПРАВЕ ГРАДА БЕОГРАДА —

Управа града Београда пре неколико дана је издала саопштење о појединостима претреса на техничком факултету Београдске Универзитета које гласи:

»Поводом претреса на Техничком факултету и откривања комунистичко организације међу београдским студентима, од стране оних комунистичких настројених елемената, којима је стало, да у сваној прилици извлаче забуну и немирноћу, како ученог тако и путем летака шире се вести које не стоје нису основане на реалним чињеницама већ су од почетка до краја измишљене.

Са те стране се износи, да је погажена аутономија Универзитета, и да је тобож извршена незакона противзаконитост тиме што су органи власти надлежних за истрагу против комуниста и њихове рада успели да на Техничком факултету открију слагалиште комунистичког материјала.

Поред тога са исте стране износи се да је претрес извршен, противно постојећим законским прописима без присуства присутних грађана и универзитетских власти.

Управа сматра за потребно и родољубиву дужност, а недвосмислено обавештењу, јер се верује да ће се јавност моћи, као и неупућена грађани, извести оним сениљним и прорачунатим и у духу комунистичким упутства израђеним лецима.

Претрес на факултету у присуству грађана

Да би јавност била тачно обавештена, то поред комунизма који је већ дат о догађајима на Техничком факултету, а с обзиром на све злонамерно и свако истапо лажне вести саопштава се следеће:

Надлежне истражне власти, у овом случају органи Управе града Београда, у току истраге утврдиле су да се поред осталих места једно од слагалишта илегалног комунистичког материјала налази на Техничком факултету. На основу тога саслања, а у смислу позитивних законских прописа, Управа града Београда донела је решење да се на означеним местима на Техничком факултету изврши претрес ради проналаска тог илегалног пропагандног комунистичког материјала. Без обзира што је у питању изузетно важна акција извршена по Закону о заштити државе, где су власти дужне по слову Закона да одмах наступе и на најбржи начин дођу до резултата. Управа града Београда је ипак на два сата пре почетка самог претреса једним актом обавестила декана Техничког факултета о томе да се тај и такав материјал налази на Техничком факултету и означила места где се налази. Овај акт је декан Техничког факултета у присуству одређеног чиновника Управе града Београда саопштио и ректору Београдског универзитета. Тек што је ово извршено органи су са решењем отишли на Технички факултет и тамо у присуству секретара Техничког факултета, г. Боје Марковића, који је опуномоћен од декана Техничког факултета да у име Факултета присуствује претресу, и инжењера г. Ђоке Јовановића, библиотекара Техничког факултета и г. Драгутина Николића, домаћина Техничког факултета, као присутних грађана, отпочели и извршили претрес. Све запажене о претресу потписала су ова тројица.

Сам декан Техничког факултета донео је ово нола нови и лично се уверио шта је све од материјала и у којој количини пронађено и све то унет у присуству чиновника Управе града Београда телефоном саопштио ректору Београдског универзитета.

Даље, све тенденциозно и нетачне вести о томе да универзитетске власти нису биле упознате са овим претресом не одговарају истини и више се са тенденцијом која је комунистична, да се оптужени одговоре пред јавношћу од оних који су прави да је до овога дошло.

Да би пак јавност била упозната са тим зита је то аутономија Универзитета, потребно је указати на § 35 Закона о Универзитетима, где се каже да је универзитетска властна слобода, као и члан 206 Уредбе о Универзитетима, где се каже да на Универзитету не могу постојати политичке удружења. Међутим, како је из предњега јасно на Београдском универзитету никада и ни у једној прилици слобода властва није била у питању, већ су надлежни органи власти интервенисали по закону и извршили претрес када је несумњиво утврђено да се на Универзитету води злочиначка акција против државе, која је кажњива по позитивним овозаконским законима.

Шта је све полиције запленила на Техничком факултету

О томе какав је компромитујући материјал нађен на Техничком факултету Београдског универзитета најбоље служи као доказ сам материјал и протокол претреса, који су потписали претставници Универзитета, као присутни грађани, из кога се види следеће да је нађено и то:

Неколико стотина примерака летака са насловом „Слободу Петку Милетићу", а потписом „Народни студенти и лева радничка омладина", неколико стотина проглаза Централног комитета Комунистичке партије Југославије, а потписом Централног комитет, неколико десет-ака елабората под насловом „Писмо друга Ивановића одговор друга Стаљина", са потписом Ј. Стаљин, 12 фебруара 1938, неколико десетина елабората са насловом: „О недостацима партијског рада мера опредостражности, ради ликвидације троцистичких и других злочинчића", неколико стотина пропагандистичких марака за „Комунистички фронт у Шпанији"; неколико десетина брошура под насловом „Космополити — са партијом или са класним непријатељем"; једна маса комунистичких листова и то: „Рундшау", „Известија", „Правда", „Болшевик", „Пролетер", „Идеас", „Протиу главоље" итд.) неколико стотина разних летака под насловом „Другови студенти", а потписом Савез комунистичке омладине Југославије"; неколико стотина примерака елабората под насловом „Изградња социјализма у Совјетском савезу и контрареволуционарни троцкизам"; стотину примерака елабората под насловом „Пут троцкиста и зиновљевца — пут обмане и издаје"; велики број брошура под насловом: „У миру је напредак" — о задаћама комунистичке Интернационале у вези са империјалистичком припремом новог Светског рата; „Седми Конгрес Комитерне и тактика наше партије"; „Кроз илегални рад" — Резултати социјалистичке изградње у С. С. С. Р.; „Нови путеви" Искуство из прошлости; „Класна борба за јуни 1937"; „Како се чисти куколь" — Положај у земљи и задаће Комунистичке партије Југославије, као и много других елабората, летака и брошура и књига све израђених и штампаних у иностранству и отуда илегално пребачених у нашу земљу.

На самом Универзитету је рађено од стране студената комуниста и умножено више хиљада летака чисто комунистичке садржине. Цитирају се само неки који су нађени у већ неколико стотина примерака и то: „Свој мирољубивој јавности"; „Резолуције са састанка студената Словеније, Црне Горе, Македоније, Војводине и Босне и Херцеговине", елаборати у виду летака са насловом: „Основне задаће Савеза комунистичке омладине", летци са насловом: „Платформа политичког рада студената омладине", летци са насловом: „Свој политској и демократској јавности итд.

Поред тога пронађена је једна велика количина комунистичких елабората, летака песама, и писмених састав, чији се наслови и садржина не могу обелоданити у интересу истраге.

Да је све то нађено констатовано је од присутних универзитетских органа, у записник унето, и од њих потписано, као и то: да је у удружењу студената машинске техничке нађен револвер калибра 9 мм. са 14 метака и специјално израђеном фишеком за акцију. Ето то што је нађено на Универзитету, од оних који желе да створе забуну, намене се изучени материјалом, и за тај и такав рад траже се неквиле аутономија и неприкосновеност.

Ухапшена су 32 члана комунистичке организације

Сама истрага је до сада утврдила да постоје органи-овани неколико комунистичких форума на београдском Универзитету, који су деловали не само на Универзитету, већ и ван њега.

У вези са овом истрагом, досада је ухапшено 32 члана — функционера ових поменутих комунистичких форума. Све вести, да се са ухапшеним студентима не поступа коректно, не одговарају истини и претеривању само једна деталь у низу неистина, која се од стране комуниста, поводом овог догађаја, шире а све у смислу и духу комунистичких инструкција о дужној њиховој чавезни пред полицијом и на суду.

Сав материјал који је пронађен приликом претреса као и резултати истраге, којем је откривен деструктивни злочиначки рад комуниста биће предмет јавне судске расправе, на ће том приликом јавност бити тачно упозната до које је мере и куда је водио овај рад на београдском Универзитету.

Јавност пак треба да буде обавештена и о томе, да све злонамерне вести које се проносе, летцима који се клетавно раде и шире, тобож за аншуту Универзитета, нису ништа друго, до, према комунистичким инструкцијама, остварења акције за стварање хаоса код добронамерног грађанства.

Ови су јавност, удружења и грађанства тачно обавештени да не би наседали овим и њима комунистичким провокацијама".

ЛИЧНЕ ВЕСТИ

ВЕНЧАЊЕ

Г-ђа Љубосава ћће пок. Владимира Антића, бив. трг. из Ваљева и г. Светозар Шеперов, суд. приправник Српског суда у Битољу венчани 5 о. м.

Честитамо

ЧИТУЉА

Г-ђа Анђа супруга г. Милоша Радовановића, ађа преминула је 6 а сахрањена 7 о. м.

Наше саучешће

РАД СРПСКОГ КЛУБА У БИТОЉУ

На ову стрељачку вежбу је 5. ов. месеца гађало 60 поштених момака, које представља војску за битољске стрелце. На овом гађању учествовало је 300 стрелаца и постигло 1500 погодака.

Врло добар резултат показали су ови стрелци: И. Миодраговић, поручник, Живан Обрадовић, Стеван Капровић, Христа Христић, Виктор Шајбер, Алберт Серфалт, Ђукат Шајолић, Стеван Борбељић и Антон Гудић.

У подлогу и подизање на духовно и културно се обуке омладине у гађању и напредању и том приликом издаје се извесни број метака бесплатно.

Управа је предузела мере да се образује омладинска секција.

За који дан Друштво ће добити 10 нових пушака.

ХОТЕЛ
„ТУРИСТ"
У БИТОЉУ
улица Краља Петра
Располаже са удобним собама свеобухватном погодном комфором.
Страна и домаћа кујна
Цене солидне

Читајте и ширите
Битољске Новине

Власник и одговорни уредник Ник. Д. Ђорђевић, Хаџи Мујина 2 Штампарија „ГРАФИКА" — Битољ

Прилог бр. 5: Страница од весникот „Битољске новине" (год. 1, бр. 2, 9 јуни 1938, стр. 4). Оваа страница е добар пример за различните видови вести кои се објавувале во локалните весници: политички вести, сервисни, лични и комерцијални.

`Год. на зачувани примероци	**Наслов (*насловите течат хронолошки во должина на колоната)**	Год. на зачувани примероци	**Наслов (*насловите течат хронолошки во должина на колоната)**	Год. на зачувани примероци	**Наслов (*насловите течат хронолошки во должина на колоната)**	Год. на зачувани примероци	**Наслов (*крај на табелата)**
1871, 1872, 1873	**Византија - Весник на Константинопол (1871-1872); Византија весни за политика, книжевност и економски прашања (1983)**	1937	**Прави пут**	1961-1979	**Гласник Архива и Друштва архивиста Босне и Херцеговине**	1897-1944	**Државен вестник на Царство Блгарија**
1887	**Среќа**	1938-1939	**Службени лист Вардарске Бановине**	1962-1963	**Вјесник Хисторијског архива Славонска Пожега и Музеја Пожеске Котлине**	1920-1940	**Службене новине Краљевства Срба, Хрвата и Словенаца**
1888-1889, 1912	**Монастир**	1933-1934	**Јужна стража - Омладински часопис**	1966-1967	**Гласник Историјског архива Ваљево**	1946	**Службен весник на Федерална Македонија**
1893-1894	**Ilustration Turque Malumat**	1938	**Битољске новине**	1951-1986	**Архивист Орган главног архивског савета ФНРЈ**	1948	**Службен гласник на Народна Република Македонија**
1895, 1921, 1923	**Нов век**	1938	**Битољски гласник. Независан повремени информативни лист**	1955-1956	**Архивски преглед. Орган Историских архива НР Србије**	1976	**Служен лист на СФРЈ**
1904	**Константинополис**	1928	**Велики зидни лексикон. О непосредним порезима, раѓен према новом закону о непосредним порезима од 8 фебруара 1928 година, који важи за целу Краљевину, са изменама и допунама од 28 марта, 31 маја и 14 јуна 1929 година.**	1965-1983	**Архивски преглед. Орган на Друштва архивских радника и архива у СР Србије**	1954-2004	**Службен гласник на Народниот одбор на Битолската околија и народниот одбор на градската општина - Битола; Службен гласник на Битолска околија (1956-); Службен гласник на општината Битола (1966-)**

1908	**Мир Хакикат/ Светла вистина**		1936	**Мисионар Орган савеза православних братства народне хрисчанске заједнице**		1949-1950	**Miscellanea. Drzavni Arhiv Zadar**		1976-1977	**Службен весник на Општината Ресен**
1909	**Глас**		1936	**Природа и живот илустровани часопис за туризам, планинарство и спорт**		1963	**Информатор Историјски Архив Бела Црква и Панчево**		2001-2004	**Службен гласник на Општината Бач**
1911	**Исечок од османо турски весник (заради оштетеност, непознат е насловот)**		1930	**Гласник Министартсва пољопривреде Белград**		1968	**Архивен преглед**		2003; 2005	**Службен гласник на Општина Старавина**
1911	**Балкан неутрален турски весник**		1934	**Сељачке новости (господарске новине). Стручни тједник за пољопривреду**		1969	**Билтен Историјски Архив Пожаревац**		1997-2004	**Службен гласник на Општината Новаци**
непознато	**Весник на османо-турски јазик. непознато**		1938	**Пољопривреда нашега Југа**		1980-1984	**Билтен Архив Југославије (Билтен на Архивот на Југославија)**			
непознато	**Весник на османо-турски јазик. непознато**		1940	**Земљорадничка задруга Орган Главног Савеза српских земољорадничких задруга у Београду**		1989-1991	**Билтен архива Хрватске**			
непознато	**Весник на османо-турски јазик. Непознато**		1941	**Земља**		1994-1995	**Bulletin Hrvatskih Drzavnih Arhiva (Билтен на Хрватскиот државен архив)**			
1921	**Селамет**		1928-1941	**Време (исечоци)**		1984	**Prologue Journal of the National Archives (Пролог Списание на Националните архиви на САД)**			
1943	**Медиенет (Цивилизација)**		1940	**Народна одбрана**		1954-1997	**Вјесник Државног архива у Ријеци**			
1954	**Hurriyet. Gunluk Mustakil Siyasi gazete. Слобода Дневен независен политички весник.**		1940	**Ошишани јеж**		1958-1999	**Архивски вјесник**			

1891-1919	**L'illustration. Journal universel**		1933	**Стара гарда - Орган удружења Пензионера-ки Вардарске Бановине**		1948-1949	**Згодовински часопис. Гласиоло Згодовинскега друштва за Словенијо**			
1918	**American Daily Mail Special edition for American troops in France**		1938-1939	**Аграрна мисао лист за подизање села и пољопривреде**		1950-1951	**Историски записи. Орган историског друштва народне републике Црна Гора**			
1918 1919	**The New York Herald European Edition**		1941	**Српче - дечји лист за религиско-национално васпитање подмлатка**		1978	**Југословенски историјски часопис. Материјали од Седмиот конгрес на историчарите на Југославија**			
1918	**Le Matin**		1933-1934	**Бранич Орган адвокатске коморе у Београду**		1981	**Hercegovina. Casopis za kulturno i istorijsko nasljedje**			
1919	**Le Petit Parisien**		1938	**Правосуће часопис за судску праксу и законодавство**		1990	**Нумизматичке вјести**			
непознато (1950ти)	**непознато (француска посета на Југославија и Грција во 1958)**		1937	**Правни живот. Прилог „Правосуђа“ часопис за судску праксу и законодавство**		1990	**Обол. Гласило Хрватског нумизматичког друштва**			
1967	**Daily Post Liverpool**		1933-1936	**Архив за правне и друштвене науке. Орган Београдског правног факултета**		1978	**Настава по историја. Списание на друштвото на историчарите на Југославија.**			
1967	**Daily Mail**		1925-1940	**Гласник Скопског научног друштва - Оддељење за друштвених наука**		1993	**Завет кон татковината. Јубилеен весник по повод 100-годишнина од создавањето на Македонската Револуционерна Организација - 1983-1993**			
1967	**Daily Mirror**		1930-1940	**Годишњак Скопског Филозофског Факултета**		1948-1949	**Билтен приновљених страних научних и стручних књига и часописа библиотеке у Београду**			
1982	**Daily Post paper for Wales**		1920-1940	**Југословенски историски часопис**		1974	**Библиотекарски новости**			

1910-1911	**То Фос (Светлина) Весник за политички, трговски и јазични (филолошки) теми.**		1940	**Записи. Гласник Цетињског историјског друштва**		1974	**Библиотекарски информативен Билтен**			
1926	**Оикогенеиа**		1930	**Весник Српске цркве Орган Српског православног свештеничког удружења**		1978-1983	**Библиотекарска искра. Списание на друштвото на библиотекарите на СР Македонија**			
1927	**И Кириаки**		1936-1939	**Гласник. Службени орган Српске православне патријаршије**		2019	**Библиотечен тренд. Списание на Националната Установа Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола**			
1934-1935	**Елленикон Меллон**		1928-1929	**Летопис матице српске**		1950	**Македонски јазик. Билтен на Катедрата за Јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје**			
1937	**Иврадини**		1922-1934	**Народна старина, часопис за повјест и етнографију јужних Словјена**		1975-1983	**Прилози за историјата на физичката култура на Македонија**			
1926-1934	**И Катимерини**		1934-1938	**Нови сјај. Културно-привредни преглед**		1979-1980	**Медицински билтен санитетске службе скопске армијске области**			
1901-1903	**Мир Божји. Ежемесечни литературни и научно-популарни журнал дла самообразование**		1904 -1969	**Политика**		1989	**Македонски медицински преглед. Списание на сојузот на здруженијата на лекари на СРМ Нефрологија `89. Зборник на трудови од 4 Конгрес на нефролозите на Југославија**			
1923-1924	**Рускаја Мисла, ежемесечное литературно-политическое издание**		1959	**Илустрована политика**		1979-1987	**Годишник на Правниот факултет во Битола**			

1935	**За Церков! Борба за Православное Духовное Возстановление (За црквата! Борба за православно духовно возобновување Булетин**		1946	**Омладина Лист Народне омладине Југославије**		1979-2014	**Билтен на Универзитетот во Битола**			
1936-1937	**Православни Руси. Црковно народен орган на Православното движење во Зардвежна, Карпатска и Прешевска Русија**		1946	**Glasnik Ministarstva za unutrasnjih poslova FNRJ**		1960-2008	**Прилози. Зборник на научното друштво - Битола**			
1938	**Свјатаја земја. Издание на Синодот на Руската црква во Ерусалим**		1951	**Народни фронт Орган Савезног одбора НФЈ за Организациона питања**		1979-2012	**Прилози на МАНУ: Одделение за општествени науки**			
1938	**Руска зарја. Руска Зора Орган на културно-националниот сојуз на југословенски Руси**		1954	**Вјесник поводом Првог Конгреса Урара ФНР Југославије**		1980-2017	**Летопис на Македонската академија на науките и уметностите**			
1939	**Бодрост**		1985	**Реч народа Лист за друштвена и политичка питања**		2002, 2008	**Пристапни предавања на МАНУ: прилози и библиографија на новите членови на Македонската академија на науките и уметностите**			
1937-1940	**Царски вестник, Орган на Народно движение за востановление престола Православнаго Цар-Самодржец**		1987, 1988	**Савремена пракса лист за привредна и правна питања удруженог рада**		1981-1987	**Просветно дело. Списание за педагошки прашања. Орган на сојузот на педагошките друштва на СРМ**			

1940-1941	**Руски народниј вестник**		1968	**4 јул Лист Савеза удружења бораца Народноослободилачког рата Југославије**		1980-1984	**Погледи. Списание за општествени прашања**			
1918-1931	**Разни исечоци од печат на руски јазик поврзани со царското семејство Романови**		1969	**50 година КПЈ 1919-1969 - Посебен прилог на „Вести“ - Титово Ужице по повод 50-годишнина на КПЈ и СКЈ.**		1972-1982	**Музејски гласник на Историскиот музеј на Македонија - Скопје**			
1936	**Кратак каталог риских книга (краток каталог на руски книги) 1936-1937**		1969	**Фото-билтен Бања Лука**		1983	**Култура Гласило на Републичката заедница на културата**			
1893	**Блгарски преглед. Списание за наука, литература и обштествен живот**		1974	**Sindikati - bilten Veca saveza sindikata Jugoslavije (Синдикати - Билтен на Собранието на синдикатите на Југославија - Седми конгрес на Сојузот на синдикатите на Југославија)**		1974	**Сусрети. Ваљевски сусрети аматера „Абрашевиќ“**			
1910	**Минало. Блгарско-Македонско научно списание**		1956	**Journal. Casopis za poslovnu suradnju (jugislovensko izdanje)**		1981-1989	**Гласник на УНЕСКО Прозорец на светот**			
1910	**Современна Мисла**		1957, 1958	**Југословенски комерцијални билтен**		1994	**National Geographics (Национална географија)**			
1916	**Известија на Блгарското дружество Червен крст**		1960	**Вјесник у сриједу. Југословенски информативни тједник**		1999	**Копаничар. Македонско списание за копаничарство**			
1910-1912	**Глас. Политичко-обштествен, научно-книжовен и духовен вестник**		1963	**Свет**		1978	**Битолски филателист. Информативен весник на Филателистичкото друштво - Битола**			

1926-1943	**Македонски преглед. Списание за наука, литература и обштествен живот**		1963	**Ljubljanski Dnevnik**		1995	**Детско ликовно студио „Кирил и Методиј“ - Битола**			
1927 - 1943	**Илустрација Илинден**		1964	**Спорт Југословенски спортски лист у уторак**		2000-2005	**Europa Vantat Magazine. Information on Choral Life in Europe**			
1933	**Блгарски преглед. Списание за славјанска филологија**		1946	**Илустрирани вјесник**		1979; 1980	**Кинотечен месечник**			
1934	**Фар на вздржанието. Орган на блгарската вздржателна федерација**		1947, 1949	**Совјетски календар 1947 Sovjetski kalendar - Casopis drustva za kulturnu saradnju Jugoslavije sa SSSR**		1989-2013	**Кинопис - списание за историјата, теоријата и кулурата на филмот и на другите уметности**			
1935	**Македонски вести Седмично списание за историја, наука и литература**		1976-1977	**Земља совјета. Петнаестодневни илустровани часопис новинске агенције новости (АПН-Москва)**		1962-1963	**Odjek. Одјек Орган на културно-уметничките друштва на Босна и Херцеговина**			
1935	**В`зход. Двуседмичено списание за обштествен живот и култура**		непознато	**непознат наслов. Руски весник со спортски содржини од периодот по Втората светска војна - оштетен исечок**		1980	**Дијалог Часопис за филозофију и друштвену теорију**			
1937	**Нација и политика**		1957; 1959	**Народни одбор - Часопис за питања изградње органа локалне самоуправе**		1985; 1988	**Браничево - часопис за културу уметност и друштвена питања**			
1939	**Загинали за родината. Библиотека военно-исторически разкази**		1964	**Општина - Часопис за питања друштвеног самоуправљања**		1994-2000	**Newsletter. Center for Jewish art The Hebrew University of Jerusalem**			
1935-1940	**Отец Паисиј. Орган на Всеблгарскија с`јуз „Отец Паисиј“**		1964	**Народна управа часопис за изградње народне валсти**		1980-1982	**Трета програма на Радио Скопје Избор на емитуваните содржини**			

1937-1943	**Просвета**		1953-1959	**Нова Администрација. Билтен за питања државне управе, друштвене самоуправе и организацију привреде**		1961	**Алманах**			
1941	**Паисиев лист. Издание на општогражданскија комитет.**		1966	**Радна и друштвена заједница (продужетак „Нова Администрација“). Часопис за друштвену изградњу и праксу**		1961-1969	**Алманах на Литературниот клуб при Работнички универзитет - Битола**			
1941, 1942	**Млада блгарка - списание за просвета обштествен живот и домашна култура**		1953	**Архив за правне и друштвене науке. Орган Савеза Удружења прваника Југославије**		1962	**Контрасти. Списание за култура и уметност**			
1941-1943	**Сждба издават дружеството на блгарските слљапи и читалиштето на слљапите в Блгарија**		1949	**20 октобар Недељни лист народног фронта Београда**		1962-1963	**Разгледи: уметност, култура, општествени прашања**			
1942	**Ученически подем**		1944	**Народен војник**		1968	**Изгрев. Списание за литература и уметност**			
1941-1943	**Зора**		1944	**Искра. Орган на ПК от КП во Македонија**		1971; 1975	**Патеки. Списание на анонимни литерати**			
1942	**Блгарска мис`л. Орган на Врховнија Читалиштен С`јуз в Блгарија**		1944	**Илинденски пат Орган на Народно-ослободителниот фронт на Македонија**		1983	**ЗА Списание на младите, за култура - за уметност - за општествени прашања**			
1942	**Родина Списание за блгарска историческа култура**		1944			1960	**Братство. Орган на Пионерскиот одред при основното училиште „Гоце Делчев“ - Битола**			
1942	**Млада Европа Списание на бојците на Европејската академическа младеж**		1944	**Глас (?) на народно-ослободителниот фронт на Македонија. Весник за Втората Област**		1984; 1990	**Надеж. Весник на литературната дружина** - при ООЗТ ЦОУ Коле Канински Посветен на Караван Братство и пријателство Битола			

1941-1942	**Известија на Министерството на в`нтрешните работи и народното здраве**		1945	**Пиринско дело (исечок)**		1962-1982	**Стремеж. Списание за литература, културни и општетсвени прашања**			
1943	**Родна реч Списание за ревнители на блгарското слово**		1944	**Областна хроника. Информативен лист на отделот за информации при Битолскиот областен Н.О. Одбор**		1963-1997	**Развиток. месечно списание за литература, култура и општетсвени прашања**			
1937, 1943	**Блгарска воена Мисла**		1945	**Пелагонија. Неделен весник на Битолскиот окружен народен фронт**		1998-1999	**Студенски збор. Весник на студентите на Македонија**			
1942	**Илустрована политика Световна иљустрована седмина.**		1947	**Билтен на Градскиот одбор на народниот фронт - Битола**		1994	**Студент. Глсило на студентите при Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола**			
1943	**Нова Европа**		1944-1947,	**Нова Македонија Орган на народно-ослободителниот фронт на Македонија**		1987-1989	**Билтен на Сојузот на синдикатите на Општината Битола**			
1943	**Donauzeitung**		1945	**Радио зрак Орган на радио-служба**		1990	**Билтен на Сојузот на Синдикатите на Македонија - 13 конгрес на ССМ, Битола 16-18 март 1990**			
1943	**Списание на Блгарското икономическо дружество**		1945	**Нов ден - списание за уметност наука и друштвени прашања**		1993-2000	**Синдикален информатор на Сојуз на синдикатите на Македонија**			
1943	**Економист Списание за обштостопански, частно стопански и счетноводни впроси**		1945	**Конгрес. Втор конгрес на антифашистичката младина на Македонија**		1998	**Статут и програма на Сојузот на синдикатите на Македонија, 15 Конгрес, Охрид 6 декември 1997**			
непознато	**Македонија Художествено научно-популарно списание**		1945-1947	**Борба. Орган на комунистичката партија на Југославија**		1995 - 1998	**Битолски синдикален инфроматор**			

1942	**Целокупна Блгарија. Вонредно издание по повод собирот на Сојузот на бугарските друштва „Јунак“ во Битола на 15-16 јуни 1942.**		1946-1947, 1953	**Млад борец**		1998-2000	**Битолски регионален синдикален информатор (Наслов бр. 5 продолжува под ново име)**			
1944	**Целокупна Блгарија**		1945; 1947	**Македонка орган на АФЖ од Македонија**		1998-1999	**Специјални изданија на Сојуз на синдикати на Македонија - Регион Битола (1. Документи од Прв регионален синдикален совет - Битола, 25.02.1998, Х. С. Стрежево, Ниже Поле, Битола; 2. Предновогодишен регионален семинар, Отешево, Хотел Европа, 23-24 декември 1999)**			
1944	**Утро**		1949	**8 март**		2002-2004	**Синдикален живот. Двонеделно гласило на Сојузот на синдикатите на Македонија (продолжение на насловот „Трудбеник“)**			
непознато 1941-1944	**непознат наслов**		1946	**Единство Лист на Народниот фронт - Скопје**		1994	**Железничар. Весник на вработените во ЖТП - Скопје**			
непознато 1941-1945	**непознат наслов**		1953	**Просветен работник. Лист на просветните работници на НРМ**		1998-2000	**Билтен на Синдикатот на работниците од шумарството и дрвната индустрија на Македонија. ССМ**			
1943	**Зарја**		1953	**Народна задруга Весник на задружните организации од Н. Р. Македонија**		2000	**Информативен билтен на Општински синдикат Велес**			

1944	**Ботијов лист**		1958	**Народно здравје - Списание за здравствено просветување**		2003-2006	**Билтен на Синдикат на работниците од управата на правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија**			
1944	**Културна Македонија**		1958	**11 март 1943-1958 Битола По повод 15 години од депортацијата и геноцидот на Битолските Евреи.**		1998, 2001	**Информативно гласило Билтен на Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на република Македонија**			
1945	**Македонска Мисл` месечно списание Орган на македонскија научен институт**		1967	**Татковина**		2002	**Билтен на Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија**			
1941-1942	**Народен вестник**		1959-1960	**Ученички збор. Весник на уметничката дружина при осумгодишното училиште „Даме Груев“ - Битола**		2003	**Информативно гласило на Агро-индустриски комбинат Лозар - Битола**			
1942	**Литературен глас Седмичник за литература, искуство, наука и општествени впроси**		1960	**Битолски мугри Гласник на пионерите од Битолската околија**		2007	**ЕСМ Интерн Весник на вработените**			
1942	**Мир**		1960	**Изгрев Весник на народната младина на Битола**		2000	**Билтен Независност. Уједињени Грански Синдикати**			
1943	**Војнишки вести**		1961	**Пелистер. Лист на спортското друштво „Пелистер“ - Битола**		1997	**41:an**			
1942-143	**Даночен и акцизен преглед**		1962, 1971	**Пелистер. Списание на Здружението на борци од НОВ - Битола**		1997	**LO Tidningen**			

1942-1944	**Пелистерско ехо. Седмичен вестник за обштествени впроси, култура и информација**		1971	**Илинденски настани. Повременик на историската секција на Друштвото за проучување на илинденските настани „2 август 1903“ - Битола**		1993-2002	**Трудбеник. Весник на Сојузот на Синдикатите на Македонија**			
1911	**Српске новине. Службени дневник Краљевине Србије.**		1971	**Паризански врвици. Илинденски настани. Повременик на историската секција на Друштвото за проучување на илинденските настани „2 август 1903“ - Битола**		1983-1990	**Весник. Службен лист на Македонската православна црква**			
1914	**Општинске новине. Службени весник општине града Битоља**		1962	**Победа Победа Весник на Спортското друштво Победа - Прилеп**		1996- 1997	**Пелагонитиса. Списание за православна вера, култура, образование и уметност**			
1918	**Правда**		1963	**Билтен на здружението на пензионерите - Битола**		2007-2018	**Вистина. Гласник на Преспанско-пелагониската епархија**			
1918	**Американски Србобран/The American Srbobran**		1946-1949	**Братство - Орган на Окружниот одбор на Народниот фронт - Битола**		1950-1954	**Глас на Егејците. Орган на здружението на бегалците од Егејска Македонија**			
1923-1924	**Хак (Правда) Гласило на Организацијата на Јужните Муслимани во Краство СХС**		1949-1950	**За социјалистичка изградба Орган на Областниот одбор на Народниот фронт - Битола**		1955-1962	**Јеврејски алманах**			
1920	**Развитак. Независан друштвено-политички лист**		1963, 1964	**Билтен на Општинскиот одбор на Социјалистичкиот сојуз на Народна Република Македонија - Битола**		2004-2011	**Документи. Гласник на Влашко научно друштво „Константин Белемаче - Скопје**			
1921	**Трговски гласник**		1963	**Службен гласник на Основна стопанска комора за Битолска и Охридска околија - Битола**		1992	**Desteptarea Revista aromanilor**			

1921	**Братство**		1962-1963	**Информативен билтен за објавени поважни прописи од областа на стопанството**		1992-1993	**Fenix. Revista di Cultura-Armaneasca**			
1922-1924	**Јужна Србија**		1964	**Информативен билтен**		1998-2007	**Fenix. Revista ti literatura shi istorii Armaneasca**			
1922	**Битољска самоуправа. Радикални лист за политику, привреду и народно просвечивање**		1977-1982	**Информативен преглед. Општинска конференција на СКМ-Битола**		2005-2010	**Grailu Aramanescu. Revista-a Uniiljei ti Cultura-a Armanjlor dit Machidunii (Ромнанскиот Јазик. Списание на Унијата за култура на Власите од Македонија)**			
1922	**Борба независан политички и друштвени лист**		1966-1980	**Билтен на општествено политичките организации на СР Македонија**		1994	**Македонски глас. Весник на Заедницата на Македонците во република Хрватска**			
1922	**Битољски радикал Орган радикалне омладине округ Битољског**		1973-1982	**Пелагонија Весник на Земјоделско-индустриски комбинат „Пелагонија“ - Битола**		1995	**Преспа Весник на Организацијата за заштита на правата на Македонците во Албанија „друштво-Преспа“**			
1922	**Стара Србија**		1986-1987	**Јавор Орган на ТРО „Јавор“ Увоз-извоз Битола**		1991-2010	**Македонска трибуна. Macedonian Tribune. The oldest Macedonian newspaper in the world. Organ of the Macedonian Patriotic Organization and the Macedono-Bulgarian Ortodox Churches of USA and Canada.**			
1923-1924	**Слобода Потпуно независан политички дневник**		1974-1986	**Битолски графичар Орган на Битолскиот графички завод - Битола**		1991-1995	**Македонска трибуна. Ново Международно Издание**			
1923	**Радник-Radnik-Delavec. Централни оргфан Независне Радничке Партије Југославије**		1978-1990	**Занаетчија**		1998	**Форум двонеделен магазин**			

1923	**Трибуна Независан политички лист**		1964-1965	**11 октомври. Орган на работниот колектив на автопретпријатие 11 Октомври - Скопје**		2005	**New Press**			
1923	**Балкан**		1967-1968	**Први јули. Весник на колективот на фабриката „Георги Наумов“ - Битола**		2006	**Улица**			
1923, 1928	**Новости независни дневни лист**		1985	**Пелистер. Весник на Трикотажата „Пелистер“ од Битола. Работна организација за трикотажа - Битола**		2009-2017	**Јавност. Битолски информативен неделник**			
1924-1926	**Јужна звезда Орган искрених пријатеља културног напретка и потпуног уједињења нашег народа (партиски строго неутрален лист)**		1982, 1985	**Текстилство - Стручно списание за текстилна наука и практика**		2010	**Инфо магазин**			
1925	**Весник недељно црквено-политички лист**		1989	**Осигуреник. Орган на ОСИЗЗЗ ОСИЗПИО ОСИЗСОЗ Битола - Ресен - Демир Хисар - Кичево ОСИЗСЗ - Битола**		2004-2017	**Его. За егоисти и останати исти...**			
1926	**Реч и слика месечни магазин**		1983	**Стопански весник Ревија на Стопанската комора и Здружениот труд на Македонија**		2005-2015	**Без навреда. Магазин за хумор и забава**			
1928-1933	**Гласник Црвеног крста Срба, Хрвата и Словенаца**		1971	**Билтен на Заводот за запослување - Битола**		1993-1998	**Економски магазин**			

непознато	**Српско друштво Црвенога крста: Рат са Аустро-Угарском 1914-15 г. Додаток „Српске новине“.**		1971	**Спортски прилог. Посветен на ракометниот турнир во Битола**		2001 - 2012	**Репрезент. Стручно списание на Рафајловски консалтинг (со внатрешен додаток: Даночен практикум)**			
1929	**Монополски гласник Орган Удружења монополских чиновника и службеника у Краљевини Срба, Хрвата и Словенаца.**		1971	**Фокус Весник на младите од Скопје**		2010-2011	**Рафајловски консалтинг (стручно списание на Рафајловски консалтинг) - специјално издание - прилог кон Репрезент**			
1929	**Просветни гласник службени орган Министарства просвете**		1975	**Младост Весник на социјалистичката младина при Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ - Битола**		2008-2011	**Фискален практикум. Стручно списание за финасии, даноци, царини и пракса**			
1930	**Јадранска стража - гласник на здружението „Јадранска стража“**		1978	**Битолски филателист. Информативен весник на филателистичко друштво**		2002-2006	**Клуб 360. За мобилната генерација. Списание за членовите на Мобимак клубот 360 степени**			
1931	**Царински гласник. Стручни часопис за царинска питања и обавештавање по струци Царинској**		1965	**Билтен на Општествено-политичките организации Битола**		непознато (1980-1990)	**Електростопанство на Македонија РЕК Битола (прилог на Нова Македонија)**			
1932	**Рад и труд Орган Југославенских Националних Радничких Синдиката**		1964	**Заштита. Списание на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија**		2004	**Пелсистер. Гласило на Националниот парк “Пелистер“**			
1933	**Општина - Орган општинских службеника Вардарске Бановине**		1990	**За победу**		2004-2009	**Наши шуми. Весник на ЈП за стопанисување со шуми**			
1934	**Гласник Југословенског друштва за путове**		1963	**Комунист Орган на Сојузот на Комунистите на Југославија**		1996	**Билтен на Министерството за финансии**			

1937	**Годишњак музеја Јужне Србије Посебни Отисак: Тонзура Св. Саве, Светозар Радојчиќ**		1969-1990	**Одбрана и заштита. Списание за прашањата на народната одбрана во општествено-политичките заедници и работните организаци (1969); Одбрана и заштита. Списание за теорија и пракса за општонародна одбрана и општествена самозаштит**		2003	**Легитима Информатор за граѓанинот**			
1929	**Самоуправни гласник. Орган Удружења општинских чиновника и општине Србије и Црне Горе**		1958-1962	**Архивски Алманах. Орган Друштва архивских радника НР Србије**		2019-2020	**Занаетчија**			
1937-1938	**Луч месечни часопис за културна, економска и социјална питања**		1965	**Годишњак покрајинског државног архива Косово и Метохије/ Булетини**		2003	**МСП Новости. Билтен за мали и средни претпријатија**			
1930-1940	**Култура: идеје, књижевности, уметности**		1960-1962	**Гласник Историског архива Београда**		2009-2010	**Општински информатор. Инфромативно гласило на Општина Битола**			
	/Продолжува редоследно горе, *од првата страна на прилогот*/			**/Продолжува редоследно горе, *од првата страна на прилогот*/**			**/Продолжува редоследно горе, *од првата страна на прилогот*/**			

Прилог 6: Табеларен преглед на насловите во фонд 950

УДК: 050(497.5):94(497.2)“19“

Владимир Илиевски[1]

ХРВАТСКА НОВИНАРСКА ПРЕСМЕТКА И ОБЕДИНУВАЊЕТО НА БУГАРИЈА

Abstract: The unification of Bulgaria in 1885 is a significant event in Balkan and European history. How the Croatian newspapers “Obroz-Pozor” and “Srbobran” perceive the emergence of a new state in the Balkans reveals a complex ideological, and above all, national conflict that will impact the most important areas of Croatian social and political life in the years to come.

The unification of Bulgaria sets the stage for a journalistic showdown between “Obzor-Pozor” and “Srbobran”. While the former views the event with undisguised sympathy and gives full support to the new Balkan state, the latter sees the new Bulgarian state as a serious opponent to the mother state of Serbia.

Keywords: Croatian press in the 19th century, Obzor-Pozor, Srbobran, Unification of Bulgaria, Serbo-Bulgarian War.

1. Вовед

Обединувањето на Бугарија е значаен настан во балканската и европската историја. Речиси сите хрватски весници што излегуваат во тој период, во седумдесеттите и осумдесеттите години на XIX век, објавуваат написи, честопати како ударни вести, во кои известуваат за воени и политички настани што го навестуваат обединувањето, а потоа го анализираат чинот на бугарските политичари кои ја носат одлуката за обединување на Бугарија, што фундаментално ја поткопува претходно

[1] НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, библиотекар-советник, раководител на одделение, докторанд на „Модерна и современа хрватска историја со светски и европски контекст“ на Филозофскиот факултет во Загреб, Универзитет во Загреб, е-адреса: vilievski@m.ffzg.hr

воспоставената геополитичка ситуација на Балканот. Во овој поглед се издвојуваат весниците „Обзор - Позор“ и „Србобран“, две можеби највлијателни хрватски новинарски публикации, кои не штедат простор на своите страници за презентирање и анализа на причините и последиците од обединувањето на двете бугарски земји, Кнежевството Бугарија и Источна Румелија.

Перцепцијата на „Оброз - Позор“ и „Србобран“ за појавата на нова држава на Балканот открива сложен идеолошки, а пред сè, национален конфликт кој ќе се пренесе во најважните сфери на хрватскиот општествен и политички живот во годините што доаѓаат. Следејќи две различни, дијаметрално спротивставени политички линии, „Оброз - Позор“ и „Србобран“ водат отворена новинарска битка, која во голема мера е мотивирана од различните ставови за положбата на сопствениот народ во рамките на Австроунгарија, но и пошироко, на Балканот и во Европа.

2. Процесот на бугарското обединување

а) Од Руско-турската војна до Берлинскиот конгрес

По успешните воени активности на Русија, Турција нема избор освен да го признае поразот и да седне на преговарачката маса. Крајот на последната Руско-турска војна е потврден со потпишувањето на Едренското примирје на 31 јануари 1878 година.

На почетокот на 1878 година, Русија ги зазема Софија, Пловдив и Едрене и се приближува до Истанбул. Руската победа е целосна и таа има намера да ја продолжи офанзивата, но Големите сили, а посебно Велика Британија, настојуваат воените дејства веднаш да се прекинат и да се почнат мировни преговори. Иако е победник, Русија е принудена да ги прекине воените дејства, да го потпише Едренското примирје и да почне мировни преговори со Турција. Турција, иако воено поразена, ги почнува преговорите имајќи ја зад себе поддршката на Велика Британија со што се обидува да ја намали штетата предизвикана од загубената војна. Увидувајќи го ова, Русија решава да го зголеми притисокот врз Турција и да го премести својот главен штаб од Едрене во Сан Стефано, место во близина на Истанбул[2]. Во напнати преговарачки услови, на 3 март 1878 година склопен е Санстефанскиот прелиминарен договор со што Бугарија добива статус на вазално, автономно кнежевство, со своја сопствена влада, власт и војска.

Границите на новата држава ги опфаќаат Северна и Јужна Бугарија, речиси целата Тракија, Едрене и поширокота околина, и цела Македонија без Солун и

[2] Иван Кънчев et al., Българската история в 100 събития. София: БГ Учебник Прес, 2015, 125.

полуостровот Халкидики. Корените на ваквата нова државна творба се наоѓаат во заклучоците на Истанбулската конференција, која се одржува две години порано, во 1876 година. Сепак, со Санстефанскиот прелиминарен договор не се решаваат проблемите, туку напротив, се создаваат нови.

„Од аспект на суровата реалност на државниот и политичкиот баланс на Балканот и Европа, создавањето на Санстефанска Бугарија е тешко да се одбрани, пред сè, поради нејзината релативна големина и статусот на новата држава, на која сите, од незнаење или од недобронамерност, гледале како на вештачка творба која би требало да биде мост за идните движења на руската армија или за руското влијание на Балканот и во источниот Медитеран. Ниедна од овие претпоставки не се остварила, но тие како конјуктурна аргументација во тоа време, имале во себе реална, заплашувачка и цврста вредност, дури и за оние умерени поддржувачи на бугарското државно-национално ослободување.“[3]

Создавањето на Санстефанска Бугарија е „многу повеќе од најсмелите соништа на бугарските патриоти, но и многу вознемирувачки сомневања на европските дипломати. Во следните две години, руската војска треба да го држи под окупација новото кнежевство. Со еден удар, областа која непосредно дотогаш е управувана од Истанбул, сега треба да е автономно кнежевство во чиј состав влегува цела Македонија и воедно излегува на две морињa. Голема (Санстефанска) Бугарија ќе стане голема идеја на бугарските националисти.“[4]

Русија трпи жесток притисок од големите сили. Таа е свесна дека, иако е победник во војната, сепак воено и економски е ослабната. Свесна е и дека Велика Британија нема да дозволи понатамошно нејзино воено продирање, а исто така свесна е дека пријателството со Австроунгарија е нарушено поради руското кршење на начелата на Рајхштатскиот договор и на Будимпештанската конвенција. Дури и одредени руски дипломатски кругови ја критикуваат ситуацијата во која се наоѓа нивната земја . Руската дипломатија е присилена да ја прифати потребата за нов договор, со кој би се коригирал Санстефанскиот прелиминарен договор со тоа би се намалило незадоволството на големите сили кон Русија.

На Берлинскиот конгрес, на кој не учествуваат претставници од балканските држави, потпишан е Берлинскиот мировен договор, на 13 јуни 1978 година. Со овој договор предвидено е создавањето на Кнежевството Бугарија кое би ги опфаќало земјите на север од Стара Планина, па сè до реката Дунав, заедно со Софискиот

[3] Димитар Попов et al., *Историја Бугарске*. Београд: Clio, 2008, 236.
[4] Стефан К. Павловић, *Историја Балкана*. Београд: Clio, 2001, 166
[5] Грофот Шуванов предупредува дека царскиот манијакален максимализам во однос на ослободениите словенски територии на Балканот би можел да ја воведе Русија во изолација со што би ја приближило до положбата од 1853 година, пред Кримската војна. (Попов, *Историја Бугарске*, 237.)

Округ. Исто така, се создава и автономната област Источна Румелија со главен град Пловдив, која останува под власта на султанот. Македонија и Егејска Тракија остануваат под директна власта на Турција[6].

Факт е дека „руската победа на Бугарија ѝ донесе независност, но таа независност е со горчлив вкус, бидејќи земјата е поделена на два дела. И Кнежевството Бугарија и Источна Румелија, во формален поглед, се дел на Отоманската Империја. Имаат руска поддршка, но преостанатите земји кон нив гледаат со недоверба. Русија и натаму ја подгрева идејата за Санстефанска Бугарија меѓу бугарската елита во чиј состав би влегла и цела Македонија“[7].

Во следните години бугарската политичка елита трпеливо го чека моментот да го прогласи целосното бугарско осамостојување и да го прекине потчинетиот однос кон Отоманската Империја. Кога во 1908 година почнува Младотурската револуција, Австроунгарија ја анектира Босна и Херцеговина, а руските воени бродови добиваат слободен премин низ Дарданелите, Бугарија ја искористува историската шанса. Се прогласува целосна независност и Бугарското вазално кнежевство станува независно Бугарско Царство[8].

б) До обединувањето

Влијанието на Русија во бугарскиот политички живот не престанува по Берлинскиот конгрес. Тоа најубаво се гледа со донесувањето на првиот устав на новото кнежевство, наречен Органски устав, во Трново, на 16 април 1879 година. Подготовките за изработката на уставот почнуваат уште во април 1878 година под раководство на кнезот Дондуков-Корсаков, кој е руски царски комесар во Бугарија. Главен проектант на Уставот е рускиот правник Сергеј Лукијанов. По многубројните расправии во бугарското Собрание меѓу либералните и конзервативните политички струи, Уставот е изгласан. Уставот е претставен на Бугарите како „подарок од Царот и, без сомнеж, во него се застапени традицијата и потенцијалот на Бугарите во културно-образовната област, локалната самоуправа, конекциите во надворешната политика и демократското наследство, без обѕир на минатиот надворешен национален деспотизам и духовното робување“[9].

Трновскиот устав е еден од најнапредните во Европа и е дело на бугарските либерали и руските советници. Кнезот ја претставува земјата во надворешните односи и покрај тоа што, формално, сè уште Бугарија и во вазалски однос со Турција.

[6] Овие територии се враќаат под власта на султанот, со инсистирање да се воведат локални реформи и административни подобрувања. Предвидениот двогодишниот период на руска управа во новото Кнежевство, се скратува на деветмесечен период. (Попов, *Историја Бугарске*, 238.)
[7] Павловиħ, *Историја Балкана*, 202.
[8] Попов, *Историја Бугарске,* 275-281
[9] Попов, *Историја Бугарске*, 241.

Кнезот ги именува министрите и ја дели законодавната власт со Собранието. Православието е официјална религија, но кнезот не е обврзан да го прифати. По руска препорака, тронот му е понуден на младиот германски принц и учесник во Ослободителната борба, Александар фон Батенберг, личност која ќе биде централна фигура околу која ќе се случуваат главните политички борби во наредните години. Во овој период се случуваат значајни политички поместување. Додека селанството верува во моќта на Русија и чувствува благодарност кон рускиот цар за стекнувањето на бугарската државност, голем број на бугарските интелектуалци почнуваат да се спротивставуваат на постојаното руско мешање во бугарскиот општествен и политички живот преку рускиот генерален конзул во Софија и преку војската, во која министерот и сите повисоки офицери се дојденци од Русија[10].

Првиот обид за обединување на двете бугарски држави е направен во 1880 година. Национално определените активисти од Кнежевството Бугарија и од Источна Румелија, со поддршка на кнезот Александар, создаваат Централен комитет, чија задача е да почне со подготовка за обединување на двете територии. Таквата организација е формирана во градот Сливен. Комитетот почнува да создава свои локални организации низ територијата на Кнежевството и на Источна Румелија. Направена е дури и дипломатска анализа во Лондон за ставовите на Велика Британија кон можното обединување на двете бугарски територии. Сепак, Велика Британија како и другите големи сили заземаат внимателни позиции кон евентуалното обединувањето на Кнежевството Бугарија и Источна Румелија[11].

Политичарите во Источна Румелија сметаа дека обединувањето треба да се случи што е можно побрзо. Покрај издавањето весници и отворањето бугарски училишта и црковни заедници надвор од територииите на Кнежевството Бугарија и Источна Румелија, почнуваат и конкретни воени подготовки преку организирањето воени чети кои би го помогнале обединувањето на сите бугарски територии. Идејата дека со големо востание истовремено ќе се ослободат и Источна Румелија и Македонија брзо пропаѓа и на преден план се појавува идејата за обединување само на Бугарија и Источна Румелија. Приврзаниците на Централниот комитет бараат поддршка од кнезот Александар за реализација на своите планови, но поддршка не добиваат, барем не отворено. Кнезот внимава на релацијата со Русија, а од друга страна, внимава на реакциите на Велика Британија и Австроунгарија кон таквата идеја[12]. Но, Централниот комитет не се откажува од својата идеја. Во септември 1885 година направен е воен удар во Пловдив, по кој на 6 септември е прогласено обединувањето, односно присоединувањето на Источна Румелија кон Кнежевството Бугарија. Претседателот на Народното собрание Стефан Стамболов врши притисок врз кнезот Александар, кој решава да оди во Пловдив со што конечно се официјализира бугарското обединување[13].

[10] Павловић, *Историја Балкана*, 203.
[11] Милияна Каймакова et al., *История на България*. София: Стандарт, 2005, 203.
[12] Кънчев, *Българската история в 100 събития*, 138.
[13] Павловић, *Историја Балкана*, 205.

в) Српско-бугарска војна

Бугарското обединување претставува „дрзок предизвик на одлуките потврдени и потпишани на Берлинскиот конгрес... По прифаќањето на обединувањето настанува необична надворешнополитичка инверзија. Русија, творецот на Голема Бугарија, се спротивставува на нејзиното обединување, со изговор дека не го прифаќа начинот на кој е извршено обединувањето, а британската влада, по брзи и кратки консултации, застанува на бугарска страна“[14].

Србија и српскиот крал Милан се најголеми противници на бугарското обединување. Причините за ваквиот став лежат во појавата на нова држава која со својата големина, политички интереси и економски потенцијал можат да бидат главен српски противник на Балканот.

„Кралот го преокупира мислата дека следниот чекор на Бугарија е можноста да ја освои Македонија и да почне војна против Србија, слична на пруската војна против Австрија во 1866 година. Затоа почнува превентивна војна за да предизвика европска интервенција и да го уништи сонот за Сан Стефано, но и да ги сврти погледите од внатрешните проблеми во својата земја.“[15]

Српско-бугарската војна почнува на 14 ноември 1885 година. Иако доволно неподготвена и со премолчена поддршка на Виена, српската војска влегува на бугарска територија и брзо доживува целосен дебакл. Главната битка се одвива во реонот на Сливница каде што мотивираната бугарска војска извојува победа и тргнува во контранапад продирајќи кон Пирот. Австроунгарија упатува ултиматум до бугарската влада и бара да се прекинат воените дејства со закана дека самата ќе се вмеша во војната. Бугарите, понесени од победата, веќе почнаа да ја сонуваат Голема Бугарија, но се дипломатски известени дека ако напредуваат подалеку од Пирот, ќе се најдат очи во очи со австриските трупи[16]. Бугарскиот врв сфаќа дека нема друг избор. Војната завршува на 27 ноември 1885 година и веднаш почнуваат преговори. Мировниот договор е потпишан на 19 февруари во Букурешт. Границата останува непроменета, Бугарија ѝ го враќа Пирот на Србија и не добива воена компензација[17].

Со крајот на српско-бугарската војна Бугарија добива „авторитетна меѓународна позиција“[18]. Но, иако сите значајни бугарски политички сили изразуваат одушевување од победата во војната, многу брзо ќе настанат жестоки политички конфронтации околу иднината на обединета Бугарија[19].

[14] Попов, *Историја Бугарске*, 250.
[15] Павловић, *Историја Балкана*, 183.
[16] Marriott, J. A. R. *The Eastern question; an historical study in European diplomacy* (4th ed. 1940), 358.
[17] Кънчев, *Българската история в 100 събития*, 145.
[18] Каймакова, *История на България*, 203.
[19] Попов, *Историја Бугарске*, 252.

3. „Обзор - Позор“ и „Србобран“ – погледи и ставови кон обединувањето на Бугарија

Хрватскиот печат покажува интерес за случувањата на Балканот, посебно на територијата на Турција. Многубројните новинарски текстови покажуваат дека хрватското новинарство има интерес за проблемите кои произлегуваат од тешко решливото „источно прашање“[20].

„Позор“ е хрватски политички дневен весник основан во 1860 година во Загреб. Весникот ги собира противниците на виенскиот апсолутизам. Покровител на весникот е бискупот Штросмаер. Се издава секојдневно, освен во неделите. „Позор“ се залага за два основни принципи на Народната партија: се спротивставува на праќањето парламентарни претставници во Царскиот совет во Виена и се залага за обединување на хрватските покраини со Далмација. По забраната во летото 1867 година, продолжува да се издава во Виена под наслов „Нови Позор“, а од 1869 година се издава во Сисак под името „Заточник“. По забраната, накратко се издава во Сисак истата година, под името „Браник“, а од 1 август 1871 година во Загреб под името „Обзор“. Во политичките превирања на Банска Хрватска, „Обзор“ повремено се наклонува кон различни концепти, спротивставувајќи се на унгаризацијата на Хрватска, а по расцепувањето на Народната партија станува гласноговорник на Независната народна партија и претставува опозиција на режимот на Бан Куен-Хедервари. Од 1881 до 1885 година повторно се издава под името „Позор“. На крајот на 19 век е под постојан напад од цензурата: од 1881 до 1895 година многупати е конфискуван, а од 1895 до 1903 година речиси секој втор ден. „Обзор“ успева да се издигне на врвот меѓу најреномираните хрватски весници[21].

[20] Под терминот „Источно прашање“ се подразбираат сите противречности (политички, економски и дипломатски) кои се појавиле во втората половина на XVIII век до Првата светска војна. Источното прашање се однесува на поделбата на територииte на Југоисточна Европа и Блискиот Исток, односно на тамошните османлиски територии. Во потесна смисла на зборот, источното прашање може да се земе како дипломатско прашање кое се однесувало на опстанокот на Османлиската Држава на Балканот и Левентот и нејзиното наследство. (Славчо Ковиловски, „Еуген Кватерник за источното прашање и Македонија“, *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски: зборник на трудови од Меѓународниот научен собир Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*. Скопје: Институт за македонска литература, 2014.)

[21] Obzor. Hrvatska enciklopedija, mrežno izdanje. Leksikografski zavod Miroslav Krleža, 2013. – 2025. <https://www.enciklopedija.hr/clanak/44664> (пристапено на: 17 март 2025).

Во „Обзор - Позор“[22] уште на почетокот на седумдесеттите години[23] се појавува текст во рубриката „Političke viesti“ за осамостојувањето на бугарска црква[24] и текст за источното прашање и за неминовната пропаст на Турција[25]. Во март 1871 година весникот го менува името во „Браник“, но и натаму го задржува интересот за „балканските“ прашање. На своите страници, но сега како „Обзор“ со нова нумерација, го објавува текстот „Bugarski proglas“[26] преземен од белградскиот „Раденик“ во кој Бугарскиот централен комитет го повикува бугарскиот народ да ја поддржи борбата за ослободување, морално, физички, но и финансиски.

Новинарскиот интерес на случувањата во и околу Турција се зголемува во периодот пред и за време на Руско-турската војна. На насловната страница на „Обзор“ се појавува ударниот текст „Što će Rusija sad?“[27] во кој се прави осврт на турската надворешна политика и на нејзините обидите да ги придобие Грците и Романците на своја страна и да ги оттргне од влијанието на Русија. Во текстовите „Kraj koncerencije“[28] и „Ignjatiev naviestio osnovu“[29] се посочува неуспехот на Цариградската конференција и јасно се навестува војната меѓу Русија и Турција. Позицијата на европските сили кон претстојната војна се изнесени во текстот „Neutralnost Europe“[30] во кој исто така се посочува неопходноста на војната со симпатии кон Русија. Претчувствувајќи ја војната во текстот „Bugarska kano ratište“[31] направена е анализа на идните воени дејства кои би требало да се случат на бугарска територија. Под наслов „Ruska objava rata“[32] на насловната страница на весникот целосно е пренесен Манифестот на рускиот цар Александар II со кој Русија ѝ објавува војна на Отоманската Империја.

Во очекување на активните воени дејства на страниците на „Обзор“ се среќаваат неколку политички анализи. На насловната страница се појавува текстот „Sutuacija Srbije“[33] во кој се прави пресек на состојбата во која се наоѓа Србија пред самиот почеток на војната. Паралелата меѓу позициите на Русија кон Бугарија и на Австрија кон Босна е направена во текстот „Austrija i razvoj na iztoku“[34] и е објавена на

[22] Терминот „Обзор - Позор“ е преземен од книгата Josip Horvat, *Povijest novinarstva Hrvatske 1771 - 1939 /*. Zagreb: Stvarnost, 1962. Со ваквото именување авторот сака да ја покаже честата промена на името на весникот поради ударите на државната цензура и честите забрани.
[23] Тогаш насловот на весникот е „Zatočnik“.
[24] Zatočnik, br. 7, 10 siječanj 1871.
[25] Истото, br. 51, 3 ožujak 1871.
[26] Obzor, br. 4, 5 siječanj 1877.
[27] Obzor, br. 4, 5 siječanj 1877.
[28] Истото, br. 15, 19 siječanj 1877.
[29] Истото, br. 18, 23 siječanj 1877.
[30] Истото, br. 43, 22 veljača 1877.
[31] Истото, br. 90, 19 travanj 1877.
[32] Истото, br. 96, 26 travanj 1877.
[33] Истото, br. 119, 25 svibanj 1877.
[34] Истото, br. 121, 28 lipanj 1877.

насловната страница на весникот. Текстот „Bugarska“[35] исто така објавен на насловната страница, претставува своевидна најава за појава на нова држава на Балканот.

По серијата текстови во кои се говори за руското преминување на Дунав и влегувањето на бугарска територија, се пренесува кратката вест објавена во „Tegespresse“ дека „принцот Александар Хасенски е определен за иден кнез на Бугарија“[36].

Во предвечерјето на бугарското обединување и Српско-бугарската војна на насловната страница на, сега, „Позор“, се појавува текстот „Položaj na Balkanu“[37] во кој е анализирана меѓународната положба на српскиот крал Милан Обреновиќ, неговата слаба положба внатре во државата и сè поголемото влијание на противничката династија Караѓоргевиќ. Во рубриката „Iz slovenskih zemalja“ се пренесува ставот на „Novoe vremja“ за нерешеното македонско прашање и дека „односите на Балканскиот полуостров не се поволни за мирен развој на словенските племиња“[38].

Во саботното издание, на насловната страница, се појавува ексклузивната телеграмска вест за обединувањето на Бугарија и во редакцискиот текст кој стои под неа се вели:

„Го поздравуваме и со цело срце му го честитаме на братскиот бугарски народ успехот на неговото обединување. Ова е свечен успех и неоспорен доказ дека ниту една вештачки створена граница не може трајно да раздвојува еден народ и доказ дека вештачките граници се слаб бедем против разбудената свест за народно единство“[39].

Веќе во наредните броеви, на насловната страница во „Najnoviji događjaji u Bugarskoj“[40] упатена е критика на одлуките на Берлинскиот конгрес кои со обединувањето на Бугарија стануваат ништовни. Со ова како да се предвидуваат реакциите на европските дипломати кон одлуката на бугарските политичари. Потоа следува текстот „K događjajem u južnoj Bugarskoj“[41] за улогата на Јужна Румелија во процесот на бугарското обединување.

Карактеристичен е текстот во кој се анализира пишувањето на новосадската „Застава“ за српскато незадоволство од обединувањето на Бугарија и решението на српската влада предводена од Гарашанин да воведе мобилизација[42]. Текстот е критика кон српската политика, која покажува отпор кон создавањето уште една словенска држава на Балканот во која таа гледа политички, но која е воен конкурент.

[35] Истото, br. 131, 9 srpanj 1877.
[36] Истото, br. 140, 20 srpanj 1877.
[37] Pozor, br. 146, 27 lipanj 1885.
[38] Истото, br. 181, 8 kolovoz 1885.
[39] Истото, br. 214, 19 rujan 1885.
[40] Истото, br. 215, 21 rujan 1885.
[41] Истото, br. 216, 22 rujan 1885.
[42] Истото, br.217, 23 listopad 1885.

„Позор“ ги критикува српските аспирации кон Македонија, осврнувајќи се на тезата изнесена во српските гласила дека српските учители се протерувани и на нивно место доаѓаат бугарски. „Македонија не е под власт на Бугарија, туку на Турција и не може Бугарија да ги протера оттаму српските учители кога таму таа нема никаква власт.“[43] Уредништвото на „Позор“ ја пренесува целосно добиената телеграма во која се наведува прогонот и затворањето на Србите во Софија, во Црната џамија, но веднаш под неа констатира дека „во оваа телеграма нема ниту една вистина, туку само тенденциозни лаги и измислици“[44]. Исто така, „Позор“ констатира дека зад вооружувањето на Србија стои Австроунгарија наведувајќи дека „за српската војска пристигнува пратка од 40.000 пушки, наречани во Брно“[45]. Анализата за случувањата на Цариградската конференција и конфузната улога на Русија во српско-бугарскиот конфликт завршува со заклучокот: „На пријателите на балканските народи не треба да им пречи таа нејасност, туку на нив треба да им е жал што на оваа конференција немаат слика за Русија како заштитничка на балканските народи, онаква каква што досега имале“[46]. Целосна објавената „Воена прокламација“ на српскиот крал Милан, донесена на 2 ноември 1885, во Ниш, и текстот на насловната страница едноставно насловен „Rat“ го посочуваат почетокот на Српско-бугарската војна[47].

Кон информациите кои доаѓаат од боиштата „Позор“ го изнесува своите ставови:

„Од боиштата веќе почнаа да доаѓаат вести, како што и се случува во вакви прилики, кои се многу контрадикторни. Со вакви контрадикторни вести преполни се виенските и пештанските весници и тие, иако се службени, сепак треба внимателно да се читаат, па дури потоа да се најде во нив што е вистина, а што лага“[48].

Во рубриката „Dogadjaji iz Balkana“ се пишува за бугарската победа кај Сливница. „Веста дека Бугарите кај Сливница ги победија Србите и ги натераа на повлекување предизвика молк кај српската страна, како и во виенските и пештанските весници. Оваа вест, сепак, е од бугарски извори, но ако се земе предвид досегашната вистинитост на вестите кои доаѓаат од Софија и во кои не се прикриваат и бугарските порази, нема никаква причина да не ѝ се верува. Во тоа нѐ уверува и молкот на белградските весници“[49].

„Позор“ жестоко се спротивставува на нападите на загрепскиот „Србобран“ дека неговата поддршка на бугарската страна е „омраза кон српството“. За „Позор“ тоа е „љубов кон правдината, со желба, на југот словенските народи да можат да го

[43] Истото, br. 248, 29 listopad 1885.
[44] Истото, br. 249, 30 listopad 1885.
[45] Истото, br. 253, 4 studeni 1885.
[46] Истото, br. 258, 10 studeni 1885.
[47] Истото, br. 263, 16 studeni 1885.
[48] Истото, br. 264, 17 studeni 1885.
[49] Истото, br. 266, 19 studeni 1885.

развиваат правото на самоопределување... Ние ја осудуваме политиката на српското кралство, како што ја осудуваат и независните српски весници, како што ја осудуваат сите српски патриоти...“[50]. Бугарската победа кај Сливница официјално е потврдена со пренесувањето странски телеграмски вести[51].

Пресвртот на воена ситуација и повлекувањето на српската војска е прикажан во рубриката „Srbsko-bugarski rat“[52] објавен на насловната страница. Во следните броеви се пренесуваат вести за напредувањето на бугарската војска и за нејзиното продирање на српска територија, кон Пирот, како и за австрискиот притисок кон Софија да ја запре својата воена офанзива[53]. Српското воено повлекување е претставено преку преземениот текст на новосадска „Застава“ во кој се констатира дека „српска војска немала мотив за оваа војна“[54].

Следуваат серија текстови во кои се најавува примирјето, како и ставовите и условите на двете страни за склучување мир. Во очекување на мирот, „Позор“ објавува критика кон политиките на српскиот крал заклучувајќи дека „ако кралот Милан и неговите соработници во своите постапки не ја гледаат бездната кон која ја водат Србија, тогаш тоа треба да го види српскиот народ и да им ги отвори очите“[55].

Интересен е текстот кој е преземен од новосадскиот „Branik“. Текстот е насловен како „K razjašnjenju hrvatsko-srbskih odnošaja“[56] и е потпишан со „Jedan Hrvat“. Во текстот е анализиран односот на хрватската јавност и на српската јавност кон војната. Авторот ја објаснува заднината на хрватската поддршка кон бугарското обединување и одушевување кон бугарската воена победа. Она што е значајно е јасниот став дека главната причина за војната е унгарското мешање и нејзината „игра“ да ги вовлече во братоубиствена војна словенските народи, а со тоа да ја зголеми сопствената моќ и влијание врз нив.

Бурната 1885 година, „Позор“ ја завршува со текстот „Iztok, Rusija i Slavenstvo“[57] во кој се анализира комплексната политика на Русија, во последните 20 години, кон балканските народи.

Весникот „Србобран“, кој ја претставува програмата на Српската независна партија, е најчитаниот српски весник во Банска Хрватска. Со него, оваа партија ја шири својата идеологија, чија основа е стремежот за обединување на „сите српски земји“[58]. Весникот почнува да се издава во Загреб во 1884 година, а прв уредник

[50] Истото, br. 267, 20 studeni 1885.
[51] Истото, br. 268, 21 studeni 1885.
[52] Истото, br. 271, 25 studeni 1885.
[53] Истото, br. 275, 30 studeni 1885.
[54] Истото, br. 276, 1 prosinac 1885.
[55] Истото, br. 284, 11 prosinac 1885.
[56] Истото, br. 288, 16 prosinac 1885.
[57] Истото, br. 298, 29 prosinac 1885.
[58] Mato Artuković, „Prema korijenu srpsko-hrvatskog sukoba“, *Hrvati i manjine u Hrvatskoj : moderni iden-*

е Павле Јовановиќ. Печатен на кирилица, на почетокот излегува два-три пати неделно, а од 1900 година секој ден. Престанува да се издава во септември 1902 година, по немирите што избувнуваат во Загреб поради антихрватската статија на Никола Стојановиќ „Срби и Хрвати“. Од 30 декември 1902 година, се издава под името „Нови Србобран“, а од 1907 година до крајот на издавањето во 1914 година, повторно како „Србобран“. Од крајот на 1902 година, го уредува Јован Бањанин, а политичкиот правец го дава Светозар Прибиќевиќ[59].

И на страниците на весникот „Србобран“[60] настаните поврзани со бугарското обединување и со Српско-бугарската војна од 1885 година заземаат голем простор.

Предвидувајќи ги настаните кои ќе следуваат, на насловната страница на „Србобран“ се појавува текстот „Војена снага Србије, Црне Горе и Бугарске“ во три продолженија. Во текстот се анализираат воени сили, ресурси и потенцијали на трите балкански држави, иако во тој момент Бугарија не е обединета. Се констатира дека воениот бугарски потенцијал заостанува зад потенцијалот на Србија, посочувајќи го военото искуство кое кај Бугарите и ограничено само на учеството на доброволните чети[61].

Во текстот „Вечнаја памјат – Берлинском уговору“ се вели:

„Соединувањето на Источна Румелија со Бугарија е завршен чин кој не може да се промени, без разлика на пишувањето на пештанските весници кои се покажуваат како поголеми Турци од самиот султан во Стамбол. Сиот останат европски печат, вклучувајќи го и виенскиот, иако го прекорува кнезот Александар за неговата дрскост и неверство, сепак мисли дека ќе се признае конечниот чин и ја советува Турција добро да размисли пред да реши со оружје да го брани Берлинскиот договор“[62].

Во „Положај на Балкану“ изразена е загриженоста за новонастанатата ситуација и дека „обидинувањето на бугарските земји е конечно и тоа не може да се промени, а тој факт има сериозни последици за судбината на српскиот народ“. Во натамошната анализа се заклучува „од една страна, со обединувањето се нарушуваат силите на Балканот, а од друга, се отвора пат Австроунгарија да посегне кон Стара Србија и да тргне кон Солун, со што Србија би се нашла во опасност и би се задушила самата во себе“[63].

titeti : četvrti hrvatski simpozij o nastavi povijesti. Zagreb: Agencija za odgoj i obrazovanje, 2014, 73-97.

[59] Srbobran. Hrvatska enciklopedija, mrežno izdanje. Leksikografski zavod Miroslav Krleža, 2013. – 2025.. https://www.enciklopedija.hr/clanak/57568 (пристапено на: 18 март 2025).

[60] „Србобран“ излегува во Загреб во периодот од 1884 до 1914 година. Од 1902 до 1907 година излегува под името „Нови Србобран“.

[61] Србобран, бр. 50-52, 1885.

[62] Истото, бр. 105, 1885.

[63] Истото, бр. 111, 1885.

Во серијата текстови насловени како „Покрет на Балкану“[64] се бара оправдување за неопходноста на воено дејствување на Србија кон Бугарија, при што хиперболично се претставува подготвеноста на српската војска за воена интервенција врз бугарската територија. Во еден од текстовите стои дека „Србија ќе влезе во Бугарија и ќе се брани од Турција ако биде нападната“. Во следниот текст „Зошто баш Бугарима?“[65] се анализира позицијата на обединета Бугарија кон реалниот опстанок на српската држава на Балканот при што се изнесува критика кон руската политика и непостоечката заштита на српските интереси.

За бугарската политика кон Стара Србија и Македонија „Србобран“ во текстот на насловната страница „Пуши се крв на Балкану!“ го изнесува следниот став:

„Ја искористија приликата и својот шовинизам го крунисаа со бугаризација на Стара Србија и северна Македонија кои се српски земји и во кои живеат Срби. Не штедеа средства да отворат бугарски училишта, семинари и ‘бугарски’ општини таму каде што нема Бугари... [66]“

Исто така, на насловната страница на „Србобран“ е опишано продирањето на српската војска кон Софија, а и осудени се изнесените ставови на „Позор“ за поддршка кон бугарската страна во конфликтот. Во текстот се заклучува дека „’Позор’ и ‘Слобода’ го заменуваат перото со стрела, а мастилото со отров за да ги бодат српските срца и да ги залечат бугарските“[67]. Во „Срби код Сливнице“[68] изнесен е ставот дека српската војска кај Сливница не е победена, туку дека цврсто ги држи своите позиции и ги притиска бугарските сили кон Софија. „Таква е денес ситуацијата, а ние се надеваме дека за 48 часа српските војски ќе одмораат во Софија.“

Отвореният новинарски конфликт со „Позор“ се гледа во текстот „Лажни апостоли славенства и братства“[69]. Во текстот е искажан ставот дека српско-бугарскиот воен судир создава жесток хрватско-српски спор околу поддршката на завојуваните страни. „Србобран“ директно го напаѓа „Позор“ за отворена омраза кон српството, алегорично посочувајќи дека „во вашата (хрватска) братска прегратка коските (ни) се кршат.“ Пресметката со „Позор“ продолжува и во текстот „Је ли то братство?“[70].

Не споменувајќи го српскиот пораз кај Сливница, „Србобран“ го објавува текстот со краток наслов „Примирје“[71]. Во него се констатира улогата на Австроунгарија во војната и нејзиното влијание во стопирањето на бугарското

[64] Истото, бр. 117-118, 1885.
[65] Истото, бр. 122, 1885.
[66] Истото, бр. 128, 1885.
[67] Истото, бр. 129, 1885.
[68] Истото, бр. 130, 1885.
[69] Истото, бр. 131, 1885.
[70] Истото, бр. 133, 1885.
[71] Истото, бр. 135, 1885.

навлегување на српска територија. Исто така, повторно се констатира дека сите точки од Берлинскиот договор се целосно прекршени.

Во текстот „Узроци српско-бугарског рата“[72] кој според објаснувањето е писмо „добиено од Ниш, од една доброинформирана личност“, изнесен е обид да се пронајдат причините за војната меѓу Србија и Бугарија, но во него прикриено се бара оправдување на српскиот пораз во војната. Сепак, во „О узроцима неуспеха“[73] пренесена е изјавата на српскиот крал Милан за неуспехот во битката кај Сливница во која српскиот монарх одговорноста за поразот ја презема врз себе. Тој вели: „Ние направивме многу големи грешки. Всушност, јас сам ги направив и ја прифаќам одговорноста за нив пред историјата“.

Некако со олеснување „Србобран“ ја објавува веста за Српско-бугарското примирје констатирајќи дека меѓународната воена комисија им наложува на завојуваните страни да го остават оружјето и до март следната година да склучат мировен договор[74].

4. Заклучок

Нема сомнение дека интересот на хрватските весници и списанија за настаните на Балканот во 1870-тите и 1880-тите е голем. Причината за ова лежи во историското значење на овие настани и фактот дека тие го привлекуваат вниманието на хрватската културна и политичка јавност. Овие настани, исто така, силно влијаеле врз општествените, политичките и културните ставови на најважните хрватски новинари од тој период, без оглед на нивната политичка припадност. Хрватското новинарство, кое има своја богата традиција, е свесно дека хрватската јавност мора да создаде одреден однос кон нив, бидејќи иако Хрватска постои во рамките на австроунгарската држава, таа има силни врски и со другите балкански народи кои во тоа време се или под власта на Турција или се борат за свое национално ослободување и создавање свои држави.

Обединувањето на Бугарија е настан што предизвикува многубројни превирања на Балканот. Руско-турската војна, Санстефанскиот мир, Берлинскиот конгрес, Пловдивскиот преврат, Српско-бугарската војна се настани околу кои се кршат дипломатските копја на големите европски сили. Во овие дипломатски „шаховски“ игри, малите нации обично се само пиони, но понекогаш дури и обичен пион може да биде клучен фактор за победа. Новинарството често зазема позиција на „шаховски“ коментатор и, земајќи ги предвид околностите, но и сопствените национални интереси, ја избира страната што ја фаворизира.

[72] Истото, бр. 139, 1885.
[73] Истото, бр. 141, 1885.
[74] Истото, бр. 144, 1885.

Токму оваа позиција ја заземаат „Обзор - Позор“ и „Србобран“. Ставовите и позициите на овие весници за идентични политички прашања честопати се спротивставени. За „Обзор - Позор“, главните извори на нерешени прашања во хрватското национално ткиво лежат во матните игри на моќните политички кругови во Виена и Пешта. „Србобран“ ја гледа и идеализира сè уште недоволно формираната и слаба српска држава како моќна мајка што ќе ги привлече и реши сите проблеми на Србите и на српската национална стратегија и политика. Со вакви ставови, конфликтите меѓу весниците се неизбежни, а двата се постојано нападнати од државната цензура и се принудени да повлекуваат броеви, да менуваат редакции, да менуваат места на објавување, па дури и да менуваат имиња.

Обединувањето на Бугарија ја отвора врата за конфликт меѓу „Обзор - Позор“ и „Србобран“. Првиот, на таквиот бугарски чин гледа со нескриена симпатија и ѝ дава целосна поддршка на новата балканска држава. Има малку романтичен призвук во тоа како да се посакува скриениот хрватски национален сон преку бугарскиот пример. Вториот, ја гледа бугарската држава како сериозен противник на матичната држава Србија.

Неоспорно е дека ова позиционирање на хрватскиот и српскиот национален фактор во заедничка држава вешто го искористуваат некои моќни дипломатски кругови за свои потреби. Ова ќе се види јасно во Хрватска во годините што доаѓаат, за време на владеењето на банот Куен-Хедарвари.

Хрватските и српските ставови за прашањето за сопствена национална држава, во австроунгарски контекст и низ призмата на новинарството, укажуваат на неколку нерешливи проблеми. Од една страна, ја имаме идејата за „Голема Србија“ на веќе постојната српска држава, а од друга страна, сè поизразената аспирација на хрватскиот народ да создаде своја национална држава. Ако новинарството е, метафорично кажано, „коментатор“ на геополитичка шаховска игра, тогаш овој новинарски конфликт произлегува од две различни разбирања на националната држава.

Користена литература

Каймакова, Милияна et al., *История на България*. София: Стандарт, 2005.

Кънчев, Иван et al., *Българската история в 100 събития*. София: БГ Учебник Прес, 2015.

Ковиловски, Славчо, „Еуген Кватерник за источното прашање и Македонија“, *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски: зборник на трудови од Меѓународниот научен собир Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*. Скопје: Институт за македонска литература, (2014), 229-236.

Павловић, Стефан. К., *Историја Балкана*. Београд: Clio, 2001.

Попов, Димитар et al., *Историја Бугарске*. Београд: Clio, 2008.

Србобран. (1884 − 1885).

Artuković, Mato, „Prema korijenu srpsko-hrvatskog sukoba“, *Hrvati i manjine u Hrvatskoj: moderni identiteti: četvrti hrvatski simpozij o nastavi povijesti*. Zagreb: Agencija za odgoj i obrazovanje, (2024), 73-97.

Horvat, Josip, *Povijest novinarstva Hrvatske 1771 − 1939*. Zagreb: Stvarnost, 1962.

Marriott, J. A. R., *The Eastern question: an historical study in European diplomacy*. 4th ed. Oxford: Clarendon Press, 1940.

Obzor-Pozor. (1871, 1877 − 1878, 1885).

УДК: 28-732.3:830.25(497.7)“1930/1941“

Ирфете Ибраими[1]

УЛЕМА МЕЏЛИС - ВЕРСКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН ОРГАН НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА ПРОСЛЕДЕН ПРЕКУ АНАЛИЗА НА ФОНДОТ „УЛЕМА МЕЏЛИС ВО СКОПЈЕ 1930 – 1941“ ВО ДРЖАВЕН АРХИВ

Abstract: The Ulema Majlisi (Council of Ulema) is a key religious and advisory body within Islamic communities, composed of Islamic scholars (ulema) who possess knowledge in religious and legal matters. The main role of this council is to interpret the Islamic legal tradition (sharia), issue fatwas, provide advice on issues of a religious, ethical, and social nature, as well as oversee religious life in the community. Its complete organized role and influence in the religious life of the Muslim community in the period between the two world wars is best illustrated by the State Archives of Macedonia collection No. 613. ”Ulema Majlis Skopje 1930 – 1941”[2], which is the purpose of this article, as the sole source about the organized administrative and legal character of this religious institution in the period between the two world wars and the Kingdom of Yugoslavia.

Key words: Ulema, majlisi, waqf, religious, Islamic, mearif, fatwas, community.

Улема меџлисот претставува еден од најзначајните институционални облици на исламското верско организирање во рамките на Исламска верска заедница. Како советодавен, административен и религиско-правен орган составен од високообразовани исламски учители – улема, неговата улога се протега подалеку од обичното верско функционирање. Улема меџлис ја има задачата да ги толкува шеријатските

[1] М-р, раководител на Одделение за преводи и лекторирање во ДАРСМ,
е-адреса: irfete.ibraimi@arhiv.gov.mk.

[2] ДАРСМ, Фонд, Улема меџлис Скопје 1930-1941, Фонд бр. 613. 103 кутии.

прописи, да издава верски мислења (фетви[3]), да управува со верските образовни институции и да го надгледува верскиот живот во муслиманската заедница.

Историјата на оваа институција е тесно поврзана со пошироките политички и општествени промени на Балканот, особено во текот на 20 век, од распадот на Османлиската Империја, кои пак директно се одразуваат врз улогата, структурата и дејствувањето на Улема меџлисот.

Периодот меѓу двете светски војни за Улема меџлисот е доста битен, затоа што во рамките на Кралството Југославија тој почнува правно да се оформува во нагорна линија и да ги поставува темелите како вистинска институција на муслиманската заедница која ќе се прошири не само во верскиот живот, туку многу масовно и во образовниот процес, во промените на верската традиција и културниот континуитет на исламската заедница воопшто.

Во овој период Улема меџлисот ќе помине низ три периоди. Првиот е од 1918 г. до Шестојануарската диктатура[4] во 1929 г., каде што Исламската заедница ја задржува положбата и организацијата која ја имала пред Кралството на СХС. Вториот период е од 1929 до 1935 г. кога Исламската верска заедница (ИВЗ) функционира како организација под строга контрола на власта. И трет период е по 1935 година кога се случуваат одредени промени во Уставот на ИВЗ и враќање на нејзиното седиште од Белград во Сараево.

Верското обединување на муслиманите во Кралството на Југославија се случува во 1930 г. кога бил донесен Законот и Уставот на Исламска верска заедница. Исламската верска заедница се управува според прописите на шеријатот[5], прописите на Законот на ИВЗ на Кралството на Југославија и одредбите на Уставот на ИВЗ[6].

---

[3] Фетва – Правна одлука или мислење издадено од исламски научник или религиозен авторитет – муфтија – како одговор на специфично религиозно или правно прашање. Целата исламска терминологија во трудот е протолкувана и појаснета според моите лични сознанија и Islamska Enciklopedija, Ebu Muhamed es Serid, Sarajevo, 2006. https://www.scribd.com/document/364928000/bs-Islamska-enciklopedija-religija-mezheba-i-savremenih-pokreta-i-partija-pdf

[4] Шестојануарската диктатура – периодот на апсолутистичко владеење на кралот Александар Караѓорѓевиќ во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кој траел од 6 јануари 1929 до 3 септември 1931 година. (https://mk.wikipedia.org/wiki)

[5] Шеријат – Правен систем на исламот кој потекнува од светата книга Куранот. Шеријатот вклучува одредби за основните верувања и религиозните практики, како што се молитвените ритуали, правила за облекување и исхрана, како и законодавство. Вклучува и аспекти на верската етика и толкување на нормите. Тој претставува компилација на правни мислења (фетви) и правни школи (мазхаби), како што се Ханифи, Малики, Шафи и Ханбали, кои нудат различни толкувања на текстовите.

[6] Во 1920 г. бил донесен привремениот закон на Исламската верска заедница во Белград со цел да ја регулира организацијата и функционирањето на муслиманската верска институција во новоформираното Кралство СХС. Овој закон бил дел од напорите на државата да ја централизира и унифицира верската организација на територијата на целото Кралство. Со донесувањето на овој закон, се воспоставени шеријатски судии во вардарскиот дел на Македонија како посебни одделенија, надвор од муфтиствата. Целта на оваа мерка била да се изедначи судската организација на целата

Исламската верска заедница имала свои органи, како: Џематски меџлис[7] на чело со џематски имам; Околиско вакафско-меарифско поверенство[8] на чело со шеријатски судија; Вакафско-меарифски совет во Сараево и Скопје, со свои управни одбори; Муфтиства на чело со муфтии; Улема меџлисот во Сараево и Скопје и Врховно верско старешинство во Белград на чело со реис-ул-улема.

ИВЗ ја претставувале и: Врховното верско старешинство со реис-ул-улема, Улема меџлисот, муфтијата и Шеријатскиот суд, Вакафско-меарифски совет со своите управни одбори; Околиско вакафско-меарифско поверенство со подрачните мутевелии и Џематски меџлис.

Врховни законодавни и надзорни органи за целокупната вакафско-меарифска и друга имотна управа на ИВЗ се Вакафско-меарифски совет во Сараево, за територијата на бањалучкото, тузланското, сараевското и мостарското муфтиство, и во Скопје за територијата на скопското, битолското, призренското, новопазарското и плеваљското муфтиство. Членовите на Вакафско-меарифскиот совет се сите членови на Улема меџлисот, сите муфтии и сите врховни шеријатски судии, како и петнаесет члена кои се именувани од Министерството за правда врз основа на двојниот предлог на Управниот одбор на стариот вакафско-меарифски совет.

Муфтиите се избирале врз основа на Законот за избор на реис-ул-улема. Нивни седишта биле: Бања Лука, Тузла, Сараево, Мостар, Плевле, Нови Пазар, Призрен, Битола (за територијата на Битолска, Крушевска, Дебарска, Струшка, Охридска, Преспанска, Кичевска, Прилепска, Поречка, Дојранско-гевгелиска, Кавадаречка, Неготинско-вардарска и Мариовска Околија) и Скопје (за територијата на околиите на вардарска бановина што не му припаѓаат на муфтиството во Призрен и Битола, за територијата Моравска и Дунавска бановина и Управата на градот Белград). Муфтиствата биле поделени на околии, а околиите на џемати.

Улема меџлис како институција имал две седишта во Сараево и во Скопје. Нивната територијална надлежност се поклопува со територијална надлежност на Вакафско-меарифскиот совет во Сараево и Скопје. Претседателот на Улема меџлисот се избирал на три години.

територија на државата, што подразбира и интеграција на муслиманските верски институции во новиот правен систем. Сепак, во пракса, Уставот не функционирал како што било замислено, а, некои одредби, особено во судството, не биле почитувани, што довело до разединетост во судската организација. Овој период бил значаен за муслиманското население во Македонија, бидејќи со шеријатското право преку посебни шеријатски судови се решавале семејните, брачните и вакафските прашања кои влијаеле пак на зачувување на верските и културните традиции на муслиманската заедница во новата државна структура.

[7] Според Уставот на ИВЗ од 1930 г., сите муслимани од едно или повеќе соседни места во кои има најмногу 300 исламски куќи сочинуваат вакафско-меарифски џемат.

[8] Околиско вакафско-меарифско поверенство е орган одговорен за верско-просветна и вакафско-имотната улога на ИВЗ. Претседател на Околиско вакафско-меарифско поверенство е шеријатски судија одреден од Министерот за правда, а преостанатите членови ги поставува Управниот одбор на Вакафско-меарифскиот совет.

Улема меџлисот бил должен да управува и да го надгледува целокупниот исламско-верски, општествен и културен живот; да учествува во одлуките за изградба на џамии и други верски објекти, мектеби, воспитни и хуманитарни заводи со Вакафско-меарифскиот совет; да настојува познавањето на исламската наука да се прошири меѓу муслиманите; во школите и заводите да внимава да се почитуваат правилата на исламот; да врши надзор врз работата на верските училишта; да ги именува верските учители во сите исламски школи на своето подрачје; да спроведува дисциплинска власт врз сите верски службеници итн.

Реис-ул-улема поставува секретар на Улема меџлисот по предлог на меџлисот, додека другиот персонал го поставува Улема меџлис.

Улема меџлисот бил одговорен и за поставувањето џематски имам за секој џемат[9], привремени или постојани. За привремен џематски имам се поставува лице кое завршило шеријатско судско или теолошко образование, а за постојан џематски имам се поставувал привремениот џематски имам кој положил практичен испит во рок од пет години. Џематскиот имам ги вршел сите верски должности во главната џамија на својот џемат; предавал веронаука во мектебите и верските автономни школи; ја водел матицата на родени, умрени и венчани муслимани; се грижел заедно со џематскиот меџлис и Околиското вакафско-меарифско поверенство за редот и хигиената во џамиите, мектебите, верските установи и на гробиштата; се грижел за ширење на верските и моралните книги итн.

Во вршењето на своите должности џематскиот имам бил под непосреден надзор на главниот имам[10] и под врховен надзор и управа на својот Улема меџлис. На секој главен имам, Улема меџлисот му го одредувал подрачјето од повеќе џемати врз кои ќе вршел надзор.

Сепак глобалната слика за функционирањето и надлежностите на Улема меџлисот во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, односно во рамките на Кралството СХС/Кралството Југославија се добива со зачуваниот фонд бр. 613 „Улема меџлис“ во Државниот архив.

Во евиденциите на архивските фондови во Централен дел на Државниот архив нема забележано кога е примен и од каде е примен фондот, односно не постои записник со опис и попис на применият архивски материјал. Фондот е обработен во 2021 година, и е достапен за користење.

[9] Зборот „џемат“ е арапски збор – значи група, но ако внимателно го анализираме зборот џемат од арапскиот јазик, тоа значи не сами физичко, туку и духовно единство. Џемат е група на луѓе кои редовно се молат во џамија. Колку е поголем џематот, толку подобро, бидејќи молитвата во џамија со џемат има поголемо значење или поголем себап.

[10] Главниот имам бил должен еднаш во годината задолжително да ги посети сите џамии и верски установи; ја контролирал работата и наставата во мектебите; ја претставувал Исламската верска заедница на свечености; настојувал да се шири исламската наука меѓу муслиманите; поднесува извештај за својата работа до Улема меџлисот и ја имал дисциплинската власт врз имамите и другите верски службеници.

Фондот со гранични години 1836 − 1965 година е сместен во 103 архивски кутии, со 8.107 архивски единици и 65.989 листови. Целокупната архивска документација е пишувана на османско-турски и српско-хрватски јазик. Целокупната документација е во оригинална форма.

Зачуваната архивска документација е извор за научно-истражувачка работа во областа на историјата, религијата, правото и социологијата, но и значаен историски и научен ресурс за проучување на развојот на исламските верски институции на Балканот. Документите содржани во овој фонд овозможуваат детална реконструкција на организациските структури, верската практика, односот меѓу исламските институции и државните власти, како и развојот на меарифскиот систем во различни историски контекст. За истражувачите, историчарите и теолозите, овој фонд претставува основа за продлабочени анализи на улогата на исламските учења и улемата во обликувањето на општествениот и културниот развој во Македонија и пошироко на Балканот. Неговата вредност се зголемува и поради фактот што содржи документи од клучни периоди на трансформации, што го прави исклучително значаен за изучување на континуитетот и промените во верските институции.

Врз основа на аналитичка анализа фондот може да се каже дека содржи: записници од состаноци, службена кореспонденција со државни органи, акти за назначување и разрешување имами и муфтии, верски едукативни програми, статути, правилници, известувања, молби, жалби и телеграми од реис-ул-улема[11] во Сараево и од Министерство за вера во Белград, извештаи за работење на медресите и вакафската управа, матични книги на родени, умрени и венчани, статистичките податоци и прегледи за населението, статистички податоци за џемати и за конкубинатот[12], статистички податоци за верските објекти како џамии, текии, медреси, мектеби, сибјан-мектеби[13], статистичките податоци за образовните објекти, основни и средни училишта, за верските службеници: имами[14], имам-матичар, мудериси[15], вероучители, муезини[16] и други во вардарскиот дел на Македонија 1918 - 1941 г., со што се навлегува меѓу промените во верското водење, образованието и улогата на исламските институции во време на социјални и политички трансформации за време

[11] Реис-ул-улема – титула со која се означува врховниот старешина (поглавар) на Исламска верска заедница.

[12] Конкубинат – вонбрачна заедница, законски неформализиран брак.

[13] Сибјан-мактеби - основни верски училишта, организирани за машки цели, за женски деца или како мешани училишта. Познатиот патописец Евлија Челебија, кој патувал низ Босна од 1659 до 1663 година, истакна: Обично е во секоја џамија да има мектеб“ H.Sabanovic, Evlija Celebi, Odlomci o jugoslovenskim zemljama, Sarajevo, 1967, користена во пдф-формат: https://www.scribd.com/document/385094434/Evlija-%C4%86elebija-Putopis-1664-pdf

[14] Имам – титула на големите исламски научници. Муслимански свештеник што го предводи групното клањање за време на молитвите во џамиите.

[15] Мудерис – е исламски професор, учител, а тоа е особено се однесува на оние во медреса или на теолошки факултет.

[16] Муезин – исламски извикувач кој од минарето ги повикува верниците на молитва.

на Кралството Југославија. За вршење на својата должност верските службеници биле подложни на посебни дозволи (ехлијетнаме)[17].

По самата обработка пак на фондот, архивската документација во самите кутии е со следната содржина:

Кутија 1 содржи закони и уредби за Исламската верска заедница (ИВЗ), укази и заклетви за именувања членови на Улема меџлис, правилници за работа на ИВЗ, наредби[18], деловодници, статути, уредби[19], правилници[20], официјални документи за издавање и одземање мурасела[21] на шеријатските судии, наставни програми за периодот 1920 – 1940 г., упатства и анализа за иселување на Албанци и Турци од Македонија во 1983 г. Се издвојува документот под наслов „Службена прагматика“ од 1932 година, кој пак се однесува на внатрешната регулатива и организација на Исламската верска заедница во рамките на Вакафски-меарифскиот совет во Скопје – тело кое управувало со вакафите (верски имоти и добротворни фондови) и муслиманското верско образование. Во 1930-тите, Исламската верска заедница во Кралството Југославија била централизирана и контролирана преку Ријасетот во Сараево, но секоја поголема покраина имала свои регионални тела, како што бил Вакафско-меарифскиот совет во Скопје. Државата имала законски механизми за надзор над верските заедници, вклучително и преку одобрување на нивните службени правилници (прагматики). Донесувањето на оваа Прагматика во 1932 г. било дел од пошироките напори за институционализација, модернизација и административно уредување на верскиот живот на муслиманите.

[17] Ехлијетнаме – означува официјален документ што потврдува способност, стручност или дозвола за извршување одредена функција, најчесто во верски, правен или образовен контекст. Во исламската верска традиција, ехлијетнаме е исто така и сертификат или потврда за стручна компетентност за: имам, мудерис (учител во медреса), кадија (шеријатски судија), муалим (наставник по исламска веронаука). Практично тоа е документ што потврдува дека лицето е духовно и морално подобно, образовано и овластено да врши одредени религиозни должности.

[18] ДАРСМ, фонд 613 „Улема меџлис“, 1.613.1.12/107-120. Пример: Наредба за отворање и затворање на трговски и занаетчиски дуќани и за работното време во 1936 година во Белград.

[19] Исто, 1.613.1.12/254-274. Пример: Уредба за рангот на стручните училишта во односно на средните училишта и факултетите и наставна програма за исламот.

[20] Исто, 1.613.1.45/971-976. Меѓу правилниците се издвојуваат: Правилник за формирањето на Гази-исабегова централна реформска медреса во Скопје, Правилник за интернатот и за наставниот план за 1936 г., Правилник за полагање стручен испит на верски службеници на подрачјето на Улема меџлис во Скопје во 1935 г. нормативен акт кој го регулирал процесот на сертификација на имамите во тогашната Кралство Југославија. Овој правилник бил дел од напорите на државата да го уреди и контролира исламското верско образование и практикување, особено во контекст на мултиконфесионалната структура на државата. Според овој Правилник сите кандидати кои аплицираат задолжително треба да полагаат две предметни групи: веронаучни предмети како учење на Куран и тецвид, Исламско верување, Ибадат - фарзови и сунета, абдест и гусла; Мухаремат и Шурут и административни предмети како основна писменост, темелно познавање на уредбата на основни административни постапки и Законски кривични прописи.

[21] Мурасела е официјален документ на Исламската заедница со кој реис-ул-улема пренесува дел од овластувањата за извршување на должностите на имами, хатиби и муалими, потврдувајќи ја легитимноста и довербата во извршувањето на овие должности.

Кутија 2 содржи извештаи за работата на Улема меџлис во годините 1938 – 1940 г; извештаи за работата на Вакафско-меарифскиот собор и неговите тела во годините 1932 – 1940 г.; Списоци на членови на Вакафско-меарифскиот собор и совет.

Кутија 3 содржи декрети и преписка за назначување избирачки одбор; преписка за трошоците за изборите од 30.5.1937 г.; извештаи и записници од работата на избирачките одбори 1937 – 1940 г.

Кутија 4 содржи списоци на џемати по градови[22]; податоци за џематски имами; разни прегледи за назначени и разрешени и унапредени имами; пописи на основни, средни, народни и стручни училишта за периодот 1937 – 1940 г.[23], статистички прегледи[24] и сл.

Кутија 5 содржи преглед на верски установи и службеници; податоци за мектеби; попис на мектеби; списоци на сибјан мектеби; списоци за маулими за периодот 1936 – 1940 г.

Кутија 6 содржи статистички податоци за бројот на родени, венчани и умрени во Кумановско, Скопје и Скопско и Штипско за периодот 1931 – 1939 г.

Од кутија 7 до кутија 12 распоредени се матичните книги на родени, венчани и умрени за џематите во Битола и Битолско, Велешко, Галичко, Гостивар и Гостиварско, Дебар, Кавадаречко и Неготинско, Кичево и Кичевско, Кочани и Кочанско, Куманово и Кумановско, Охрид, Прилеп и Прилепско, Радовиш и Радовишко, Струга и Струшко за периодот 1931 – 1941 г. Водењето на матичните книги за муслиманското население во подлегнувале на Уредбата објавена во 1928 г. од страна на Кралството СХС. Уредбата им давала на шеријатските судови овластување да водат матични книги за родени и умрени муслимани, како и да ги регистрираат склучените бракови. Овие книги имале статус на јавни исправи.

Кутија 13 содржи преписки во врска со матични книги на родени, венчани и умрени од 1931 – 1940 г.

Кутија 14, 15 и 16 содржат годишни статистички извештаи од џематите во: Битола и Битолско, Валандовско, Велес и Велешко, Галичко, Гостивар и Гостиварско, Дебар и Дебарско, Кавадарци и Кавадаречко, Кичево и Кичевско, Куманово и Кумановско, Охрид, Прилеп и Прилепско, Радовиш и Радовишко, Ресен и Ресенско, Скопје и Скопско, Струга и Струшко, Струмица и Струмичко, Тетово и Тетовско, Штип и Штипско за периодот 1936 – 1941 г.

Кутија 17, 18 и 19 содржат статистички извештаи за конкубинатот од 1930 – 1941 г. во: Битола и Битолско, Берово и Беровско, Галичко, Гостивар и Гостиварско, Дебар и Дебарско, Делчево и Делчевско, Кавадарци и Неготино, Кичево и Кичевско, Кочани и Кочанско, Куманово и Кумановско, Охрид, Прилеп и Прилепско, Радовиш и Радовишко, Ресен и Ресенско, Скопје и Скопско, Струга и Струшко, Тетово и Тетовско и Штип и Штипско.

---

[22] ДАРСМ, фонд 613 „Улема меџлис“, 1.613.1.4.4-21/108-298. Списоци на џемати и џематски имами по градови за 1930, 1931, 1933, 1939 и 1940 г.

[23] Исто, 1.613.4.53/790-793. Збирни податоци за основни, средни, народни и стручни училишта за 1934, 1938/1939 и 1939/1940 г. во Скопје.

[24] Исто, 1.613.4.1/1-17. Статистички преглед на верските институции (муслимански) и верските лица во Кралството Југославија во 1936 г.

Кутија 20 содржи податоци за основни училишта во вардарскиот дел од Македонија по градови: Битола и Битолско, Валандово, Велес и Велешко, Галичко, Гостивар и Гостиварско, Дебар и Дебарско, Кавадарци и Кавадаречко, Кичево и Кичевско, Кочани и Кочанско, Куманово и Кумановско, Охрид, Прилеп и Прилепско, Радовиш и Радовишко, Ресен и Ресенско, Скопје и Скопско, Струга и Струшко, Струмица и Струмичко, Тетово и Тетовско и Штип и Штипско за периодот 1939 – 1940 г.

Кутија 21 и 22 содржат извештаи и оцена за работата на вероучителите и муалимите во сибијан мектебите во вардарскиот дел од Македонија по градови од 1939 до 1940 г.

Кутија 23 содржи податоци за сите џемати во вардарскиот дел од Македонија по градови од периодот од 1929 до 1940 г.

Кутија 24 и 25 содржи документи од муслимански добротворни друштва во вардарскиот дел од Македонија по градови и преписки во врска со друштвата за годините 1933 – 1940 г.[25]

Кутија 26 содржи доверливи и строго доверливи преписки на Улема меџлис со разни институции за периодот 1933 – 1940 година.

Кутиите од 27 до 37 содржат декрети и реферати за назначување имами, имами-матичари, сибјан-муалими, муезини и хатиби[26] и архивари во: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Охрид, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Струмица, Струга, Скопје, Тетово и Штип, но и одлуки во врска со отворање сибјан-макетеби во сите гореспоменати градови од 1931 до 1940 г.

Кутија 38, 39, 40, 41 и 42 содржат службенички листови за назначување: муфтија, мутевелиии, муалими, сибјан-муалими, имам-матичари, муезини, мудериси, кајуми, раководители, вероучители, библиотекари, наставници, шеријатски судски правници, служители, секретари, хонорарни работници, писар, волонтер, деловодител, благајник како и технички персонал во верски муслимански институции претежно во џамиите, и тоа во градовите: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Охрид, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Скопје, Тетово и Штип од 1926 до 1941 г.

Кутија 43 содржи одлуки, молби, одобрувања[27], пописи и прегледи, преписки, известувања, извештаи, инспекциски извештаи, решенија, дозволи, расписи, барања, планови и проекти, списоци, писма, согласност, одговори, објаснување, реферати, заклучоци, извадоци, статистички прегледи, од и до Улема меџлис во врска со џамиите во градовите: Битола, Гостивар, Дебар, Кочани, Кавадарци, Кичево, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип за периодот од 1931 до 1941 година.

---

[25] Исто, 1.613.24.7/27-47. Преписки и извештаи околу работата на добротворните муслимански друштва, како: „Хамијет“ во Битола за 1941 г., „Шефкет“ во Гостивар за 1937 − 1940 г., „Рахмет“ во Кавадарци за 1933 − 1935 г., „Мерхамет“ во Скопје, Куманово, Охрид и Прилеп за 1935 − 1941 година, „Јардум“ во Радовиш за 1933 − 1940 г. и др.

[26] Хатиб - е лице кое ја врши хутбата за време на петочните и празничните молитви.

[27] ДАРСМ, фонд 613 „Улема меџлис“, 1.613.43.18/9-19. Одобрение за изградба на џамија во село Ростуше во Гостивар, издадено од Улема меџлис на 22 мај 1937 г.

Кутија 44 исто така содржи разни документи од и до Улема меџлис во врска со текиите од периодот 1933 − 1941 г. во Скопје, како: уредби, статистички преглед, пописи, списоци, разни податоци, преписки[28], реферати, предлози.

Кутиите од 45 до 51 содржат: одлуки за отворање сибјан-мектеби и назначување сибјан-муалими од 1932 до 1941 г. во градовите: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Пехчево, Прилеп, Ресен, Радовиш, Струмица, Струга, Скопје, Тетово и Штип, извештаи во врска со бројот на сибјан-мектеби и нивната состојба и предавањата на сибјан-муалими, извештаи на имамите од џематите, наредби, декрети, одобренија, барања и молби од Улема меџлис, списоци од сибјан-муалими, извештаи од Улема меџлис за деца кои учат надвор од сибјан-мектеби, инспекциски извештаи за состојбата на џамиите во државата, извештаи за работата на сибјан-мектеби, извештаи во врска со списокот на отворање нови училишта во Кочанскиот Регион, покана за свечено отворање на сибјан-мектеб, список на имам-матичари и сибјан муалими, статистички прегледи, известувања, преписки, дозволи[29], реферати и сл.

Кутиите од 52 до 58 содржат персонални документи, и тоа: молби, предлози за парична помош, известувања, свидетелства, изводи на родени, умрени и венчани, декрети, лекарски уверенија на имам матичарите, сибјан-муалими и вероучители, телеграми, реферати, молби за назначувања, одлуки, разни потврди, боледувања, овластувања, списоци на имам-матичари, барања, жалби, разни расписи, соопштенија, оставки, изјави и писма, за годините од 1931 до 1941 г.

Кутија 59 содржи разни записници од седниците на Улема меџлис, извадоци од записниците на Вакафско-меарифското собрание во Скопје и Сараево и усвоените измени и дополнувања на Уставот на Исламско верската заедница, дневен ред од седниците, предмети во врска со записниците од одржаните седници, известувања од муфтиствата.

Кутија 60 содржи предмети поврзани со Улема меџлис во Скопје, како: закон за народните училишта, молби, писма, судска шеријатска документација, барања, колумни (дел од учество на членови во конференции), правилник, жалби и тужби, акт за овластувања, одлуки, покани, заклучоци, списоци, деловоден протокол, записници, известувања, упатства, изјави, предлози, реферати и разни други предмети со кои Улема меџлис управуваше во периодот од 1926 до 1941 г.

Кутиите од 61 до 65 содржат преписки и известувања меѓу Улема меџлис и други

---

[28] Исто, 1.613.44.9/135-204. Се издвојуваат преписките од сите градови во вардарскиот дел на Македонија до Улема меџлис со објаснување дека во нивното подрачје нема тарикати кои имаат обреди (зикр). Зборот „тарикати“ (или „тарики“ на турски/арапски) се однесува на суфиски духовни редови во исламот, кои имаат свој посебен пат (тарик) до Бога. Еден од најважните елементи во практиката на многу тарикати е зикр – спомнување на Аллах, што може да биде тивко, гласно, индивидуално или колективно, а понекогаш проследено со музика, ритмички движења или специфични ритуали. Зикр е една од централните духовни техники во суфизмот, која служи за прочистување на срцето и душата и приближување до Алах.

[29] Исто, 1.613.51.10/515-517. Дозвола од Улема меџлис за изградба на нови згради на сибјан мектеби во село Оризари и село Слупчане во Куманово во 1938 г.

институции од 1930 до 1941 г. како: Вардарска финансиска дирекција, Министерство за просвета, Министерство за финансии, Министерство за правда во Белград, Министерство за социјална политика и народно здравје, Министерство за војска и морнарица, Југословенскиот совет за трезвеност, Министерство за сообраќај (ПТТ), Врховно верско старешинство на ИВЗ во Белград[30], Поштенска банка, Аграрна банка, Големата медреса Александар први, Исабегова медреса, Централна вакафска библиотека, Вакафска дирекција, Банска управа, Скопско и другите подрачни муфтиства, Вакафско-меарифски совет во Скопје и Сараево како и сите подрачни единици[31], Улема меџлис во Сараево[32], Кралската банска управа во Скопје, Ниш и Цетиње, Друштво на Црвен крст, Друштвото за меѓународен мир, Хуманитарна установа - Друштво за воспитување и заштита на деца, муфстиства во Сараево, Мостар Тузла, Бања Лука, Нови Пазар, Призрен и Плевље, Управната полиција и други.

Кутија 66 содржи заклетви на членовите на Околиското вакафско-меарифско поверенство на подрачјето на Улема меџлис во: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Кочани, Кавадарци, Кичево, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип за периодот од 1931 до 1941 г., но и барања, молби, известувања, одговори, одлуки, записници, преписки, разни писма, согласност, признаници, телеграми доставени од Улема меџлис до разни институции и обратно.

Кутија 67 содржи разни документи во врска со Централната вакафска библиотека во Скопје од 1931 до 1941 г.

Кутиите 68, 69 и 70 содржат документи од 1926 до 1941 година, како: известувања и податоци од Околиските вакафски-меарифски поверенства на подрачјето на Улема меџлис за основните и средните училишта, списоци[33] и известувања за упис во основните училишта, жалби[34], оценувања на вероучители и муалими, наставни

[30] Исто, 1.613.61.9/22. Се издвојува преписката меѓу Врховно верско старешинство од Белград и Улема меџлиссот во Скопје во врска со одборот за градење на споменици на загинати војници за време на Првата светска војна во Штип.

[31] Исто, 1.613.63.169/401-402. Преписка од Улема меџлис до сите околиски вакафско-меарифски поверенства на подрачјето на Улема меџлис во врска со Правилникот за носење свештеничка мантија (ахмедија) и други обележја на верски службеници. Во 1939 г., свештеничката облека и верските ознаки на православните, католичките и исламските верски службеници биле силно симболични и формално регулирани од верските институции. Терминот „мантија (ахмедија)“ се однесува на делови од традиционалната облека на исламските верски службеници – особено имами, муфтии и други високи духовници – во исламската традиција, која била присутна и во регионот на Босна, Санџак, Косово, Македонија и Албанија во периодот до и по 1939 г.

[32] Исто, 1.613.62.1/1-3. Распис од 9 јануари 1934 г. од Улема меџлисот во Скопје до сите муфтиства на подрачјето на Улема меџлис во врска со наредбата до подрачните власти за сузбивање на конкубинатот во муслиманскиот свет и преземање строги законски мерки на лица кои живеат вонбрачен живот, врз основа на предметот од Кралската банска управа.

[33] Исто, 1.613.68.4/4-6. Список на народните училишта и на вероучителите на подрачјето на Околиското вакафско-меарифиско поверенство во Охрид од 1933 г.

[34] Исто, 1.613.67.117/338-363. Предмет врз основа на жалбата на муслиманските деца од село Сушица, Струмичка Околија, за присилното симнување на капите на машки деца и јемените (марамите) на женските деца во текот на наставата во 1932 г. Јемене (или јемена) е традиционално покривало за глава, најчесто носено од жени, особено од муслиманска вероисповед. Обично се прави од тенок,

планови и програми и учебници за основни и средни училишта, како и предмет во врска со испитите и испитните комисии за имами и верски учители од разни градови во вардарскиот дел од Македонија од 1925 до 1941 г.

Кутиите 71 и 72 содржат документи во врска со поставување вероучители во основните училишта во подрачјето на Улема меџлис: Берово, Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип во периодот од 1921 до 1941 г.

Кутија 73 содржи документи во врска со наградувањата на сибјан-муалими и вероучители во подрачјето на Улема меџлис од 1932 до 1941 г.

Кутиите од 74 до 79 содржат документи за имами и џематски имами, имам-матичари на Околиското вакафско-меарифско поверенство во: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип од 1929 до 1941 г.

Кутија 80 содржи документи во врска со поставувањето и овластувањето на верските службеници во џамиите во градовите каде што живее муслиманско население, како муезизи, кајуми и хатиби во подрачјето на Улема меџлис од 1930 до 1941 г.

Кутија 81 содржи документи во врска со патувачки проповедници - сејјар ваизи[35] во подрачјето на околиските вакафско-меарифски поверенства во: Битола, Велес, Гостивар, Дебар, Дојран, Кочани, Куманово, Прилеп, Радовиш, Скопје, Тетово, Царево Село и Штип од 1931 до 1941 г., документи во врска со Вакафот на Меддах џамијата во Скопје, со кој управува мутевелијата, разни известувања во врска со расходот и приходот на вакафот и буџетот за 1931/32 година.

Кутија 82 содржи дипломи, легитимации, молби, извештаи, одлуки, пресметки, уверенија, барања, записници, писма[36], индивидуални писма, разни списоци, правилник, тужби, решенија, верски календар, преписки, покани, изјави, венчални листови, венчаници, предлог-буџет, договори и други. Документите се на османски јазик, во оригинал и ракопис и датираат од 1905 до 1948 година.

Кутиите 83, 84 и 85 содржат финансиска и буџетска документација од 1923 до 1941

украсен материјал (понекогаш свилен), и се врзува околу главата и вратот на жената. Името „јемене“ потекнува веројатно од регионот Јемен, што укажува на ориенталното потекло на овој вид облека.

[35] Исто, 1.613.81.32/254-255. Ваиз е проповедник во исламската заедница – лице што држи проповеди (ваази) со цел да ја поттикне побожноста, моралните вредности и верската свест кај верниците. **Улога на ваизот:** изнесува **верски беседи** пред џематот (заедницата), особено за време на петочната молитва (џума) или за време на посебни верски настани; објаснува **куранските и хадиските поуки**, обично на разбирлив јазик; поттикнува на **етичко однесување**, покајание и духовно подобрување; често е **втор во хиерархијата** по имамот, но во некои заедници може да ја врши и улогата на имам.

[36] Исто, 1.613.82.28/107. Меѓу архивските документи се издвојува писмо од 1931 г. од непозната личност во кое се дискутира или коментира практиката на откупување на девојките при мажење. Документот претставува важен извор за проучување на обичајното право, семејните односи, економските практики и статусот на жената во традиционалните општества. Откупување на девојките при мажење било познато во традицијата како „мираз“, „кумовина“ или „девојачка цена“ (башлик, калим), во зависност од регионот и културниот контекст. Во многу заедници на Балканот (вклучително и во муслиманските), постоела практика при мажење семејството на младоженецот да плати одредена сума или дарови на семејството на невестата.

година за Улема меџлис во Скопје и на Исламска верска заедница, и тоа: буџет на Улема меџлис за 1930 − 1941 година, буџет и негово користење за разни потреби на Улема меџлис, известување, молби за личен доход на верски службеници и платни списоци на членовите на Улема меџлис од 1925 до 1941 г., пресметки за службени патувања и патни трошоци од 1930 до 1940 г., молби за разни видови исплати на Улема меџлис од 1935 до 1940 г., разни документи: белешки, купони, уплатници, понуди од разни фирми за потребите на Улема меџлис од 1935 до 1941 г.

Кутиите од 86, 87, 88 и 89 содржат преписки меѓу Улема меџлис и Вакафска дирекција, преписки меѓу Врховното старешинство на Исламска верска заедница во Белград, реис-ул- улема во Сараево во врска со учеството на муслиманските деца во училиштата при христијанските прослави и Улема меџлис во Скопје и Сараево за склучувањето на муслиманските бракови и нивните обреди, преписки меѓу Улема меџлис во Скопје и други институции од 1930 до 1941 г. Во самата кутијата е додадена и архивска документација од фондот „Скопско муфтиство".

Кутија 90 содржи известувања до Улема меџлис во Скопје од разни институции од 1921 до 1941 година, и тоа: Вакафска дирекција, Скопско муфтиство, Околиско вакафско-меарифско поверенство во подрачните единици[37], Врховно старешинство на ИВЗ во Белград, Улема меџлис во Сараево, Вардарски бановински одбор, друштво на Црвен крст, Битолско муфтиство, Муфтиство во Нови Пазар, Министерство за правда, Општина Горна Жупа, Кралската банска управа[38], Државното народно училиште „Св. Сава" во Дебар, Полициска управа.

Кутија 91 содржи известувања од реис-ул-улема во Сараево до Улема меџлис во Скопје, расписи, материјали поврзани со образованиот систем[39], статистички

[37] Исто, 1.613.90.18/35. Известување од Околиското вакафско-меарифско поверенство во Прилеп до Улема меџлис во врска со вооруженият напад врз џамијата во село Десово, Прилепско, на 3 февруари 1932 г.

[38] Исто, 1.613.90.43/98-99. Известување и покана пратена од Улема меџлис до Кралската банска управа и Околиското вакафско-меарифско поверенство во Скопје во врска со свеченото отворање на џамијата „Мустафа-паша" во Скопје на 28 октомври 1933 г. Џамијата е изградена во 1492 г. од висок османлиски државник во времето на султанот Бајазит II. Според натписот над влезната врата, џамијата е изградена по негова наредба, а тој подоцна е и погребан во гробницата (турбе) што се наоѓа во дворот на џамијата. Џамијата е градена во класичен османлиски стил, со едно големо кубе (купола) и елегантно високо минаре. Има хармонична симетрија, типична за доцниот 15 век. Внатрешноста е украсена со префинети декоративни елементи, со арапски натписи и геометриски мотиви. „Мустафа-паша" џамија со векови била централна верска институција за муслиманите во Скопје**.** Преживеала неколку големи земјотреси, вклучително и катастрофалниот земјотрес во 1963 година, по што била реставрирана со помош на Турската Република. Денес е активна џамија**,** но и важен туристички и културен локалитет**.**

[39] Исто, 1.613.91.51/187-203. Предмет во врска со правилниците за празниците за носењето капи или фесови од децата муслимани во основните училишта во 1941 г. Фесот кај муслиманите бил културен и религиозен симбол**,** особено кај Турците и дел од Албанците. По распадот на Османлиската Империја, фесот почнува да се перципира како „неевропски", па дури и анархичен од страна на новоформираните национални држави. И во Турција**,** Мустафа Кемал Ататурк ја забрани употребата на фесот со Законот за облека (Şapka Kanunu) во 1925 г. - тоа беше дел од пошироките секуларни и модернизациски реформи на новоформираната Турска Република.

податоци за верските службеници, установи, жители и сл., списоци за членовите на поверенството на Улема меџлис и разни материјали на Улема меџлис од периодот од 1922 до 1962 година.

Кутија 92 содржи разни предмети на Улема меџлис во Скопје и другите градови во вардарскиот дел од Македонија од 1928 до 1941 г. Се издвојува една молба од муслиманското население до Улема меџлисот во Скопје за преземање соодветни мерки во врска со културно-историскиот споменик „Чешмата“ во Прилеп, кој бил демолиран и во кој биле вметнати два крста.

Кутија 93 содржи материјали на османотурски јазик на Улема меџлис - Скопје од 1888 до 1945 година: персонална документација, дозволи (Ехлијетнаме), правни документи, вакафски сицили, лични документи, дипломи[40], и преписки на дипломи и потврди.

Кутиите 94 и 95 содржат известувања од Улема меџлис - Скопје врз основа на молбите на верски службеници од 1930 до 1941 г. во подрачјето на: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Кутиите 96 и 97 содржат предмети во врска со дисциплински судови за верски службеници на Исламската верска заедница од 1930 до 1941 година на подрачјето на Улема меџлис во: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Кутиите 98 и 99 содржат предмети од 1930 до 1941 во врска со Околиските шеријатски судови на подрачјето на Улема меџлис во: Битола, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Кутија 100 содржи доверливи документи, односно доверливи одлуки (фетва и емин) на Улема меџлис во Скопје, издадени врз основа на молби од 1936 до 1941 г.

Кутија 101 содржи персонална документација на вработените во Гази Исабегова централна реформирана медреса во Скопје. Документацијата е по азбучен ред и датира од 1873 до 1941 г.

Кутија 102 содржи план и програми за Гази Исабегова централна реформирана медреса во Скопје[41], документација за свеченото отворање на медресата и уписот на

---

[40] Исто, 1.613.93.63/99-100. Меѓу зачуваните дипломи авторот на статијата ја пронаоѓа и дипломата на својот прадедо Мехмед ефенди ибни Ибрахим од село Кондово во Скопје, издадена од медресата „Јален Капан“ во 1911 г. Дипломата е на османски јазик и во оригинална форма и рачно пишувана. Медресата била покрај џамијата „Јелен Капан“, активна до крајот на XIX век. Според Салнамето за Косовскиот Вилает за 1874/75 година во Скопје функционирале 10 основни училишта (sıbyân), едно руждие и осум медреси. Во 1897/98 година функционирале седум медреси, во склоп на џамиите: Гази Мустафа-паша, Јахја-паша, Гази Иса-бег, Исхак-бег, Јелен Капан, Кебир Мехмед Челеби, и во близина на Јени-амам. Во Салнамето се наведува дека медресето Јелен Капан била една од седумте медреси во Скопје во 1897/98 г.

[41] Исто, 1.613.102.8/154-219. Предмет во врска со свеченото отворање на Гази Исабеговата централана реформирана медреса во Скопје на 3 март 1937 г. Првата медреса „Исабег“ била основана во 1925 г. од интелектуалци како Ахмет Аќиф-ефенди Бљата и Ферхатбег Драга. Во 1932 г., оваа медреса била обновена, а во периодот до 1936 година се воспоставиле услови за нејзино редовно работење. Во меѓувреме, нејзината програма се реформирала и медресата добила статус на гимназија.

учениците, наставничкиот совет на медресата, записници од седниците на медресата, молби и известувања, финансиски извештаи, набавки, исплата на средства, предлогбуџет на медресата, персонална документација за вработените во медресата, планпрограми, известувања за начинот на облекување на наставниците итн. Во кутијата има и документи во врска со формирањето и управувањето на Централната вакафска библиотека во Скопје со гранични години од 1933 до 1941 година.

Кутија 103 која содржи документи од 1924 до 1941 година во врска со Великата медреса „Крал Александар I“ во Скопје, и тоа: правилници, записници, уредби, заклучоци, известувања, молби, одлуки, извештаи, одобренија, телеграми, поставување и разрешување мудерси-професори на медреси, наставни планови и програми на медресите, попис на медресите и податоци за медресите во подрачјето на Улема меџлис, Скопје.

Денес, Улема меџлисот останува релевантна институција што активно придонесува во зачувување на верската традиција, развојот на меарифските установи, унапредувањето на меѓурелигискиот дијалог и градењето конструктивни односи со државните институции. Неговото значење е особено големо за разбирањето на структурата, надлежностите и општественото влијание на Улема меџлисот како главен верски и советодавен орган на Исламската верска заедница.

Со архивската обработка на фондот 613 „Улема меџлис“, Државниот архив отвори едно ново поглавје, понудувајќи можности за целосна анализа на односите меѓу верските и државните институции, улогата на исламското образование и развојот на верската мисла.

Список на избраните документи

Документ 1: Упатство за одржување ваизови (верски беседи) од 1938 година, издадено во Скопје, кога регионот бил дел од Кралството Југославија, а исламските верски активности биле регулирани преку органите на Исламската верска заедница;

Документ 2: Уредба за издавање мурасела за шеријатските судии, издадена во 1931 година, од државните власти во Белград;

Документ 3: Указ по предлог од Министерство за правда врз основа на Закон за исламска верска заедница во Кралството Југославија за поставување муфтии по градови, Белград во 1930 година;

Документ 4: Указ за поставување на Мехмед Абдул Хамит, мудерис од Кичево, за член на Улема меџлис во Скопје во 1930 година: Диплома на Мехмед-ефенди ибни Ибрахим од село Кондово во Скопје, издадена од медресето „Јален Капан“ во 1911 година, Улема меџлис во Скопје во 1930 година;

Документ 6: Известување од Гази Исабеговата медреса до Улема меџлис и вакафската дирекција во врска со ослободувањето на медресата од страна на бугарските војници на ден 30.4.1941 година;

Документ 7: Извод од венчани според шеријатското право од 1903 година, издаден од кадија (исламски судија), кој бележи склучување брак според исламските правила и обичаи;

Документ 8: Распис на Улема меџлис до сите муфтиства во врска со расписот на Министерство за правда за слобода на исповед на сите законски признаени вери и потреба од верска толеранција, документ кој датира од 1931 година, во Скопје;

Документ 9: Распис од Улема меџлис до сите Околиски вакафско-меарифски поверенства на подрачјето на Улема меџлис во врска со донесените закони за верските службеници, од 1938 година, Скопје;

Документ 10: Покана од Добротворното друштво „Шефкат“ за организираната свеченост во џамијата Султан Мурад во Скопје, по повод на роденденот на пророкот Мухамед, од 1941 година, Скопје;

Документ 11: Молба од Околиското вакафско-меарифско поверенство во Скопје до Улема меџлис за издавање доверлива одлука (фетва и емин) за гробиштата околу турбето „Ибни Чини“ во Скопје, од 1939 година;

Документ 12: Известување од Околиското вакафско-меарифско поверенство во Прилеп до Улема меџлис во врска со вооруженият напад врз џамијата во село Десово, Прилепско, на ден 3.2.1932 година.

1-613.1-53/1136-1138 1136

КРАЉЕВИНА ЈУГОСЛАВИЈА
Исламска верска заједница
УЛЕМА-МЕЏЛИС У СКОПЉУ
Број 3885/38 године

Скопље, 20 октобр 1938 године

УПУТСТВО ЗА ОДРЖАВАЊЕ В А З О В А

أستعيذ بالله !
ولتكن منكم امة يدعون الى الخير ويأمرون بالمعروف وينهون عن المنكر الآية صدق الله العظيم

ترجمаси :

О ви следбеници Мухамеда а.с. ! Између вас потребно су дело доброчинство да прирасту у вашој души, моралу и хајирли раду, и да вас удаљи од злих порока и рђавих навика.

لتأمرن بالمعروف ولتنهون عن المنكر اولتسلطن الله عليكم شراركم فيدعوا خياركم فلا يستجاب لهم صدق رسول الله الحديث

ترјемаси : ,


О моји следбеници !

На вама стоји да будете пастири и узор добрих дела, а од злих и рђавих навика и порока удаљујте се да не би Алах ц.т. одредио да вам суде зли и нечасни људи. На вама стоји да молите овемогућег Алаха да рђаве и непокорене удаљите од вас док не буде касно, па Алах ц.т. вашим молбама неће касније удовољити.

УСЛОВИ КОЈИ СЕ ТРАЖЕ ОД ВАИЗА ГЛЕДЕ
ЊЕГОВИХ ЛИЧНИХ И МОРАЛНИХ ОСОБИНА

1) Реч ваиз означава духовног службеника, коме је задатак да саопштава, исповеда и учи ајете, као узвишене заповести Свемогућег Алаха, те узвишене Сунnете, изражене у похвалном моралу мудрим речима и поступцима Мухамеда а.с., дике и поноса Васионе.

Према томе потребно је да и он (ваиз) чини ибадет и све оно што је Алах ц.т. наредио да се ради, а клони се свега онога, што је забранио да се чини. Он треба да је сав прожет исламским моралом те да избегава да ради послове и употребљава ствари које су по шеријату забрањене, тако да постане онај духовни васпитач, који ће исламском свету речима показивати, који је пут прави, а по својим поступцима постати



1138

Страна 3.-

шем социјалном животу, а нашем срцу елан, чистоту и искреност, пошто кроз намаз ми изражавамо своју свакидашњу захвалност према великом Алаху, чијим смо неисцрпним добрима сваког тренутка обилато снабдевени.

7) Објаснити једним благим тоном високе и социјалне циљеве оруча, његове реалне и здравствене користи и како он служи годишње једна пут јачању стомака, те ахиретске и божанске награде за одржавање оруча.

8) Давати на знање да је зекат један друштвени принцип који заштићује свет од хегемоније себичних материјалиста и од раздора те сваће које у свет уносе лажни и плачкашки комунисти и да је зекат један такав искључиви ибадет, који обезбеђује спас и социјалну помоћ сиромашнима, а срећу, душевни мир и обиље богаташима те ове потстицати на давање зеката сиротињи, коју има то право засновано на шеријату.

9) Објашњавати колико је хаџ свети и пространи ибадет његов морални карактер, његова неограничена преимућства, говорити да он има карактер једнога духовног конгреса за годишње међусобно опознавање муслимана, те истицати његов светски значај, његове социјалне предности, свете циљеве и према потреби у коме смислу је он фарз, ваџиб и сунет.

10) Давати одговоре на безбожна учења која стоје противу свих ових Божанствених и верских ибадета наших и нарочито подвлачити и упозоравати на лоше последице и катастрофу којој ће бити изложени они, који се било речима било на делу противе намазу, оручу, зекату и хаџу, да ови с Исламом неће имати никакве везе да ће остати као туђинци ван Исламску породицу, те да ће се као безбожни елементи због таквих својих злочиначких дела изложити штети и на овом и на оном свету.

11) Настојати и истрајно радити да се пуне џамије, које су остале празне због тога, што су се једни муслимани нарочито у последње време отуђили од своје Богомоље, да се поштују наши верски празнични дани и свети месец као што су рамазан, мирац, мевљуд, бајрам, те да се њима делима следује, као и да се заволи исламска верска ношња, пробуди верска свест, исламски ибадет и верско убеђење.

12) У забаченим селима и примитивним срединама, у којима Ислам није потпуно разјашњен, говорити о почецима наше вере, о нужности Исламске догме, о абдесту, о гусулу и томе сличним облицима сунета и условима фарза. По селима највише говорити о овима т.ј. о намазу, фарзовима и његовим облицима, о оручу и његовим преимућствима, о торturама за оне који га не држе и о главним ослонцима Ислама.


13) Знаочки и добронамерни разлагати и подвлачити потребу покоравања законима, слушања заповести старијих и поштовања реда и чистоће у држави, како то наређује наша узвишена и јасна вера.

ВАШ - ВАИЗ,
Идрис Хајрулах,с.р.

З.В.

Документ 1: Упатство за одржување ваизови (верски беседи) од 1938 година, издадено во Скопје, кога регионот бил дел од Кралството Југославија, а исламските верски активности биле регулирани преку органите на Исламската верска заедница[42]

[42] ДАРСМ, 1.613.01.54/1136-1138



1.613.1.17/144

144

На основу тач. 8 § 67 Устава Исламске верске заједнице Краљевине Југославије прописујем, у споразуму са Врховним верским старешинством Исламске верске заједнице, ову:

УРЕДБУ

О МУРАСЕЛИ ЗА ШЕРИЈАТСКЕ СУДИЈЕ

§ 1.

Шеријатски судија не може вршити ту дужност док не добије прописну мураселу, нити је може продужити, ако му се одузме.

§ 2.

Мурасела гласи овако:

Овлашћујем Вас, да вршите у својој званичној судијској дужности све брачне, породичне, наследне и вакуфске послове предвиђене у §§ 1 и 2 Закона о уређењу шеријатских судова и о шеријатским судијама од 21 марта 1929 године, држећи се у свему признатих шеријатско-правних ауторитета (муфта бих каулова), закључака донетих у смислу §§ 62 и 68 Устава Исламске верске заједнице и надлежно издатих уредаба и расписа.

Дајући Вама ову мураселу, очекујем од Вас да ћете у свему у свом јавном и приватном животу одговорити своме позиву, да ћете и своју спољашну појаву свообразити традицијом усвојеним обичајима, како бисте у сваком погледу били достојни свог часног положаја и послужили за пример муслиманима, и да ћете своје дужности вршити савесно и предано у духу прописа узвишеног шеријата, као и прописа закона, и уложити све силе у раду за добро и напредак Ислама.

Нека Вас Свемогући Аллах упути правим путем и помогне у вашем раду за добро, срећу и величину Исламске верске заједнице.

§ 3.

Мураселу издаје и одузима Реис-ул-улема као претставник Врховног верског старешинства Исламске верске заједнице Краљевине Југославије.

§ 4.

Министарство правде достављаће Врховном верском старешинству Исламске верске заједнице оверене преписе указа о постављењу шеријатских судија, ради издавања мураселе. Пре него што се указ донесе, Министарство правде ће се обавестити код Врховног верског старешинства Исламске верске заједнице да ли нема оправданих разлога против издавања мураселе дотичном кандидату.

§ 5.

Издане мураселе достављаће се шеријатским судијама преко надлежног Врховног шеријатског суда.

§ 6.

Већ издана мурасела може се одузети са разлога ако је рад и владање шеријатског судије противно прописима Ислама, односно ако шеријатски судија грубо занемарује своју дужност у Среском вакуфско-меарифском повереништву.

§ 7.

Пре одузимања мураселе, Врховно верско старешинство Исламске верске заједнице упутиће шеријатском судији, преко надлежног Врховног суда, своју опомену, коју, према свом нахођењу, може и поновити.

§ 8.

На одлуку о одузимању мураселе нема жалбе.

§ 9.

О одлуци о одузимању мураселе Врховно верско старешинство Исламске верске заједнице извештава Министарство правде, ради даљег поступка. Одлука ће се објавати у Службеном гласнику Врховног верског старешинства Исламске верске заједнице.

§ 10.

Једном издана мурасела задржава своју снагу, без обзира на промену службеног места.

§ 11.

Врховно верско старешинство ће по ступању на снагу ове Уредбе издати свима шеријатским судијама мураселе, а исто тако и врховним шеријатским судијама.

§ 12.

Ова Уредба ступа на снагу кад се обнародује у „Службеним новинама".


Бр 27124
10 марта 1931 год
Београд

Министарство правде,
Дим. В. Љотић с. р.

(Ова је Уредба обнародована у „Службеним Новинама" бр. 62-XVIII, од 19 марта 1931 године).

Документ 2: Уредба за издавање мурасела за шеријатските судии, издадена во 1931 година, од државните власти во Белград[43]

[43] Исто, 1.613.01.17/144



./.

ЗА МУФТИЈУ:

ЏУМХУРА САДИКА, шеријатског судију у пензији, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

КУРТА МУХАМЕДА-ШЕВКЕТА, муфтију на расположењу, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

СВРЗО САЛИХА, из Сарајева, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

ЏАВИКА ОМЕРА, муфтију на расположењу, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

БАЈРАКТАРЕВИЋА ХАЏИ АЛИЈУ, мудериса из Плеваља, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

Сукића МУРАТА, мудериса из Пријепоља, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

СЕЛИМА ТАЛАТА, муфтију на расположењу, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

ГАЛИБА НУСРЕТА, мудериса из Призрена, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу;

ЗЕЈНУЛАБЕДИНА ХАЏИ ХАМДИБЕГА, из Приштине, са правима чиновника IV групе I категорије и степена основне плате који му припада према годинама урачунљивим у државну службу.

Наш Министар правде нека изврши овај Указ.

2 Маја 1930 године
БЕОГРАД

АЛЕКСАНДАР .с.р.


МИНИСТАР ПРАВДЕ,
Др.М.Сршкић.с.р.

Бр.44253/30

Да је овај Указ веран своме оригиналу-тврди по наплати таксе;

Секретар Министарства правде,

Документ 3: Указ по предлог од Министерство за правда врз основа на Закон за Исламска верска заедница во Кралството Југославија за поставување муфтии во градовите, Белград во 1930 год.



1.613.1.8/34

Његово Краљевско Височанство
Александар I
По милости Божјој и вољи Народној
Краљ Југославије

На предлог мој, саслушавши у сагласности са Председником Министарског Савета благоволео је Превисоким Указом Својим од данас поставити за члана Улема Меџлиса у Скопју, са правима чиновника III групе I категорије Мехмеда Абдул-Хамида мудериса из Кичева.

У Београду 2. маја 1930. године

Р. бр. 44253. (М П) Министар Правде
Др. Мркоњић

Да је овај препис веран своме оригиналу за службену употребу овде потврђујем:


Председник,

Улема Меџлис
Скопје

Важи дан
ВИДЕО
МЕСНИ РАЧУНОВОДИТЕЛ


Документ 4: Указ за поставување на Мехмед Абдул Хамит, мудерис од Кичево, за член на Улема меџлис во Скопје, во 1930 година[44]

[44] Исто, 1.613.01.8/94



Документ 5: Диплома на Мехмед ефенди ибни Ибрахим од село Кондово во Скопје, издадена од медресето „Јален Капан“ во 1911 година[45]

[45] Исто, 1.613.93.63/99-100



1.613.65.243/472-473

ГАЗИ ИСАБЕГОВА МЕДРЕСА
У СКОПЉУ
Бр. 243
29 априла 1941 године

УЛЕМА МЕЏЛИСУ и ВАКУФСКОЈ ДИРЕКЦИЈИ

С К О П Љ Е

Данас 29 априла 1941 год.у 18 сати обавестили су нас дежурни служитељи Бунић Хусо и Халидовић Фаик,да ће кроз кратко време бугарски војници да напусте школску зграду.У друштву с економом школе,Просветним референтом Улема меџлиса г.Ф.Бедри еф.и Вакуфским директором г.Ф.Хаџи-хамзићем отишли смо у школу,да бисмо утврдили стање просторија.

Када смо дошли пред школу,видели смо да су сви војници већ поседали у аутомобиле.Њихов командир нам је рекао,да су школу напустили и да можемо ући и прегледати.Прегледом школе установили смо,да су сви магацини у сутерену обијени и отворени и да многе отвари недостају.Надаље смо утврдили да по учионицама и спаваоницама мањка велик број чебади и кревета. Потом смо Комисијски запечатили магацине и оставили наведене служитеље да чувају школу с тим,да се одмах сутрадан од стране надлежне комисије утврди шта све мањка од отвари.


Молим Улема меџлис и Вакуфску дирекцију,да се образује Комисија од три члана,у коју би ушли по један службеник Улема меџлиса и Вакуфске дирекције и један наставник медресе.

Отвар сматрати врло хитном.

Директор,
А. Хаџибеговић


Документ 6: Известување од Гази Исабеговата медреса до Улема меџлис и вакафската дирекција во врска со ослободувањето на медресата од страна на бугарските војници на ден 30.4.1941 година[46]

[46] Исто, 1.613.65.245/742-743



Документ 7: Извод од венчани според шеријатското право од 1903 година, издаден од кадија (исламски судија), кој бележи склучување брак според исламските правила и обичаи[47]

[47] Исто, 1.613.82.2/2-17



1.613.61.25/60

ВАРДАРСКА ФИНАНСИЈСКА ДИРЕКЦИЈА
Отсек за Рачуноводство

Бр. 122985-II-56715

21-VIII- 1931. год.

С К О П Ј Е

Улема Меџлис
Скопје

Министарство финансија - Одељење државног рачуноводства и буџета расписом својим од 15. августа 1931. године Бр.93.290. доставило је својој Дирекцији следеће:

„У чл.21.Правилника о раду отсека рачуноводства при Министарствима и о рачуноводној служби код наредбодаваца прописано је, да су Главна државна благајна и Финансијска дирекција дужне, најдаље у року од 15 дана, по истеку рачунске године, саставити списак свих уредно издатих им наредаба и налога за исплату неизвршених по ма каквих разлога до краја рачунске године и тај списак заједно са односним документима доставити наредбодавцу, од кога су наредбе, односно налози за исплату били примљени.

Скреће се пажња Дирекцији -Одељку да по овој одредби поступи с тим, да не чека крајњи рок, предвиђен у пом.члану Правилника, већ да овај списак са документима достави надлежним наредбодавцима одмах по истеку рачунске године, т.ј. првих дана месеца септембра т.г. како би ови могли благовремено поступити по чл.22. пом. Правилника."


Предње Вам се доставља ради знања и управљања.

Шеф отсека рачуноводства
Саветник,

ВН.

Документ 8: Распис на Улема меџлис до сите муфтиства во врска со расписот на Министерство за правда за слобода на исповед на сите законски признаени вери и потреба од верска толеранција, документ кој датира од 1931 година, во Скопје[48]

[48] Исто, 1.613.61.25/60



1.613.67.40/114

ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЈЕДНИЦА
УЛЕМА-МЕЏЛИС У СКОПЉУ
Број 4728/38 године
Дне 5 јануара 1939 године

СВИМ СРЕСКИМ ВАКУФСКО-МЕАРИФСКИМ ПОВЕРЕНСТВИМА
НА ПОДРУЧЈУ УЛЕМА-МЕЏЛИСА У С К О П Љ У

----------§§§----------

Његова Преузвишеност Господин Реис-ул-улема Исламске верске заједнице Краљевине Југославије актом бр. 2128/38 од 27 децембра 1938 год. благоизволео је доставити Улема-меџлису следеће:

„Шири савјет Реис-ул-улеме, на сједници од 22 децембра 1938 год., донио је овај закључак:

„Закључује се, да се службеници Исламске верске заједнице, како вјерски тако и вакуфско имовински, не смију одавати пијанчевању, посјећивати локале у којима се точе алкохолна пића и у којима се уз то подржава проституција и који као такви шкоде њиховом угледу као службеника Исламске верске заједнице. Надаље, да не смију носити шешир или качкет, те да приликом службених дова у џамијама скину ципеле и да буду у муслиманском памту, а не међу претставницима државних власти.

Овај закључак Ширег савјета доставиће Реис-ул-улема Улема-меџлисима и Вакуфским дирекцијама и затражити, да се спомени службеницима, те да се службеници позову да га се придржавају. Ако би било службеника, који га се не би придржавали, треба затражити од Вакуфско-меарифских сабора да донесу прописе по којима ће овакви службеници, који неби поштивали овај закључак бити дисциплински кажњени, а по потреби и уклоњени из службе Исламске верске заједнице "

Част ми је доставити предње ради знања и управљања, с молбом да изволите ово спомени свим службеницима и окренути им пажњу на последице прекршаја."


На основу одлуке Улема-меџлиса од 2 о.м. број горњи ставља се у дужност Вакуфским повереништвима, да предметну одлуку Ширег савета спомене свим верским службеницима на свом подручју.

Претседник,

ЗВ.

Документ 9: Распис од Улема меџлис до сите Околиски вакафско-меарифски повереништва на подрачјето на Улема меџлис во врска со донесените закони за верските службеници, од 1938 година, Скопје[49]

[49] Исто, 1.613.67.40/114



1.613.67. 113/ 313

مولد دعوتنامه‌سی

هر وسیله ایله اسلام وطنداشلریمز آره‌سنده محبت و حسن آمیزشه غیرتی مشهود اولان «شفقت جمعیت خیریه‌سی» بوکره دخی اوکزده‌کی جمعه کیجه‌سی سلطان مراد جامعشریفنده مولد قرائتی ترتیب ایتمشدر. مملکتمزك الهٔ أبی سلی حافظلریك اشتراکیله پایله‌جق اولان بو احتفاله بوتون اخوان دینك حضوری آرزو و انتظار ایلدیکمی بیان و اعلان ایلرز.


«شفقت» جمعیتی

هیئت اداره‌سی

ШЕФКАТ
Добротворно Друш-тво Скопје

Документ 10: Покана од Добротворното друштво „Шефкат“ за организираната свеченост во џамијата Султан Мурад во Скопје, по повод роденденот на пророкот Мухамед, од 1941 година, Скопје[50]

[50] Исто, 1.613.67.113/313



Краљевина Југославија

1.613.100.55/242

са _____ прилога

Среско вакуфско-меарифско повјерење

Број 2222

26.септ. 1938 год.

Скопље

Удема Меџлису

С к о п ј е

У ул.Кр.Марка под бр.30 налази се турбе зв."Ибни Чини" чији је један део плаца самовласно заузео овд.штампар г.Халил Назим и на истом подигао једну зграду од тврдог материјала где је инсталирао постројења својег предузећа. Површина плаца је 235 кв.м.а на овом плацу, поред подигнуте зграде налази се турбе где и сада има гробова. Ово је турбе сасвим трошно, кров је пропао, зидови напукли и делом срушени, и сваког часа могу се до темеља срушити, због чега је повереништву скренута пажња и од стране власти, јер прети опасност по пролазнике и да затрпа улицу. Око овог имања повереништво је одавно повело спор проти заузимача и 14.септ.о.г.на лицу места је извршен суд.увиђај, којом је приликом тужени пред судом признао вакуфу сопственост, тако се тако овај спор у најскорије време ликвидирати у корист повереништва.

Међутим, ово турбе, оваково какво је сада, порушено врло ружно изгледа,и пошто се налази на једној од главних улица, баца и врло ружну слику на власти ИВЗ.јер се од стране грађана пребацује да се не води довољно рачуна о вак.имовини, а да се овај објекат није могао раније оправљати и уздржавати, разлог је дуготрајно парничење.

Оправка овог турбета стајали би око 20.000 динара а за исту тешко би се добила и грађав.дозвола са разлога, што се регулацином цел турбе сече и узима за јавну улицу.

Стога, одбор повереништва по овој ствари решавао је на седници од 18.септ.о.г.и под тач.16 донео одлуку:


"Пошто се на спорном плацу налазе гробови у згради која је сасвим трошна, пропалог крова и напуклих зидова и која ће се у најскорије време до темеља срушити,а будући би оправка исте стајала око 20.000дин.за шта повереништво нема могућности, то затражити фетву од Улема Меџлиса да се кости из ових гробова пренесу и закопају на муслиг. гробљу Газибаба."

Предње је част доставити Улема Меџлису с молбом да се овај предлог повереништва што пре реши.

Председник,

Документ 11: Молба од Околиското вакафско-меарифско повереништво во Скопје до Улема меџлис за издавање доверлива одлука (фетва и емин) за гробиштата околу турбето „Ибни Чини“ во Скопје, од 1939 година[51]

[51] Исто, 1.613.100.55/242



КРАЉЕВИНА ЈУГОСЛАВИЈА
Срески Окружни Шеријатски Судбени Повереништво
Бр. 20
4. II 1932 год
Прилеп

1.613.90.18/35

У Л Е М А-М Е Ђ Л И С У

С К О П Љ А

На Св. Саву 27. Јануара 1932. год. учињен је атентат на Џамију и теравкју у селу Десову, општине Небреговске, среза Прилепског, дакле са вреће клањања јацијског сабра. На [illegible] врхату ударен је први метак са десне стране кроз прозор. Метак је ударио у декир ранивало га, у другом сасу је пробијао кроз ахиедњу и сео Хаџи А Ахмеда Мустафовића, којег ранило рањило у главу. Други метак је ударио у кров и разбио прен . Када су Џематлије видиле да им је живот у опасно опасности, напустили су Џамију и даље нијесу клањали.

Моли се Улема Меџлис за интервенцију код Господина Бана, да се обезбеди исповедање јавно Исламске вере, које је загарантовано Уставом Краљевине Југославије- као признатој религији, а у које вреће да се кривац пронађе преко потчињених власти и да се казни за овај немио случај. Оваковим случајевима се неотвара народно јединство **нити** ће како то жели и на томи ради овакви патрхота ово земље.

ПРЕДСЕДНИК ВАКУФСКОГ ПОВЈЕРЕНИСТВА :

Документ 12: Известување од Околиското вакафско-меарифско поверенство во Прилеп до Улема меџлис во врска со вооруженият напад врз џамијата во село Десово, Прилепско, на ден 3.2.1932 година[52]

[52] Исто, 1.613.90.18/35

Користени извори и литература

Архивски извори

- Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ) - Фонд 613: *Улема меџлис* – Скопје (1836 – 1965).

Интернет-извори

- „Улема“. МАК академски речник. https://macedonian.en-academic.com/23622/улема-меџлис
- „Улема“. Македонска Википедија. https://mk.wikipedia.org/wiki/Улема
- „Улема меџлис“. Hrvatska enciklopedija. https://www.enciklopedija.hr/clanak/ulema-medzlis
- „Улема-меџлис“. Српски викиречник. https://sr.wiktionary.org/wiki/улема-меџлис
- „Улема меџлис“. Proleksis enciklopedija. https://proleksis.lzmk.hr/49607/
- „Преглед развоја Исламске заједнице у БиХ“. Islamska zajednica u Bosni i Hercegovini. https://islamskazajednica.ba/vijesti/339-islamska-zajednica/52-pregled-razvitka-islamske-zajednice-u-bosni-i-hercegovini
- UZZPRO – Biblioteka. https://www.uzzpro.gov.rs/biblioteka-digit.html
- https://www.academia.edu/31741448/Macedonia_Yearbook_of_Muslims_in_Europe
- https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%A4%D0%B5%D1%82%D0%B2%D0%B0
- https://www.scribd.com/document/364928000/bs-Islamska-enciklopedija-religija-mezheba-i-savremenih-pokreta-i-partija-pdf
- https://www.scribd.com/document/385094434/Evlija-%C4%86elebija-Putopis-1664-pdf

UDK: 050:94-055.2(497.7)”1944/1952”
050:305-055.2(497.7)”1944/1952”

Јасмина Дамјановска[1]

ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНКА“ – АРХИВА НА (НЕ)ВИДЛИВИТЕ ВЕЛЕШАНКИ

Abstract: The modern Macedonian state, after the national liberation movement in World War II, has put intensive efforts for the visibility of Macedonian women, making them part of all its events. It has encouraged and supported the printing of the first women's magazine in the Macedonian language, "Makedonka", run by the Antifascist Front of Women of Macedonia in the period from 1944 to 1952 as its organ and an opportunity to affirm the struggle for women's emancipation, equality, equity and representation in Macedonian statehood.

The article will illustrate the newspaper "Makedonka" as one of the sources used as a basis for transcending the research on traditional political and military topics in order to delve into women's history that has changed local and global trends. Highlighting the views of the women of Veles in the magazine is just one direction of the women movement, of the institutions they were entering, and the opportunities they had after decades of bloody revolutionary movements.

Key words: "Makedonka", newspaper, AFŽ, Veles women, archives, library, invisible.

[1] Д-р по историски науки, раководител на Одделение за публикување архивски материјал во ДАРСМ, е-адреса: jasmina.damjanovska@arhiv.gov.mk.

Во списанието „Македонски архивист“, година XXVIII, бр. 35-36 за 2024 г. беше објавена статија со наслов „Фонд 904 ‘ОО АФЖ – Ресен’: Архивските фондови во светлината на одбележувањето 80 години од формирањето на АФЖ на Македонија (Студија на случај)“ на Ивана Хаџиевска[2], чија содржина главно е насочена кон афирмацијата на документацијата на самиот фонд, кој пак се вбројува во масовните извори во истражувањата и испишувањата на историјата за македонските жени низ минатото.

Фондовите за Антифашистичкиот фронт на жените во Македонија ќе бидат основа за почетоците на проектот „Архиви на невидливите – база за дигитализација и истражување извори од областа на историјата на жените во македонското минато“[3]. Но, не помалку важен како масовен извор ќе се покаже и весникот „Македонка“, орган на АФЖ во периодот од 1944 до 1952 г., кој пак е дел од првата серија весници печатени на македонски јазик непосредно пред крајот на Втората светска војна, односно прво женско списание на македонски јазик. Појавата на македонскиот печат и новинарство во овој период ќе бидат само одраз на можноста на македонскиот народ сега слободно да ги афирмира својата национална индивидуалност и духовна култура, односно јазик, писменост, творештво и сл.[4] Печатот за време на НОБ ќе биде прифатен како моќно средство во рацете на партиските организации во борбата против окупаторот и борбата за организирање на народната власт и животот во современата македонска држава. Во годините 1941 – 1942 носител на целокупната печатена активност ќе биде партиската организација[5], по што ќе следува период кога весниците и списанијата ќе

[2] Ивана Хаџиевска, магистер по историски науки, долгогодишен истражувач на изворите за Антифашистичкиот фронт на жените во Македонија, помлад соработник во Одделението за средување и обработка на ДАРСМ во Битола.

[3] За проектот види повеќе на официјалната страница: https://www.nevidliviarhivi.mk/ (пристапено на 11.5.2025)

[4] Боро Мокров, „Развојот на македонскиот печат и новинарство“, Скопје, 1980, 17. Афирмацијата на македонската национална индивидуалност почнува со појават на првите печатени дела од почетокот на XIX век на преродбениците Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Браќата Миладиновци, Партение Зографски, Григор Прличев, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов и др. Преродбениците пак неминовно покрај својата редовна секојдневна должност, се занимавале и со новинарство, така што се појавуваат како дописници на разни весници, главно во Цариград и Москва. „Македонски глас“ од 1885 г. кој излегувал во Бугарија е првиот македонски весник со кој се означуваат почетоците на македонскиот печат, кој практично го почнува своето постоење по Берлинскиот конгрес. Така се појавуваат написи како вести, информации, описи, проблематики, критики и сл. во туѓи весници пишувани од дописници од разни места на Македонија, како „Цариградски вестник“, „Дунавски лебед“, „Турција“, „Времја“, „Зорница“, „Братски труд“, „Ѵиталиште“, „Б’лгарија“, „Право“ и др., но набрзо ќе се забележи и појава на весници издавани од Македонци што живееле надвор од Македонија.

[5] Исто, стр. 400-428. Весниците се издавале во строго конспиративни услови. Таканаречените печатници се наоѓале во куќите на одделни партиски членови. Речиси сите биле краткотрајни од два до шест месеци, единствено весниците на велешката и прилепската партиска организација излегувале повеќе од една година. Прв весник што излегол на територијата на Македонија во приодот на окупацијата, јули 1941 г., е органот на Месниот комитет на КПЈ за Велес со наслов „Народен билтен“. Потоа ќе се појави весникот „Дедо Иван“ (1941) на партиската организација во Куманово, „Политички листок“ (1942) и „Марксистички листок“ (1942) на кавадаречката партиска

се појават како органи на одделни организации, како НОФ, АФЖ, НОМС и др. Голема улога ќе одигра и печатот на воените единици во Македонија[6].

Проектот „Архиви на невидливите“ е реализиран во периодот од 2021 до 2024 г. Главни иницијаторки, главни креаторки, втемелувачки и главни уреднички се Ивана Хаџиевска (активна во периодот 2021 – 2022 г.) и Јана Коцевска[7] (активна во периодот 2021 – 2024 г.). Центарот за истражување на национализмот и културата[8] е главната институција, носител на „Архиви на невидливите“, одговорна за реализациите, активностите, истражувањата, која пак сето тоа го прави транспарентно достапно до сите преку својата веб-платформа.

Во разговор[9] Ивана Хаџиевска за самиот проект истакна дека: „’Архиви на невидливите‘ е прв поголем истражувачки процес на историјата на жените во Македонија, по 1994 година, кога е проследен последниот јубилеен настан за АФЖ во чест на одбележувањето на 50-годишнината на организацијата, од кој пак веќе следната 1995 година произлегол и последниот Зборник на документи за АФЖ

организација, прилепскиот „Народен глас“ (1942/3), скопскиот „Весник“ (1942), битолскиот „Билтен“ (1942), „Октобрис“ (1942) на кумановската партиска организација, тетовскиот „Неделен весник“ (1942), штипскиот „Народен глас“ (1943), регионалните весници „Братство“ и „Востаник“ (1942/3), „Народен глас“ (1943), „Билтен“ (1943) на поверенството на Главниот штаб на Македонија за Скопје, „Билтен“ (1943/4) на V Оперативна зона, „Билтен“ (1942) на ЦК на КПЈ за Македонија, „Билтен“ (1942) на Главниот штаб на Народноослободителните партизански одреди на Македонија, „Илинденски пат“ (1944).

[6] Исто, 436-450. Со формирањето на Првата пролетерска бригада на 21 декември 1941 г., Врховниот штаб издал упатство за организирање на печатот во единиците на народноослободителната војска на Југославија, посебно во бригадите, со цел да помогне во морално-политичкото воспитување, како и во стручното и културното издигнување на борците. Првиот весник се појавува во Рудо, веднаш по формирањето на Првата пролетерска бригада. Еден од првите партизански весници е „Партизански логорски весник“ (1943), како орган на одредот „Добри Даскалов“. „Братство“ (1943/4) пак е орган на Првата македонско-косовска бригада со кој се означува периодот кога краткотрајните весници прераснаа во органи на одделни единици од поопшто значење. Во овој вид весници се вбројуваат и „Народна борба“ (1943/4), органот на II Македонска народноослободителна бригада, „Огин“ (1944), орган на III бригада, „Народен војник“ (1944), орган на I Македонска бригада, „Нашиот глас“ (1944), орган на Шестата македонска бригада, „Удар“ (1944), орган на Седмата македонска бригада, „Сувогорски херој“ (1944/45), орган на Осмата бригада, „Зрак“ (1944/45), орган на Деветтата македонска бригада, „На работа“ (1945), орган на Десеттата македонска бригада, „Нов живот“ (1945), орган на Единаесеттата македонска бригада, „Гласник“ (1944), орган на Дванаесеттата македонска бригада, „Мугри“ (1945), орган на Четиринаесеттата бригада, „Иднина“ (1945), орган на Седумнаесеттата бригада и др.

[7] Јана Коцевска, антрополог и етнолог, коосновач на Tiiiit!Inc и ЦИНИК – Центарот за истражување на национализмот и културата.

[8] За ЦИНИК види повеќе на официјалната страница: https://cinikskopje.wordpress.com/home/?fbclid=IwAR1JomFlwQsH7cJeJDOCedgW5E-PbjBG4jCdqZqMNeFP-GIV6oxp9AfqM-w Центарот е практично формиран со цел да понуди дополнителен интелектуален простор и експертиза во полето на студиите на национализмот, во општество каде што ова поле се соочува со недостиг на научно внимание и институционална поддршка.

[9] На 11 јули 2025 г. за поголема достапност на информациите за почетоците, текот и реализациите на проектот „Архиви на невидливите“ беше пополнет анкетен прашалник од страна на Ивана Хаџиевска.

(Вера Весковиќ-Вангели, 'Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија (1943 – 1945)', *Зборник на документи. Одбор за одбележување 50 години на АФЖ на Македонија*, XXIV, Скопје, 1994)[10]. Тој е производ на ентузијазмот и темелната работа на тим на независни истражувачи и е работен речиси целосно вонинституционално, што укажува на големата потреба од развивање стратегии во институциите (архиви, библиотеки, научни институти) за осмислување и спроведување лонгитудинални проекти кои би вклучиле дискурзивно, критичко и современо испитување на минатото и позицијата на жените во културата на сеќавање".

Иницијативата почнува низ соработката и ентузијазмот на уредничките Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, како и со заедничкиот пристап кон историјата на жените и различните форми на нејзино манифестирање во културата, политиката и општествениот живот. За Ивана Хаџиевска основен бил поттикот од пронаоѓањето на списанието „Македонка – орган на АФЖ", како и други списанија во Одделението за ретка периодика во НУБ „Св. Климент Охридски" во Скопје, недоволно истражувани и афирмирани во современата култура на сеќавање, и покрај нивната историска репрезентативност и подлабоки културни значења. Ивана Хаџиевска вели дека доволна инспирација биле и реализираните и исклучително интересни проекти од регионот за кои се информирале од фестивалите за женски активизам и култура, организирани од активистките во Скопје и фестивалот „Прво па женско" (пр.: изложбата на уметницата од БиХ, Адела Јушиќ – „Шта је нама наша борба дала"), каде што на критички начин била (пре)испитувана позицијата на жената во балканските истории. Нивните активности во јавноста биле проследени со прашањето каква е состојбата со изворите за историјата на жените во македонскиот контекст, но и каква е улогата на поединците, организациите и институциите во тој процес. Одговорот пак, барем на почетокот, секогаш бил проследен со „завесата на заборавот", т.е. маргинализираноста на темата за учеството на жените во настаните во минатото, или пак доминантноста на романтизираните наративи за жените.

Водени од првата фаза на истражување и трагање по изворите, која им наметнала факт дека постојат богати и многубројни архиви, но во основата „невидливи" (маргинални, епистемолошки обесправени, неиспитани, необработени и недостапни), доаѓаат и до насловот на нивниот проект „Архиви на невидливите"[11], првична идеја на Јана Коцевска.

[10] За пристапот кон објавените извори од историјата на АФЖ види кај: Ивана Хаџиевска, „Фонд 904 'ОО АФЖ – Ресен': Архивските фондови во светлината на одбележувањето 80 години од формирањето на АФЖ во Македонија (Студија на случај)", *Македонски архивист*, XXVIII, бр. 35-36, (2024), 57-83.

[11] Во разговорот за насловот на проектот Ивана Хаџиевска потенцираше дека негодувале дали да го користат терминот „Архиви на невидливите жени" или „Невидливи архиви за женската историја". Терминот „невидливи" го користеле за да потенцираат еден основен аспект на истражувањето, а тоа е трагањето по жените во содржините на списанија што се општи, а не специфично женски списанија. Имено, сè до 1944 година и до појавата на печатот „Македонка – орган на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија", на територијата на Вардарска Македонија не постоело списание кое било женско, уште помалку феминистичко. Со терминолошката асоцијација за невидливоста настојувале да ја подигнат свеста за селективноста или ексклузивноста на историографскиот и книжевниот канон кон жените како авторки, субјекти или објекти во печатените извори.

Во реализација на проектот се вклучуваат Фондацијата „Хајнрих Бел“ – Сараево и Министерството за култура на Република С. Македонија, а во еден помал дел и Град Скопје, а како соработници главните иницијаторки успеваат да придобијат успешни домашни и регионални експерти/ки од релевантните области на истражувањето, како и релевантни граѓански организации и институции.

При тоа ќе се оформи и главната цел собирање, истражување, критичка анализа и презентација на изворите со кои може да се реконструира историјата на жените како учеснички во јавната сфера во своите локални и национални заедници. Ивана Хаџиевска вели дека важен фактор биле и пандемиските услови во периодот 2020 – 2021 г. и потребата да се работи со извори што се целосно дигитализирани и слободно достапни, поради отежнатата работа и пристапност до библиотеките и архивите, како последица на потребата од извори, достапност и истражување.

Неколкугодишната посветеност и активност на проектот и ЦИНИК резултирале со:

1. Три зборници на научни трудови:

- „Архиви на невидливите: Жените во печатот на територија на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни“, уредници Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, Скопје: ЦИНИК, 2021[12];

- „Архиви на невидливите: Македонка – орган на АФЖ на Македонија (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија“, уредници Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата, 2022[13];

За терминот „архиви“ пак Ивана Хаџиевска вели дека го користеле за да ги врамат наодите од истражувањето во сериозната претпоставка за архивирањето како основа за акумулирањето, зачувувањето, и на крајот, и канонизирањето на изворите од историјата на жените. Со овој термин ја потенцирале потребата од сериозен пристап за собирање, систематизирање, селектирање, зачувување и истражувачко интерпретирање на зачуваните извори од областа на историјата на жените. Со формулата „архиви на извори од историјата на жените“ сакале да исчекорат подалеку, следејќи ги практиките од регионот и светот: дигитализација на изворите, со што се зголемува демократичноста и пристапот до нив, но и се поттикнува користењето на веќе дигитализирани извори, со што надлежните институции би се чувствувале поттикнати да ја продолжат својата работа за дигитализација на изворите и истражувачките материјали. Во таа насока, интегрален дел на овој истражувачки проект е и создавањето дигитална база на извори од областа на историјата на жените, која е предвидена континуирано да расте и да се развива заедно со придружни електронски научни и едукативни материјали што би биле корисни за различни општествени чинители. Основа за сето тоа е нивниот успех со создавањето на веб-страницата nevidliviarhivi.mk.

[12] https://www.nevidliviarhivi.mk/wp-content/uploads/2022/01/Arhivi-na-nevidlivite-MK-ZA-WEB.pdf Зборникот е реализиран од тим на осуммина истражувачи, и тоа: Нада Бошковска, Здравко Стојкоски, Ивана Хаџиевска, Мања Величковска и Фросина Крушкаровска, Марина Мијаковска, Јана Коцевска и Билјана Котевска.

[13] https://www.nevidliviarhivi.mk/wp-content/uploads/2022/11/Arhivi-na-nevidlivite-II-del-ZA-WEB-1.pdf Зборникот е реализиран од истражувачкиот тим составен од Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, Дарко-Леитнер Стојанов, Мања Величковска и Христина Иваноска. Специјален методолошки и критички

- „Македонка – орган на АФЖ (1944-1952), артикулации на сеќавања и критички прикази“, уредник Јана Коцевска, Скопје: ЦИНИК, 2024[14].

2. Библиографии на периодични списанија[15]:

- Македонка (1944 – 1952) | Библиографија составена од Елени Новаковска;

- Илустрација Илинден / Луч / Смена | Библиографии составени од Марина Мијаковска;

3. Регистар на женски имиња во периодиката (2021)[16];

4. Едукативни визуелни и дигитални содржини (2021 – 2024)[17];

5. Прирачник со препораки за крос-институционални политики (2021)[18].

6. Регионални конференции:

- Искуства на архивирање и изучување на историјата на жените во печатената култура – патишта на зачувување и споделување (видео), 29 октомври 2021 г., во Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје[19];

- „Перспективи на истражувањето на првото македонско женско списание „Македонка – орган на АФЖ“: индивидуална, институционална и јавна димензија“, 28 октомври 2022 г., во Музеј на Република Северна Македонија, Скопје[20].

7. Уметнички изложби

- „Документот кој недостига“, изложба на Христина Иваноска, насловена, во рамките на програмата на 10. издание на Фестивалот за феминистичка култура и акција „Прво па женско“, 2022 г.;

- „Цинови и снегулки“, самостојна изложба на Христина Иваноска, 2024 г.,

придонес имале д-р Ивана Пантелиќ (Институт за современа историја на Србија, Белград) и д-р Јелена Милинковиќ (Институт за книжевност и уметност, Белград).

[14] https://www.nevidliviarhivi.mk/wp-content/uploads/2025/01/Arhivi-na-nevidlivite-III-del-Makedonka-ZA-EB.pdf Зборникот е реализиран од истражувачкиот тим составен од: Ана Колариќ, Петар Тодоров, Ана Ашталковска- Гајтаноска, Славчо Димитров, Христина Иваноска и Елени Новаковска. Уредничка на публикацијата е Јана Коцевска.

[15] https://www.nevidliviarhivi.mk/pdf-category/bibliographies/ (2021, 2024)

[16] https://www.nevidliviarhivi.mk/wp-content/uploads/2021/12/Регистар-на-женски-имиња-Јана Коцевска.pdf

[17] https://www.nevidliviarhivi.mk/illustrations/

[18] https://www.nevidliviarhivi.mk/wp-content/uploads/2021/12/Осврт-кон-јавните-политики-Билјана-Котевска.pdf

[19] https://www.nevidliviarhivi.mk/regionalna-konferencija-iskustva-n/ https://www.facebook.com/share/v/15ibW3nkkZ/

[20] https://www.nevidliviarhivi.mk/video-od-promotivniot-nastan-za-arhivi-na-nevidlivite-2-0/

реализирана како соработка меѓу Центарот за истражување на национализмот и културата и Фестивалот за феминистичка култура и акција „Прво па женско“, со што таа ќе биде дел од дванаесеттото издание на фестивалот, чии поддржувачи се Sigrid Rausing Trust и Equality Fund[21].

8. Дигитализација на списанието „Македонка“, извршена од Народната библиотека на Србија, Белград, на иницијатива на уредничкиот тим[22]. Неминовно „Македонка“[23]

[21] https://www.nevidliviarhivi.mk/џинови-и-снегулки-самостојна-изложба/

[22] https://www.nevidliviarhivi.mk/magazines/

[23] Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска, „Истражување на првиот македонски женски весник: од раздружено сеќавање до архиви на женското живеено искуство“, во Архиви на невидливите: Македонка – орган на АФЖ (1944-1952), *историски искуства и културна меморија*, Скопје: ЦИНИК, 2022, 26-58. Првиот број на „Македонка“ во тираж од околу 1.000 примероци, бил отпечатен на 7 ноември 1944 година во Битола како официјално пропагандно гласило на Антифашистичкиот фронт на Македонија, кој бил основан на 14 декември 1944 година, односно одговорен издавач и сопственик на списанието. Уредничка на првиот број (потпишана како „главен редактор“) била Веселинка Малинска (на таа позиција од ноември 1944 до септември 1947 година), а како редовни соработнички се вклучуваат: Нада Богданова-Икономова, Нада Ачкоска, Лилјана Савелиќ, Кефсер Шукри, Васка Дуганова, Филимена Марковска, Деса Миљовска, Невена Теохарова, Ленче Арсова, Ленче Јовановска, Лилјана Чаловска, Мирјам Поповиќ, Ружа Бак, Славка Цветкова и Рада Галева.

Списанието редовно ги пренесувало ставовите и рефератите на актуелните политичарки во тоа време, како Вера Ацева, Ката Лахтова, Јоланда Клоси и Кериме Муча. Авторките и соработничките биле потпишувани и со иницијали, а голем број од текстовите не биле авторизирани. Уредничките најчесто биле од редовите на повисокото партизанско-воено раководство, бригадирки кои по војната станале профилирани функционерки на разни претпријатија и јавни институции, како и дел од повисоките редови на партијата. Додека пак редовните соработнички најчесто биле партиски кадри кои по војната се усовршиле образовно или се стекнале со специјалност во одредена област (медицина, право, економија, учителска школа итн.) Василие Поповиќ-Цицо бил одговорен за цртежите, графичките прикази и визуелниот идентитет на списанието, кој се јавува како долгогодишен соработник на списанието. Одговорен техничар за печатењето на првиот број бил Богдан Стојановски, а подоцна одговорен за техничката обработка бил Војислав Антиќ. Списанието се печатело во „Државна штампарница Гоце Делчев“, а подоцна во печатницата „Култура“, и двете во Скопје. Во првите (повоени) години од издавањето, списанието немало стабилен уреднички или книжевен одбор, а главната уредничка се јавувала во лидерска позиција во однос на сите одлуки. Преостанатите уреднички на списанието биле: Вера Николова (од октомври 1947 до декември 1950 година), Благојка Демниева (јануари-септември 1951); и Лилјана Манева (декември 1952).

Во списанието простор и можност за пишување имаат и машките автори познати современи македонски писатели, новинари и историчари како Венко Марковски, Ацо Шопов, Славко Јаневски, Ванчо Николески, Илхами Емин, Шукри Рамо, Иван Точко, Блаже Конески, Илија Топаловски, Киро Мукаетов, Данчо Зографски, Харалампие Поленаковиќ, Христо Андоновски и др.

Списанието излегувало на А4-формат, во димензија од 30 см, со разновидни графички решенија за насловот и насловната страница и изобилство на илустрации и фотографии. Се печатело на околу 24 страници, а се пишувало на македонски јазик и кирилско писмо. Чести се прилозите на руски и српско-хрватски јазик, односно албански и турски јазик кога уредништвото одлучува списанието да ги опфати и жените од малцинствата во НРМ.

Списанието континуирано без прекин излегувало до 1951 г. еднаш месечно, но и како двоброј (год. II, бр. 3/4 јануари-февруари 1945; год. II, бр. 5/6 март-април 1945; год. II, бр. 8/9 јуни-јули 1945; год. II, бр. 10/11 август-септември 1945; год. II, бр.12/13 октомври-ноември 1945; год. III, бр. 15/16 јануари-февруари 1946; год. III, бр. 17/18 март-април 1946; год. III, бр. 21/22 јули-август 1946; год.

како официјален печат на АФЖ[24] од 1944 г. ќе ја преземе водечка улога во пренос на пораката на жените од сите националности дека се подготвени да уживаат во своите извојувани права како рамноправни единки во современата македонската држава. 1944 г. практично ќе биде годината со која ќе се означат почетоците на современиот македонски печат[25].

Имено општествено-политичкиот живот во скоро ослободената земја во втората половина на 1944 г. ја наложија потребата посебно внимание да се посвети на жената и нејзините проблеми. Затоа „Македонка“ ќе ги поддржи еманципацијата, борбата за рамноправност, модернизацијата, активизмот, лидерството, чекорите кои започнати интензивно од периодот меѓу двете светски војни, подржани во периодот на Народноослободителната борба, ќе бидат наградувани, надградувани во слободната македонска држава по 1944 г. Во таа насока практично и ќе се развива историјата на женското прашање низ весникот, анализирајќи ја Македонката како жена-борец и херој, ударник, основач и реорганизатор на АФЖ, односно политички и културен реформатор. По првпат, конечно, конституираната македонска држава покажа дека жената ѝ треба.

Во првиот број од весникот како вовед се објавува статијата на Веселинка

IV, бр. 30/31 април-мај 1947; год. IV бр. 33/34 јули-август 1947; год. IV, бр. 36/37 октомври-ноември 1947; год. V, бр. 40/41 февруари-март 1948; год. V, бр. 46/47 август-септември 1948; год. V, бр. 49/50 ноември-декември 1948; год. VI, бр. 53/54 1949; год. VI, бр. 70/71 септември-октомври 1950; год. VII, бр. 81/82 август-септември 1951 г.). Последниот бр. 83 излегува во декември 1952 г. Во 1953 г. списанието е преименувано во „Просветена жена“ – орган на сојузот на женските друштва во Македонија, под кое име се печати сè до 1990 година, кога продолжува да се издава под името „Жена“. Од 1997 до 2005 г. се издавало под името „Жена нова“ и од 2005 година кратко време излегува под името „Згодна“.

[24] Исто, Антифашистичкиот фронт на жените на Југославија бил основан во текот на Народноослободителната борба со цел да ги мобилизира жените во борба против фашистичките сили, под водство на Комунистичката партија на Југославија. Чинот на формирање бил во декември 1942 година, во Босански Петровац. На левиот политички спектар и претходно постоеле женски организации кои имале слични задачи и начин на работа меѓу жените, особено значајни биле искуствата на организирање на жените во работничко-синдикални организации во меѓувоениот период. Предводниците на партизанскиот отпор имале јасна визија дека борбата против фашизмот истовремено подразбира и борба за праведно општество, во кое жените би имале активна улога. Се работело за идеолошка и политичка платформа на КПЈ за рамноправноста на жените со мажите во сите сегменти на животот. По формирањето на АФЖ на Југославија, почнале да се формираат главни одбори на организацијата и на локално ниво на цела територија на Југославија. АФЖ на Македонија било формирано по истите принципи на 14-15 декември 1945 година.

[25] Боро Мокров, „Развој на македонскиот...“, 428-437. Во март 1944 г. на слободната територија на Македонија на планината Козјак се појавува првиот број од списанието „Млад борец“ како орган на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија во редакција на Лилјана Чаловска, Крсте Црвенковски, Ацо Шопов, Боро Миљовски, Иван Мазов и др. По првото заседание н АСНОМ се појавува весникот „Наша хроника“ како орган на Поверенството за пропаганда на Президиумот на АСНОМ. Нова фаза во развојот на современиот печат и модерно новинарство во Македонија се почнува со дневниот весник „Нова Македонија“ како орган на Народноослободителниот фронт на Македонија. Напоредно со него ќе почнат да опстојуваат и „Бирлик (1944), Флака е влазнимит“ (1945), „Културна Македонија“ (1944).

Малинска[26] „Да го зајакнеме антифашистичкиот фронт на жените во Македонија“, во која подвлекувајќи ја значајната улога на македонската жена како учесничка во НОБ[27], авторката го определува карактерот на списанието во насока на понатамошната нејзина улога во современата македонска држава со која напоредно треба да се изградува, да излезе од анонимност и да се направи целосно видлива.

Патот за пронаоѓање на сите броеви на списанието „Македонка“ ќе ги доведе двете главни иницијаторки на проектот, до Народната библиотека на Србија во Белград. Соработката ќе биде официјализирана со дигитализација на списанието со што тоа станува секому достапно за користење за истражувачки и научни цели[28].

[26] Веселинка Георгиева-Малинска (4.1.1917, Куманово – 12.11.1987, Скопје) – национален и комунистички деец, првоборец, новинар и политичар. Како член на СКОЈ (1933) и секретар на скоевски актив (1934), била уапсена (јануари-февруари 1936) во истражниот затвор во Скопје и во Ада Циганлија (Белград). Ја завршила Трговската академија во Ниш. Како член на КПЈ (1936) и студент на Високата економско-комерцијална школа во Загреб, била истакнат активист во кумановското Студентско друштво (во летото 1937) и била избрана за член на МК на КПЈ во Куманово. Подоцна студирала во Белград (1939), каде што била секретар на Месниот одбор на Народната помош (1940-1941). По априлската војна била главната курирска врска на ПК на КПЈ за Србија и ЦК на КЈП со Белградскиот НОПО и со партиските организации во Србија. Во отсуство била осудена на смрт (април 1942). Потоа се вратила во Македонија (мај 1942) и била секретар на МК на КПЈ во Скопје и уредник на неговото гласило „Весник“. Наскоро заминала како борец во Вториот скопски НОПО (октомври 1942 – јануари 1943), а потоа се илегализирала кај јатаци на Скопска Црна Гора, од каде што заминала (20.5.1943) на планината Караорман за секретар на Агитпроп при ГШ на НОБ и ПОМ. Била кандидат за член на ЦК на КПМ (1943 – 1945), избран делегат на АВНОЈ, член на Главниот одбор на НОФ, одговорен уредник на списанието „Илинденски пат“ (од април 1944), делегат и втор секретар на работното Претседателство на Првото заседание на СНОМ (2 август 1944), референт на Поверенството за информации (од 14 август 1944) и уредник на списанието „Македонка“ (од ноември 1944). По ослободувањето била секретар на Главниот одбор на АФЖ за Македонија (од 15 декември 1944), ја завршила Вишата политичка школа „Ѓуро Ѓаковиќ“ во Белград, била главен и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија“, директор на Радио Скопје (1952 – 1961), претседател на Здружението на новинарите на Македонија, потпретседател на Главниот одбор на ССРНМ, член на Извршниот одбор на Собранието на СРМ, републички и сојузен пратеник, член на Претседателството на ЦК на СКМ, претседател на Универзитетскиот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член на Претседателството на СРМ. Носител е на „Партизанска споменица 1941“. Македонска енциклопедија, том 2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2009, 902.

[27] Учеството на жената во илегалниот фронт на заднината на Народноослободителното движење, во вооружените формации на Народноослободителната војска и партизанските одреди на НОВ и револуцијата од 1944 до1945 г. е само еден континуиран процес на нејзината претходна присутност и ангажираност уште во предилинденскиот период, постилинденскиот период, меѓувоениот период обележан пред сè со работничкото и комунистичкото движење, антифашистичката ориентација со која го гледаа и крајот на борбата за еднаквост и рамноправност во средината во која сакаа да бидат видливи. Така и стана народен пратеник на Првото заседание на АСНОМ и основач на АФЖ.

[28] Во Македонија, во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во Одделението за ретка периодика, се зачувани 20-ина броеви. Според јавно достапните податоци од COBISS+“ – системот за пребарување на библиотечните каталози, библиотеката не ги поседува броевите од 8 до 11 од 1945 година. Исто така, броевите од годините 1944, 1945 и 1946 се во фондот на ретки сериски публикации, а броевите од 1947 до 1952 година се водат во сериски публикации во општиот фонд. Во оваа институција се чуваат и другите наслови што произлегле непосредно од ова

Народната библиотека на Србија во Белград, каде што списанието „Македонка“ се чува во целост, направи голем чекор напред со тоа што на посебна дигитална платформа го постави списанието во дигитална форма, така што секој број може бесплатно да се симнува за преглед[29].

Успехот на списанието бил забележителен, пренесувајќи ја жената од секое населено место, нејзината активност, отвореност, желба за образование и описменување, желба за напредок и навлегување во индустријата, економијата, агрономијата, политиката, културата, образованието, социјалните институции, архитектурата, институционалната изградба, здравството, кулинарството, модата итн.[30]

списание („Просветена жена“, „Жена“), и тоа во општиот фонд. Последните наслови можат да се најдат и во Националната установа и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола. Броеви од списанието можат да се најдат и во Државниот архив на Република Северна Македонија – Одделение Битола, каде што се чуваат еден примерок од 1945 (год. 1, бр. 3-4 (јануари-февруари 1945)]) и три примероци од 1947 година (год. 4, бр. 30-31 (април-мај 1947), 32 (јуни 1947) и 33-34 (јули-август 1947)).

Првиот број од списанието може да се најде во библиотеката „Браќа Миладиновци“ во Скопје, која го има споделено на својата дигитална платформа. Еден број од списанието се чува и во Институтот за национална историја во Скопје. Броеви на списанието се чуваат и кај приватни иматели во домашните библиотеки или лични збирки, но потешко е да се дојде до конкретни податоци за состојбата на списанието во домашните библиотеки.

Сите отпечатени 83 броеви од списанието со околу 1.500 страници единствено можат да се најдат во Народната библиотека на Србија, Белград. Секој број од списанието има свои метаподатоци: УРН број, наслов, датум, број, година на издавање, физички опис, јазик, опис, идентификатор, COBISS-SR.ID, pdf (дигитална верзија на списанието).
https://digitalna.nb.rs/view/URN:NB:RS:ND_4CF06BD702E6089481F093226CC82C09-1944-11-B001

[29] „Македонка“, дигитална библиотека „Браќа Миладиновци“, https://digitalna.gbsk.mk/items/show/306. (пристапено на 7 јули 2025 г.)

[30] Државен архив на РСМ, фонд 427 „Централен комитет на Сојузот на комунисти на Македонија 1945 – 1990, а.к. 44, а.е. 29, л. 112-130. Сепак анализите на културните рубрики на републичките листови потврдувале дека културните рубрики ги обработуваат настаните, развојот на културата и уметноста на републиката, но целосно и доследно не ги опфаќале сите проблеми. Културната рубрика не била во склад со развојот на социјалистичката стварност, со стварните достигнувања на полето на просветата, културата и уметноста. Општа карактеристика за списанието „Македонка“ е дека начинот на кој се разработуваат прашањата од културната проблематика е едноставен, секојдневен без идејна содржина. Многу статии даваат суви информации, еднообразни и регистраторски, така што немаат мобилизаторски карактер.

Весникот во почетокот на 1950-тите е критикуван дека недоволно се труди да ги доближи културата и науката до народот. Јазикот и стилот на кои се пишувани статиите не е на висина, иако има голем напредок за разлика од претходните години. Правени се стилски и граматички грешки.

Весникот во културните рубрики недоволно ги популаризира достигнувањата на културните институции, Народниот театар, издавачката дејност, дејноста на Друштвото на писателите, музичарите и ликовните уметници, балетот, културно-уметничките друштва итн., што укажува на тоа дека редакциите немале свој план за оваа рубрика, а не постоела ниту потесна врска со културните институции и управи која пак била неопходна и потребна. Единствено само весникот „Нова Македонија“ сестрано ги опфаќал прашањата на културната проблематика: борбата против неписменоста, школството, театарот, филмот итн.

Прашањата во културната рубрика биле многу ограничени. Речиси целиот простор на оваа рубрика бил исполнет со дописи или статии за борбата против неписменоста. Во мартовскиот број 1950 г. редакцијата на „Македонка“ се ослободува од својата „културна политика“ и дава кратки белешки за артистите од драмата Марија Нешкова и Добрила Пуцкова, како и за членовите на

Меѓу жените кои се изборија за да бидат видливи се и велешанките од АФЖ, правејќи го така видлив и градот Велес[31].[32] Една од велешанките, првоборката

операта Зина Митревска, Данка Фирфова и Фанка Икономова. Во овој број во статијата „Две значајни новини во културниот живот на националните малцинства кај нас“ одбележани се отворањето на Националниот театар во Скопје и појавата на првата книга оригинални творби на младите турски писатели Мустафа Карахасан, Шукри Рамо и Нецат Зекири.

Начинот на кој се третирани овие прашања е еднообразен, секојдневен и ја нема онаа висина на која би требало да се обработуваат материјалите во едно месечно списание. Стилот во списанието требало да биде краток, концизен и убедлив. Во статиите на културната рубрика на списанието „Македонка“ идејноста и воспитноста губеле од својата убедливост и ударност затоа што биле многу расплинето напишани. Една мисла многу се парафразирала и затоа во простор од две-три страници колку што во секој број „Македонка“ ѝ посветува на културната рубрика, многу малку проблеми се разгледувале од културниот живот во Македонија, како и во поважните културни настани во ФНРЈ, а во кои централно место заземала жената. Редакцијата кога допуштала така долги статии не се раководела од психо-педагошкиот момент кај македонската жена. Се поставувало и прашањето дали воопшто македонската жена во поширока смисла ги чита овие статии. Голем број од жените биле полуписмени и не истрајувале да ја прочитаат статијата до крај. Од друга страна голем број жени биле вклучени во производството, на работни акции, а голем број жени по многу објективни причини поголемиот дел од своето време го давале на одгледување на децата и домашната работа. Затоа се наложувало сите материјали да бидат многу пократко напишани. Исто така се препорачувало дека добрите слики често пати можеле многу повеќе да кажат и мобилизаторки да дејствуваат, отколку долгите и растегнати статии.

На редакцијата ѝ се наложувало да посвети поголемо внимание на македонскиот литературен јазик и на вистинитоста на информациите. Воопшто не се пишувало за активноста на жените во сите културни институции и манифестации, што било доста погрешно. Се добивал впечаток дека централно место зазема неписменоста, што е донекаде правилно, но требало да се пишува и за другите проблеми. Некој странец кога би ја читал „Македонка“ би добил впечаток дека македонската жена е толку заостаната што единствена задача и е да се бори против неписменоста. Се настојувало „Македонка“ да ја гледа жената како културен работник кој преку својата уметност ја гради социјалистичката култура, придонесува за растот на културното ниво на човекот и се бори за високи квалитети во уметноста. Жената во Македонија земала активно учество во дилетантските секции, воделе хорови, прекрасно ги интерпретирале народните ора, па токму за тие „обични жени“ требало повеќе да се пишува. Новите книги воопшто не биле популаризирани. Жените требало да се запознаваат со филмот, балетот итн., со ликовите на истакнатите жени во културниот живот и од преостанатите „братски“ републики.

Се давале насоки весникот: да ја следи редакцијата на „Жена данас“ – орган на Централниот одбор на АФЖ, да пишува на начин достапен за жените, да се пишува за најзначајните политички случувања во земјата и другите земји, да го развиваат интересот и активноста на жените во сите сектори и во борбата за учество во социјалистичката изградба на земјата, да се рашири дописничката мрежа на терен, затоа што не постоел поширок круг на соработници околу редакцијата, иако постоеле поголем број на жени – партиски и просветни раководители, жени научници, ударници, уметници, да работи на издигнување на дописниците и новинарите со нивно праќање на новинарски курсеви, да посвети поголемо внимание на техничкиот изглед, изборот на хартија и изборот на фотографии.

[31] По предлог на Владата на НРМ, а по желба на Окружниот и Градскиот народен одбор на град Велес, во знак на признание кон маршалот Јосип Броз Тито, според чл. 3 од Законот за изменување и дополнување на решението за конституирањето на АСНОМ – Президиумот на Народното собрание на НРМ, на заседание од 10 октомври 1946 г. бил донесен Законот за преименување на името на градот Велес во Титов Велес. („Сл. весник на НРМ“, бр. 31, год. II, 15 ноември 1946 г.). Името на градот Титов Велес било преименувано повторно во Велес на 14 септември 1996 г. со донесувањето на новиот Закон за територијална поделба на Република Македонија и одредување на единиците на локалната самоуправа.

[32] Градот Велес (Титов Велес) е проследен во следните броеви на весникот „Македонка“: бр. 1, год. I, ноември 1944, стр. 16, 21; бр. 2, год. I, декември 1944 стр. 14, 16, 21, 24; бр. 3-4, год. II, јануари-февруари 1945, стр. 14, 31, 33; бр. 5-6, год. II, март-април 1945, стр. 8, 9, 11, 12, 13, 16, 17, 28; бр. 7, год. II, мај

Благојка Демниева Кузмановска[33], ќе биде одговорен уредник на списанието „Македонка“ во периодот од 1950 до 1951 г. (год. VI, бр. 70-71, септември-октомври 1950 и год. VII, бр. 81-82, август-септември 1951).

„Македонка“ внимателно почнува со одделувањето на вниманието за жената-херој и борец, односно покажува почит кон меморијата за загинатите, така што уште во првиот број на весникот во статијата „Нивната крв е нашата клетва!“ се забележува: „Во темелите на нашата млада држава – Слободна Македонија во демократска и федеративна Југославија, лежат коските на многу македонски ќерки, што заедно со својте браќа, другари и татковци, без страв влегоја во денешната народно-ослободителна борба“. Меѓу имињата на паднатите другарки Македонки испишани се и имињата на велешанките: „Нада Коцева- Бутникошарева[34] од Велес,

1945, стр. 9, 11; бр. 8-9, год. II, јуни-јули 1945, стр. 15, 16, 25; бр. 10-11, год. II, август-септември 1945, стр. 17, 18, 20; бр. 12-13, год. II, октомври-ноември 1945, стр. 14;бр. 17-18, год. III, март-април 1946, стр. 10; бр. 19, год. III, мај 1946, стр. 8-9, 16; бр. 20, год. III, јуни 1946, 7, 11; бр. 21-22, год. III, јули-август 1946, стр. 11, 24; бр. 23, год. III, септември 1946, стр. 6-7, 8; бр. 27, год. IV, јануари 1947, стр. 11; бр. 29, год. IV, март 1947, стр. 15; бр. 33-34, год. IV, јули-август 1947, стр. 21; бр. 35, год. IV, септември 1947, стр. 3, 8; бр. 36-37, год. IV, октомври-ноември 1947, 9, 10, 16; бр. 44, год. V, јануари 1948, стр. 10, бр. 48, год. V, октомври 1948, стр. 5; бр. 51, год. V, 1949, стр. 16; бр. 53-54, 1949, стр. 18; бр. 55, 1949, стр. 14, 17-18; бр. 64, год. VI, март 1950, стр. 21; бр. 67, год. VI, јуни 1950, стр. 12; бр. 68, год. VI, јули 1950, стр. 14; бр. 72, год. VI, ноември 1950, стр. 23; бр. 76, год. VII, март 1951, стр. 13-14; бр. 77, год. VII, април 1951, стр. 8-9; бр. 80, год. VII, јули 1951, стр. 10; бр. 83, год. VIII, декември 1952, стр. 22.

[33] Благојка Демниева-Кузмановска (Велес, 1920 – Скопје, 1999) – просветен работник, комунистички деец и борец. Како студент на белградскиот Универзитет станала член на КПЈ (1940), на МК на КПЈ на СКОЈ во Велес (есента 1941). За време на Втората светска војна, поради нејзината вклученост во Комунистичката партија била уапсена од бугарската полиција (декември 1941), а по шестмесечното иследување е интернирана во Златоград (Бугарија), до почетокот на 1943. Во Велес пак била уапсена и интернирана во женскиот логор „Свети Никола“ кај Асеновград (Бугарија, февруари – кон крајот на 1943). По краток престој на слобода, пак била уапсена и интернирана во с. Вршец кај Белоградчик (Бугарија, април – август 1944). По враќањето веднаш се вклучила во НОАВМ. Била член на Околискиот комитет на КПМ, на Првиот областен комитет на КПМ, на Главниот одбор на АФЖ на Македонија, на Главниот одбор на ССРНМ и др. Македонска енциклопедија, том 2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2009, 451.

Нејзини сеќавања од военото искуство се објавени во зборникот „Оковани во пранги: сеќавање на политички затвореници, интернирци и депортирци – припадници на Народноослободителното движење на Македонија (1941 – 1944) од територијата која во текот на Втората светска војна беше под италијанска и германска фашистичка окупација“, Скопје, Наша книга, 1981 г. По војната била активна во општествениот и политичкиот живот. Во 1964 година имала раководна функција во Педагошката академија во Скопје, а исто така била директорка на Вишата школа за социјални работници во Скопје.

Во однос на активизмот за еманципација на жените, била меѓу првите членки на Главниот одбор на АФЖ на Македонија и редовна соработничка на списанието „Македонка“ и „Просветена жена“. Била главна уредничка во периодот 1950 – 1951 година (год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950) до год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951)). Повеќе за уредничките на списанието „Македонка“ на линкот: https://www.nevidliviarhivi.mk/wp-content/uploads/2022/11/9.-Prilozi_Arhivi-na-nevidlivite.pdf

[34] Ѓорѓи Малковски, „Велес во Втората светска војна (1941 – 1944)“, Скопје 2020, 335. Нада Николова-Бутникошарева (Велес, 27.1.1919 – с. Војница, Велешко, 16.12.1942) – револуционер, организатор на женското и синдикалното движење во Велес. По завршувањето на основното училиште работела како

партизанка, загина во пештерата кај Фојница - Велешко; Нонча Камишева[35] од Велес, партизанка, загина во декември 1942 година, по долги борби со непријателот во една колиба близо до Велес, не се предаде жива во негојте раце; Галаба Тоцинова од Велес, изнесена од затворот и убиена кај Хајдушка Чешма - Велешко 1942 година; Ката Капчевица, домаќинка од Велес, 50 години, загина заедно со двата синој од проба на една адска макина. Беше активен помагач на борбата"[36].

Во истиот број велешанките почнуваат да ги покажуваат своите веќе постоечки иницијативи за организирање, па следува Писмо на Женскиот одбор од с. Отиштино (Велешко) до ранетите и болни војници во болницата на 42. Дивизија, со поддршка за жртвата што ја даваат за „нашата татковина Македонија на ослободувањето на нашиот народ Македонски за живот похубав и среќен и хубава слобода"[37].

Веќе со вториот број, списанието „Македонка" ја актуализира политичката улога на жената, забележувајќи ја Главната конференција на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија од 14 и 15 декември 1944 г. во кој напис е пренесен и поздравниот говор на стариот илинденец Панко Брашнаров од името на Президиумот на АСНОМ. Во написот за Конференцијата се даваат податоци дека во Велес има организирана плетачница во која 8 плетачки плетат за војската џемпери, нараквици, чорапи, шалчиња и сл., а во влачарниците неколку „другарки помагаат и ја преработуваат волната"[38]. Велешанките биле дел и од Главниот одбор на АФЖ, како први членки се споменува учителката Марија Коробарова, студентката Благојка Демниева, Маца Карбева, домаќинка, Маца Мирчева, домаќинка, Елена Иванова, студентка, Васа Кошулчева, домаќинка и Сута Бутникошарова, домаќинка, сите од Велес[39]. Организираната работа на жените од Велешко за потребите на војската е

монополска работничка, а подоцна извесен период работела и во Белград. По враќањето во 1939 г. продолжила да работи во Монополот. Била примена во активот на КП што постоел во Монополот. Во 1940 г. станала член на МК на КПЈ за Велес. Нејзината куќа била засолниште за голем број илегалци од Македонија и место на првата партиска печатница во Велес (1941). Прогонувана од Бугарите, во 1942 г. заминала во реорганизираниот партизанскиот одред „Димитар Влахов" и учествувала во сите негови акции против бугарскиот окупатор. Загинала на 16 декември 1942 г. во близина на с. Војница во судир со бугарската полиција.

[35] Исто, 325. Марија Владо Камишова – Нонча родена е во Велес 1924 г. Во 1939 г. била примена за член на СКОЈ за Велес, а од септември 1941 г. станала член на помошното биро при МК на СКОЈ за Велес. Во септември 1942 г. станала член на новоформираното партиско раководство во Велес формирано од Кузман Јосифовски-Питу. За да не биде затворена од бугарските власти истиот месец се приклучува кон партизанскиот одред „Димитар Влахов" и учествува во сите акции на Првата чета, а во декември 1942 г. со група од 12 партизани заминала за Скопска Црна Гора, а оттаму за Србија. Во јануари 1943 г. се враќа во месноста Речани, каде што со нејзините соборци биле откриени и ликвидирани од бугарската полиција и војска на 6 јануари.

[36] Весник „Македонка", бр. 1, год. I, ноември 1944, стр. 16.

[37] Исто, стр. 21

[38] Исто, бр. 2, год. I, декември 1944, стр. 14.

[39] Исто, стр. 21.

пренесена во статијата „Селанките од Велешко даваат пример како се организира работата“ во која меѓу другото се вели: „Другарките од с. Дреново - Велешко за војската дадова: 12 кгр. грав, 65 кгр. кромпири, 21 кгр. круши, 1 кгр. кромит, 6 кгр. тарана, 3 кгр. ораси, 500 кгр. чај, 11 калапа сапун. Подароци на војната болница: 20 кокошки, 50 јајца, 12 кгр. круши, 5 дуњи, 2 кгр. сливи и 4 кгр. баница“[40].

Ударничката работа на велешанките најдобро е опишана во истоимената статија во бр. 3-4 од јануари 1945 г., во која се вели: „Набргу после ослободуењето на Велес се отвори во градот плетачка работилница по иницијатива на антифашистичкиот фронт на жените. Кога се разбра дека ќе се отвора работилница се пријавиа доброволно околу 40 другарки. Се работеше со голема волја, песни, радос и надпреваруваңе. Другарките што плетеа пуловери плетеа просечно по 10-11 на ден: меѓу нив другарката Руса Маджарова плетеше 14 пуловера, а другарката Савка Бондикова по 12-13 пуловера. Од 1-I до 5.I се изработија и се испратија за Божикј: 200 пуловера, 70 рала чарапи, и 100 рала нараквици“. „Во Велес жените за Божикј за војската собраа 220 колета, кои се предадоа во Скопје во складот на Главниот штаб, за војската: Од велешката околиа се собрани 41 чивта чорапи, 9 крпи за лице, 140 колета, 700 лева и друго. Освен това од Велес и велешката околија се предадени 130 колета на војниците во Велес“[41].

Во бр. 5-6 од март 1945 г. посветен на Првите слободни избори за претставници на народната власт претставена е избраната кандидатка Руиш Хаки Велиева „родена 1925 година во Велес. Завршила во Велес V клас занатско училиште. Помагала во народно-ослободителната борба со работа во позадината: прибирала помош за војската, шиела и др. Освен това нејзината кукја не редко прибирала другари, кои се криеле од фашиската полиција. Работела многу за просветуењето на муслиманките“[42]. Имено, жените во Македонија земале големо учество на изборите, одразувајќи се во општиот процент на гласачите во Македонија, кој бил 95-100 %. Забележано е масовното излегуваңе на муслиманските жени кои имале одделни гласачки места од мажите. „Во Велес имаше определено специјално место за жените Турчинки во една од градските џамији. Сите муслиманки уште од рано идеа да гласаат. При гласаңето покажуеја многу голем интерес за лугјето кои беа на листата. За секој сакаа да им се каже: кој е, од каква фамилиа е, што работи и дури тогај помислуејјки уште малку го даваа својот глас. Од Турчинките е избарана во одборот другарката Руиш Хаки Велиева“[43]. Во истиот двоброј велешанката Благојка Демниева се јавува како потпишан прв автор од Велес на статијата „Младината на Македонија ја прослави светската младинска недела“, организирана во рамките на општиот план за прославуваңе на светската младинска недела во Југославија[44].

[40] Исто, стр. 24.
[41] Исто, бр. 3-4, год. II, јануари-февруари 1945, стр. 14.
[42] Исто, бр. 5-6, год. II, март-април 1945, стр. 8
[43] Исто, стр. 9.
[44] Исто, стр. 25.

Уредничките на весникот го испочитувале и гласот на најгласните поетивелешани Кочо Рацин и Коле Неделковски, правејќи ги достапни на сите Македонки. Во бр. 8-9 од јуни 1945 г. автор со иницијали Ф.М. пренесува статија со наслов „Народниот поети Кочо Рацин“, по повод 13 јуни 1945 г., годишнина од смртта на македонскиот народен поет, кога и се пренесоа посмртните останки во неговиот роден Велес[45].

Во двобројот 10-11 од август 1945 г. уредништвото на весникот ја пренесува статијата на авторот Бирис Андов „Мајка Кошулчева од Велес“, велешанката пример за херојство и саможртва на жената при исполнувањето на долгот кон татковината, мајката херој, симбол на нескршливоста и истрајноста, која во текот на тригодишната војна загуби три сина. „Денес мајка Васа е член на Главниот одбор на АФЖ за Македонија. Работи неуморно и дење и ноќе како да се стара да не би ги увредила светлите спомени на нејзините синови, не пропушта ни еден момент, а да не проговори пред жените од нејзината улица за борбата која ни претстои уште. Нарочно, мајките кои во борбата загубија синови, навогјат во нејзиниот пример и во нејзините думи утеха за загубата. За сета нејзина работа е наградена со орден ‘Заслуга за народ’“[46]. Во истиот број забележана е и ударничката работа и придонесот на велешанките во изградбата на државата во написот „Сите ке работиме дружно за да ја изградиме нашата татковина“ во кој се вели: „Жените од Велес собираа старо железо во местото Превалец, на 4 км. далеку од Велес. Над 350 жени со ударничка работа во рок од 5 часа исчистија растојание од 3 километра на линијата од тунелот до гара Кирково. Секакви остатоци од старо железо, бурила, клинци и други отпадоци, беа натоварени на вагони. На работа не изостана ни Сута Чалова, макар да е на 90 години“[47].

Во бр. 12-13 од октомври 1945 г. „Македонка“ ја забележува и можноста на жената во Југославија, односно Македонија, на 11 ноември 1945 г., првпат да го изрази своето право на глас на демократски избори на кои може не само да гласа, туку и да ја гласаат. Меѓу жените кои го даваат својот глас била и д-р Грозда Костова-Симиджиева, гинеколог од Велес, партизан и лекар, посветена на уредувањето на болницата во с. Врановци, каде што биле сместени 390 болни и ранети партизани. За изборите вели: „Можам да кажам дека сум длабоко уверена оти сиот работен и поштен народ ќе гласа за Републиканска Титова Југославија. Јас не гледам друг поарен пат за тој народ...“[48]

Во бр. 19 од мај 1946 г. Благојка Демниева се јавува како автор на написот „Некои резултати од прво мајско натпреварување“. Следејќи ја задачата на сите народи на Југославија, новата 1946 г. да биде година на големи победи на економско

[45] Исто, бр. 8-9, год. II, јуни-јули 1945, стр. 15-16.
[46] Исто, бр. 10-11, год. II, август-септември 1945, стр. 18.
[47] Исто, стр. 20.
[48] Исто, бр. 12-13, год. II, октомври-ноември 1945 г., стр. 14.

поле, жените од Македонија свесни за своите задолженија и одговорности, масовно се вклучуваат во обновата за земјата, па дури и на организираното Првомајско натпреварување организирано од Единствените синдикати. За велешанките Благојка Демниева забележала: „Градскиот и околиски одбор на АФЖ од Велес зедоа доста големо участие во натпреварувањето. Тоа што е важно и кое би требало да се истакне за жените од Велес е за нивната висока свест за кооперација и кооперативно обработуене на земјата. Покрај работната кооперација од 50 мажи, има кооперација од 29 жени кои заедно работат тутун. Товарањето и растоварењето на жито, окопавање на кооперативните лозја тоа се работите во исполнението на кои зедоа участвие голем број жени и дадоа 5.600 работни дена. Покрај тие има и други работи како на пример прашење на афион на пострадалите од војната семејства, сечење на дрва, плетење на чорапи, предење на памук, чистење на домови, посетуење на болници и дечји или инвалидски домови“[49].

Следниот бр. 20 од јуни 1946 г. продолжува да го следи во континуитет придонесот на велешанката во изградбата. Во написот „Жените на Македонија се готват за својот прв конгрес“ се вели: „Жените од Велешкиот округ ке го дочекаат конгресот со успешно свршена работа. Така жените од градот Велес ке учествуваат во поправуење на улиците и затрпуење на нарите. Жените од Велешката околија ке учествуваат во подигањето на кукјите во Градско т.е. ке носат камења и песок и ке копаат темели, а исто така ке прават и вар“[50]. Во истиот број е проследен и тогашниот Главен одбор на АФЖ на Македонија од Велешкиот одбор во состав: Мара Каракостова, работничка, член на Извршниот Градски одбор на АФЖ од Велес, Зора Донева, секретар на Околискиот одбор на АФЖ од Свети Николе, Зора Јорданова, секретар на Околискиот одбор на АФЖ од Неготино, Заха Николова, секретар на Околискиот одбор на АФЖ од Валандово, Лена Теменугова, секретар на Околискиот одбор на АФЖ од Гевгелија, Ракуш Шабанова од Удово, Овзе Велиова, Зорка Ицева, Руиш Велиова од Велес, Зеита Алиева од Горно Врановци и Мара Мирчева, секретар на Околискиот одбор на АФЖ од Велес.

Во бр. 27 од јануари 1947 г. Благојка Демниева повторно се јавува како автор со напис „Пред осмомартовското натпреварување“, забележувајќи ја силината на АФЖ, успесите, просветното и политичко издигнување на жените[51].

Како неопходни аналфабетските курсеви се покажале продуктивни и успешни низ цела Македонија. „Македонка“ од септември 1947 г. ја проследува велешанката Пандора Шуркова, учителка во село Горно Врановци - Титоввелешка Околија - „во минатата година е раководела 5 аналфабетски курса од жени муслиманки. Во прибирањето на жени во аналфабетските курсеви и во нивното организирање е

[49] Исто, бр. 19, год. III, мај 1946 г., стр. 8.
[50] Исто, бр. 20, год. III, јуни 1946, стр. 7.
[51] Исто, бр. 27, год. IV, јануари 1947, стр. 11

покажала одличен успех“[52]. Аналфабетската кампања во Титов Велес во 1947 г. значела организирана женска бригада од 50 жени од страна на АФЖ во градот, привлекувајќи ја секоја едуцирана жена да описмени други, доколку пак е неписмена да се описмени.

Својата важност велешанките од АФЖ ја покажуваат и непосредно пред Првиот конгрес на КПМ, како еднакви во изградбата а социјализмот. „Македонка“ во својот број од јуни 1948 г. забележала: „Во секој град, во секое село, фабрика, установа, жените неразделно поврзани со својата иднина и среќа на своите деца, меѓусебно се натпреваруваат. Жените од Првиот блок во Титов Велес се обврзаа во чест на Конгресот на КПМ да дадат доброволна работа и им помогнаа на детските домови. Уште во првите денови на натпреварувањето тие пристапија кон остварување на својата обврска. Масовно учествуваа во приготвувањето зимница за детската градина „К. Капчева“. Давајќи 234 доброволна работа жените успејаа да усукат 300 кори јуфки, да наполнат 73 шишиња со зарзават, да сварат мармалад и приготват ајвар за децата од домот“[53].

Во текот на 1949 г. во Скопје била одржана смотра на постигнатите резултати во борба со ликвидирање на неписменоста. Меѓу наградените поединци и организации „Македонка“ го испишува и името на Љупка Ангелова од Титов Велес. „Љупка е скромна службеничка во претпријатието за високи градби. Не можеше да се помири со тоа по нашите градежни објекти се уште да работат неписмени работници. Ја мачеше нивната заостанатост. Често беше со нив - тоа службата и го налагаше. Успеа да се зближи со нив и ги подготви за заимната задача, која им претстои. Отворањето курсот радосно го дочекаа и двете страни. Љупка - што ке може да им помогне - и неписмените - во иднина што не ке викаат други да им ги пребројат парите и писмо да им пишат за дома. За пожртвуваната работа, таа беше наградена со пет илјади денари“[54].

Во бр. 55 од 1949 г. уредништвото на „Македонка“ објавува напис на авторот К.Р. со наслов „Во Титов Велес работат 265 жени - градителки“ на изградување на здравствената поликлиника, тутуновата станица, фабриката за талк, високи пеќи - варџилници, живеалишни згради. Прва во Титов Велес Горица раскина со старите предрасудоци, облече работнички комбинизон и отпрво како зидар, после како палир[55] се качи на скелињата. Нејзиниот пример се помасовно се следеше. Некогаш на зидарскиот курс беше единствената жена, вториот курс го завршија три, а за третиот се пријавија петнаесет општи зидарски работнички. Тие сакаа да станат квалификувани мајстори - зидари, да бидат палири како Горица“[56].

[52] Исто, бр. 35, год. IV, септември 1947, стр. 3.
[53] Исто, бр. 48, год. IV, октомври 1948, стр. 5.
[54] Исто, бр. 51, 1949, стр. 16.
[55] Раководител на ѕидари и други работници на некоја градба.
[56] Весник „Македонка“, бр. 55, 1949, стр. 17-18.

„Македонка“ бр. 64 од март 1950 г. ја проследува и позната Данка Фирфова[57], родена во Велес како ќерка на Ристо Северов, член на Македонската опера, одликувана од сојузната Влада[58].

Од 1950 г. жените во Велес добиваат можност за работа во новоизградениот Свиларски комбинат „Нонча Камишова“. Отворањето е проследено и од весникот „Македонка“. Иако целосно недовршен, ја започнува својата животна приказна со помош на илјадници жени[59].

За „Македонка“ голем предизвик била Рациновата големина, но и обврска да се проследи задолжително до секоја жена. Тоа го прави преку статијата на велешкиот драмски автор Јордан Леов и статијата со наслов „Коста Рацин - поет и борец“[60].

„Македонка“ не ја пропушта ниту можноста да го најави почетокот на најголемата југословенска фабрика за порцелан со која пак велешани изградија историја на порцеланот во Титов Велес со написот од јули 1951 г. „Наскоро ќе имаме садови од нашата нова фабрика“[61]. Своето работно искуство во фабриката почнаа да го изградуваат многу велешанки, добивајќи можност уште од својата шеснаесетгодишна возраст да почнат да работат и пласираат својот труд преку порцеланот низ светот.

Велешанките се забележани и во последниот број од „Македонка“ како дел од Културно-просветно друштво организирано во Титов Велес со 1000 членки. „Друштвото има задача во прв ред да работи на културно-просветно издигање на жената. Од формирањето на друштвото има организирано 3 домаќинско-просветни курса во градот и 6 во околијата. Од тие завршија со работа 3. Покрај горните се наоѓаат во тек на формирање уште 4 такви курса во околијата. Овие домаќинско-просветни курсеви не се ограничуваа само на шиење и готвење, туку се проследени со педагошки, здравствени предавања. Покрај овие курсеви како добра форма за работа се покажува групното водење на членките во кино, театар и излети. Посетите во кино и театар се проследени со претходно објаснување. За културно издигање на жените, организиран е излет во Охрид, каде што тие се запознаа со културно-историските паметници. Организирани се исто така посети на свиларскиот,

[57] Данка Фирфова (Велес, 2.2.1918 – Скопје, 21.6.2003) – оперска певица, сопран, првенка на Операта на МНТ. Пеење учела во Белград кај професорите Медведова-Шкерјанц, Љ. Киш и Х. Брмбаров. Се усовршувала во Италија на миланската Скала. До 1947 г. работела како наставник по музичко воспитување во Земун, Велес и Скопје. Учесник е на првите изведби на македонски јазик на операта „Кавалерија Рустикана“ во мај 1947 г. и со тоа станува еден од основачите на Македонската опера. Од 1985 до 1975 г. е постојан член на Операта на МНТ. Извесен период (1956 – 1958) е член на Операта во Нови Сад. Во текот на оперската кариера остварила повеќе од 15 главни улоги. Гостувала во оперските центри на Југославија, Полска, Бугарија, Грција. Македонска енциклопедија, том 2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2009, 1558.

[58] Весник „Македонка“, бр. 64, март 1950, стр. 21

[59] Исто, бр. 76, год. VII, март 1951, стр. 13-14

[60] Исто, бр. 77, год. VII, април 1951, стр. 8-9.

[61] Исто, бр. 80, год. VII, јули 1951, стр. 10.

порцуланскиот комбинат, музејот на Кочо Рацин и др. По иницијатива на друштвото се организира и домаќинско училиште со 90 ученички“[62].

Весникот „Македонка“ е еден од изворите врз основа на кои се излегува од истражување на традиционалните политички и воени теми. „Македонка“ го проширува научниот интерес за истражување на жената низ историјата, нејзиното влијание во локалните и глобалните историски процеси, но и нивните промени со текот на времето.

Женските светски раздвижувања за родова рамноправност, политичка, културна и економска борба се вградиле во Македонката како дел од новата современа македонска држава за која одамна мечтаеја и се изборија да ја видат како дел од својот животен циклус во 1944 г. Своите радикални промени за доминантност Македонката ги покажува многу порано како дел од македонското револуционерно движење, балканските и Првата светска војна, но кулминацијата ја достигнува работничкото движење и Народноослободителната борба во Втората светска војна.

Преку тие национални раздвижувања, жената ќе се избори да стане дел од историјата на сите македонски институции. Ќе успее да направи државата да ѝ ги врати нејзините основни права. Државата ќе ги направи видливи и Македонките и Турчинките и Албанките и Еврејките и Влаинките... Македонската современа држава веднаш ќе ги издигне со признанијата за право на Илинденска пензија, Илинденска споменица, Партизанска споменица, признанија за народни херои, ордени за народни заслуги итн., овозможувајќи ѝ на „Македонка“ да ги прикаже како херои, ударнички и политички реформаторки, и со тоа трајно да ја зачува меморијата за нив[63].

Видливоста на „Македонка“ со проектот „Архиви на невидливите – база за дигитализација и истражување извори од областа на историјата на жените во македонското минато“ навистина се промени, се подобри, се прошири. Неопходно е да се најде вистинскиот пристап кон зачувувањето на меморијата за секого, а „Македонка“ е еден од начините да се насочи и врати меморијата кон македонските жени, без разлика во која насока се споменати.

Но, сепак, останува и понатаму прашањето дали и по 80 г. од крајот на НОБ, државата ги почитува во целост женските права. Дали жената целосно се избори да биде видлива и слушната или сè уште е невидлива за многу прашања за кои државата смета дека има право да одлучува во нејзино име.

---

[62] Исто, бр. 83, год. VIII, декември 1952, стр. 22.

[63] Повеќе за важните теоретски поставки и метод на работа на весникот „Македонка“, за прегледноста во систематизацијата на изворите и нивната анализа, за промените во државните политики во однос на женското учество во политичкиот простор, последиците врз идејата за родова рамноправност, фазите од развојот на списанието кон опфатот на женското прашање како херојската фаза (1944 – 1946), ударничката фаза (1947 – 1951) и фазата на реорганизација на АФЖ (1952), види кај Ивана Хаџиевска, „Политичко издигнување на жените: форми на политичко учество на жените во социјалистичка Македонија (1944 – 1953)“, во *Архиви на невидливите: Македонка – орган на АФЖ на Македонија (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија“, (ур.) Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата*, 2022, стр. 63-104.



НИВНАТА КРВ Е НАШАТА КЛЕТВА!

Во темелите на нашата млада држава — Слободна Македонија во демократска и федеративна Југославија, лежат коските на многу македонски heрки, што заедно со своjте браhа, другари и татковци, без страв влегоја во денешната народно-ослободителна борба.

Меjу паднатите наши другарки Македонки светат имињата и на нашите мили сестри кои заедно со нас се бореа во Македонија против фашискиот окупатор, и си ги оставија коските како залог на неразрушивото братство и единство меjу македонскиот и српскиот народ.

Целиот македонски народ, сите жени во Македонија се гордеат со своите паднали jунакињи и тие вечно hе живеат во сите наши срца.

Вера Циривѝри — Трена, работничка од Прилеп, после геројска борба со надмоhниот непријател, не се предаде жива во неговите раце. Загина во Штип во јули 1944 година.

Мара Јосифовска, работничка од Прилеп, партизанка, геројски загина во мај 1942 год. во Буковскаташума-битолско.

Вера Јоцић, ученичка од Србија, помоhник на политичкиот комесар на батаљон, геројски загина во јуришот на непријателот по време на големата мајска офанзива 1944 г. на Осогово.

Илка Присаѓаноска, работничка од Прилеп, загина на планина Бистра—галичко, во јули 1944 година.

Вера Трајкова — Которка, ученичка од Куманово, заменик на политичкиот комесар на чета, загина во јуришот на непријателот во големата мајска офанзива 1944 година на Осогово.

Фетка од Куманово, ученичка, партизанка се удави при преминувањето на Вардар во септември 1944 година.

Елпида Карамандида, студентка од Битола, партизанка загина во мај 1942 година во Буковската шума—битолско.

Викторија Поп. Јорданова од Штип, партизанка — ударник, загина есента 1943 година на Карадак.

Нада Коцева Бутникошарева од Велес, партизанка, загина во пештерата кај Фојница — велешко.

Олга Софрониевска—Анка од Кичево, работ., партизанка, загина на Буковик—кичевско, есента 1943 г.

Донка Црвенкоска ученичка од Прилеп, партизанка, загина кај Богомила — во август 1944 година.

Родна Ивева од Велес, партизанка, загина во декември 1942 година кај Фојница — велешко.

Сика од Крушово, партизанка, загина во септември 1944 година при превземањето на Кичево.

Пенка Илиеска од Прилеп, партизанка, загина во јуришот на непријателскиот бункер кај рудникот Витолиште во пролета 1944 година.

Гина од Маврово - селанка, партизанка, загина на Буковик - кичевско есента 1943 година.

Нонча Камишева од Велес, партизанка, загина во декември 1942 година, после долги борби со непријателот во една колиба близо до Велес, не се предаде жива во негоjте раце.

Мара Прасева од Кавадарци, партизанка, загина на Бигла планина во април 1944 година.

Маца Овчарова - работничка од Велес, стрелана кај село Рлевци во декември 1942 година.

Галаба Тоцинова од Велес, изнесена од затворот и убиена кај Хајдушка чешма-велешко 1942 година.

Ката Капчевица, домаhинка од Велес, 50 години, загина заедно со двата синоj од проба на една адска макина. Беше активен помагач на борбата.

Љуба и Васа Митреви, загинаја од експлозија на адска макина.

Савка од Прилеп, партизанка, загина кај рудникот Витолиште во април 1944 година.

Бека Косоварка, партизанка, загина есента 1943 година на планина Козјак-крушовско.

Боца Богданоска, од Прилеп, загина во Албанија од арнаутските бандити.

Нека е вечна славата на героините паднати за слободата на нашата татковина!

13

„Нивната крв е нашата клетва!“, весник „Македонка“, бр. 1, год. I, ноември 1944

СЕЛАНКИТЕ ОД ВЕЛЕШКО
даваат пример како се организира работата

Знаејќи ги големите нужди на нашата војска, жената на секаде работи усилено за да даде што повеќе храна, што повеќе алишта, што повеќе продукти. Ете ги фактите: Во с. Лисиче — Велешко се собра една работна група на која беше председателка старата баба Мара Миоска. Собраа од сите по малку газје и за две-три вечери изработна 19 рала чорапи. Веселата народна песма се слушаше долбоко во ноќта. После таја ударничка работа, другарките освен чорапите, дадова за нашата војска: 5 рала нараквици, 40 кгр. грав, 25 кгр. кромит, 22 кгр. кромпири и 1.106 лева. Другарките истиот ден ја посетиа 42 дивизиона болница во Велес и однесова подароци: 13 погачи, 4 кгр. круши и дуњи, 5 кгр. баница и 41 јајце.

Другарките од с. Дреново — Велешко за војската дадова: 12 кгр. грав, 65 кгр. кромпири, 21 кгр. круши, 1 кгр. кромит, 6 кгр. тарана, 3 кгр. орасн, 500 гр. чај, 11 калапа сапуи. Подароци на војната болница: 20 коковнки, 50 јајца, 12 кгр. круши, 5 дуњи, 2 кгр. сливи и 4 кгр. баница.

На 12 декември другарките од Велешката околија испратива на другарите во VIII бригада 325 рала чорапи, 23 рала нараквици, 44 фанели и 4 шалчиња.

Другарките се радосни што од секаде примаат благодарни писма.

„Не треба да се самњаваме во това, да ако борбениот сојуз на демократските држави ги издржа искушенијата на војната повеќе од три годинии и ако тои е цимментиран со крвта на народите кои станаа во одбрана на своата слобода и чест – дека тои уште полесно ке ги издржи изкушенијата на крајната фаза на војната."

СТАЛИН
Говорот по случаи 27 год. на Окт. Револуција

Г Р Е Т Х Е Н

Сум видел многу шпански портфели. Во единот дел голи женетинки и адреси на бордели, во другиот (Фриц је уредеи и нема да ги измеша), фотографијата на руса Германка со тркалести порцелански очи. Тоа је Фрицовата фрау Милер или фрау Шмит. Понекогаш место жена Фриц има верениица. Таја верениица може да има половина дузина деца, ама оти не е венчан со неја ја вика „верениица".

На прв поглед Гретхен је кротка, руса дамичка. Во сашност таја е вистинска ајкула. Без неја Фриц не би знаел што да прави во Париз — Гретхен му даваше импулс: „Грабај". Гретхен је музата на пљачкањето. Фриц што ги „набавува" колбасите во Краснодар, го посетува својот плен на Гретхен. Кога Хитлер во Минхенската крчма го прославува грабежот и се фали оти Германците ја опљачкале. Украина, низ неговата уста зборува русата, млитавата и лакомата Гретхен.

Кој знае што сонува некоја си фрау Квачке во Свиниемиде. Писмата за Германците се полни со најнеобични молби. Една глупачка што живее во Кодбус му пишува на мажа си: „Ако можеш, набави ми го фустанот наруската племинка со моиста — го видов во „Илустрите" кје го носам место огртач". Друга ја посака „капата на рускиот козак за нашето синче". Барат од пиле млеко, од ништо не се срамат и одушевено пишуват: „Твојот пакет беше врзан со многу рбав канап. Молим те, врзовај ги секогаш пакетите со добриот руски канап".

Синооките сањалици имат баснословен апетит. Марта Зимел му пишува на верениикот: „Чоколадата ја оставив за малиот, а слаииината и медот ги изедов одеднаш, а и не забележав." Дражесно живиче кое је способно, дури без да забележи, да ја изеле слаииината со медот. Фрау Трој го учи мажа си: „И јас ја преживеи тешката зима. Ми пишуваш оти је кај вас тропска горештина, ама се пак помисли на зимата и на мене. Побарај иешто волиено за мене. „Што е за таја жена војната, крвта, смртта. Нејзиниот маж одамна загина кај Воронеж, а таја уште сонува за волиена блуза. Друга Гретхен, Фрау Салпетер, сака да и прати мажот од Сталиигград „елегантно костумче за капење." Таја личнос пишува: Фрау Кучеројтер ми го предаде твојот голем пакет. Во него имаше ластик. Многу се израдував. Арно што си пратил ситеи шекјер, можам да направам торта. Не заборави оти ми требат летни чевли број 38. Пакетот со сребрениот сервис за кафе го примив и го ставив во долапот. Денеска го облеков новиот фустан од руска материја и сината сламена шапка. Пред тебе је твојата мила женичка која је навоѓајше дражесна... Глупачка, нејзиниот маж гиие во руската земја, а таја кокетно шепоти: фустанче, шапка, женичка. Таја уште мисли на „елегантно костумче за капење".

Тие го обожават галењето. Гретхен го вика мажа си „маженце" „мое злато", „мое малецко злато". Себе си ие вика инаку освен „твојата мала", „твојата женичка, „твојата куклиичка". Зад тие слатки зборој се крије бездушиниот и груб гад. Фрау Ана Вигер пишува од Пренцлау: „Русите можеш да ги убиваш без грижа на совеста, дури и децата, оти од секоје руско дете кје стане зверски болшевик".

Германецот Фридрих Шмит ги мачеше во Будјоновка невиниите луѓе и тргуваше со алиштата на стреланите. Жена му на Фридрих Шмит, Христина, гледаше на таја работа „како на многу уносна". Мажот и се запишуваше колку девојки тепал и убил и колку колбаси изел. Христина исто така водеше точна сметка: „Пакетите под бројевите 159, 160 и 161 ги примивме. Многу ти благодарам, особено за колбасите. Демек, пратките до 161 се примени а другите до број 166 уште не стигнале. Се надеваме оти скоро кје стигиат. Ови се броевите на пратките што не стигнаја уште: 69, 70, 71, 98, 125, 134, 139, 154, 155. Девојчината се радуват многу што добија чевли".

Во Германија се отворени специјални курсеви за подготвување на раководителки во Остланд. „На курсевите се готват" Германките за да можат да се разправат со селаните од Украјина и Белорусија. Официјално во програмот се иеиините предмети: млекарство, гледање на болии, овоштарство. Ама една од идните раководителки Хилда Грим вака му пишува на својот верениик: „По три недели кје ја видим загонетната Русија. Овдека ми објасиија многу работи. На тие

21

„Селанките од Велешко даваат пример како се организира работата", весник „Македонка", бр. 2, год. I, декември 1944

ДА ПОМОГНЕМЕ НА НАШАТА ДРУГАРКА МУСЛИМАНКА

Во денешната народно-ослободителна борба жената е зела видно учество. Она се е борела заедно со својот поробен народ, за равноправие, за поарен живот. Во таа борба зеле учество жени од сите краишта на Југославија, жени од разни народности и вероисповедања. Ништо не им пречело да се они борат заедно. Нашата Муслиманка не е спречи фереџето за да не оди во борба, затоа што ги 'маките од фашистите трпела исто како и сите жени. И она е била мајка, и нејзините синој са ги мачеле и убивале фашиските кучиња, и нејзините синој са одиле во борба. Мрсните фашисти Муслиманите ги сметаја за лугје од по долна рака. Испраќаа ги на принудителна работа. Кога се даваја дажби на ними секогаш по малце се даваше или пак ич не се даваше. Они не можеја да ги учат децата на свој, мајчин, јазик. И затоа уште во началото Муслиманките ги криеле нашите нелегални другари, кои се бореле против окупаторот. Ги криеле во својте кукји, ги чувале како свои деца и не давале да паднат во рацете на полицијата. Такви примери имаме во Штип, дека се многу наши нелегални другари живејале по муслимански кукји. После во Прилеп: кога некои муслимански жени видеделе да еден другар бега пред полицијата по прилепските улици они му отварат врата и го крију. Исто така многу од нив зеле пушка во рака. Макар да се неписмени, живејале под многу тешки условија, се пак тие го увиделе правецот на борбата и почнале да ја помагат. На многу место муслиманките формираа одбори на АФЖ (во радовишко), и ја помагат нашата со слава овенчана Титова војска, збират дрехи за бедни и погорелци.

Но не е само тоа. Нашата Муслиманка е желна за просвета, за видело, она сака да учи, да чита и пише. Така во радовишко има организирано анлфабетски крус за неписмени Муслиманки. Ние, кои сме имале возможност да научиме нешто, треба денеска да го дадеме и на тие кои не можеле ни да привират до училиштите врати. Треба да се приближиме на нашите сестри Муслиманки. Они имат желание за работа, за просвета. Сакат да четат чланци от „Македонка", од весниците, за нашата борба. Зашто да не им ги прочатиме и објасниме? Да се доближиме уште повеке до нашите сестри Муслиманки и да изнајдеме пат да им помогнеме да станат свесни, изградени грађани на нашата татковина. Да организираме и на други места курсеви па да можат и сами да четат, да се просветуват.

Денеска жената има право да учествува во јавниот живот, да избира и да биди избирана. Значи и нашата Муслиманка го има тоа право исто како и сите останали жени, и ние требе да и дадеме возможност да се она и политички издигне, да знае кога го дава својот глас за кого го дава па да сама застане здраво на нога и сама одлучи без да ја некој присилјава или наговара.

Македонската Муслиманка веке знае за кого го дава својот глас На демонстрациите против кралот и она зеде учество. Другарка Муслиманка во фереџе говореше на митингот во Радовиш. Говореше на турски јазик за да можат да ја разберат и оние кои не знајат македонски да зборат. Она им објаснуваше кој е крал Петар II и што е работил. И не беја мали повиците од доле, од народот: „Аша крали Петре" (долу крал Петар). Значи фереџето не и попречи нити пак обичајте нејзини, да земе дел во решавањето на народната судбина.

Исто така Муслиманката во Босна уште од началото на борбата зела учество, активно се борела. Денеска во Босна се што е здраво и право, што можи да работи е во народно-ослободителиниот покрет. Босна е цела опустошена, но Муслиманката во Босна не зеде да плачи над рушевините на својте огништа, ами со поголема омраза отиде во борбата со желание да на мрсните фашисти плати за сите недела кои ги правеле.

Жените од Југославија дека и да са биле, каква вера да са исповедале, они са во борбата биле заедно, рамо до рамо.

Борбата не е завршена, татковината наша е разорена, опустошена. Ние треба пак дружно, заедно, почврсто од секогаш да ја продолжиме борбата, да ја довршиме до крај, да ја помагаме нашата храбра војска. Треба да ја довршиме борбата заедно оти сме во таја борба борејќи се сите заедно добиле својте права како лугје, како равноправни членови на нашата татковина. И требе да ги чуваме, и ке знаеме да ги чуваме, оти сме ги така скапо платиле. Треба да сме заедно и во изградувањето на нашата разорена татковина. Да е подигнеме економски. Да заживееме поарен живот, живот красен, светел и чист. И да она биде татковина за сите без разлика на вера, национална припадност и пол. Сите кои живејат во неја, било то машки или женски, Турци или рисјани, Власи или Арнаути сите да се осекјават како во своја татковина.

Ленче Арсова

УДАРНИЧКА РАБОТА НА ВЕЛЕШАНКИТЕ

Набргу после ослободуењето на Велес се отвори во градот плетачка работилница по иницијатива на антифашискиот фроит на жените. Кога се разбра дека ке се отвара работилница се пријавија доброволно околу 40 другарки. Меѓу нив имаше и некои кои не зна еа да плетат ами се понудиа да шиат плетените работи, да мотат прегја и друго. Од ден во ден во работилницата имаше се повеќе работа. Во работилницата имаше примерна дисциплина. Работата бе ше расподелена и имаше одговорна другарка за секоја работа. Секој ден имаше по една од другарките дежурна за храна и чистење на работилницата.

Се работеше со голема волја, песни, радос и надпреварување. Другарките што плетеа пуловери плетеа пресечно по 10-11 на ден: меѓу нив другарката Руса Маџарова плетеше по 14 пуловера а другарката Савка Бондикова по 12-13 пуловера.

Неделно се изработуеше просечно околу 200 пуловера, 70 рала чарапи и 150 рала наракавици. Од 1-I-т. г. до 5-I- се изработиа и се испратиа на војската за Божиќ: 200 пуловера, 70 рала чарапи, и 100 рала наракавици.

Нови прилози за Фонд „Македонка"

Од минатиот број	35.850
Одборот на АФЖ Кавадарци	25.500
Одборот на АФЖ Неготино	8.880
Одборот на АФЖ Битола	7.092
Одборот на АФЖ Прилеп	5.010
Одборот на АФЖ Хаџиево	4.000
Одборот на АФЖ Ресен	2.000
Одборот на АФЖ Радовиш	1.630
Одборот на АФЖ Куманово	1.340
Одборот на АФЖ Св. Николе	1.000
Одборот на АФЖ Скопје	13.970
	106.272 лв.

„Ударничката работа на велешанките", весник „Македонка",
бр. 3-4, год. II, јануари-февруари 1945

НЕКОЛКУ КАНДИДАТКИ ИЗГЛАСАНИ НА ИЗБОРИТЕ



Рукш Хаки Велиева, родена 1925 година во Велес. Завршила во Велес V клас занатско училиште. Помагала во народно-ослободителната борба со работа во позадината: прибирала помош за војската, шила и др. Освен това нејзината кукја не редко прибирала другари, кои се криеле од фашистката полиција. Работела многу за просветувањето на муслиманките.



Ленка Стевкова Бражанска, домакинка. Родена 1897 година во Штип Помагала многу во народно-ослободителната борба. Во нејзината кукја се криеле првоборците на нашиот народ: Мирче Ацев, Страшо Пинжурот, Мара Нацева и многу други. 1943 година апсена, мачена и интернирана. Избрана со 6230 гласа.



Христина Поп-Антова, дипломиран правник. Родена 1919 година во Скопје. Досегашен прочелник на Стопанскиот отдел при НОО за III реон. Избрана со 3321 гласа.



Даница Д. Томич, домакинка. Родена 1899 година во Галичник. Под председателка на Антифашистичкиот фронт на женитe II реон. За време на борбата криела партизани заради кое била затворуена од бугарската полицина. Избрана со 3572 гласа.



Стојна Стевкова Трајкова, учителка. Родена 1894 год. во Скопје. Член на АСНОМ. Досегашен секретар на IV реон на ЕНОФ. Избрана со 3693 гласа.



Вејда Николоска, тутунова работничка. Активно работи во народно-ослободителниот покрет од 1941 година, партизанка е уште во првите партизански одреди. Во сражение со фашистите окупатори во Буковската шума (битолско) беше ранета на неколку места и затена мачена и осудена. Има добијано 7012 гласа.

„Неколку кандидатки изгласани на изборите“,
весник „Македонка“, бр. 5-6, год. II, март-април 1945

Мајка Васа Кошулчева од Велес

Во историјата на Македонскиот народ има безброј примери на геројство и саможртва при исполнувањето на долгот према Татковината. Напоредо со мажите, борбите на Македонскиот народ од блиското и далечното време ни прикажујат за саможртви од страна на жените. Македонската жена во борбата, било против османскиот потисник, било против великосрпските властодршци, било против фашистите завоеватели, била секогаш на својот пост. Еден од многобројните примери на саможртва од страна на една мајка-херој е примерот на мајка Васа Кошулчева од Велес, која во текението на тригодишната борба загуби три сина, но не клона со духот ами напротив, продолжи да работи и денеска за својот народ.

Фамилијата Кошулчеви е една од многобројните велешки работнички фамилии која не се помируеше во минатото со постоекјиот поредак, но го подигаше секогаш својот глас за одбрана на правата на Македонецот-роб. Мајка Васа, 60 годишна жена, сува, забрадена со црна шамија, испод која светкаат живи, разбудени очи, васпитана од детинство во дух за слободна Македонија кај што ке има повише право и повише леб за секого, не можеше а да не го насади во своите рожби тој слободарски дух. И нејзините деца тргнаа по правилно набележаниот пат.

Годините 1942 и 1943 беа од пресудно значение во историјата на Македонскиот народ, кој за прв пат после борбите против Турците, се фрли во оружана борба за да си ја извојуе својата слобода. Борбата зеде масов карактер и како секогаш во нејзините редови зедоа видно участие и браќата Кошулчеви. И денеска кога е борбата завршена мајка Васа и поред големиот удар што ја погоди расправа со чудно хладнокрвие за своите синови и гле да со вера во идината:

„Најстариот ми син Ладо, одма после окупацијата, започна силно да работи за спремање на борба. Често не се прибираше по неколку ноќа на ред. Но често пати и во нашата кукја се собираа другари и при затворена врата нешто живо разговараа. Што се припремаше, мо же би, на мнозина не им беше јасно но за мене која си го познавам убаво своето чедо беше се јасно. И една вечер додека со растреперено срце го чекав да се прибере дома, он дојде и, видно узбуден, ми рече: „Збогум, мајко, јас тргнав таму кај што се многу мои другари". Повише не го прашав, ами за да не го забележи полицијата тихо му го поседов ранецот и заедно со него излеговме на крај од градот. Бев прибрана знаејќи каде го испраќам својот син, но ме мачеше само една мисла. — Со што ке се борат, сино. вите мили? Оружје имаат малку, а лишта малку, храна малку. А непријателот е силен. — И на разделба та додека го прегрнев топло, мајчински, му реков: „Синко, каде сте вие нашите синови, таму сме и ние вашите мајки. Зарем требе да седам ја со скрстени раци додека моите деца гинат за слободата. Не, ја од тука ке ви собирам колку што можам и алишта и храна. Само вие пратите човек да ги земе. Од тогај ја со стегнато срце се дадов на работа да помогнам на борците. И вечерно време со кошница во раците чекав на крај од градот и секојпат ке дојдеше едно момче које ја не го познавав нити пак можев да го видам во мракот, но знаев да е од „таму", од кај сини ми. Се што ке му предадам ке иде „таму" и со мојата душа усекјавав како на борците им станује по топло, по се сити и со тија неколку патрона што им ги предадов го бијат по силно непријателот. Имаше денови кога момчето не идеше. Сигурно не можеше. И на утрото се вракјав назад претрната од страв: „Нашите борци се во тешко положение". Со што да им помогнам?" И тогај со уште по голема љубов навогјав други другари кој беја дојдени „одозгора" и им предавав това што го собирав.

Најмалиот ми син Анде, одма после излезувењето на брат му се одаде со целото срце на организирање на партизански одреди и помагање на другарите партизани. Пошто во скоро време го забележи полицијата, се криеше низ градот извесно време, но еден ден кога отидов да му однесам храна ми рече: „Збогум, мајко, ја утре тргнујам таму кај што е брат ми и многу други како него". Се стегна мајчиното срце но му одговорив, без да го запирам од патот по кој тргнал. „Срекјно, синко, поздрави ги сите борци и бидете јунаци. Од ништо да не се плашите. Вашите мајки и татковци се зад вас". И по това си замина и он.

И пак ја започнав да собирам низ градот помокј, од сите што ги познавав, за партизаните. Пак вечерно време завиена со шал, забрадена со шамија и нарочно подгрбавена чекав на крајот да се јави момчето. Това момче беше за мене единственият човек кој ке ми ја кажеше вистината од кај моите деца и нивните другари. Од него дознавав за животот „горе", за маките за радостите, за успесите и друго. И ми стапуеше лесно на душата после сето това.

Сега се сите троица мртви. Ладо загина најнапред, предаден од народните непријатели. Но, синот на мајка, не го посрамотил народот. Не им кажал ни дума на контрашите и умрел маченички. Анде, како што разбрав, згинал во еден јуриш против контрашите несакајќи да им падне жив во раците. А пак Коле, средниот сини, работеше долго време низ градот за да ја помогне борбата. 1944 година го проследи и он патот на браќја му и како што кажуеја другарите, се покажал во борбата. Загина како курир на неколку дена пред ослободувењето на Македонија во една заседа од Германците".

Денеска мајка Васа е член на Главниот одбор на АФЖ за Македонија. Работи неуморно и дење и ноќе како да се стара да не би ги увредила светлите спомени на нејзините синови, не пропушта ни еден момент а да не проговори пред жените од нејзината улица за борбата и за работата која ни претстои уште. Нарочно, мајките кои во борбата си загубија синови, навогјат во нејзиниот пример и во нејзините думи утеха за загубата. Поред това се брине за собирање на храна и алишта за војниците. Во собирните акции и ако е стара жена многу пати ги превтасуе младите другари и другарки.

За сета нејзина работа наградена е со орден „Заслуга за народ".

Борис Андов

14

„Мајка Васа Кошулчева од Велес", весник „Македонка", бр. 10-11, год. II, август-септември 1945

Жени кандидати за народни пратеници и за заменици на народни пратеници



Во прва изборна единица на град Куманово кандидирана е за народен пратеник во Уставотворното собрание на Македонија другарката Мара Нацева од Куманово, член на председателството на Главниот одбор на АФЖ за Македонија и народен пратеник во Сојузното веќе на народното собрание на Југославија.



Во село Плетвар, прилепска околија, кандидована е за народен пратеник во Уставотворното собрание на Македонија другарката Вера Ацева од Прилеп, член на председателството на Главниот одбор на АФЖ за Македонија и народен пратеник во Већето на народното собрание на Југославија



Во село Раштани, велешка околија кандидирана е за народен пратеник во Уставотворното собрание на Македонија другарката Маца Карбева, член на Гл. одбор на АФЖ и заменик пратеник во скупштината на народите.



Во четврта изборна единица на град Битола избрана е за кандидат за народен пратеник во Уставотворното осбрание на Македонија другарката Лилјана Чаловска, секретар на Контролната комисија на НРМ и народен пратеник во Већето на народите на народното собрание на Југославија.



Во село Опаје, кумановска околија избрана е за кандидат за народен пратеник во Уставотворното собрание на Македонија другарката Филимена Михајлова, член на Главниот одбор на АФЖ за Македонија и инспектор на Контролната комисија за град Скопје.



Во четврта изборна единица на град Куманово кандидирана е за народен пратеник во Уставотворното собрание на Македонија Веселинка Малинска, член на председателството на Главниот одбор на АФЖ за Македонија и народен пратеник во Већето на народите на народното собрание на Југославија.

2

„Жени кандидати за народни пратеници и за заменици на народни пратеници“, весник „Македонка“, бр. 23, год. III, септември 1946

UDK: 327(73:497.7):050(497.7)
327(73:497.7):303.643(497.7)

Сашо Додевски[1]

МАКЕДОНСКО-АМЕРИКАНСКИТЕ ОДНОСИ НИЗ ПОСЕТИТЕ НА ЏЕРАЛД ФОРД И БИЛ КЛИНТОН

Abstract: The text refers to the two American presidents who visited Macedonia. The first is Gerald Ford who visited Skopje and Socialist Republic of Macedonia in September 1963, then as a member of the US Congress, later President, on the occasion of the Skopje earthquake and the second, Bill Clinton on June 22, 1999, on the occasion of the Kosovo crisis. After gaining independence in 1991, other high-ranking political and military representatives of the US visited the Republic of Macedonia. The text is an article on the occasion of an important event in Macedonian-American relations, the celebration of the 30th anniversary of the establishment of diplomatic relations between the Republic of Macedonia and the USA, which took place on September 13, 1995.

Key words: Macedonia, USA, Gerald Ford, Bill Clinton.

Во 2025 година се одбележуваат 30 години од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија (РМ) и САД. По тој повод, потребно е да се направи потсетување на некои важни аспекти и настани од македонско-американските односи во изминатиот период. Во политичката историја на македонската држава, како дел од југословенската федерација (1943 – 1991) и како самостојна држава по 1991 година, останува забележано дека Македонија била посетена од двајца американски претседатели, Џ. Форд во септември 1963 година, тогаш како член на Конгресот на САД, подоцна претседател, по повод скопскиот земјотрес, и Б. Клинтон на 22 јуни 1999 година, по повод косовската криза.

[1] Д-р, насловен доцент на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, е-адреса: sdodevski@gmail.com.

Џералд Рудолф Форд бил американски политичар и 38. претседател на САД. Роден како Лесли Линч Кинг Јуниор на 14 јули 1913 година, во Омаха, Небраска. Дипломирал економија на Универзитетот во Мичиген во 1935 година, а се стекнал и со степен по право на Универзитетот Јејл во 1941 година. Служел во морничките сили на армијата на САД (1942 – 1946) каде што се стекнал со чин поручник. Од 1949 до 1973 година, 12 пати, близу 25 години, бил избиран за конгресмен. Од 6 декември 1973 година до 9 август 1974 година, бил потпретседател на САД, во времето на Ричард Никсон. По неговата оставка, станал 38. претседател, од 9 август 1974 до 20 јануари 1977 година. Негова сопруга била Елизабет Форд (1918 – 2011). Имал четири деца: Мајкл, Џек, Стивен и Сузан. Починал на 93-годишна возраст, на 26 декември 2006 година, во Ранчо Мираж, Калифорнија[2].

Во септември 1963 година, како конгресмен и како дел од делегацијата на САД учествувал на 52. сесија на Интерпарламентарната унија[3], која се одржала во Белград во септември 1963 година. За време на одржувањето на сесијата, делегација на Интерпарламентарната унија[4] го посетила Скопје, по повод скопскиот земјотрес[5]. Во делегацијата бил и Џ. Форд, со сопругата[6]. Посетата на Скопје оставила силен впечаток кај Џ. Форд, за што најдобро сведочат неговите подоцнежни изјави и сеќавања.

[2] Biography Gerald R. Ford, https://www.fordlibrarymuseum.gov/the-fords/gerald-ford/biography, (пристапено на: 2.03.2025).

[3] Интерпарламентарната унија - глобална организација на националните парламенти формирана во 1889 година. Ја промовира парламентарната дипломатија преку националните парламенти, мирот, демократијата и одржливиот развој низ целиот свет. https://www.ipu.org/about-us. (пристапено на: 2.3.2025).

[4] „Членови на Конгресот на САД и на парламентите на Англија и Канада во посета на Скопје“, *Нова Македонија*, 19 септември 1963, 1; „Делегација Интерпарламентарне уније посетила Скопје“, *Борба*, 17 септембар 1963, 6.

[5] Интерпарламентарната унија на заседанието во Белград усвоила Резолуција за меѓународна помош за обнова на Скопје, „Резолуција за Скопје“, *Нова Македонија*, 19 септември 1963, 1 и 3.

[6] Резолуција за меѓународна помош за обнова на Скопје, од претседателот на делегацијата на САД на заседанието на Интерпарламентарната унија, Кетрин Ст. Џонс, била претставена и во Конгресот во текот на сесијата одржана во ноември 1963 година.

Членови на Конгресот на САД и на парламентите на Англија и Канада во посета на Скопје

Вчера попладне, со специјален авион од Белград, на аеродромот во Петровец крај Скопје дојдоа група членови на Конгресот на САД и парламентарци од Велика Британија и Канада. Членовите на највисокото претставнички куќи на овие три земји на петровечкиот аеродром ги пречекаа Мито Дојчиновски и Реис Шакири, потпретседатели на Собранието на СРМ, Фируз Назим, претседател на Организационо-политичкиот собор на Собранието, Васил Горгов, претседател на Социјално-здравствениот собор и Ванчо Цветковски, секретар на Собранието на СРМ.

Со групата, од Белград дојдоа и Стипе Дрдик, полномошен министер во ДСИП и советник на амбасадата на СФРЈ во Вашингтон, и Јосип Врчиќ, претседател на Врховниот суд на СРХ и сојузен народен пратеник.

Групата од 30 високи гости го разгледа потоа Скопје. На крајот од обиколката членовите на Конгресот на САД и парламентите на Велика Британија и Канада ја посетија шеќерана „Парк", каде што се интересираа за сместувањето на луѓето и изградбата на сградите за Скопје.

Нив им беа прикажани филмови за Скопје пред и по катастрофата, а потоа, во просториите на Клубот на пратениците им беше приреден ручек.

Појавувањето конгресмените и парламентарците отпатуваа со авион од Скопје за Белград.

П.



Парламентарците на САД, Велика Британија и Канада во разгледување на урнатините во Скопје

НОВА АЛЖИРСКА ВЛАДА

Алжир, 18 септември (Танјуг)

Претседателот Бен Бела денес им ги претстави на министрите членовите на новата алжирска влада, чиј состав утре ќе го поднесе за одобрување во Народното собрание. Претседателот на Републиката претседава на Министерскиот совет, кој е составен вака:

при потпретседателот и министер за одбрана Хуари Бумедијан, втор потпретседател и министер за трајни за бившите борци и жртви во војната Мохамед Саид, трет потпретседател Рабах Битат, државен секретар за координација Амар Узеган, министер за правосудство Хаг Смаин, за внатрешни работи Ахмед Медегри, за земјоделство Али Махсас, за образование Ахмед Бумаиза, за пошта, национална ориентација и информации Шериф Белкасем, за национално стопанство Бенаиш Бумаиз, за надворешни работи Абделазиз Бутефлика, за верски прашања Тефик ел Медини и за урбанизам Кајд Ахмед.

Основната карактеристика на новата влада е нејзината целосна хомогеност. Претседателот Бен Бела при изборот на високите министри, во правење никакви компромиси со кадри и да е буржоаски политичари, ниту со оние чии поглед за развојот на алжирската политика и социјалистичкото се разликуваат од оние што се усвоени во Фронтот за национално ослободување. Новата влада е составена главно од млади борци и револуционери, истакнати во Народноослободителната борба и Фронтот за национално ослободување. Министрите се избрани, како што се истакна денес чл. Бен Бела, на предлог од Политичкото биро на ФНЈ.

Општо е уверувањето на политичките посматрачи дека новата влада ќе има сите услови да му обезбеди на Алжир подолг период на стабилна управа и брз стопански и општествен развој.

Сл. 1. Нова Македонија, бр. 6080, 19 септември 1963 година

Прва е изјавата дадена при официјалната посета на СФР Југославија, како претседател на САД, при пристигнувањето во Белград на 3 август 1975 година[7]. Тогаш тој изјавил: *„пред 12 години дојдов во Југославија како член на Конгресот по не многу среќна прилика - Скопје беше уништено од земјотрес. Се сеќавам на тажната и многу мрачна сцена. Г-ѓа Форд и јас го посетивме Скопје. Многу сум задоволен што дознав дека Скопје е повторно изградено во прекрасен и модерен град“*[8]. Следниот ден на 4 август 1975 година, во обраќањето пред членовите на Градското собрание на Белград, каде што му била доделена златна спомен-плакета, изјавил: *„пред 12 години, г-ѓа Форд и јас бевме привилегирани и почестени што бевме во Белград. Во тоа време бев член на Интерпарламентарната унија. Како делегат на овој меѓународен собир, бевме формално примени не само од белграѓани, туку бевме забавувани и еднакво пречекани од делегатите од вашиот парламент. Како член на американската делегација, учествував во различните активности и говори што се одржаа во зградата на вашиот парламент. Еднакво важно, г-ѓа Форд и јас имавме можност да го посетиме Скопје и Дубровник“*[9].

FOR IMMEDIATE RELEASE AUGUST 3, 1975

OFFICE OF THE WHITE HOUSE PRESS SECRETARY
(Belgrade, Yugoslavia)

THE WHITE HOUSE

REMARKS OF THE PRESIDENT
UPON ARRIVAL TO
BELGRADE, YUGOSLAVIA

SURCIN AIRPORT

5:29 P.M. (Belgrade Time)

President Tito, ladies and gentlemen:

Mrs. Ford, our son, Jack, and I have looked forward to this visit to Yugoslavia, a country of great beauty and a country with fierce pride in its independence.

It is also a very great pleasure for me to make my first visit here as President of the United States.

Twelve years ago I came to Yugoslavia as a Member of the Congress on a far less happy occasion -- Skopje that day had been devastated by an earthquake. I remember the sad and very grim scene. Mrs. Ford and I visited Skopje. I am very pleased to learn that Skopje has been rebuilt into a beautiful and modern city.

Сл. 2. Извадок од обраќањето на Џ. Форд при пристигнувањето во Белград, 3 август 1975 година

[7] Official visit; met with President Tito and Prime Minister Bijedic. Belgrade, Yugoslavia, August 3–4, 1975, Travels of the President, Gerald R. Ford, https://history.state.gov/departmenthistory/travels/president/ford-gerald-r, (пристапено на: 28.03.2025).

[8] The Department of State Bulletin, Volume LXX, No. 1889, September 8, 1975, 371, https://www.fordlibrarymuseum.gov, (пристапено на: 28.03.2025).

[9] White House Press Releases. Belgrade, Yugoslavia, August 4, 1975, Collection at the Gerald R. Ford Presidential Library, https://www.fordlibrarymuseum.gov, (пристапено на: 28.03.2025).

За посетата детално известил и тогашниот дневен печат во Македонија, со прилози пренесени во дневните весници, „Нова Македонија“ и „Вечер“[10]. Во прилогот на првата страница на „Нова Македонија“ од 4 август 1975 година, насловен како: *„Џералд Форд допатува во Белград“*, во целост е пренесено обраќањето на Џ. Форд при пристигнувањето на аеродромот во Белград на 3 август 1975 година. *„...Големо е моето задоволство што ја посетувам Југославија првпат како претседател на САД. Пред 12 години бев во Југославија како член на Конгресот, но во помалку среќни околности. Скопје беше опустошено од земјотресот. Се сеќавам на тажните и мрачни слики. Госпоѓа Форд и јас го посетивме Скопје. Среќен сум што слушам дека Скопје повторно е изградено и дека тоа е убав и модерен град...“*[11]



вечер

Год. XII Бр. 3771 | СКОПЈЕ, ПОНЕДЕЛНИК, 4. 8. 1975 | ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН ОСВЕН ВО НЕДЕЛА | 2 ДИНАРИ

СИТУАЦИЈАТА ВО ПОРТУГАЛИЈА

НОВ КОРСОКАК

• Акцијата околу составувањето на петтата португалска привремена влада повторно попадна во корсокак заради тоа што заповедникот и член на тројниот директориум, генерал Де Карвальо одби во новата влада да биде еден од потпретседателите

СТРАНИЦА 2

ВЧЕРА ПОПЛАДНЕ ВО БЕЛГРАД

СРЕДБА ТИТО — ФОРД

• На белградскиот аеродром претседателот на САД и неговата сопруга ги пречекала и поздравија претседателот на СФРЈ Јосип Броз Тито со сопругата и бројни високи југословенски раководители

ПРОБЛЕМИ НА „МАЛКОТ“ УРБАНИЗАМ

Секој граѓанин –

Сл. 3. Вечер, бр. 3771, 4 август 1975 година

[10] „Средба Тито – Форд“, *Вечер*, 4 август 1975, 1.

[11] Невенка Митревска, „Џералд Форд допатува во Белград“, *Нова Македонија*, 4 август 1975, 1;

Втората изјава или сеќавање за Скопје, Џ. Форд ги пренесува во разговорот при предавањето на акредитивните писма на амбасадорот на СФРЈ во САД, Димче Беловски[12], одржана на 21 ноември 1975 година, во Белата куќа[13].

По распаѓањето на СФРЈ, САД останале заинтересирани за случувањата околу РМ, за прашањата како: меѓународното признавање, проблемот со Грција околу името, мировната мисија на ООН итн. Сите овие прашања биле присутни во активностите и политиката на администрацијата на Б. Клинтон. Уште пред признавањето од САД и воспоставувањето на дипломатските односи меѓу двете држави, САД со припадници на американската армија во јуни 1993 година, станале дел од мировната мисија на ООН, УНПРОФОР/УНПРЕДЕП во РМ во периодот 1993 – 1999 година.

САД отвориле Канцеларија за врски во Скопје на 3 декември 1993 година, со Роберт Л. Норман како главен офицер во дипломатската мисија. Виктор Комрас[14] бил назначен за вршител на должноста, а од 5 април 1994 година[15], прв шеф на дипломатската мисија на САД во РМ. В. Комрас, одиграл многу значајна улога во развојот и унапредувањето на пријателските односи меѓу РМ и САД. За извршувањето на неговата дипломатска мисија тој ќе истакне: *„Фактот дека за две и пол години службување не почувствував ниту еднаш антиамериканско расположение ме прави многу горд и среќен“*[16]*... „Република Македонија, нејзиниот прекрасен народ и политичарите ќе ми останат во траен спомен како нешто најубаво што може да му се случи на еден дипломат.“*[17] *„Виктор Комрас пристигна во Скопје со само еден стол, телефон и картонска кутија за подоцна со својот персонал да направи џиновска работа, официјално отворање на амбасадата.“*[18]

САД ја признаа РМ на 9 февруари 1994 година[19], истовремено истакнувајќи ја намерата за воспоставување целосни дипломатски односи. Владата на РМ на 16 февруари 1994 година донела одлука за воспоставување дипломатски односи со САД[20]. На 13 септември 1995 година, Б. Клинтон објавил дека по кореспонденцијата

[12] Димче Беловски (1923 – 2010), функционер, политичар, општественик и дипломат.
[13] Memoranda of Conversation, The White House, Washington, November 21, 1975, Collection at the Gerald R. Ford Presidential Library, https://www.fordlibrarymuseum.gov, (пристапено на: 28.03.2025).
[14] Виктор Комрас (1943) дипломат. Шеф на дипломатската мисија на САД во РМ (1993 – 1996).
[15] Ахил Тунтев, *Република Македонија: прва декада (1999 – 1999)*. Скопје: Ми-Ан, 2005, 225.
[16] Слободанка Јовановска, „Бев на првото седиште на македонската историја“, *Нова Македонија*, 12 јуни 1996, 2.
[17] „Македонија во Виктор Комрас стекна голем пријател“, *Нова Македонија*, 14 јуни 1996, 2.
[18] М. Ма., „Отворена американската амбасада“, *Вечер*, 25 март 1996, 4.
[19] Писмо на претседателот на САД, Бил Клинтон до претседателот К. Глигоров за признавање на РМ од САД, Вашингтон, 8 февруари 1994, *Документи за Република Македонија 1990 – 2005*, избор, вовед и редакција Сашо Георгиевски и Сашо Додевски. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008, док. 126, 394–395.
[20] Одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу РМ и САД, Сашо Георгиевски и Сашо Додевски, *Документи за Република Македонија 1990 – 2005*…, док. 127, 396.

со претседателот на РМ Киро Глигоров[21] за воспоставување дипломатски односи: *„добив негов позитивен одговор и можам да потврдам дека сега постојат дипломатски односи меѓу нашите две земји“*. Во 1996 година, дипломатското претставништво било подигнато на ниво на амбасада. Амбасадата на САД во РМ била отворена на 23 март 1996 година[22], во присуство на американскиот амбасадор во ООН, Медлин Олбрајт[23]. Кристофер Р. Хил[24] бил назначен за прв амбасадор на САД во РМ[25], кој на 29 јули 1996 година ги предал акредитивните писма на претседателот К. Глигоров[26].

Вилијам Џеферсон Клинтон американски политичар и 42. претседател на САД. Роден на 19 август 1949 година во Хоп, Арканзас. Се стекнал со диплома по право на Универзитетот Јејл во 1973 година. Јавен обвинител на Арканзас (1977 – 1979) година, гувернер на Арканзас (1979 – 1981) и (1983 – 1992), претседател на САД во два мандати во периодот (1993 – 2001). Негова сопруга е Хилари Родам Клинтон. Имаат едно дете, Челси Викторија Клинтон[27].

Б. Клинтон ја посетил РМ на 22 јуни 1999 година[28]. Официјалната еднодневна посета на Б. Клинтон била поврзана со настаните од косовската криза во 1999 година, во рамките на неговата еднонеделна европска турнеја. Посетата била остварена по покана на К. Глигоров. Поканата за посетата била упатена на самитот на НАТО во Вашингтон, одржан во април 1999 година. Во најавата за посетата било наведено дека претседателот Клинтон ќе се состане со лидерите од Македонија, т.е. со претседателот К. Глигоров, со цел да се запознае со последиците кои ги трпи Македонија поради приливот на стотици илјади бегалци од Косово, ќе се состане и со лидерите од Албанија, со претседателот Реџеп Мејдани[29], ќе го посети бегалскиот камп Стенковец и кампот на американските воени сили на НАТО кај Петровец во

[21] Киро Глигоров (1917 – 2012), прв претседател на РМ (1991 – 1999).
[22] С. Ј – Д. Ч., „Мисијата на САД – потврда за принципиелноста на Македонија“, *Нова Македонија*, 24 март 1996, 1–2; М. Ма., „Отворена американската амбасада“, *Вечер*, 25 март 1996, 4.
[23] Медлин Олбрајт (1937 – 2022) американски државен секретар (1997 – 2001).
[24] Кристофер Хил (1952) американски дипломат, амбасадор на САД во РМ (1996 – 1999).
[25] Амбасадори на САД во РМ во периодот 1999 – 2025 година биле: Мајк Ајник (1999 – 2001), Лоренс Батлер (2002 – 2005), Џилиен Миловановиќ (2005 – 2008), Филип Рикер (2008 – 2011), Пол Волерс (2011 – 2015), Џес Бејли (2015 – 2019), Кејт Брнс (2019 – 2022), Анџела Агелер (2022 –).
[26] A Guide to the United States' History of Recognition, Diplomatic, and Consular Relations, by Country, since 1776: North Macedonia, https://history.state.gov/countries/macedonia. (пристапено на: 8.2.2025).
[27] Хилари Клинтон (1947) и Челси Клинтон (1980), Clinton Biographies, https://www.clintonlibrary.gov/research/clinton-biographies. (пристапено на: 10.3.2025).
[28] Met with President Gligorov; addressed Kosovar refugees and NATO military personnel. Skopje, Macedonia, June 22, 1999, Travels of the President, William J. Clinton, https://history.state.gov/departmenthistory/travels/president/clinton-william-j. (пристапено на: 10.3.2025); Сепак нè посетија: Кои беа државниците од А-класа кои ја удостоија земјава?, https://maskimagazin.faktor.mk/sepak-ne-posetija-koi-bea-drzavnicite-od-a-klasa-koi-ja-udostoija-zemjava. (пристапено на: 20.4.2025).
[29] Реџеп Мејдани (1944), претседател на Република Албанија (1997 – 2002).

околината на Скопје. Американскиот претседател ќе биде придружуван од неговата сопруга Х. Клинтон и ќерката Челси[30]. Бил придружуван од претставници на неговата администрација и американски стопанственици.



НОВА МАКЕДОНИЈА

ХОТЕЛ АЛЕКСАНДАР ПАЛАС

Скопје, среда 23 јуни 1999 година

Бил Клинтон во Македонија

Сл. 4. Нова Македонија, бр. 18725, 23 јуни 1999 година

Пред посетата на РМ, Б. Клинтон упатил писмо до К. Глигоров каде што истакнал: *„веќе долго време им се восхитувам на водството и на визијата што ја покажавте во водењето на вашата земја низ немирни времиња. Македонија продолжува да биде потенцијален модел за мултиетничка соработка во регионот. Вие се издигнавте на ниво на предизвикот за згрижување на стотиците илјади бегалци и соработка со НАТО заради обезбедување навремено распоредување на силите за спроведување на мирот во регионот. Вам и на народот на Македонија ви должиме благодарност“*.

[30] За посетата на Б. Клинтон опширно известувал и тогашниот македонски печат: „Клинтон утре во Македонија“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, „Бил Клинтон денес во Македонија“, *Нова Македонија*, 22 јуни 1999, 1; „Клинтон утре во Македонија“, *Вечер*, 21 јуни 1999, 4; „Клинтон денеска во Скопје“, *Вечер*, 22 јуни 1999, 2; Х. И., „Мини-самит на Клинтон со Глигоров, Мејдани, а можеби и со Стојанов“, *Дневник*, 21 јуни 1999, 1-2; Х. И., „Клинтон денеска во Скопје“, *Дневник*, 22 јуни 1999, 1.

Сите детали за посетата биле утврдени во неговиот дневен распоред за ден 22 јуни 1999 година[31]. На аеродромот „Петровец“ бил дочекан со свечена церемонија и највисоки државни почести, со построена македонска почесна гарда, интонирање на македонската и американската химна, поклонување пред знамето на РМ и деца со цвеќе облечени во традиционална народна носија. На пречекот присуствувале највисоките државни претставници, К. Глигоров и сопругата Нада Глигорова, претседателот на Собранието Саво Климовски[32], претседателот на Владата Љубчо Георгиевски[33], министерот за надворешни работи Александар Димитров[34], амбасадорот на РМ во САД Љубица Ачевска[35], градоначалникот на Скопје Ристо Пенов[36] и амбасадорот на САД во РМ Кристофер Хил.

Официјалните билатерални разговори меѓу двајцата претседатели се одржале во Собранието на РМ. Двајцата претседатели оцениле дека соработката се развива позитивно и ќе се интензивира. По средбата, двајцата претседатели дале изјава пред медиумите.

Претседателот Б. Клинтон истакнал:

„Јас дојдов во Македонија, пред сè, од две причини. Едноставно, една од најголемите причини зошто дојдов овде е да ви кажам: Благодарам. НАТО немаше да успее да ја постигне својата мисија без вас и бегалците од Косово, без вас не ќе можеа сега да се враќаат безбедно во своите домови. Втората причина за неговото доаѓање е дека сака да поттикне посилни бизниси и инвестиции од Америка. Сметаме дека сите наши натамошни напори се во прилог на економско зајакнување и стабилност на овој регион“[37]. Б. Клинтон оддал признание на македонскиот народ и македонското водство што направиле многу земјата да остане надвор од вителот на етничките конфликти и омрази во регионот, како и приемот на 300.000 бегалци од Косово.

К. Глигоров се заблагодарил за личниот придонес на Б. Клинтон за поддршката на независноста и безбедноста на РМ и особено во текот на косовската криза. Доказ за неговата ангажираност била неговата посета на РМ. Понатаму било

[31] Schedule of the President, Tuesday June 22, 1999, William J. Clinton Presidential Library, https://clinton.presidentiallibraries.us. (пристапено на: 10.3.2025).

[32] Саво Климовски (1947), професор и политичар. Член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура (1986 – 1990) и претседател на Собранието на РМ (1998 – 2000).

[33] Љубчо Георгиевски (1966), политичар, потпретседател на претседателот на РМ (1991) и претседател на Владата на РМ (1998 – 2002).

[34] Александар Димитров (1949), политичар и министер за надворешни работи на РМ (1998 – 2000).

[35] Љубица Ачевска (1957), прв амбасадор на РМ во САД (1995 – 2002).

[36] Ристо Пенов (1957), политичар, градоначалник на Скопје 1996 – 2005 и министер за локална самоуправа (2022 – 2024).

[37] „Помошта е уште попотребна на Македонија“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, 3.

разговарано за иднината на регионот, косовското прашање, присуството на САД на Балканот, реализацијата на Пактот за стабилност итн.[38] Б. Клинтон имал средба и со Р. Меjдани[39].



Дневник

СКОПЈЕ

ГОДИНА IV, БРОЈ 983 — ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН ОСВЕН ВО НЕДЕЛА — СРЕДА, 23 ЈУНИ 1999

АМЕРИКАНСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ ВО ПРВА ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА ЗЕМЈАВА

Клинтон во Скопје: Без Македонија, мисијата на НАТО немаше да успее!

Без помошта на Македонија НАТО немаше да ја постигне својата мисија, а бегалците нема да можеа да се вратат во своите домови, рече Клинтон во Скопје ▸ Домаќинот Глигоров изјави дека е неопходно американско присуство во регионот и оти за стабилноста и просперитетот на целиот Балкан е клучна демократизирана Југославија

НАТО немаше да успее да ја постигне својата мисија без нас. Освен тоа, бегалците немаше да можат да се вратат во своите домови. Едноставно, една од најголемите причини зошто сум денеска овде е за да ви кажам - благодарам.

Со овие зборови Бил Клинтон, претседателот на САД ја поздрави Македонија за време на својата прва официјална посета на Скопје. По разговорите со својот домаќин, претседателот Киро Глигоров, двајцата државници одржаа заедничка изјава.

Сл. 5. Дневник, бр. 983, 23 јуни 1999 година

Б. Клинтон придружуван од сопругата и ќерката го посетиле бегалскиот камп Стенковец и американскиот воен контингент во базата во Петровец.

Посетата, покрај политичките разговори имала и економски аспект во насока на стимулирање и развој на бизнисот во РМ. Промовирањето на тој аспект бил направен од Х. Клинтон, кој во Собранието имал средба со македонските стопанственици со цел да иницира проект за стимулирање на производство на облека во македонските текстилни фабрики кои би се пласирале на пазарот во Косово, но и во САД. Состанокот бил одржан во присуство на претставниците на македонскиот бизнис, сопругата на претседателот, Н. Глигорова, сопругата на претседателот на

[38] „Присуството на САД во Југоисточна Европа е неопходно“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, 3.

[39] Јасмина Миронски, Жана П. Божиновска, Мира Миновска, Емил Стерјовски, „Соработката меѓу двете земји ќе се развива позитивно“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, 3; „Сакаме Македонија да ја претставиме како модел за стабилност во регионот“, *Вечер*, 23 јуни 1999, 3; Христо Ивановски, „Клинтон во Скопје: Без Македонија мисијата на НАТО немаше да успее“, *Дневник*, 23 јуни 1999, 1.

Владата, Снежана Георгиевска, министри во Владата, Бедредин Ибраими[40], Радмила Кипријанова[41], Милијана Даневска[42], Борис Стојменов[43], Никола Груевски[44], амбасадорите Љ. Ачевска и К. Хил, заменик-министерот Борис Трајковски[45], претставници на УСАИД и Мерси Корпс Македонија. Х. Клинтон имала обраќање во Собранието. Како интересен детаљ кој таа го пренела, бил разговорот со Даница Горгиева, сопственик на мала текстилна фабрика, кој го имала за време на нејзината посета на РМ неколку недели претходно, за проблемите поради косовската криза со нејзиниот бизнис, откажување на претходно направените нарачки и соработка со американската модна компанија Liz Claiborne и нејзиното лобирање кај менаџментот на компанијата за обновување и продолжување на соработката со текстилната фабрика од РМ[46].

Конфекцијата Данитекс ДОО од Кочани е основана во 1997 година од Даница и Лазо Горгиеви, како фамилијарен бизнис. За време на косовската криза, голем дел од текстилните фабрики во Македонија останале без работа. Тогаш, при посетата на Хилари Клинтон во Скопје, а преку штедилница Можности, повикани сме како производители на тогашниот американски бренд Liz Claiborne. Кога Хилари видела дека сме производители на тој бренд, почнала да се распрашува.... па така Даница кажала дека моментално Данитекс и преостанатите фабрики во Македонија работат со многу мал капацитет. Така Хилари по средбата со луѓе од Liz Claiborne, договорила фабриките во Македонија да шијат облека за косовските бегалци, и така да се надмине кризата. Текстилни фабрики кои работеа во тоа време за Liz Claiborne биле: Мокел Битола, Астибо Штип, Отекс Охрид. И благодарејќи на Хилари, ниту една фабрика не останала без работа[47].

[40] Бедредин Ибраими (1952), политичар и министер за труд и социјална политика во Владата на РМ (1998 – 2002).

[41] Радмила Кипријанова-Радовановиќ (1941), професор, политичар и потпретседател на Владата на РМ (1998 – 2000).

[42] Милијана Даневска (1960), политичар, министер за развој (1998 – 1999) и министер за трговија (1999 – 2000) во Владата на РМ и амбасадор во Холандија.

[43] Борис Стојменов (1940), стопанственик, политичар и министер за финансии во Владата на РМ (1998 – 1999).

[44] Никола Груевски (1970), политичар, министер за финансии (1999 – 2002) во Владата на РМ и претседател на Владата на РМ (2006 – 2016).

[45] Борис Трајковски (1956 – 2004), претседател на РМ (1999 – 2004).

[46] Announcement of Relief Aid in Macedonia by First Lady Hillary Rodham Clinton, Skopje, Macedonia June 22,1999, William J. Clinton Presidential Library, https://clinton.presidentiallibraries.us. (пристапено на: 10.3.2025); Г. Г. П., „Хилари вети работа за 3.000 текстилци и отпишување македонски долгови“, *Дневник*, 23 јуни 1999, 3; „Помош за три текстилни фабрики“, *Вечер*, 23 јуни 1999, 4.

[47] Запис од сведоштвото на Даница Горгиева, добиено во соработка со нејзината ќерка Ана Горгиева-Крстева, направен за потребите на овој труд.



Сл. 6. Х. Клинтон и Даница Горгиева на средбата во Скопје[48]

Значењето на овој настан било забележано на страниците на македонскиот дневен печат. Во коментарот на новинарот на „Нова Македонија“ Јасмина Миронски, несомнено се констатира дека посетата на Б. Клинтон има историско значење за РМ за јасно искажаната поддршка за нејзиниот понатамошен развој и интеграцијата во меѓународните структури, дека границите во регионот и во Европа се неменливи и дека САД и натаму ќе ја поддржуваат и ќе ѝ помагаат на РМ[49].

За време на посетата на Б. Клинтон биле преземени највисоки мерки на безбедност од надлежните институции на РМ и на САД[50].

Запис за средбата со Б. Клинтон ни остава К. Глигоров во мемоарите Македонија е сé што имаме. *„Нашата следна официјална средба се случи точно по две години, во сосема поинакви услов, кога претседателот Бил Клинтон, заедно со сопругата Хилари, допатуваа во Скопје на 22 јуни 1999 година. Тоа беше прва посета на еден американски претседател на Македонија, во рамките на неговата турнеја во*

[48] Фотографијата е од приватната архива на семејството на Даница Горгиева, позајмена за потребите на овој труд.

[49] Јасмина Миронски, „Клинтон вети подобра иднина“, *Нова Македонија*, 24 јуни 1999, 1.

[50] Ц. С., „Повеќеилјадно обезбедување за Клинтон“, *Нова Македонија*, 24 јуни 1999, 3; П. А. Лазарова, „Како Клинтон бил чуван“, *Вечер*, 24 јуни 1999, 5; „Армија полицајци за Клинтон“, *Дневник*, 23 јуни 1999, 3.

регионот и во непосредна врска со косовската криза во која директно беа инволвирани САД, преку воената акција на НАТО... Затоа, беше сосема разбирливо што во центарот на нашите разговори со претседателот Клинтон во Скопје, беа проблемите што ги наметна војната... и, се разбира, за оној проблем кој нас многу ни тежеше, кој ги исцрпи нашите можности, проблемот со бегалците од Косово, и воопшто прашањето на нашата безбедност во овој т.н. постунпредеповски период"[51].

Во прилог, сеќавања и впечатоци на македонски новинари кои директно и непосредно ја следеле посетата на Б. Клинтон.

Жана П. Божиновска – „Нова Македонија". *„Се сеќавам на таа посета. Иако беше куса, тоа беше голем настан во тоа време за Македонија. Доаѓаа многу странски високи функционери, но оваа беше посебна. Имаше посебна програма за Бил Клинтон, посебно за првата дама Хилари. Во сеќавање ми останало тоа дека кога дојде Хилари беше облечена во кошула произведена во текстилна фирма во Македонија, во Свети Николе мислам, не сум сигурна. Но, никој не би знаел дека е така ако самата не кажеше од говорницата во Собранието."*

„По нивното пристигнување, целата делегација и ние новинарите заминавме во Собранието. Официјалните разговори беа во Собранието, Глигоров со Клинтон во кабинетот, а во другиот дел Хилари имаше средба со луѓе од текстилниот сектор. Таа дури зборуваше за извоз на текстилни производи во Америка, односно за поттикнување на нашите фирми во тој правец. Инаку, со нив беше и нивната ќерка Челзи."

„Она што останува во сеќавање е и големото обезбедување, како никогаш дотогаш. Скопје, посебно центарот беше целосно блокиран, за новинарите кои ја следеа посетата имаше посебни акредитации. Се проверуваа шахти на пример, мислам дека беа заварени. На околните згради имаше распоредени снајперисти што и не е чудно за така високи гости. По тоа отидоа во кампот во Стенковец кај бегалците од Косово (ние одевме таму како новинари) и кај американските војници во Петровец."[52]

Диана М. Младеновска – „Дневник". *„Тоа беше кризно, неизвесно време. Во тие моменти никој не знаеше точно колку бегалци од Косово има во Македонија поради проблемите со евиденцијата. Се зборуваше за бројката од 360.000 на ниво на државата, а Стенковец беше еден од поголемите прифатни центри поради што, а веројатно и поради неговата местоположба, тогашниот американски претседател Бил Клинтон и го одбра за својата посета. На бегалците, кои беа*

[51] Киро Глигоров, *Македонија е сè што имаме* (второ, дополнето издание). Скопје: Култура, 2002, 505-506.

[52] Разговор со Жана П. Божиновска, која како новинар на дневниот весник Нова Македонија, ја следела посетата на претседателот Б. Клинтон. Разговорот е направен во Скопје на 20.03.2025 година.

заглавени во камповите, бидејќи најавите за таканаречените воздушни мостови за нивен транспорт во трети земји сè уште не се остварувааа, но и на граѓаните на Македонија кои стравуваа од проблеми со логистиката, нарушување на демографската структура и од дестабилизација на земјава, сакаше да им покаже дека не се заборавени и дека ја имаат американската поддршка. Тоа беше битно бидејќи, освен проблемот со огромниот прилив на бегалците, регионот гореше, а во Македонија веќе почнаа да се чувствуваат големи проблеми меѓу партнерите во тогашната владина коалиција составена од ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА. Иако во тоа време посетите на високите меѓународни претставници беа речиси секојдневни, сепак доаѓањето на еден американски претседател во амбиентот презаситен со тензии беше голем предизвик не само од политички туку и од безбедносен аспект. Тоа особено поради фактот што го придружуваше и целото негово семејство. Безбедносните мерки, разбирливо, беа на највисокото ниво. Дури и за нас, претставници на медиумите, кои секојдневно известувавме од граничните премини кон Косово и од бегалските кампови, дента, движењето од центарот на Скопје до Стенковец беше вистинска одисеја. Но, сè помина добро. Јас лично дури бев и изненадена од лежерноста со која тој си ги донесе сопругата Хилари и ќерката Челзи, тогаш сè уште тинејџерка, во еден таков амбиент изложен на многубројни закани, барем според тогашното наше гледање на ситуацијата. Од сегашна перспектива може да се заклучи дека Клинтон, веројатно и со тоа, сакал да испрати порака оти ја има ситуацијата под контрола. И навистина, по таа историска посета, работите, барем што се однесува до проблемот со бегалците, почнаа да се решаваат. Тие почнаа да заминуваат во трети земји, а неколку месеци подоцна и да се враќаат на Косово.“[53]

Христо Ивановски – „Дневник“. *„Посетата на американскиот претседател Бил Клинтон на Македонија беше подготвувана подолго време од Американците. Таа посета е поврзана со косовската криза и посетата на бегалците кои беа во Македонија во огромен број, неколку стотини илјади (веројатно околу 350.000), во неколку бегалски кампови, најмногу во Стенковец, тие го викаа Стенкович, потоа имаше во Чегране итн. Американците не оставаат ништо на случајноста, особено внимание беше посветено на безбедноста, затоа што ние овде имавме тероризам, имавме обид за атентат врз претседателот на државата. Сите шахти беа детално проверени и затворени. Трасата по кој се движеше беше детално проверена. И ние новинарите бевме детално проверени. Имавме новинарски пулт, мене ми се падна да бидам на дочекот на пристигнувањето на Клинтон на аеродромот Петровец. Тоа беше интересно што беше многу лошо, ветровито и врнежливо време. Црвениот тепих за пречек беше кренат во воздух од силниот ветер, па војниците мораа да го местат повторно. Поради лошите временски услови,*

[53] Разговор со Диана М. Младеновска, која како новинар на дневниот весник „Дневник“, ја следела посетата на претседателот Б. Клинтон. Разговорот е направен во Скопје на 1.4.2025 година.

прашањето беше како ќе слета авионот. Сепак, авионот безбедно слета. Клинтон дојде со воен авион хекулес С 130. Новинарските екипи, новинари, фоторепортери, камермани бевме оддалечени од местото 20-30 метри. Клинтон излезе втор или трет од авионот, потоа излезе Хилари... и јас само тогаш го видов Клинтон.“[54]

Јасмина Миронски – „Нова Македонија“. *„Во 1999 година кога уште се чувствуваа последиците од распадот на бившата заедничка држава Југославија, кога на Косово беснееја судири помеѓу српските (југословенските) воени сили и косовските воени формации меѓу кои доминантна беше Ослободителната војска на Косово, Македонија се соочи со неверојатна бегалска криза. Граѓаните од Косово бегајќи од конфликтот кој се засилуваше, но и бомбите на НАТО кои беа дел од активностите за да се сруши режимот на тогашниот претседател Слободан Милошевиќ околу половина милион луѓе се најдоа на северната граница на тогашна Република Македонија (денешна Република Северна Македонија), кои бараа спас во земјава како привремен престој или транзитна зона.“*

„Така, Македонија стана жртва на еден огромен проблем справувајќи се со исклучително тешкото и сериозно прашање на огромниот бегалски бран од кој дел се стационираше во сама близина на главниот град Скопје и во непосредна близина на границата со Косово – на местото наречено Стенковец, инаку аеродром за мали летала, кое стана голем бегалски камп во кој се сместија преку 60.000 лица. Од друга страна, конфликтот а со тоа и кампот стана центар кој го привлече светското внимание на политичарите, но и на светски познатите ѕвезди кои итаа во посета на Македонија. Меѓу многуте и меѓу првите беше и британскиот премиер Тони Блер, светски познатиот глумец Ричард Гир и многу други. Секоја посета беше специфична, интересна, важна, за нас новинарите неверојатен предизвик да се биде и да се известува таму каде што е свртен фокусот на вниманието во светот.“

„Така стигна најава за посета на американскиот претседател Бил Клинтон. Неверување, возбуда и исчекување што и како ќе биде, кој ќе може да присуствува на прес-конференцијата или на изјавата, кој ќе оди во Стенковец, а кој на аеродром. Не беше тоа мала работа да се појави една таква маркантна личност, кој несомнено во тој период ја предводеше најмоќната држава во светот – Соединетите Американски Држави.“

„Во тоа време, меѓу другото јас работев како постојан дописник за француската престижна агенција Франс прес (АФП) и бев вработена во весникот ‘Нова Македонија’. Се разбира сите сакавме да бидеме таму – на лице место на настанот каде што беа вперени очите на светот. Бев една од тие што ја имаа можноста, но и привилегијата да бидам во новинарската придружба со претседателот Клинтон за време на неговиот престој во Македонија.“

[54] Разговор со Христо Ивановски, во тоа време новинар на дневниот весник Дневник, кој ја следел посетата на претседателот Б. Клинтон. Разговорот е направен во Скопје на 23.4.2025 година.

„На 22 јуни 1999 година со нетрпение со часови стоевме на аеродромот додека гледавме како слетува американскиот претседателски авион обидувајќи се да дофрлиме нешто и да добиеме ексклузивна изјава. Потоа во посета на кампот Стенковец каде што бегалците викаа „Клинтон, Клинтон...“, „САД, САД“ или „НАТО, НАТО“.“

„Несомнено многу емотивно, невообичаено, возбудливо, но и стресно затоа што тогаш немаше мобилни телефони, а веста требаше да се проследи веднаш, час поскоро, што побрзо до агенцијата и до светот. Користевме сателитски телефони, за таква намена нè снабдуваа со специјални опреми и техники да ја пратиме првата вест – Дека американскиот претседател Бил Клинтон слета во Македонија.“

„Клинтон ги посети бегалците во Стенковец, Клинтон се обрати во македонското Собрание.... Летавме со автомобилите кои и не беа нешто, трчавме со касетофоните да снимиме изјава, па повторно трчање до редакцијата на Нова Македонија да се напише и предаде текстот кој треба утредента да се најде на првата страница на весникот. Тоа беше несомнено фантастично време да се биде новинар, само што не беше пријатно да се биде сведок на едни такви настани во сопствената држава и нејзиното опкружување. Претседателот Клинтон се обрати на сите места со различни пораки – во бегалскиот камп на оние кои беа пуштени надвор од него со новата група бегалци кои пристигнуваа постојано, без прекин, како надојдена река, им порача дека ќе ја добијат потребната помош и дека САД со своите сојузници ќе направат сè за тие безбедно да се вратат во своите напуштени домови. Клинтон во Скопје пристигна во придружба на својата сопруга Хилари Клинтон и ќерката Челси.“[55]

[55] Разговор со Јасмина Миронски, која како новинар на дневниот весник Нова Македонија ја следела посетата на претседателот Б. Клинтон. Разговорот е направен во Скопје на 20.5.2025 година.



Сл. 7. Бил, Хилари и Челси Клинтон[56] во посета на бегалскиот камп Стенковец, 22 јуни 1999 година.[57]



Сл. 8. Бил, Хилари и Челси Клинтон во посета на американските војници во кампот во Петровец, 22 јуни 1999 година.[58]

[56] „Stenkovic 1 Refugee Camp“, Photo no. P73671-03 22 June 1999, William J. Clinton Presidential Library.
[57] Фотографијата од посетата на претседателот Б. Клинтон е добиена од аудио-визуелното одделение на Клинтоновата претседателска библиотека во Литл Рок, Арканзас.
[58] Фотографијата од посетата на претседателот Б. Клинтон е од приватната архива на Жана П. Божиновска, позајмена за потребите на овој труд.

Користена литература

Книги

Глигоров, Киро, *Македонија е сè што имаме* (второ, дополнето издание). Скопје: Култура, 2002.

Тунтев, Ахил, *Република Македонија: прва декада (1990 – 1999)*. Скопје: Ми-Ан, 2005.

Објавени и необјавени архивски материјали

Зборник на документи

Документи за Република Македонија 1990 – 2005, избор, вовед и редакција Сашо Георгиевски и Сашо Додевски. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008.

Весници

„Членови на Конгресот на САД и на парламентите на Англија и Канада во посета на Скопје“, *Нова Македонија*, 19 септември 1963, 1.

„Резолуција за Скопје“, *Нова Македонија*, 19 септември 1963, 1.

„Делегација Интерпарламентарне уније посетила Скопје“, *Борба*, 17 септембар 1963, 6.

„Средба Тито – Форд“, *Вечер*, 4 август 1975, 1.

Невенка Митревска, „Џералд Форд допатува во Белград“, *Нова Македонија*, 4 август 1975, 1.

Слободанка Јовановска, „Бев на првото седиште на македонската историја“, *Нова Македонија*, 12 јуни 1996, 2.

„Македонија во Виктор Комрас стекна голем пријател“, *Нова Македонија*, 14 јуни 1996, 2.

М. Ма., „Отворена американската амбасада“, *Вечер*, 25 март 1996, 4.

С. Ј – Д. Ч., „Мисијата на САД – потврда за принципиелноста на Македонија, *Нова Македонија*, 24 март 1996, 1–2; М. Ма., „Отворена американската амбасада“, *Вечер*, 25 март 1996, 4.

„Клинтон утре во Македонија“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999,

„Бил Клинтон денес во Македонија“, *Нова Македонија*, 22 јуни 1999, 1.

„Клинтон утре во Македонија“, *Вечер*, 21 јуни 1999, 4.

„Клинтон денеска во Скопје“, *Вечер*, 22 јуни 1999, 2.

Х. И., „Мини-самит на Клинтон со Глигоров, Мејдани, а можеби и со Стојанов“, *Дневник*, 21 јуни 1999, 1-2.

Х. И., „Клинтон денеска во Скопје“, *Дневник*, 22 јуни 1999, 1.

Јасмина Миронски, Жана П. Божиновска, Мира Миновска, Емил Стерјовски, „Соработката меѓу двете земји ќе се развива позитивно“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, 3.

„Сакаме Македонија да ја претставиме како модел за стабилност во регионот“, *Вечер*, 23 јуни 1999, 3.

Христо Ивановски, „Клинтон во Скопје: Без Македонија мисијата на НАТО немаше да успее“, *Дневник*, 23 јуни 1999, 1.

„Помошта е уште попотребна на Македонија“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, 3.

„Присуството на САД во Југоисточна Европа е неопходно“, *Нова Македонија*, 21 јуни 1999, 3.

Г. Г. П., „Хилари вети работа за 3.000 текстилци и отпишување македонски долгови“, *Дневник*, 23 јуни 1999, 3.

„Помош за три текстилни фабрики“, *Вечер*, 23 јуни 1999, 4.

Јасмина Миронски, „Клинтон вети подобра иднина“, *Нова Македонија*, 24 јуни 1999, 1.

Ц. С., „Повеќеилјадно обезбедување за Клинтон“, *Нова Македонија*, 24 јуни 1999, 3.

П. А. Лазарова, „Како Клинтон бил чуван“, *Вечер*, 24 јуни 1999, 5.

„Армија полицајци за Клинтон“, *Дневник*, 23 јуни 1999, 3.

Интервјуа

Разговор со Жана П. Божиновска, Скопје, 20.3.2025 година.

Разговор со Диана М. Младеновска, Скопје, 1.4.2025 година.

Разговор со Христо Ивановски, Скопје, 23.4.2025 година.

Разговор со Јасмина Миронски, Скопје, 20.5.2025 година.

Фотографии

Приватна архива на семејството на Даница Горгиева.

Аудио-визуелно одделение на Клинтоновата претседателска библиотека во Литл Рок, Арканзас.

Приватна архива на Жана П. Божиновска.

Интернет-извори

Biography Gerald R. Ford, https://www.fordlibrarymuseum.gov/the-fords/gerald-ford/biography.

Official visit; met with President Tito and Prime Minister Bijedic. Belgrade, Yugoslavia, August 3–4, 1975, Travels of the President, Gerald R. Ford, https://history.state.gov/departmenthistory/travels/president/ford-gerald-r.

The Department of State Bulletin, Volume LXX, No. 1889, September 8, 1975, 371, https://www.fordlibrarymuseum.gov.

White House Press Releases, Belgrade, Yugoslavia, August 4, 1975, Collection at the Gerald R. Ford Presidential Library, https://www.fordlibrarymuseum.gov.

Memoranda of Conversation, The White House, Washington, November 21, 1975, Collection at the Gerald R. Ford Presidential Library, https://www.fordlibrarymuseum.gov.

A Guide to the United States' History of Recognition, Diplomatic, and Consular Relations, by Country, since 1776: North Macedonia, https://history.state.gov/countries/macedonia.

Met with President Gligorov; addressed Kosovar refugees and NATO military personnel. Skopje, Macedonia, June 22, 1999, Travels of the President, William J. Clinton, https://history.state.gov/departmenthistory/travels/president/clinton-william-j.

Schedule of the President, Tuesday 22 June 1999, William J. Clinton Presidential Library, https://clinton.presidentiallibraries.us.

Announcement of Relief Aid in Macedonia by First Lady Hillary Rodham Clinton, Skopje, Macedonia June 22,1999, William J. Clinton Presidential Library, https://clinton.presidentiallibraries.us.

Сепак нè посетија: Кои беа државниците од А-класа кои ја удостоија земјава?, https://maskimagazin.faktor.mk/sepak-ne-posetija-koi-bea-drzavnicite-od-a-klasa-koi-ja-udostoija-zemjava.

ПРИЛОЗИ И МАТЕРИЈАЛИ

УДК: 94(496.02)“1911“(093.2)
94(497.711)“1911“(093.2)

Емел Шериф-Мифтар[1]

ЕДЕН ДОКУМЕНТ ЗА ОСМАНЛИСКА АДМИНИСТРАТИВНА КОМУНИКАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА СУЛТАНСКА ПОСЕТА НА БАЛКАНОТ ВО 1911 ГОДИНА

Keywords: Ottoman Empire, Balkans, administrative history, railway transport, sultanic visit

Овој прилог анализира службен документ од 1911 година, зачуван во форма на административна белешка од Косовскиот Вилает, пратена до Железничката станица во Скопје. Документот се наоѓа во Државниот архив на Република Северна Македонија, во фондот Скопска-турска општина, т.е. фонд 10, кутија 41, архивска единица 13 и број на лист 17. Во документот се обраќа до началникот на главната Железничка станица во Скопје, а се однесува на организациски проблеми што настанале за време на посетата на султанот Мехмед Решад V во Приштина. Во центарот на вниманието е прашањето на транспортот — конкретно доцнењето на фијакерите што требало да бидат вратени со железнички товарни вагони.

Балканските територии отсекогаш претставувале стратешки важен регион за Османлиската Империја. Во таа насока, во 1911 година султан Мехмед Решад V испланирал официјална посета на овие територии. Патувањето, организирано преку железнички и поморски сообраќај, било предмет на внимателно планирање од безбедносни и логистички причини.

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, научен соработник/доцент, е-адреса: e.miftar2018@gmail.com.

Документите од тоа време откриваат дека патувањето вклучувало детален железнички протокол[2], додека за новинарите биле обезбедени посебни вагони поради големиот медиумски интерес[3].

Иако првично планираното патување било одложено за една недела поради финансиски причини, на 5 јуни 1911 година султанот тргнал од Истанбул[4]. На 7 јуни 1911 г. пристигнал во Солун, каде што бил свечено пречекан, а потоа го посетил Скопје (11 јуни 1911 г.), Приштина (15 јуни 1911 г.), повторно Солун, и Битола (20 јуни 1911 г.) и конечно се вратил во Истанбул на 24 јуни 1911 г. При враќањето, застанал и во скопската и гевгелиската Железничка станица[5].

Ова значајно патување е документирано во списанието на Сојузот на морнарицата[6], како и преку фотографии од Аполон и браќата Манаки, кои го забележале ентузијазмот на локалното население.

Историски и административен контекст и содржина на документот

Во 1911 година, Османлиската Империја сè уште управува со делови од Балканот, но нејзиниот авторитет е сериозно оспоруван од зголемените национални движења и надворешните притисоци[7]. Посетите на султанот и на членови на султанска делегација во провинциите имале за цел да го демонстрираат присуството на централната власт и да ја зајакнат лојалноста на локалното население. Овие настани биле внимателно координирани, и секој административен пропуст можел да биде сфатен како закана за престижот на империјата[8].

Содржината на документот известува дека на 17 јуни 1911 г., фијакери пратени од Скопје за транспортни цели поврзани со султанската посета, не биле навремено натоварени на железнички вагони по нивната задача. Иако фијакеристите се пријавиле во Железничката станица во Приштина навреме, транспортот бил одложен со образложение дека немало достапни вагони. Како резултат, фијакерите се вратиле дури следната ноќ, што претставува логистички пропуст. Официјалната белешка бара телеграфски извештај од надлежните железнички службеници со цел да се утврди точниот момент на натоварување.

[2] Başbakanlık Osmanlı Arşivi (понатаму BOA), Babıal-i Evrak Odası (понатаму BEO), 3901/292520.; BOA, Dahiliye Mütenevvia Kısmı Belgeleri (понатаму DH. MTV), 25/4/2.; *Osmanlı Belgelerinde Manastır*, hazırlayanlar: Ayten Ardel ve proje editörü Edib Agagjyshi. Tirana: ALSAR, 2021, 110.
[3] BOA, BEO, 3896/292198.
[4] BOA, BEO, 3898/292295.
[5] BOA, DH. MTV., 25/ 50
[6] „ *Seyahat-i Hümayunun Tafsilatı*“, Donanma Mecmuası, Haziran 1327, Sayı.16, 1463.
[7] Stanford J Shaw and Ezel Kural Shaw, *History of the Ottoman Empire and Modern Turkey*, *Volume II: Reform, Revolution, and Republic: The Rise of Modern Turkey, 1808 – 1975*. Cambridge: Cambridge University Press, 1977, 272.
[8] Halil İnalcık, *The Ottoman Empire: The Classical Age 1300 – 1600*. London: Phoenix Press, 2001, 214–218.

Анализа и значење на документот

Документот покажува неколку важни аспекти на доцниот османлиски административен систем: бирократска строгост и писмена култура, односно формалниот јазик, нагласувањето на одговорноста и барањето писмена потврда преку телеграф го рефлектираат сериозниот однос кон административната отчетност; второ, железничката инфраструктура како симбол на модернизација која истакнува дека и покрај симболичкото значење, инфраструктурата е недоволно ефикасна, што укажува на ограничувањата на модернизацијата во провинциите; и трето, централизирана власт и локални практики, односно барањето за проверка од „надлежни службеници“ што ја покажува хиерархиската природа на османлиската управа, но и сложената комуникација меѓу центарот и периферијата.

Заклучок

Овој службен документ, на прв поглед, нуди вреден увид во секојдневното функционирање на Османлиската Држава во нејзината завршна фаза на Балканот. Тој рефлектира напори за контрола, организација и политичка симболика преку административни практики и инфраструктурни капацитети. Истовремено, тој сведочи за ограничувањата на една империја што се обидува да се одржи во услови на постепено распаѓање и зголемена нестабилност.

Во прилог се дадени оригиналниот документ и преводот на документот на македонски јазик.

Прилог бр. 1: Државен архив на Република Северна Македонија, ф. 10, кут. 41, а.е. 13, док. 17.


[01.0010.0041.0013/0017-0017]

27.6.1911

Писмо од скопската Општина до шефот на Железничката станица во Скопје во врска со пренесувањето 15 пајтони до Приштина поради посетата на султанот.

Оригинал, ракопис

османлиски



Прилог бр. 2: Превод на документот на македонски јазик

Нацрт-забелешка на општинската канцеларија на Центарот на Косовскиот Вилает

Примени документи

Датум: *Број:*

Врз основа на кој документ е напишано:

Датум на составување: 14 јуни 1327 (Румски календар)

Датум на потпис: *Датум на препис:* *Одлука и број:* 601 *Место на корекција:*

До началникот на главната Железничка станица во Скопје,

По повод пристигнувањето на Неговото Височество во Приштина, петнаесет фијакери пратени одовде требаше да се вратат на ден 4 јуни 1327 година (според румскиот календар), односно на 17 јуни 1911 година, во сабота во 12 часот напладне. Иако фијакерите биле пријавени кај службеникот на Железничката станица во Приштина за натоварување на воз, било наведено дека нема достапни вагони, поради што тој ден не биле натоварени. Според известувањата, тие пристигнале во Скопје дури во недела навечер, односно понеделник наутро во 1:30 часот.

Со оглед на тоа дека пријавувањето навистина се случило во сабота на 17 јуни 1911 година, останувањето на фијакерите во Приштина тој ден е резултат на пропуст од страна на компанијата. Поради тоа, ве молиме итно, преку телеграф, да се побара од надлежните службеници точна информација за тоа на кој ден и во колку часот фијакерите биле натоварени во вагоните.

Со особена почит.

УДК: 94-05(497.7):069.5

Илија Василевски[1]

ИЗЛОЖБА: ВЛАДИМИР ПОЛЕЖИНА (1912 – 1980)

НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје - привремена музејска изложба

По повод 45 години од смртта на д-р Владимир Полежина (1912 – 1980), една од клучните, но недоволно истражени фигури во процесот на државотворноста на современа Македонија, Музејот на македонската борба за самостојност - Скопје организира привремена музејска изложба под наслов „Владимир Полежина (1912 – 1980)“. Оваа изложба претставува обид да се реактуализира ликот и делото на Полежина преку музеолошки третман, користејќи автентични експонати, фотографии, документи, досиеја и лични предмети.

Според дефиницијата на Сузан Перис (Susan Pearce), „привремената изложба е комуникациска форма со ограничено траење, која има за цел да истражи, претстави и интерпретира една тема, личност или појава преку артефакти, визуелна наратива и контекстуални информации“. Таа е фокусирана на создавање дијалог со публиката, и често има истражувачки и општествено-едукативен карактер.

Изложбата „Владимир Полежина (1912 – 1980)“ е поставена во рамките на програмската дејност на Музејот на македонската борба за самостојност, кој претставува една од најзначајните национални институции од музеолошки карактер во Република Северна Македонија.

Музејот е основан со цел да ја документира, истражува, сочува и промовира борбата на македонскиот народ и другите етнички заедници за национално ослободување, државотворност и социјална правда. Тој ги опфаќа сите клучни периоди на македонската историја од 19 и 20 век. Во рамките на својата дејност, музејот активно работи на:

[1] М-р по историски науки, Водич во НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје, е-адреса: ilijailevasileski85@gmail.com

- Истражување и музеолошка обработка на теми и личности кои имаат значаен придонес за македонската историја;
- Интерпретација на историските настани преку современи музеолошки пристапи и визуелна нарација;
- Реактуализирање на маргинализираните ликови, идеи и движења кои имале пресудно влијание врз изградбата на македонскиот државен и национален идентитет.

Во тој контекст, изложбата за Владимир Полежина се надоврзува на едукативната и ревизионалистичка улога на музејот – да даде глас на оние кои, и покрај големите заслуги во историјата, биле потиснати, игнорирани или репресирани од тогашните политички системи.

Со поставувањето на оваа изложба, музејот не само што го одбележува 45-годишниот јубилеј од смртта на Полежина, туку отвора и поширока дебата за судбините на македонските интелектуалци и револуционери кои биле жртви на политички прогони, особено во контекст на судирот со Информбирото (1948 - 1956).

Изложбата ја реафирмира определбата на Музејот на македонската борба да биде чувар на историската вистина, но и активен простор за општествена рефлексија, каде што минатото се претвора во инструмент за градење на поинформирано, критичко и праведно современо општество.

За реализацијата на изложбата се користени следните архивски фондови:

I. НЕОБЈАВЕН АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

1. Фондови на Државниот архив на Република Северна Македонија, Скопје

- 157: Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија.
- 885: Републички секретаријат за внатрешни работи /ОЗНА-УДБ/, кутија 368, лично досие бр. 49001046002.

II. НЕОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ – МАТЕРИЈАЛИ

- Лична архива на Анета Полежина-Поповска, Рената Полежина-Марковиќ и на авторот на изложбата.

III. ОБЈАВЕН АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

- АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на

Македонија), Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1, Избор, редакција и коментари: д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Скопје, 1984.















IV. ЛИТЕРАТУРА

- Д-р Владимир Полежиноски – живот и дело (Кичево, 6 декември 1912 – Скопје, 19 јуни 1980), Скопје, 2013.

СОДРЖИНА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА

Изложбата „Владимир Полежина“ (1912 – 1980) е концепциски поделена на седум тематски целини, распоредени на две нивоа во изложбениот простор на Музејот на македонската борба. Поставката опфаќа вкупно 130 оригинални експонати – фотографии, документи, лични предмети и раритетни архивски материјали од приватната архиви на потомците на Полежина, Рената и Анета. Изложбата е претставена во 7 витрини и 19 рамки.

Изложбата е конципирана така што хронолошки го следи животниот пат на Владимир Полежина, притоа интерпретирајќи ги клучните фази од неговиот приватен, образовен, политички и историски ангажман. Посетителот добива интимен, но истовремено политички контекстуализиран увид во делото и судбината на една неправедно заборавена личност од македонската историја.

Целина 1: Потеклото на Владимир Полежина

Првата целина го прикажува семејното потекло на Полежина, неговите родители Јован и Стефанка, како и сестрите Филимена, Фанија, Надежда и Василија (Васа). Вклучени се семејни фотографии, предмети од семејната куќа и документирани спомени. Изложени се и фотографии на неговите деца, Билјана и Велко, како и семејни реликвии кои првпат се прикажуваат во јавност.

Целина 2: Образованието на Владимир Полежина

Оваа целина го следи образовниот пат на Полежина, од основното училиште во Кичево, преку гимназијата во Охрид и Битола, до студиите по право во Белград и Париз. По првпат се изложуваат неговите ученички книшки, свидетелства, неговиот студентски индекс од Универзитетот во Белград, ексклузивни фотографии од неговиот престој во Париз, како и документи од Универзитетот на Сорбона, вклучувајќи сегмент од неговиот докторат од 1938 година.

Целина 3: Владимир Полежина во периодот пред Втората светска војна

Претставен е периодот на отслужување на воениот рок во Требиње. Изложени се необјавени фотографии во воена униформа, како и оригинално писмо напишано од Полежина до министерот за одбрана и морнарица на Кралството Југославија. Овој документ сведочи за неговата рана вклученост во општествени прашања и неговата политичка осетливост уште пред Втората светска војна.

Целина 4: Учеството на Владимир Полежина во Народноослободителната и антифашистичка војна (1941 – 1945);

Овој дел го опфаќа учеството на Полежина во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија, вклучувајќи:

- Неговите сеќавања од логорот Порто Романо 402 во Драч, Албанија;
- Лични сведоштва за неговото учество во Февруарскиот поход;
- Првите броеви од весникот „Илинденски пат“, каде што се објавени одлуките на АВНОЈ и насоките за конституирање на македонската државност.

Целина 5: Учеството на Владимир Полежина на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија

Посветена на неговата клучна улога како делегат на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944), каде што тој ја изработува историската „Декларација на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија и Демократска Федерална Македонија “. Изложена е верна копија на оригиналот, неговиот лично напишан ракописен текст за делегатите и членови на Президиумот на АСНОМ, негови реферати за Првото заседание на АСНОМ. Целината го акцентира неговиот придонес кон темелите на македонската државност и правната рамка на слободна Македонија.

Целина 6: Воените мисии по Втората светска војна во кои учествува Владимир Полежина;

Овој сегмент го прикажува периодот од неговиот живот – ангажманот во југословенските воени мисии во странство, особено во Франкфурт, каде што бил шеф на воена мисија. Прикажани се оригинални фотографии и неговиот личен предмет - радио со резервни делови.

Целина 7: Владимир Полежина на Голи Оток

Последната целина претставува една од најчувствителните, но најважни компоненти на изложбата – личното досие на Полежина, водено од Службата за државна безбедност на СР Македонија. Изложени се:

- Лично напишана биографија (на машина за пишување);
- Документи за неговата интернација на Голи Оток (1951 – 1954);
- Запис за датумот на неговата смрт (1980).

КАТАЛОГ НА ИЗЛОЖБАТА

Во рамки на изложбата „Владимир Полежина (1912 – 1980)“ подготвен е специјален двојазичен каталог (македонски/англиски), кој претставува значаен придонес кон академското и музеолошко истражување на животот и делото на Владимир Полежина. Каталогот содржи 56 страници и се прикажани негови фотографии, документи и други материјали. Каталогот е издаден од Музејот на македонската борба и поддржан од Музејот на македонската борба за самостојност - Скопје. Каталогот беше официјално промовиран на 16 јуни 2025 година, во рамките на свеченото отворање на изложбата, во просториите на Музејот на македонската борба за самостојност - Скопје.

Каталогот е составен од седум поглавја:

Краток осврт за ликот и делото на Владимир Полежина;

Потеклото на Владимир Полежина;

Образованието на Владимир Полежина;

Владимир Полежина во периодот пред Втората светска војна;


Учеството на Владимир Полежина во Народноослободителната и антифашистичка војна (1941 – 1945);

Учеството на Владимир Полежина на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија;

Воените мисии по Втората светска војна во кои учествува Владимир Полежина;

Владимир Полежина на Голи Оток.

Каталогот е дизајниран како долгорочен истражувачки ресурс, наменет за историчари, истражувачи, студенти и поширокатa публика заинтересирана за македонската историја од 20 век. Тој е достапен во печатена и електронска форма. Со овој каталог, изложбата добива и научна тежина, претворајќи ја поставката од привремен културен настан во траен документиран придонес кон историографијата на државата.



Индекс на Владимир Полежина, студент на белградскиот Универзитет, Кралство Југославија, 1931 година.




Пасош бр. 5626 на Владимир Полежина од Кралство Југославија, издаден на 24 октомври 1935 година, во Белград.



Фотографија од Владимир Полежина
како студент во Париз.






Писмо од Владимир Полежина од 31 август 1939 година, до министерот за војска и морнарица на Кралството Југославија во Белград, со кое го известува дека го завршил своето образование и дека е спремен да ја извршува својата војничка должност.




Фотографија од Владимир Полежина како војник во Кралството Југославија, фотографирана за време на отслужувањето на воениот рок во периодот 1939 – 1941 година.



Фотографија од Владимир Полежина, прв од лево, како војник во Кралството Југославија за време на отслужувањето на воениот рок во периодот 1939 – 1941 година.



Лични сеќавања и сведоштва на Владимир Полежина за време на неговата интернација во логорот Порто Романо 402 во Драч, Албанија, од Кичево до Порто Романо и назад.




Личен ракопис на Владимир Полежина за дел од членовите и делегатите на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија.



Владимир Полежина, во средина, во партизанска униформа фотографиран со група другари во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941 – 1945 година.



Оригинални фотографии од Владимир Полежина како шеф на Југословенската воена мисија, фотографирани во 1948 година, во Франкфурт, Германија.



Биографија на д-р Владимир Полежина запишана на 4 март 1965 година, во Скопје (во ракопис).

УДК: 930.253:314.15(083.94)

Влатка Лемиќ[1]

ПРОЕКТ АТОМ - АРХИВИ И ТРАГИ НА МИГРАЦИИТЕ

За проектот АТоМ - Архиви и траги на миграциите

Проектот на Креативна Европа *АТоМ - Архиви и траги на миграциите* (2022-2025) се занимава со феноменот на миграциите од архивска перспектива, прашања за вреднување, зачувување, опис и пристап до архивски и документарен материјал, кој ја документира емиграцијата и имиграцијата, експатријацијата и заедниците на дијаспората и миграциите во поширока смисла на поимот.

Проектните активности се насочени кон две тематски подрачја: зачувување на архивското наследство за миграции и истражување модели на документирање на минатите и сегашните миграции.

Миграциите се одразуваат низ различни извори - документарен архивски материјал и јавни и приватни архиви и/или збирки кои ги создале поединци, семејства или правни лица, кои стануваат корисна алатка за поврзување на заедниците во дијаспората, државата на вселување и татковината.

Пристапот до архивскиот материјал во сите средини секогаш е условен од архивската практика и легислатива, а во рамките на проектот АТоМ, транснационалните контексти на миграции и дијаспора се истражуваат преку дејствување и практика на архивите во однос на архивскиот материјал, поврзан со миграциите и заедниците документирани во него. Збирките со архивски материјал за миграции, без разлика дали се создадени во институции или во самите заедници, можат да бидат врска меѓу мигрантските заедници и институциите на наследство. Заедниците во дијаспората и тие што доживеале дисперзија и егзил често се соочуваат со тешкотии и (не)можност за сопствено претставување, а што многу често се одразува низ

[1] Доц. д-р сц., Универзитет во Загреб / ICARUS Хрватска, е-адреса: vlatka272@gmail.com

службените наративи на институциите на наследство. Како што стручните, правните, етичките, општествените и други прашања поврзани со архивското наследство го надминуваат националниот контекст, тие претставуваат долгорочен предмет на интерес за различни интердисциплинарни програми, а во ерата на глобализација и дигитализација стануваат уште позначајни. Архивската заедница важноста на оваа тема додатно ја истакна со основање ново Стручно здружение за заедничко архивско наследство (EGSAH, *Expert Group on Shared Archival Heritage*[2]) на Меѓународниот архивски совет (ICA, *International Council on Archives*) во 2016 година.



Слика 1: Мрежна станица EGSAH библиографии за разместените архиви и заедничкото архивско наследство[3]

Во европски рамки во најново време се поттикнати многубројни активности и иницијативи од подрачјето на миграциите и наследство, како Europena збирки за миграција, Erasmus+ проектот MIGRANTS или проектот AMIF MAX - Maximising Migrants' Contribution to Society. Пристапот до АтоМ до темите за миграција е различен во однос на споменатите проекти бидејќи не става акцент на содржината, туку на информацискиот потенцијал на архивскиот материјал и заедниците, како основи за сите натамошни програми и акции. Дополнително, во согласност со напорите на паневропскиот Архивски портал на Европа (APE[4]), АтоМ настојува да ја промовира важноста на заедничкиот пристап на европските архиви, како и


[2] Види: https://www.ica.org/ica-network/expert-groups/egsah/

[3] Displaced Archives and Shared Archival Heritage:
A Bibliography. Достапно на: https://www.ica.org/resource/displaced-archives-and-shared-archival-heritage-a-bibliography/

[4] Види: https://www.archivesportaleurope.net/

важноста на архивското наследство за европските општества. При тоа, преку AToM одделно се анализира улогата на архивистот и другите експерти за наследство кои во рамките на проектните активности се сретнуваат со различни форми и формати на архивски материјал како и прашања кои се однесуваат на дисперзија на архивскиот материјал, фрагментарност, транснационалност на наследство и заедницата, разбирањата за потреба за имигрициски и дијаспорски заедници, проблематика на идентитетот и афекти и предизвици како да се пристапи кон постојниот недостиг на сочуван архивски материјал.

Партнерите во проектот од Хрватска, Шпанија, Унгарија и Холандија кои ги претставуваат различните институционални рамки, прописи и стручна практика на архивската заедница, заеднички ја нагласуваат важноста за собирање и заштита на архивското наследство која ги документира прашањата за миграции. Конзорциумот AToM, чии институции и организации се со долгогодишно меѓународно дејствување во секторот култура и креативни индустрии, под водство на проектот ICARUS Хрватска, партнерски се вклучени Министерството за култура и спорт: Шпанскиот државен архив, Националниот архив на Унгарија и Фондот De Domijnen од Холандија со придружниот партнер Задружно наследство Лимбург. Големината на најголемите партнери, националните архиви на Унгарија и Шпанија имаат претходни искуства во соработка на национални и меѓународни проекти поврзани со темата за миграции. На пример, двете институции биле партнери на проектот Креативна Европа - EDT - European Digital Treasures [5] во кој една од програмските активности била посветена на тема егзил, миграциски текови и солидарност.



Слика 2: Насловна страница на изложбениот каталог на ЕДТ на тема егзил, миграциски текови и солидарност[6]

[5] Види: https://www.digitaltreasures.eu/

[6] Достапно на: https://www.digitaltreasures.eu/exhibition-materials/

Шпанскиот државен архив организациски е дел од Министерството за култура и спорт на Кралството Шпанија, а надлежен е за координација и организација на стручните работи за заштита, обработка и презентација на националното документарно и архивско наследство. На Шпанскиот архивски портал Pares[7] во јавноста се достапни бази на податоци во кои е собран архивски материјал на тема историски миграции, како што се, на пример, мрежен архивски водич за егзилот во 1939 година, иберо-американските миграциски движења, портал на жртвите од Шпанската граѓанска војна и депортираните Шпанци во нацистичките концентрациони логори и други многубројни историски извори. Во рамките на проектот AToM, Шпанскиот државен архив е задолжен за креирање мултимедијална виртуелна изложба и осмислување кустоски концепт на физички изложби кои ќе се креираат во соработка со мигрантите од националните малцинства и дијаспорските заедници.

Националниот архив на Унгарија од 1995 година, во рамките на своите стручни активности води грижа за идентификација и собирање на унгарските иселенички архивски наследства сочувани во странство во оригинал и копија. Благодарејќи на долгогодишната работа на собирање дијаспорско документарно наследство, Архивот денес поседува значителна количина на информации за Унгарците кои емигрирале во различни држави во текот на историјата и дополнително од 2014 година, ја спроведува програмата Mikes Kelemen[8] која има намера да го сочува загрозеното документарно наследство на Унгарците во други држави. Исто така, од 2017 до 2019 година тој учествувал во проектот Migrationin Arts and Sciences[9] во чии рамки е изградена тематската збирка за миграција на Europeana[10]. Активностите на Националниот архив на Унгарија во AToM опфаќаат собирање и презентација на архивски материјал и организирање завршна конференција која се одржа во Будимпешта, на почетокот на летото 2025 година.

Холандскиот партнер на проектот, Фондот De Domijnen, опфаќа четири културни институции: регионалната библиотека, Историскиот музеј и Музејот на современа уметност, како и некогашниот Историски центар во кој се сместени градскиот и регионалниот архив. Целиот регион Лимбург е со особено разновидно население, што е последица на миграциските движења на работниците во средината на 20 век. Фондот De Domijnen во своите претходни проекти исто така тематизирал прашања за миграции и соработувал со современите заедници на мигранти, со цел да ги документира нивните миграциски искуства. Во проектот AToM се задолжени за осмислување, методологија и презентација на усната историја која ќе се собира во соработка со историските и современите мигрантски заедници.

[7] Види: https://pares.culturaydeporte.gob.es/inicio.html
[8] Види: https://mikesprogram.oszk.hu/
[9] Види: https://pro.europeana.eu/project/migration-in-the-arts-and-science
[10] Види: https://www.europeana.eu/en/collections/topic/128-human-migration

ICARUS Хрватска е непрофитна организација посветена на истражувањето на историското наследство и промовирање на достапноста на архивските извори преку новите ИТ-технологии и развојот на меѓуинституционална и меѓународна соработка во областа на културна, научна и стручна дејност. Активностите на организацијата се насочени на архивската дејност и јавните програми - портали и платформи, работилници, предавања и собири поврзани со промоција на историски и културни истражувања, отвореност и достапност на архивите, дигитализација на наследството, претставување на архивските и проектите за наследство и иницијативи, како и поврзување со меѓународната стручна заедница. ICARUS Хрватска е член на ICARUS, TMO i DARIAH конзорциумот и учествува во нивните проекти и активности и е активен партнер и соработник во повеќе меѓународни проекти (Креативна Европа, Erasmus+) и иницијативи (AERI, APEF, Europeana). Покрај улогата на водечки партнер задолжен за управување со проектот и административните работи, ICARUS Хрватска ги води и проектните активности посветени на едукација на експерти за архивското и документарно наследство, што подразбира подготовка на прирачник за едукација и организирање едукативни работилници по начело *„training the trainers“*. Во подготовка е теоретско-практичната едукативна програма, која претставува основа на проектот во кој учествуваа членови во организацијата, универзитетски професори по архивистика (односно информациски и комуникациски науки), професори по историја и меѓународно признати експерти за наследство, а во реализација на одделни активности на AToM се вклучија и многубројни соработници од наследни и академски институции, културни организации и малцински заедници.

Пристапот на AToM до архивското наследство за миграции

Основната рамка во која е осмислен AToM и планираните проектни активности се темели на разбирање на миграциите како транснационалниот, трансгенерацискиот и интердисциплинарниот феномен, кој вклучува разновидни учесници меѓу кои архиви и институции за наследство. Поради природата и улогата која ја имаат за собирање и зачувување на изворите кои документираат миграции, архивите претставуваат средиште за чување, истражување и интерпретација на транснационалната, националната и локалната историја и идентитет, култура и општествен живот општо, а исто така и за вмрежување на архивските материјали од „јавна, приватна и локална провениенција“. Експертите за наследство неретко се фокусирани само на еден национален контекст и дејствуваат внатре во своите законски надлежности, иако заедниците, како и архивските документи за нив, често се дисперзирани, фрагментирани и транснационални. Збирките за дијаспорско наследство се последица од миграциските текови, иако се втемелени на локално и национално ниво истовремено ја отсликуваат транснационалната димензија и претставуваат заедничко културно наследство.

Архивите не се само места на минатото, туку и на иднината, со оглед на тоа дека современите архивски практики одредуваат кој архивски материјал ќе се вреднува и како, што ќе се сочува, а што ќе се исфрли, како ќе се опише материјалот и на кои начини ќе го користат создавачите, истражувачите и заедниците кои се документирани во него, и дали ќе се користи за различни потреби на општеството. Поради таа причина активностите кои се планирани во рамките на проектот AToM се насочени кон улогата на архивите како места за комуникација меѓу заедниците, културите и временските периоди. Исто така, се преиспитуваат и можностите за инклузивен пристап кон архивските програми и услуги преку воведување партиципативен пристап и поголема општествена инклузивност преку документите и архивското наследство, разгледувано во контекст на минатото, сегашноста и иднината[11]. Со миграцијата на луѓето, патуваат и записите за нив, кои се наоѓаат во нов контекст (заедно со контекстот на татковината кој ги задржува одредено време), така што често државните граници не се вистински граници на архивскиот и документарниот материјал, бидејќи со миграцијата на луѓето поминуваат низ различни институционални и културни практики. Додека документацијата на јавната управа обично се чува во јавни архиви, материјалите на здруженија, организации, лични фондови и оставина и различни вредни збирки на записи се наоѓаат и во различни културни и научни институции, специјализирани архивски збирки и приватни архиви, бидејќи материјалите од приватно потекло обично се чуваат во зависност од личните афинитети и социјалните контакти на поединецот кој се грижи за нив. Многу такви извори се непознати и недостапни за јавноста, а активностите поврзани со нивно евидентирање, заштита, обработка и објавување подразбираат соработка меѓу државата, институциите, релевантните експерти и нивните творци и иматели. Целта на AToM е да се истражат и развијат најдобри практики за процена, создавање, чување и пристап до архивското и документарното наследство кое се однесува на емигранти, доселеници, прогонети и бегалци, работници мигранти, студенти и други категории на заедници на иселеништво и дијаспора. Проектните активности се насочени кон три главни цели:

- Јакнење на капацитетите на архивистите и други експерти за документарно наследство на подрачјето на историските и современите миграции;
- Поврзување на архивистите и експертите за документарно наследство со соодветните мигрантски заедници (пр. потомци на доселеници, малцински групи и поединци);
- Заедничко создавање специфични културни производи со членовите вклучени во заедниците[12].

[11] AToM Metodology: https://projectatom.eu/index.php/project/methodology/
[12] AToM Background rationale and objectives: https://projectatom.eu/index.php/project/background-rationale-and-objectives/

За основните активности планирани во рамките на АТоМ (едукација, собирање на усна историја и изградба на збирки посветени на миграциите) потребен е пристап на мешовита методологија и транснационална насоченост. Важен аспект на АТоМ го сочинуваат принципите на заедничко создавање наративи за историските миграциски движења со заедниците кои се вклучени во проектните активности, што подразбира интердисциплинарност и почитување на различностите. Основни техники во спроведувањето на планираните активности се вклучување приватни архивски материјали во создавање на наративот, собирање усни истории кои го отсликуваат животот на поединци кои (е)мигрирале и изработка на информативни помагала и водичи за корисниците во соработка со заедницата која е документирана преку материјалите, како и лингвистичка инклузивност. Целната група учесници во проектот се архивисти и други експерти за документарно наследство, припадници на заедници, национални малцинства од државите партнери на проектот, и припадници на дијаспората. Покрај препознавањето на важноста и вреднувањето на документарното наследство, собирањето и описот на поединечните извори, треба да се има предвид дека се работи за наследство кое неоспорно ги надминува границите на државите, ако не во буквална смисла, тогаш преку луѓето и заедниците кои мигрирале. Во согласност со тоа, потребно е да се преиспитаат утврдените стручни пристапи кон архивскиот и документираниот материјал кој се однесува на транснационални лица, но и потребите на различни корисници надвор од државните граници. Важен аспект на проектот АТоМ е заедничката работа на партнерите кои дејствуваат во различни законодавни услови и чие државно минато е многу различно, што го обликувало историското движење на миграциите, а и денес влијае врз миграциските политики. На пример, колонијалното минато на Шпанија и Холандија одразува различни историски миграциски обрасци (кои се рефлектираат и во архивскиот материјал), а воедно влијае на современото дејствување на наследствените институции во тие држави кон кои се поставува прашањето за постколонијална одговорност. Наведениот контекст ја покажува разликата во однос на Хрватска и Унгарија во кои стручната и научната расправа за деколонизациските императиви во домен на културата и креативните индустрии не е, и не може да биде слична на шпанскиот и холандскиот пример.



Слика 3: Истражување на AToM на архивскиот материјал за миграциите во архивите

Како еден од долгорочните цели на AToM е усогласување на различните перспективи на европските архиви за концептот „миграциски фонд/збирка", една од првите проектни активности беше спроведување истражување на таа тема. За таа цел, преку онлајн-образец беше упатен јавен повик до европската архивска заедница, на кој се одзваа 25 архиви од 10 земји[13].

Со почетната дефиниција што ја подготвија проектните партнери се опфатени обемот, видот и вредноста на миграциските фондови и колекции:

Миграциски фонд/збирка, во контекст на архивската практика, се однесува на збир од примарни извори на материјали кои се документираат во различни аспекти на миграцијата, вклучувајќи го движењето на поединци или групи преку географски политички или општествени граници. Овие фондови/збирки обично вклучуваат материјали како што се лични приказни, кореспонденција, фотографии, записи на управни тела, политички документи, усна историја и други релевантни материјали, а ги собираат и чуваат архиви, библиотеки, музеи и други истражувачки, образовни и јавни институции. Миграциските архивски фондови/збирки можат да вклучуваат материјал кој ги документира искуствата на мигрантите и влијанието на миграциите врз општествата. Тие служат како вреден извор за истражувачи, научници и поширокатa јавност, обезбедувајќи увид во причините и

[13] Archives and Traces of Migration (AToM): A MIGRATION FOND/COLLECTION DEFINITION Prepared by AToM Project Partner: Spanish State Archives. Dostupno na: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://projectatom.eu/wp-content/uploads/2023/10/Migration-Collection-Definition-AToM.pdf

последиците од миграциите, искуствата на мигрантите како и општеството, културното и економското влијание на миграциите врз општествата. Архивските фондови/збирки играат важна улога во зачувувањето и промовирањето на културното наследство на мигрантските заедници и придонесуваат кон поточен и инклузивен историски запис на миграциите [14].

Прашањата ги опфаќаат податоците за самите архивски институции, содржината и обемот на нивниот материјал за миграции, достапноста и корисниците на тој материјал, за нивната дефиниција на „мигрантски фонд/збирка", но и дали соработуваат со мигрантите и мигрантските организации. Истражувањето опфати 25 архиви (21 јавни и 4 приватни архиви, различни типологии) чиј одговор ги потврди почетните претпоставки за дисперзија на материјалот за миграциите во различни архиви и културни организации и за нејзината разновидност. Испитаниците исто така беа повикани да го надополнат терминолошкиот речник на поими на AToM кои се користени во проектот и кое се поврзани со миграциите, како што се асимилација, колективно сеќавање, дијаспора, прогонство, експатрија, идентитет, миграција, национални „малцинства" надвор од државата, социјални дознаки и др.[15]

Од перспектива на архивите, како важни елементи препознати се следните теми:

- Потреба за вреднување, опис и презентација на архивскиот материјал на сензибилизирани, инклузивни и разновидни начини;
- Препознавање на миграциите и нивните последици (имиграции, заедници на малцинства, недоволна застапеност на заедници, дијаспора итн.) како важни настани во историска и современа Европа кои треба да се адресираат преку архивско наследство и практична работа во архивите;
- Потреба за усвојување додатни знаења и спроведување едукација за архивисти и други експерти за документарно наследство, со цел подобро да се соочат со предизвиците на чување на трагите на миграциите;
- Потреба за активно вклучување членови на заедниците и нивна соработка како косоздавачи во архивските наративи за нивната историја на миграции и презентација на нивното минато.

Реализацијата на проектот беше планирана преку четири меѓусебно поврзани групи активности, кои паралелно ја следат нивната дисеминација на социјалните мрежи на националните јазици. Првата од нив вклучува изработка на едукативен прирачник наменет за архивисти и други стручни лица за документарно наследство,

[14] Archives and Traces of Migration (AToM): A MIGRATION FOND/COLLECTION DEFINITION Prepared by AToM Project Partner: Spanish State Archives.Str 4-5.
[15] Archives and Traces of Migration (AToM): A MIGRATION FOND/COLLECTION DEFINITION Prepared by AToM Project Partner: Spanish State Archives.Str 26-29

како и спроведување едукативни работилници во партнерски установи. Втората група на активности опфаќа собирање, архивирање и објавување усни приказни на лица кои мигрирале. Третиот дел од активностите вклучува создавање специјализирани информативни помагала со учество на членови на заедниците на имигранти и емигранти. Четвртиот дел на проектот го сочинува заедничка виртуелна изложба и поединечни изложби во државите партнери. Последната проектна активност е симпозиум кој се одржа во Будимпешта во мај 2025 година на кој беа претставени сите резултати од проектот, заедно со дискусија за потенцијалните ефекти. Сите фази и активности на AToM подразбираат рамноправно учество на сите проектни партнери со меѓусебно почитување на различностите и насоченост кон нивно разбирање.

Реализација на активностите на AToM

Планираните цели на проектот вклучуваат едукација на архивисти и други експерти за културно наследство во управувањето на транснационален архивски материјал, поврзување на експертите за културно наследство со заедниците на иселеници и доселеници, како и создавање производи во областа на културата и креативните индустрии.

Проектните активности поврзани со обуката и едукацијата на архивисти и експерти за документарно наследство се одвиваа од јуни 2023 до јуни 2024 година во Хрватска, Унгарија, Холандија и Шпанија. Поставените цели за овој дел од програмата беа:

- Да се осмисли и спроведе иновативна обука за архивисти и други експерти за документарно наследство,
- Поттикнување на образование за социјална инклузија низ културно-архивска дејност,
- Придонес на современото архивско образование и пренесување знаења.

Индикаторите за мерење на планираните остварувања се создавање иновативни производи осмислени за потребите на проектот (прирачник, тематски водичи, едукативни материјали, приказни од наставниот материјал и сл.) Целната вредност беше вклучување на 40 архивисти и експерти за документарно наследство во проектните активности, низ нивна обука и едукација за овие специфични теми. Во текот на подготвителната фаза стана очигледно дека форматот на работилниците треба да се приспособи на клучните учесници во секоја држава, како и дека на некои од нив им недостига потребното ниво на знаење на англиски јазик. Соодветно на тоа, образовните активности беа модифицирани за да се усогласат со принципот „train-the-trainer“. Првата работилница за едукатори беше организирана на 1 мај 2023 година во Ситард-Гелен во Холандија, а материјалот за работилницата беше подготвен на начин што едукаторите

можат да го користат во своите национални контексти, да го преведат соодветно или да приспособат делови кои се специфични за нивните учесници. Секој партнер во наредниот период организираше работилници во својата земја, кои беа проследени со онлајн-поддршка и состаноци со вклучените учесници, кои работеа на подготовка на изложби, снимање усни истории и други проектни активности.



Слика 4: Плакат за AToM работилница во Хрватска

Прегледот на сите активности поврзани со образование и обучување кои беа организирани во рамките на проектот AToM е собран во заеднички извештај од работилниците, подготвен во јули 2024 година, и е дел од целосниот AToM - Прирачник за работа со архивскиот и документарниот материјал за миграции. Овој Прирачник заедно со сите AToM едукативни материјали и примери на добра практика од цел свет, ги вклучува и другите резултати постигнати во рамките на проектните активности, а се јавно објавени во првата половина од 2025 година. Името на прирачникот е *„Archives and Traces of Migration: A Handbook of Best Practices"*, и се состои од три дела. Во првиот дел се претставени материјали изработени за едукативни потреби на учесниците на проектот, вториот дел се состои од скратени архивски информативни помагала, одредени водичи низ фондовите и збирките на архивски материјали во кои се документира историската миграција, а третиот дел го сочинуваат авторски прилози за архивски и сродни истражувања за наследството, за феноменот на миграции и документацијата што ги потврдува историските миграции.



Слика 5: Насловната и првата страница од Прирачникот на AToM за работата со архивски и документарен материјал за миграции

Претходно на веб-страницата на проектот беа објавени два прилози за веќе споменатата *AToM: Дефиниција за фондот/збирката за миграциите и AToM: Информативни помагала*. Во овие публикации архивските проектни партнери од Шпанија, Унгарија и Холандија ги прикажаа инвентарите и материјалот на своите институции низ призмата на миграциските теми, додека ICARUS Хрватска собра примери од архиви од Хрватска (Државен архив во Бјеловар, Државен архив во Пазин, Државен архив во Сплит, Државен архив во Загреб, Државен архив во Вуковар, Архив на Академијата за ликовни уметности и Оддел за документација на Институтот за етнологија и фолклористика), Босна и Херцеговина (Архив на Босна и Херцеговина и Архив на Тузланскиот Кантон) и Србија (Архив на Војводина и Историски архив на Суботица) кои се одзваа на повикот за соработка.

Паралелно со овие активности се работеше и на собирање и опис на материјална и усната историја, како и на подготовката на мултимедијални содржини и виртуелна изложба која беше претставена на јавноста во јули 2024 година. Виртуелната изложба „Архиви и траги на миграции" овозможува преглед и следење на личните наративи забележани во документарниот и архивскиот материјал, како и усните сведоштва. Архивските траги на миграциите се распространети низ целиот свет, а изложбата ја нагласува комплексноста на истражувањето на миграциите за научниците, членовите на мигрантските заедници и нивните потомци. Покрај конзорциумот на проектните партнери, на здружението ICARUS Хрватска, како соработници при подготовката на изложбата му се придружија Државниот архив на Бјеловар, Државниот архив на Пазин и Музејот на локалната историја од Тињан.




Слика 6: Содржини претставени на виртуелната изложба на AToM [16]

Во создавање на виртуелната изложба на AToM партнерите соработуваа со историските и современите припадници на емигрантските и имигрантските заедници во Хрватска, Унгарија, Холандија и Шпанија, како и со нивните дијаспори и заедници на националните малцинства. Виртуелната изложба се занимава со миграциите на луѓето преку архивски и документарни материјали, прикажувајќи животни приказни на познати историски личности на национално ниво и помалку познати индивидуи значајни за своите семејства и локални заедници. Шпанскиот државен архив собра приказни на емигранти од Шпанската граѓанска војна, Унгарскиот национален архив, приказни на учесници во револуцијата од 1956 година во Унгарија, а архивистите и музејските работници од холандската фондација De Dominien се фокусираа на економската емиграција од подрачјето околу градот Ситард-Гелен. Приказните од Хрватска се разновидни: Државниот архив Пазин подготви две приказни, за животот на Стојан Брајша, и заедно со Музејот на локалната историја, за семејството Депиера од Тиња и Виторио Депиера. Државниот архив Бјеловар во соработка со семејството Улир ја раскажа приказната за чешкото имигрантско семејство кое пристигнало во бјеловарската област на крајот од 19 век и приказната на Алиос Дочекал. За реализацијата на раскажувањето избрани се погледи кон миграциските искуства, преку документи и нарација на личностите и семејствата кои учествувале во нив. Дизајнот на виртуелната изложба го осмислија соработниците на Унгарскиот национален архив Криштијан Сзабо и Атила Баторфи, а информациите и архивските записи се визуелизирани преку таканаречениот *„scrollytelling"* пристап, при кој корисникот се движи низ веб-страницата на интерактивен начин следејќи го зададениот редослед на прикажување, кој овде е определен според миграциските движења и документите со кои тие се документирани. Животните приказни можат да се следат преку движењата

[16] Види: https://atomexhibition.mnl.gov.hu/

на глобусот, а изложбата се прикажува и преку социјалните мрежи (Instagram, Facebook и X/Twitter), кои ја следат миграцијата на луѓето, како и архивскиот и документарниот материјал кој ги следи. Секој пост е поврзан со интерактивна мапа, нудејќи техники за визуализација на содржината, кои овозможуваат истражување на миграциите на уникатен и иновативен начин, а во периодот од јули 2024 година до јануари 2025 година, беше планирано секој партнер да објави 80 постови на Facebook, 150 на X и 100 на Instagram[17].



Слика 7: Плакат ICARUS Хрватска со повик за вклучување во активностите на AToM

Задачите на архивите и другите вклучени институции и организации во рамките на проектот опфаќаа собирање документиран материјал и лични сведоштва преку усна историја, со цел да се вклучат разновидни наративи за миграциските искуства и нивното влијание врз семејството и потомците. Усните истории и натаму активно се собираат и освен во виртуелната изложба, ICARUS Хрватска за време на траењето на проектот собра и други различни партнери чиј материјал е објавен во поединечни проектни активности: физичка изложба организирана во

[17] Štefanac, T. (2024). Virtualna izložba projekta AToM, *@rhivi*, 39

Државниот архив Бјеловар во октомври 2024 година од каде што ќе патува понатаму, на платформата #PričeIzArhiva како и во снимени интервјуа. Така, на патувачката изложба и во придружниот каталог се застапени и приказните од Државниот архив во Дубровник, Медицинскиот факултет на Универзитетот во Загреб, Институтот за етнологија и фолклористика, Архивот на ликовната уметност на ХАЗУ, Архивот на академијата за ликовни уметности на Универзитетот во Загреб, како и оние што ги собрале индивидуални истражувачи од Дубровник, Бјеловар и Истра[18]. Покрај нив на платформата #PričeIzArhiva се објавени и приказните на Алфред Фишер од Осиек, дубровничкиот лекар Иван Крстител Паганини, странските студенти на Медицинскиот факултет во Загреб и испраќањето на херцеговски деца во Хрватска за време на Првата светска војна[19]. Покрај усните приказни истакнати на виртуелната изложба, дополнително беа снимени и приказните на хрватските иселеници и нивните потомци од северна и Јужна Америка (Дејвид Махони, Ренато де Лука), украинските бегалци кои неодамна пристигнале во Хрватска, повратниците во Хрватска и научниците кои се занимаваат со хрватската дијаспора (Марин Сопта), Јањевци во Кистање (Звонимир Анчиќ) како и праќањето на херцеговските деца во Хрватска за време на Првата светска војна (Шимун Новаковиќ), кои беа објавени на веб-страницата на проектот на AToM[20]. Како што миграциите градат постојана врска со европската и светската историја, јасно е дека избраните приказни на AToM претставуваат само мал избор на лични, семејни и заеднички настани кои архивите и вклучените заедници ги презентираат секојдневно и тие продолжуваат да се собираат. Актуелните вести, текот и резултатите од проектот се достапни на веб-страницата на AToM и на вклучените партнери.

Литература

Archives and Traces of Migration – AtoM: https://projectatom.eu/

Archives and Traces of Migration (AToM): A MIGRATION FOND/COLLECTION DEFINITION Prepared by AToM Project Partner: Spanish State Archives. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://projectatom.eu/wp-content/uploads/2023/10/Migration-Collection-Definition-AToM.pdf

AToM News: https://projectatom.eu/index.php/news/

AToM Virtual Exibition: https://atomexhibition.mnl.gov.hu/

AToM Oral Histories: https://projectatom.eu/index.php/oral-histories/

[18] Štefanac, T. (Ur.). (2024). Arhivi i tragovi migracija: *Katalog izložbe, Bjelovar*. https://drive.google.com/file/d/1yWhcmqC4m6fg0hMprXVYdRnzE3oCQGV8/view
[19] #PričeIzArhiva: https://www.icarushrvatska.hr/priceizarhiva
[20] AToM Oral Histories: https://projectatom.eu/index.php/oral-histories/

Štefanac, T. (2024). Virtualna izložba projekta AToM, @rhivi, 39

Štefanac, T. (Ur.). (2024). Arhivi i tragovi migracija: Katalog izložbe, Bjelovar. https://drive.google.com/file/d/1yWhcmqC4m6fg0hMprXVYdRnzE3oCQGV8/view

#PričeIzArhiva: https://www.icarushrvatska.hr/priceizarhiva

SUMMARY

Project AToM – Archives and Traces of Migration

Creative Europe project AToM - Archives and Traces of Migration (2022-2025) is dealing with migration phenomena from archival perspective. Project activities are dealing with the issues of preservation and availability of archival heritage on migrations and research on models of documenting past and present migrations in the context of the role of archives as a place of communication between communities, cultures and countries through different periods of time. Special emphasis is put archivists and other heritage experts who, in the project framework, encounter different forms and formats of archival and other documentary heritage material, as well as issues of archival material dispersion, fragmentation, transnationality of heritage and community, understanding the needs of immigration and diaspora communities, issues of identity and affect, and challenges of how approach the existing deficiencies in the preserved material. Author will provide an introspective of project activities, including creation of a Handbook for archivists and heritage experts on the topic of cultural institutions in the context of migration, workshops for archivists and heritage experts, the organization of virtual and physical exhibitions, the collection of oral history, the final international conference in Budapest in 2025, and other deliverables and outcomes.

Key words: archives, documentation of migration, migrant communities, diaspora, communication

УДК: 930.25:061.1(474.2)

Edith Eskor[1], *Liisi Pabstel*[2]

FROM STORAGE TO STORYTELLING

The National Archives of Estonia is the center of archival administration and has departments in four different cities. The main task of the National Archives is to ensure the preservation and accessibility of society's written memory and documented cultural heritage for current and future generations.

Additionally, the National Archives guarantees the protection of citizens' basic rights and duties, as well as the transparency of the democratic state through the management and preservation of archival records. The National Archives operates as a government agency under the Ministry of Education and Research.

Currently, our collections contain approximately 11 million documents, photos, maps, and other items. Most visits to the archives—about 99%—occur online. While you can order and view many documents online, a significant portion of our collections has not yet been digitized.

We work in the archives main building, which is located in Tartu, which is the second biggest city in Estonia, an old university city.-

In the National Archives of Estonia the three main purposes are as in most of the archives - collecting and preserving documents and giving access to documents - but (as proud archival educators) we consider our field to be the fourth important purpose of the archive.

Today, our presentation will focus on the archive's educational activities aimed at students, as well as the archive's new permanent exhibition, which opened in our main building in the fall of 2024.

[1] National Archives of Estonia, archival pedagogue, e:mail: edith.eskor@ra.ee
[2] National Archives of Estonia, archival pedagogue, e:mail: liisi.pabstel@ra.ee

Archival education in Estonia began in 2005, and our aim is to introduce archival collections to a wider audience and attract more people to the archives. Our overall goal is to help the general public better understand what an archive is, what it does, and how everyone can find something of interest within it. Currently, there are four archival educators working at the National Archives of Estonia—two in Tartu, where our main building is located, and two in Tallinn, the capital.

Archival education is not possible without storytelling.

Telling stories is one of the most powerful means that educators have to influence, teach, and inspire. What makes storytelling so effective for learning? For starters, storytelling forges connections among people, and between people and ideas. Stories convey the culture, history, and values that unite people.

And storytelling in the archive wouldn't be possible without the collections we keep in our storage.

In archival education our main focus is on school students and teachers. We have a special online platform for them - Archives' School. All our programmes are free of charge to schools.

Statistics from 2024 show that excursions are the most popular program we offer. Tours at the archive include stories about its history, our collections, various fields of work, and the people who work here. Roughly speaking, visitors are equally divided between adults and children. We also conduct virtual tours for schools located farther away.

We offer 40 different archival lessons that cover a wide variety of topics. Several schools visit us regularly when history becomes part of the curriculum, which in Estonia occurs in the 5th grade, when students are typically 11–12 years old. During these visits, students gain an overview of various memory institutions and receive a more detailed understanding of archival work.

For older students, we provide lessons on topics such as manors and serfdom in the 18th and 19th centuries, Estonia's Age of Awakening, the independence of Estonia, architectural history, and Soviet propaganda.

We always try to incorporate original archival materials into our lessons. If an original document is too fragile, we only display it briefly to students and provide them with copies to handle. Our lessons feature diverse materials, including letters, protocol books, blueprints, maps, photographs, and films.

It's important for us to employ modern teaching methods in archival education—meaning less lecturing and more self-discovery, active participation, and student-driven learning. We focus on developing students' abilities to ask questions and emphasize the importance of critical thinking when working with historical sources.

In recent years, we have expanded our range of subjects - not only do we have lessons about history, but students can now learn about chemistry, media and geography in the archives using our collection.

Our first integrated lesson was developed in collaboration with the archive's conservators – "Introduction to Conservation." This lesson introduces students to paper and bookbinding damage and allows them to try out basic conservation techniques. Through conservation, stories from the past come to life – every damage and repair tells something about the history of the material.

To bring chemistry lessons into the archive, we created the "Experiments with Paper" lesson, where students explore the physical and chemical properties of paper – determining acidity, testing lignin content, and analyzing whether there is iron in ink. The lesson involves hands-on experiments, offering students the opportunity to discover how the properties of materials affect the preservation of historical sources and tell us stories about the eras in which archival documents were created.

In collaboration with a professor of historical geography, we developed a lesson on Adam Johann von Krusenstern's world voyage and his contribution to cartography. During this lesson, students examine old maps and solve interactive tasks. Maps are not just carriers of information – they tell stories of the world and its exploration through different time periods. Students encounter historical maps in two other archive lessons as well – "How Estonia Appeared on the World Map" and "Classified Maps". These lessons explore how Estonia has been mapped throughout history and what role classified maps have played in geopolitics.

To connect media literacy with archival studies, we collaborated with a journalist to create the lesson "An Old Source, A New Scandal". This lesson develops students' critical thinking skills, teaching them to analyze archival sources and modern media. New stories can emerge from archival materials – they can open up new perspectives or make us reconsider what we thought we knew.

Integrated lessons have diversified our program, and now chemistry, native language, and geography teachers also bring their students to the archive.

In addition to offering archival lessons for school students, we provide guided tours of our buildings, educational programmes for adults, occasionally organize events, and develop classroom resources for teachers. We also have escape rooms.

The National Archives' new permanent exhibition, titled "How Do You Know?", invites visitors to explore the origins of our historical knowledge through a rich display of rare archival documents and interactive exhibits. It was opened in September 2024 in Noora, our main building and the exhibition brings together nearly 100 original documents from various centuries along with diverse photo, video, and audio materials.

The exhibition is organized into 14 thematic areas, each delving into questions about our past. One theme, "Everyone leaves behind a trace", encourages visitors to discover what traces of individuals remain in the archive and even conduct a quick search to see if they can find evidence of their own ancestors. Other themes challenge common assumptions—exploring topics such as the origins of Estonian family names, are Estonians as slow as the stories made them out to be, and whether our written records are always true.

The design is not only visually appealing but also highly interactive. For example, in the family names section, visitors can play a game where various 19th-century family names are written on wooden pegs. Additionally, there's a "thought of the day" feature resembling a lotto: a box filled with sayings awaits, and you pull one out to discover the day's inspirational thought.

Another important aspect of the exhibition is its opportunity for storytelling. Each theme invites personal reflection and creative interpretation—whether it's reimagining the lives behind ancient documents or connecting historical events with contemporary experiences. This storytelling element transforms the exhibition into a living dialogue between the past and the present.

An essential part of the exhibition is its focus on critical evaluation of sources. The theme "Paper tolerates Everything" presents forged documents and cases of fraud, emphasizing the importance of source criticism in archival work. This approach invites visitors to question the veracity of the records and understand the challenges archivists face in preserving history accurately.

Accessibility was a major consideration: all display cabinets and thematic stations are designed for wheelchair access, with dedicated tactile workspaces for blind or visually impaired visitors. Subtitles are provided on all videos for those with hearing impairments. The exhibition is presented in both Estonian and English and is accompanied by a catalog.

Overall, "How Do You Know?" is not only an exhibition about historical documents but also a thoughtful exploration of how our understanding of the past is constructed. It challenges visitors to consider the sources of historical knowledge and the reliability of what is written, while engaging them through interactive, accessible, and visually rich displays.

Why is it important to bring people to the archives?

Firstly, we believe we have an interesting and extensive collection where everyone can discover something that sparks their interest. By exploring archival records, you can learn more about your roots and develop a deeper connection with the past and the place where you live.

It's well-known that archives and museums can enhance a person's sense of well-being and belonging—whether through understanding personal heritage, volunteering, or becoming part of a community.

Through our work, we hope to foster an archive-savvy next generation of Estonians, who already understand the significance of archives, know how to explore our collections and utilize our data, and who can reshape historical narratives. Ideally, for them, the archive will become a familiar place to visit regularly—to view exhibitions, explore collections, and engage meaningfully with the past.

Moreover, we see the archive not merely as a storage space, but as a vibrant setting for storytelling where historical records transform into dynamic narratives that breathe life into our shared heritage.

УДК: 930.25:061.1(474.2)

Едит Ескор[1] *и Лиси Пабстел*[2]

ОД СКЛАДИРАЊЕ ДО РАСКАЖУВАЊЕ ПРИКАЗНИ

Националниот архив на Естонија е центар на архивската администрација и има одделенија во четири различни градови. Главната задача на Националниот архив е да обезбеди чување и пристап до пишаната меморија на општеството и документираното културно наследство за сегашните и идните генерации.

Покрај тоа, Националниот архив ја гарантира заштитата на основните граѓански права и должности, како и на транспарентноста на демократската држава, преку управувањето и чувањето архивски записи. Националниот архив дејствува како владина агенција во рамките на Министерството за образование и истражување.

Во моментов, нашите збирки содржат приближно 11 милиони документи, фотографии, мапи и други предмети. Најголем број (околу 99 %) од посетите на архивите се случуваат преку интернет. Иако многу документи може да се повикаат и прегледаат преку интернет, значителен дел од нашите збирки сè уште не се дигитализирани.

Функционираме во главната зграда на архивот, сместена во Тарту, кој е втор град по големина во Естонија и стар универзитетски град.

Трите главни цели на Националниот архив на Естонија се исти како и во повеќето архиви - собирање и чување документи и овозможување пристап до документите - но (како горди архивски едукатори) ние ја сметаме нашата област за четвртата важна цел на архивот.

Денес, нашата презентација ќе се фокусира на образовните активности на архивот насочени кон студентите, како и на новата постојана изложба на архивот, која се отвори во нашата главна зграда есента 2024 година.

[1] Национален архив на Естонија, архивски педагог, е-адреса: edith.eskor@ra.ee
[2] Национален архив на Естонија, архивски педагог, е-адреса: liisi.pabstel@ra.ee

Архивското образование во Естонија почна во 2005 година, а нашата цел е да ги претставиме архивските збирки на поширокатa публика и да привлечеме што повеќе луѓе во архивите. Нашата главна цел е да ѝ помогнеме на поширокатa јавност подобро да разбере што е тоа архив, што работи тој и дека секој може да најде нешто интересно во него. Моментално, во Националниот архив на Естонија се вработени четири архивски едукатори - двајца во Тарту, каде што се наоѓа нашата главна зграда, и двајца во Талин, главниот град.

Архивското образование не е можно без раскажување приказни.

Раскажувањето приказни е едно од најмоќните средства со кои располагаат едукаторите за да влијаат, да поучуваат и да инспирираат. Што го прави раскажувањето приказни толку ефикасно при учењето? За почеток, раскажувањето приказни гради врски меѓу луѓето и меѓу луѓето и идеите. Приказните ја пренесуваат културата, историјата и вредностите што ги обединуваат луѓето.

А, раскажувањето приказни во архивирањето не е можно без колекциите што ги чуваме во нашето складиште.

Во архивското образование, нашиот фокус е најмногу на учениците и наставниците. За нив имаме посебна онлајн-платформа - Архивско училиште. Сите наши програми се бесплатни за училиштата.

Статистиката од 2024 година покажува дека екскурзиите се најпопуларната програма што ја нудиме. Архивските тури вклучуваат приказни за историјата, нашите збирки, различните полиња на работење, како и за луѓето кои работат во него. Грубо кажано, посетителите се еднакво поделени на возрасни и деца. Исто така, спроведуваме виртуелни тури за училишта што се наоѓаат на поголема оддалеченост.

Нудиме 40 различни архивски курсеви кои опфаќаат широк спектар на теми. Неколку училишта редовно нè посетуваат кога почнуваат да ја изучуваат историјата во наставната програма, што во Естонија се случува од петто одделение, кога учениците обично имаат 11-12 години. За време на овие посети, учениците стекнуваат преглед на различните мемориски институции и подетален увид во архивската работа.

За повозрасните ученици нудиме часови на теми како што се велепоседништвото и крепосништтвото во 18 и 19 век, периодот на будење на Естонија, независноста на Естонија, архитектонската историја и советската пропаганда.

Секогаш се трудиме да вклучиме оригинални архивски материјали во нашите часови. Доколку оригиналниот документ е премногу кревок, само накратко им го прикажуваме на учениците и им даваме да ракуваат со копии. Нашите курсеви содржат разновидни материјали, вклучувајќи писма, протоколарни книги, планови, мапи, фотографии и филмови.

За нас е важно да користиме современи методи на настава во архивското образование - што значи помалку предавања и повеќе индивидуално откривање, активно учество и учење поттикнато од учениците. Се фокусираме на развивање на способностите на учениците да поставуваат прашања и ја нагласуваме важноста на критичкото размислување при работа со историски извори.

Во последните години, го проширивме опсегот на курсеви - не само што нудиме часови по историја, туку сега учениците во архивот можат да учат за хемијата, медиумите и географијата користејќи ја нашата збирка.

Нашиот прв интегриран курс беше развиен во соработка со конзерваторите на архивата – „Вовед во конзервацијата“. Овој курс ги запознава учениците со оштетувањето на хартијата и книговезот и им овозможува да ги испробаат основните конзерваторски техники. Преку конзервацијата, приказните од минатото оживуваат – секое оштетување и поправка раскажуваат нешто за историјата на материјалот.

За да ги воведеме часовите по хемија во архивот, го отворивме курсот „Експерименти со хартија“, каде што учениците ги истражуваат физичките и хемиските својства на хартијата – одредување киселост, проверка на количеството лигнин и анализа дали мастилото содржи железо. Часот вклучува практични експерименти, нудејќи им на учениците можност да откријат како влијаат својствата на материјалите врз заштитата на историските извори и да ни раскажат приказни за епохите кога се создадени архивските документи.

Во соработка со професор по историска географија, развивме курс за патување околу светот на Адам Јохан фон Крузенштерн и неговиот придонес во картографијата. За време на оваа лекција, учениците проучуваат стари мапи и решаваат интерактивни задачи. Мапите не се само носители на информации - тие раскажуваат приказни за светот и неговото истражување низ различни временски периоди. Учениците се среќаваат со историски мапи и на два други архивски курса - „Како се појавила Естонија на светската мапа“ и „Доверливи мапи“. Овие лекции истражуваат за тоа како била мапирана Естонија низ историјата и за улогата на доверливите мапи во геополитиката.

За да ја поврземе медиумската писменост со архивските студии, во соработка со новинар го создадовме курсот „Стар извор, нов скандал“. Овој курс ги развива вештините за критичко размислување кај учениците, учејќи ги да анализираат архивски извори и модерни медиуми. Нови приказни може да произлезат од архивски материјали - тие може да отворат нови перспективи или да нè натераат да го преиспитаме она што сме мислеле дека го знаеме.

Интегрираните курсеви донесоа разноликост во нашата програма, и наставниците по хемија, мајчин јазик и географија сега ги водат учениците во архивот.

Покрај тоа што нудиме архивски часови за ученици, нудиме и тури со водич низ нашите згради, образовни програми за возрасни, повремено организираме настани и создаваме ресурси за наставниците. Исто така, имаме и соби за бегство.

Новата постојана изложба на Националниот архив, насловена „Како знаете?“, ги кани посетителите да го истражат потеклото на нашите историски сознанија преку богат приказ на ретки архивски документи и интерактивни експонати. Беше отворена во септември 2024 година во Нора, нашата главна зграда, а изложбата обединува речиси 100 оригинални документи од различни векови, придружени од разновидни фото-, видео- и аудиоматеријали.

Изложбата е организирана во 14 тематски области, секоја од нив се занимава со прашања за нашето минато. Една тема, „Зад секого останува трага“, ги поттикнува посетителите да откријат какви траги оставаат поединците во архивите, па дури и да спроведат брзо пребарување за да видат дали ќе најдат докази за сопствените предци. Други теми ги преиспитуваат вообичаените претпоставки - преку истражување теми, како што се потеклото на естонските семејни презимиња, дали се Естонците толку бавни колку што се прикажани во приказните и дали пишаните записи се секогаш вистинити.

Дизајнот не е само привлечен за око, туку и многу интерактивен. На пример, во делот посветен на семејните имиња, посетителите можат да играат игра каде што на дрвени штипки се напишани разни семејни имиња од 19 век. Дополнително, има и функција „Мисла на денот“ што личи на лото: ве чека кутија полна со изреки, а вие извлекувате една за да ја откриете инспиративната мисла за денот.

Друг важен аспект на изложбата е можноста за раскажување приказни. Секоја тема предизвикува лична рефлексија и креативно толкување - без разлика дали станува збор за преосмислување на животите зад античките документи или за поврзување на историските настани со современите искуства. Овој елемент на раскажувањето приказни ја трансформира изложбата во жив дијалог меѓу минатото и сегашноста.

Суштински дел од изложбата е нејзиниот фокус на критичката процена на изворите. Темата „Хартијата трпи сè“ претставува фалсификувани документи и случаи на измама, нагласувајќи ја важноста на критиката на изворите во архивската работа. Овој пристап ги поканува посетителите да ја преиспитаат веродостојноста на записите и да ги разберат предизвиците со кои се соочуваат архивистите во точното зачувување на историјата.

Пристапноста беше главен фактор: сите витрини и тематски станици се дизајнирани со пристап со инвалидски колички, со наменски тактилни работни простори за слепи лица или посетители со оштетен вид. На сите видеа се обезбедени титлови за лицата со оштетен слух. Изложбата е претставена и на естонски и на англиски јазик и е придружена со каталог.

Сè на сè, „Како знаеш?“ не е само изложба на историски документи, туку и промислено истражување за тоа како се конструира нашето разбирање за минатото. Ги предизвикува посетителите да ги земат предвид изворите на историското знаење и веродостојноста на она што е напишано, ангажирајќи ги преку интерактивни, достапни и визуелно богати изложби.

Зошто е важно да се доведат луѓето во архивите?


Прво, веруваме дека имаме интересна и обемна збирка во која секој може да открие нешто што ќе го разбуди неговиот интерес. Со истражувањето архивски записи, може да дознаете повеќе за вашите корени и да развиете подлабока врска со минатото и местото каде што живеете.

Добро е познато дека архивите и музеите можат да го подобрат чувството на благосостојба и припадност кај една личност - без разлика дали преку разбирање на личното наследство, волонтирање или станување дел од заедницата.

Преку нашата работа, се надеваме дека ќе негуваме следна генерација Естонци со архивски знаења, кои веќе го разбираат значењето на архивите, знаат како да ги истражуваат нашите збирки и да ги користат нашите податоци и кои може да ги преобликуваат историските наративи. Идеално, архивот за нив ќе стане добро познато место кое редовно го посетуваат - за разгледување изложби, истражување колекции и смислено ангажирање со минатото.

Покрај тоа, ние архивот го гледаме не само како простор за складирање, туку и како живописна средина за раскажување приказни, каде што историските записи се трансформираат во динамични наративи кои вдахнуваат живот во нашето заедничко наследство.

ИЗЛОЖБИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ ВО 2025 Г.







„80 ГОДИНИ ОД ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ - НИКОЈ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ЗАБОРАВИ И НИШТО НЕ СМЕЕ ДА СЕ ЗАБОРАВИ“

Слава им на Хероите!..

Од сите јубилеи што се одбележуваат во 2025 година, 80-годишнината од победата над фашизмот е најзначајниот.

Втората светска војна не била како Првата светска војна само геополитички судир, туку била војна на „двата света“: светот на Темнината, Злото, Човекомразието и светот на Светлината, Слободата, Човекољубието. Ако завршокот на воените дејства во 1918 г. се одбележува како Ден на спомен на загинатите и на помирувањето, завршокот на воените дејства во 1945 г. се одбележува како Ден на победата, а не поинаку, бидејќи помирување меѓу двата света кои се судриле во Втората светска војна не е можно.

Во 1945 г. почна историјата на цивилизацијата во која ние сега живееме и која се темели врз разбирањето дека „признавањето на вроденото достоинство и еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човековото семејство е темел на слободата, правдата и мирот во светот“.

Базичните вредности извојувани во Втората светска војна, и тоа по пат на страшни загуби (во Втората светска војна животот го изгубија 60 милиони луѓе), се фиксирани во „Универзалната декларација за човековите права“ (1948).

Предизвиците со кои се соочуваме во 2025 г., укажуваат дека тие вредности што ги донесе победата можеме да ги изгубиме. За да не се случи тоа – нашиот долг е да се сеќаваме: ништо да не се заборави, никој да не се заборави!

Секое име на хероите, кои придонеле на кој било начин за победата на светлината, слободата, човекољубието, треба да биде зачувано, и тоа како за тие што сега се живи така и за идните генерации!

Државниот архив на РС Македонија со изложбата „Слава им на хероите!“ потсетува дека поседува документи што дозволуваат секој учесник во Втората светска војна од Македонија да се памти поименично.

На изложбата се претставени документи само од еден фонд „Партизанска споменица 1941“. Во него се чува документацијата за 777 учесници во Втората светска војна од Македонија.

Одлуката на сите борци и раководители на Народноослободителното движење (НОД) вклучени од 1941 г. да им се додели „Споменица 1941“ како знак на признавање за учество во борбата и преданост кон НОД, била донесена на 14 септември 1944 г. од Националниот комитет за ослободување на Југославија. Законот за „Партизанска споменица 1941“ бил прифатен на 5 мај 1946 г.

Во Македонија од 1944 до 1960 г. биле доделени 488 „Споменици 1941“ на партиски раководители, партизани, членови на КП, политички затвореници. До крајот на 1957 г. биле поднесени 1192 барања во кои биле вклучени 69 барања на подносители од Егејска Македонија, меѓу кои имало и такви кои не учествувале во НОП, но биле членови на КПГ и борци во ЕЛАС.

Документацијата на подносителите најнапред била доставувана до Окружниот комитет на СКМ, а потоа до Контролната комисија на ЦК на СКМ. Затоа што во комитетите имало доста млади членови кои не ја познавале активноста на подносителите на предметите, за решавање на предметите најнапред во околиите се формирале комисии на првоборци кои во прв степен ги разгледувале предметите, давале свое мислење за нив, а потоа ги разгледувала Контролната комисија при околиите. Оформените предмети со предлог на Контролната комисија потоа се доставувале до Контролната комисија при ЦК на СКМ. Но, крајната одлука ја носел Државниот секретаријат на Народна одбрана на ФНРЈ – Персонална управа на ЈНА.

Сите предмети на подносителите се состојат од: анкетен лист, биографија, карактеристики, изјави, хронологија за местото и времето на школувањето, работата и службата, одлуки за членство во КПМ, прашалник за носители на одликување „Споменица 1941“, информација од Вишата партиска школа на ЦК на КПЈ „Ѓуро Ѓаковиќ“ до Контролната комисија при ЦК на КПМ за доставување изјави за доделување одликување „Партизанска споменица 1941“, одлука на ЦК на КПМ за доделување одликување „Партизанска споменица 1941“.

Контролната комисија при ЦК на СКМ се состоела од шест членови од кои три постојани службеници – два референти и еден администратор-дактилограф.

Први членови на Контролната комисија биле Видое Смилевски, Вера Ацева, Страхил Гигов, Никола Минчев, Крсте Црвенковски и Благоја Талески. Поставата на Комисијата по 1950 г. се заменува со нов состав со имињата на Борко Темелковски, Елисие Поповски, Мито Мицајков, Боге Кузмановски, Ацо Ицев и Мара Минанева.

Краен рок за поднесување на барањата за доделување „Партизанска споменица 1941“ бил до 31 декември 1957 г. Работата на Контролната комисија се проследува до 19 јули 1963 г. кога е издадено соопштение на Сојузниот извршен совет за завршување работата за признавање на правото на „Партизанска споменица 1941“. Во периодот од 1945 до 1963 г. донесени се 27.523 решенија за признавање на правото на „Партизанска споменица 1941“ на ниво на цела Југославија.

Самиот чин на тогашните власти покажа дека за неа се најважни почитта и меморијата кон крвавата жртва за современата слободна македонска држава. Така зачува од заборав илјадници биографски податоци на директни учесници во Народноослободителното движење, без разлика дали тие биле раководители, организатори, политички затвореници, партизани, скоевци, курири и сл.

Да паметиме во името на хероите кои ни ја извојуваа победата, да паметиме во името на сегашните генерации, чиј долг е зачувување на вредностите поврзани со слободата, правдата, мирот, да паметиме во името на идните генерации, кои треба да живеат во послободен, подобар, почовекољубив свет! Време е за будење!!!

Вечна им слава на Хероите! Вечна им слава!
Вечна им слава!
Вечна им слава на Хероите!
Слава им на Хероите!
Слава!..
*
Да се сетиме на сите поименично,
со тага во срцето да се сетиме…
Тоа е потребно —
не за мртвите!
Тоа е потребно —
за живите!
*
Памтете!
Низ вековите, низ годините, –
Памтете!
За тие,
кои повеќе никогаш нема да се вратат, –
Памтете!

*
Луѓе!
Сè додека чукаат срцата,
Памтете!
По која
цена
Е извојувана среќата, –
Ве молам, памтете!
*
Носете го вашиот сон низ годините
и наполнете го
со живот!..
Но, за тие
кои веќе никогаш нема да се вратат, –
Ве преколнувам, –
Памтете!

Реквием од Роберт Рождественски, првиот добитник на Златниот венец на ***Струшките*** вечери на поезијата за најдобра песна во 1966 г


ДРЖАВЕН АРХИВ
Државниот архив на Република Северна Македонија
има чест да Ве покани на отворање на изложбата:
СЛАВА ИМ НА ХЕРОИТЕ!
80 ГОДИНИ ОД ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ
– НИКОЈ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ЗАБОРАВИ И НИШТО НЕ СМЕЕ ДА СЕ ЗАБОРАВИ!
8 октомври 2025 г. (среда), во 12:00 часот
во холот на ТЦ „ДАЈМОНД МОЛ"


ДРЖАВЕН АРХИВ
ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
има чест да Ве покани на отворање на изложбата:
МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНЦИТЕ,
МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ОБЈЕКТИВ
110 години од формирањето на Македонскиот фронт
21 октомври 2025 г. (вторник), во 12:00 часот
во холот на ТЦ „ДАЈМОНД МОЛ"

МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНЦИТЕ, МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ОБЈЕКТИВ

Во 2025 г. се одбележуваат 110 години од формирањето на Македонскиот фронт.

За Македонски фронт

Со влегувањето на војските на Централните сили (Австроунгарија, Германија и Бугарија), како и на војските на силите на Антантата (Велика Британија, Франција и Србија), во 1915 г. во Македонија нејзината територија се претвори во бојно поле.

Македонскиот, односно Солунскиот фронт, започна да се формира во октомври–ноември 1915 г. со концентрирање на силите на Антантата во околината на Солун. Непосредна причина за формирањето на Македонскиот фронт беше неуспехот на Дарданелската операција. Од средината на октомври па до 10 ноември 1915 г., од Галиполе во Солун беа упатени 57., 122. и 156. француска дивизија, како и 10., 22. и 27. британска дивизија, или вкупно 65 000 француски и 85 000 британски војници.

Македонскиот фронт беше единствениот сојузнички фронт каде што за цело време од неговото постоење дејствуваше единствена команда. На почетокот, главната команда ја имаше францускиот генерал Морис Сарај (Maurice Sarrail), од декември 1917 г. – Адолф Гијома (Marie Louis Adolphe Guillaumat), од јуни 1918 г. – Луј Феликс Мари Франсоа Франше д'Епере (Louis Félix Marie François Franchet d'Espèrey).

Македонскиот фронт се протегаше од Егејско Море, по течението на реката Струма, покрај Дојранското Езеро, продолжуваше северно од Битола и западно од Охридското Езеро до реката Војуша, во должина од околу 400 км.

Јужно од фронтовата линија беа стационирани силите на Антантата (француски, британски, српски, а подоцна италијански, грчки, руски), а северно од неа беа единиците на Централните сили (бугарски, германски и австроунгарски).

Бројот на војските кои беа стационирани од двете завојувани страни на фронтовата линија, изнесувал преку 1 200 000 војници. Во 1917 г. под командата на генералот Морис Сарај се наоѓаа 240.000 Британци, 200.000 Французи, 130.000 Срби, 50 илјади Италијанци, 23.000 Грци и 18.000 Руси.

Македонскиот народ во оваа војна не доби можност за избор или неутралност. Без такво право на глас ќе го мобилизираат во српската армија (околу 60.000), со воспоставувањето на бугарската воена власт и формирањето на Македонската военоинспекциска област во ноември 1915 г. во бугарската армија (околу 130.000) и грчката армија (20.000), за кои ќе даде илјадници жртви, но никаде нема да бидат забележани како македонски војници.

Пробивот на Македонскиот фронт од 1916 г. до септември 1918 г. и поразот на германските и бугарските војски го означи крајот на Првата светска војна. Воениот историчар Петар Кирх оценува дека од спорно борбено место на почетокот на војната, овој фронт доби одлучувачки карактер на војната.

За изложбата

110-годишнината на формирањето на Македонскиот фронт е повод за изложбата. Но нејзината цел не е да се прикажат случувањата на фронтот, битките итн. Нејзината цел е да се претстават сеќавањата (индивидуални, групни, колективни) на непосредни учесници на настаните, кои пак сакале да ги зачуваат за Македонија, за Македонците, за соборците на Македонскиот фронт итн.

Без сеќавања не постои целосна човечка личност. Откако во средината на XIX век се појави фотоапаратот човекот доби инструмент за зачувување на сеќавањата. Фотографиите како „временска капсула“ се визуелна меморија за настани, луѓе, епохи. Тие дозволуваат да го видиме минатото „со очи на тие, кои беа директно таму“.

„Силата на фотографијата е во тоа дека таа дозволува внимателно да го разгледаме мигот, кој брзо би се избришал од потокот на времето. Тоа е замрзнувањето на времето...“ (Сузан Сонтаг).

Но фотографија е повеќе од само начин да се долови моментот. Таа е уметност која ни овозможува да раскажуваме приказни, да пренесуваме емоции.

Пример на „индивидуални сеќавања“ за Македонскиот фронт е кутија за спомен на едно француско воено лице, која ја пронајде и ја чува колекционерот Влатко Милошевски.


Пример на „групни сеќавања“ е фотоспоменар „за заедничките битки на германско-бугарската армија“, кој беше оформен од Јоханес (Ханс) Максимилиан Авенариус. Фотоспоменарот исто така го поседува Влатко Милошевски.


Пример на користење на фотографии за создавање „колективна“ (или историска) меморија за Македонски фронт е серијата поштенски картички „Во борбата за ослободување, 1914 – 1918“, направена од фотографии на Ристо Шуковиќ, бидејќи тие ја содржеа силната емотивна компонента.


Посебна улога во формирањето на колективна меморија има документарната фотографија, чија задача е објективно да ги фиксира настаните. Примери на документарни фотографии се фотографиите на Мерл ЛаВој, фотографиите од збирката на Државниот архив на РС Македонија од непознат(и) автор(и) на руски војници.


Во оваа изложба се искористени фотографии од Државниот архив на РС Македонија, од Воениот музеј на РС Македонија, од Историскиот архив на Отис (The Otis Historical Archives (OHA)) при Националниот музеј на здравство и медицина од Вашингтон (National Museum of Health and Medicine's), од приватните збирки на Влатко Милошевски, Кирил Вангелов и Диме Ратајкоски.

Изложбата преку фотографиите „оживува“ образи на Македонија, Македонците, на офицери и војници, кои се бореа на Македонскиот фронт.









ОД КУТИЈАТА ЗА СПОМЕН НА ФРАНЦУСКИОТ ВОЈНИК МАРСЕЛ ТАРДИ
FROM THE MEMORY BOX OF FRENCH WARRIOR MARCEL TARDY





ХРОНИКА НА НАСТАНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ
во периодот декември 2024 - декември 2025

1. Во рамките на 34. конференција - Меѓународни архивски денови 2024 година, организирана од Меѓународниот институт за архивистика од Трст и Марибор, Универзитетот Alma Mater Europaea и Историскиот архив на Европската Унија, како и во рамките на проектот OPENARCH – Open archives for social science research in widening countries, заменик директорот на Државниот архив, м-р Димитар Богески, се сретна со директорот на Историскиот архив на Европската Унија, проф. д-р Дитер Шленкер.

2. На 5 и 6 декември 2024 година во седиштето на НАТО во Брисел беше одржана есенската сесија на Архивскиот комитет на НАТО. Ова тело има советодавна улога во работата на НАТО, во неговата работа учествуваат претставници од сите земји членки. Заменик директорот м-р Димитар Богески заедно со преостанатите претставници беше дел од дискусијата за начинот на декласифицирање, продолжените рокови за чување на документите произлезени од мисиите на НАТО, како и користењето на вештачката интелигенција.

3. На 20 декември 2024 година, во НУ Музеј на македонската борба за самостојност беше промовирано изданието на Државниот архив, „Писма на Љубомир Милетич до Афанасиј М. Селишчев (историја на една мистификација)“ од авторите д-р Бранислав Светозаревиќ и Драган Јаќоски. Изданието содржи богат архивски материјал за проучување на лингвистиката, историјата и дава претстава за преплетувањето на политиката и науката во однос на историјата на Македонија и македонскиот народ, како и феноменот на корумпирањето на научниците во минатиот век.

4. На 18 февруари 2025 излезе од печат најновиот двоброј на единственото архивистичко списание во државата „Македонски архивист“ бр. 35-36. Во својата богата содржина, списанието изобилува со стручни текстови од областа на историјата и архивистиката, прилози и материјали меѓу кои и текстови кои се однесуваат на активностите на архивистите во Државниот архив.

5. На 27 март 2025 година директорката на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова и д-р Даниел Долежал, застапник на Одделението/Одделот за архивско и канцелариско работење при Министерството за внатрешни работи на Република Чешка, потпишаа Меморандум за разбирање. На потпишувањето присуствуваше и чешкиот конзул, г-н Квјетослав Сулек – раководител на економско-конзуларното одделение на амбасадата на Република Чешка, и заменик-директорот на Државниот архив, м-р Димитар Богески.

6. На 28 март 2025 година директорката на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, оствари работна средба со директорката на КОВЗРГ, Оливера Трајковска, во Државниот архив, на која беа разгледувани можности за соработка во делот на научноистражувачката, културно-просветна и издавачка дејност.

7. Од 8 до 14 мај 2025 година Државниот архив учествуваше на 37. Саем на книгата, кој се одржа во „Арена СЦ Борис Трајковски“, претставувајќи ја својата издавачка дејност со над 40 изданија за историското минато, вклучувајќи монографии и зборници на документи.

8. М-р Никица Тасевска од Државниот архив учествуваше на 34. конвенција на ИКАРУС - Меѓународниот центар за архивски истражувања, во Будимпешта, Унгарија, со свое излагање. Во рамките на конвенцијата имаше завршна активност на проектот „Creative Europe ATOM (Archives and Traces of Migration)“ во кој беа вклучени архивисти, културни работници, научници кои се занимаваат со темата миграции во минатото и денешницата.

9. На 20 и 21 мај 2025 година, заменик-директорот м-р Димитар Богески учествуваше на состанок и работилница на Архивскиот комитет на НАТО, која се одржа во седиштето на НАТО, во Брисел. На состанокот беа усвоени нови процедури за декласифицирање на документите произлезени од мисиите на НАТО и беа презентирани најнови постапки, кои користат вештачка интелигенција и се применуваат во процесот на средување, обработка, класифицирање и декласифицирање на документите.

10. На 21 мај 2025 година, директорката, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, учествуваше на отворање на изложба на авторот, професор Константин Д. Каталин - антрополог од Универзитетот во Букурешт, насловена како „Beyond yesterday“. Изложбата е настаната како резултат на истражувачката мисија на професорот Каталин низ селата на Балканот, притоа следејќи ги истражувачките патеки на браќата Манаки. Во изложбата беа вметнати и фотографии од фондот „Браќа Манаки“, кои се наоѓаат во Државниот архив -Одделение Битола.

11. На 28 и 29 мај 2025 година во Цетиње, Република Црна Гора, се одржа Петтата конференција на библиотекари, архивисти и музеолози – ЛАМ 2025, на

тема: „Трансформација на библиотеките, архивите и музеите во (пост)дигиталното опкружување со фокус на заштитата, достапноста, истражувањето и промоција на културното наследство“. Конференцијата преку изнесените трудови ја истакна видливоста на културното наследство со помош на користење нови технологии, а во таа смисла и архивските фондови кои спаѓаат во движно културно наследство.

12. На 30 јуни 2025 година се одржа меѓуинституционален координативен состанок меѓу директорот на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, Ерхан Адеми од Управата за водење матични книги за евиденција, Горан Анѓелов од Агенцијата за иселеништво и Гордан Јорданов, директор на ОМД за Република Македонија во врска со изнаоѓање можност за генеалошки истражувања од страна на иселениците.

13. На 4 септември 2025 година беше отворена изложбата „АСНОМ – израз на суверената волја на македонскиот народ за остварување на неговото право на самоопределување“ во изложбениот простор на Министерството за култура и медиуми на Република Црна Гора во Цетиње.

14. На 15 септември 2025 година во посета на Државниот архив беа Н.Е. Адела Моника Аксинте, амбасадор на Романија, заменик амбасадор, Вероника Чиолка. Тема на работната средба беше поставување на изложбата „Beyond yesterday“ од романскиот професор и антрополог Каталин Д. Константин од Универзитетот во Букурешт, чиј домаќин во Скопје беше Државниот архив.

15. На 23 септември 2025 година беше отворена изложбата „Меморијали од Првата светска војна во фондовите и збирките на архивот во Југославија“ на која се обратија директорката на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, директорот на Архивот на Југославија, д-р Милан Терзиќ, претставник на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од Република Србија, Ненад Лајбенпшпергер во присуство на вршителот на должност од амбасадата на Република Србија, Александар Кнежевиќ. Во рамките на настанот беа промовирани изданија од д-р Живко Аврамовски (1926-2020), историчар од Институтот за современа историја од Белград по потекло од тетовскиот крај.

16. Директорката на Државниот архив, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, одржа работна средба со деканот на Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Оливер Бакрески. На работната средба беа разгледани опциите за стручно оспособување на административниот кадар на Факултетот со посета на обука за канцелариско и архивско работење, како и можноста за стручна поддршка од страна на професионалци од Архивот на одговорните на Филозофскиот факултет во делот на чувањето и одржувањето на архивскиот и документарен материјал кој настанува од работата на факултетот.

17. На 1 октомври 2025 година, во НУ Национална галерија „Мала станица“ беше отворена изложбата „Beyond yesterday“, авторско дело на реномираниот антрополог и професор на Универзитетот во Букурешт, Романија, д-р Каталин Д. Константин. Амбасадата на Романија и Државниот архив на Република Северна Македонија беа организатори на овој настан во рамките на прославувањето 30 години дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Романија.

18. На 9 октомври 2025 година во трговскиот центар „Дајмонд мол“, во организација на Државниот архив и со поддршка на менаџментот на „Дајмонд мол“ беше поставена изложбата „80 години од победата над фашизмот – никој не смее да се заборави и ништо не смее да се заборави“. Оваа изложба е изработена по повод 80-годишнината од победата над фашизмот.

19. По повод 110 години од формирањето на Македонскиот фронт, на 23 октомври 2025, во холот на „Дајмонд мол“ беше отворена изложбата „Македонија, Македонците, Македонскиот фронт низ објектив”. Изложбата ја прикажува војната не само преку фронтовската линија, туку и преку секојдневието на населението во периодот на Првата светска војна.

20. На 11 ноември 2025 година во НУ Музејот на македонската борба беше отворена изложбата „Конзуларните претставништва на Црна Гора 1880 – 1914“ на Државниот архив на Црна Гора. Организатор на настанот беше Државниот архив во соработка со амбасадата на Црна Гора во Скопје и со поддршка на Музејот на македонската борба за самостојност. На 35 паноа претставена е дипломатската мрежа на кнежевството, а подоцна и на кралството Црна Гора во повеќе држави во светот.

21. На 17 ноември 2025 година м-р Димитар Богески ја презеде функцијата директор на Државниот архив.

22. На 28 ноември 2025 година директорот на Државниот архив м-р Димитар Богески и директорот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, проф. д-р Зоранчо Малинов, потпишаа Меморандум за соработка, со кој официјално се унапредува соработката во областа на научноистражувачката работа, дигитализацијата и заштитата на културното наследство.

23. Од 9 до 11 декември 2025, делегација на Државниот архив предводена од директорот м-р Димитар Богески го посетија Државниот архив и Генералната дирекција на Државните архиви на Претседателството на Република Турција. На средбата двајцата директори разменија искуства за современите архивски практики, тековните предизвици и можностите за унапредување на билатералната соработка.










архивисти
историја
документи
историја
архивистика
МАКЕДОНСКИ
АРХИВИСТ




ПИСМА















Издавач / Publisher:
Државен архив на Република Северна Македонија/
The State Archives of the Republic of North Macedonia

За издавачот / For the publicher:
м-р Димитар Богески / Dimitar Bogeski, MA

Лектура / Editor:
Евгенија Стојанова / Evgenija Stojanova

Превод на текстови на англиски јазик /
Translation from Macedonian into English:
Благоја Бошковски / Blagoja Boshkovski

Ликовно-графичко обликување и компјутерска обработка /
Art, graphic design and computer processing:
Јован Стојановски / Jovan Stojanovski

Печати / Printed by:
Европа 92, Кочани / Evropa 92, Kochani

Формат / Format:
Б 5 / B 5

Тираж / Impresion:
150

архивистика

историја

документи

архивистика

историја

архивистика


документи

историја

историја

документи

документи



ISSN 0350 - 1728